# ЗА БУГАРЦКИТЕ РАБОТИ



**Ристо Никовски**

Скопје 2021

**ЗА БУГАРЦКИТЕ РАБОТИ**

Published by:

Risto Stefov
Publications
Toronto, Canada

Copyright © 2026 by Risto Nikovski

rstefov@hotmail.com

e-book edition

***
May 25, 2026
***

*На сите неразбудени „Бугари“!*

ЗАРЕМ Е МОЖНО РЕЧИСИ 200 ГОДИНИ ДА ИМАЛО „МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ“, СО КОЕШТО СЕ ЗАНИМАВАЛ ЦЕЛИОТ СВЕТ, БЕЗ ДА ИМАЛО МАКЕДОНЦИ? ЗАРЕМ ГЛАВНИТЕ СВЕТСКИ СИЛИ, КОИ ГО ТРЕТИРАЛЕ ПРАШАЊЕТО, НЕ ЗНАЕЛЕ ШТО ПРАВАТ? ЗОШТО, ПАК, БУГАРИТЕ НЕ ИМ КАЖАЛЕ ДЕКА НЕМА МАКЕДОНЦИ?

*.*.*

НАУКАТА ДОКАЖАЛА ДЕКА ЧОВЕКОТ, ПРЕКУ ЕВОЛУЦИЈА, ПОТЕКНУВА ОД МАЈМУН. МОЖНО ЛИ Е САМО МАКЕДОНЦИТЕ ДА ПОТЕКНУВААТ ОД БУГАРИ? КАКВА УЛОГА ВО ТАКОВ СЛУЧАЈ ИМААТ БУГАРИТЕ?

*„Иако прво во светот, признавањето на независната македонска држава од страна на Бугарија е само по себе двосмислено. Набргу по чинот на Владата, претседателот Жељу Желев изјави дека Бугарија ја признала само ’политичката творба‘ наречена Република Македонија. Желев додал дека неговата земја никогаш нема да ги признае македонската нација и јазик. Така, претседателот и другите политичари од Сојузот на демократските сили (СДС) започнале да ги повторуваат постулатите од времето на Живков: македонската нација е ’создадена вештачки‘ и тоа врз база на бугарската народност, која постоела во Вардарска Македонија. Македонскиот јазик е бугарски дијалект, изменет под свесно наметнатото српско влијание.*
*Сепак, двете држави би имале ’заедничка историја‘, а жителите на Република Македонија би требало да ги признаат ’фактите‘ и ’историските реалности‘“... „Оттогаш, таа била перцепирана како ’втора бугарска држава‘“.*

(Ова го пишува Чавдар Маринов, бугарски историчар, во неговата книга „Македонското прашање од 1944 до денес“, објавена во 2010 а кај нас преведена во 2013 година, од Фондацијата отворено општество – Македонија)

# Содржина

ГОЛГОТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ПО НЕЗАВИСНОСТА: ............ 7
ГЛАВНА ПОРАКА ........................................................................ 10
КУС ОСВРТ НА КНИГАТА *„МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД 1944 ДО ДЕНЕС“* НА БУГАРСКИОТ ИСТОРИЧАР ЧАВДАР МАРИНОВ ........................................................................ 28
Е РЕАФИРМАЦИЈА НА ЖИВКОВИЗМОТ ................................ 35
МАТ ЗА БУГАРИТЕ И ГРЦИТЕ: НЕ МОЖЕ 150 ГОДИНИ ДА ИМА „МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ“, БЕЗ ДА ИМА МАКЕДОНЦИ! ........................................................................ 44
ЗОШТО БУГАРИЈА ПРВА ЈА ПРИЗНА МАКЕДОНИЈА? .......... 50
БУГАРИЈА ВЛЕЗЕ ВО НАТО И ЕУ БЛАГОДАРЕЈЌИ НА ЦАРОТ И НА – МАКЕДОНИЈА ................................................ 56
МАКЕДОНИЈА ЈА ВНЕСЕ БУГАРИЈА ВО НАТО И ЕУ А ЗА ВОЗВРАТ Е УЦЕНЕТА ................................................ 62
БУГАРСКИТЕ ПОЛИТИКИ СЕ ДЕЛ ОД АМЕРИКАНСКО СЦЕНАРИО ........................................................................ 67
ЗОШТО БУГАРИЈА ОДЛУЧИ ДА НЕ БЛОКИРА ВО БРИСЕЛ?. 73
КОЈ И ЗОШТО (ЌЕ) НЕ ПОПРЕЧУВА ДА ВЛЕЗЕМЕ ВО ЕУ И НАТО? ........................................................................ 75
КЛУЧНО Е ЗОШТО БУГАРИЈА ИНСИСТИРА ЗАЕДНИЧКИ ДА СЛАВИМЕ, СЕ ДРУГО Е НЕВАЖНО ................................ 79
СО КРИЗА, НАМЕТНАТА ОД НАДВОР (2014 – 2016), СЕ СМЕНИЈА ВЛАСТА И ИМЕТО ................................................ 84
„СОРОСОИДОТ“ ПЛЕВНЕЛИЕВ НЕ ОСТАВИ БЕЗ ДИЛЕМИ .. 92
ШТО СЕ КРИЕ ЗАД ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА? .................... 97
КАКВА Е ЦЕЛТА НА ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА? ................ 102
УСОГЛАСЕНИОТ ТЕКСТ НА ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА Е ПОНИЖУВАЧКИ ЗА МАКЕДОНИЈА ........................................ 111
ГРЕШКИТЕ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПОВТОРУВААТ: ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА МОРА ВЕДНАШ ДА СЕ ОТКАЖЕ .................. 116
СО КАПИТУЛАНТСКИТЕ ДОГОВОРИ, МАКЕДОНИЈА ГИ РЕШИ ПРОБЛЕМИТЕ НА НАТО И ЕУ, АМА НЕ И СО СОСЕДИТЕ ........................................................................ 122

ДАТУМОТ ЗА ПРЕГОВОРИ – СИМБОЛ НА МАКЕДОНСКИТЕ НАЦИОНАЛНИ ПОРАЗИ ........ 127
СО НОВАТА МЕТОДОЛОГИЈА СЕ ЗАТВОРА ВЛЕЗОТ ВО УНИЈАТА ........ 132
СОФИЈА И ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА ЗА МАКЕДОНИЈА . 137
КОИ СЕ ГЛАВНИТЕ ПОЕНТИ ВО „ОБЈАСНУВАЧКИОТ МЕМОРАНДУМ“ НА БУГАРИЈА? ........ 142
МАКЕДОНИЈА МОРА ДА ОДГОВОРИ НА БУГАРСКАТА АГРЕСИЈА ........ 146
КОДИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НЕ СМЕЕ ДА СЕ СПОМЕНУВА ВО НИКАКВИ ДОКУМЕНТИ СО БУГАРИЈА ........ 151
ЗАЕВ: ЗА ЈАЗИКОТ И ИДЕНТИТЕТОТ НЕ СЕ ПРЕГОВАРА ОСМАНИ: ПРАШАЊЕТО ЗА ЈАЗИКОТ ДА СЕ РЕШИ СО ДВЕ УНИЛАТЕРАЛНИ ИЗЈАВИ ........ 156
ОД ГРЕШКА ВО ГРЕШКА: ПЕНДАРОВСКИ НЕ СМЕЕ ДА КОРИСТИ ОФИЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА РАДЕВ ........ 161
МАКЕДОНИЈА И БУГАРСКИТЕ СОПКИ ........ 167
БУГАРИЈА ANTE PORTAS (ПРЕД ВРАТА) ........ 172
БУГАРСКИ УЦЕНИ И МАКЕДОНСКИ НЕБУЛОЗИ ........ 176
БУГАРСКО – МАКЕДОНСКИ ИГРИ ........ 179
БУГАРСКИ АНАЛФАБЕТИЗАМ ........ 183
МОРА ДА ПРИЗНАЕМЕ: БУГАРИЈА Е, СЕПАК, ВО ПРАВО!. 188
3 МАРТ (САН СТЕФАНО) НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ БУГАРСКИ НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК ........ 194
ПАРАДОКСИТЕ НА БУГАРСКАТА „ИСТОРИЈА“ ........ 199
БУГАРИЗАЦИЈА СО НАША ПОМОШ ........ 203
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ЈУНАК И РЕВОЛУЦИОНЕР И НА МАКЕДОНИЈА И НА БУГАРИЈА ........ 208
МОЖЕЛ ЛИ ГОЦЕ ДА СЕ ДЕКЛАРИРА КАКО МАКЕДОНЕЦ? ........ 214
ДАЛИ ДОГОВОРОТ ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ЌЕ БИДЕ ДЕКА ТОЈ БИЛ БУГАРИН ШТО СЕ БОРЕЛ ЗА МАКЕДОНИЈА? ........ 218
КОИ СЕ ЗАСЛУГИТЕ НА ГОЦЕ ГЕЛЧЕВ ЗА БУГАРИЈА? ........ 223
МАКЕДОНСКИ КАПИТУЛАНТСКИ ПОЛИТИКИ ........ 226
НАШИТЕ „ПОЛИТИЧАРИ“ И БУГАРСКАТА АГРЕСИЈА ........ 231

МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ И ДИПЛОМАТСКИ АМАТЕРИЗАМ НЕМА ГРАНИЦИ ........ 235
МАКЕДОНИЈА, ЗЕМЈА БЕЗ ДОСТОИНСТВО ........ 238
МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА ........ 243
КОМЕСАРОТ НА ЕУ, ОЛИВЕР ВАРХЕИ, Е АПСОЛУТНО ВО ПРАВО ........ 248
ИМА ЛИ СПАС ЗА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД? ........ 254
МОЖНО ЛИ Е ВРАЌАЊЕ НА МАКЕДОНИЗМОТ? ........ 259
ШТО СЕ СЛУЧИ НА БАЛКАНОТ, ПО РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА? ........ 264
ДАЛИ РАСПАДОТ НА СФРЈ ГИ СТИМУЛИРАШЕ НАШИТЕ СОСЕДИ? ........ 268
КОЛКУ СМЕ САМИТЕ ВИНОВНИ ЗА СЕ ШТО НИ СЕ СЛУЧИ ПО 1991? ........ 271
ЗОШТО САД ГО ПРИЗНАА НАШЕТО УСТАВНО ИМЕ ВО 2004? ........ 274
НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК ........ 276

**ГОЛГОТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ПО НЕЗАВИСНОСТА:**

– долго непризнавање на државата. Токму САД беа носител на процесот на непризнавање на македонската држава. Доказ: Вашингтон ја призна независноста на Словенија, Хрватска и БиХ на 7 април 1992 година. Само по четири месеци, во август, воспостави дипломатски односи со овие држави и веднаш испрати амбасадори.
Во БиХ почнуваше војна, – независна Македонија, САД ја признаа дури на 9 февруари 1994 година, речиси две години по признавањето на Словенија, Хрватска и БиХ. Дипломатски односи со Македонија воспоставија на 13 септември 1995 година, повеќе од три години откако што тоа го направија со другите три пост југословенски републики. Првиот амбасадор, Крстофер Хил, го испратија дури на крајот на јули во 1996 година. Тоа се случи четири години откако имаа амбасадори во Љубљана, Загреб и Сараево. И не само тоа. Набргу по доаѓањето во Скопје, К. Хил беше одреден за специјален претставник на претседателот Клинтон за Косово, каде тој веднаш се ангажираше со подготвување на војната која ќе следува во 1999.
Македонија беше само најблиска локација за клучниот американски интерес во регионот, – за споредба, првите шест држави на ЕУ (тогаш ЕЗ) Македонија ја признаа на 16 декември 1993, веднаш воспоставија дипломатски односи и нивните први амбасадори (на Велика Британија, Германија...) беа во Скопје на почетокот на 1994. САД се уште ја немаа признато Македонија како независна држава, – во дипломатијата, признавањето на државите, воспоставувањето на дипломатски односи и испраќањето на амбасадори е рутинска постапка. Се разбира, доколку нема причини тоа да не се направи. Зошто САД долги години, најкритични за опстанокот на Македонија, не го следеа тоа основно правило? Очигледно имаа причини... – американските политики на негирање на независна Македонија беа директен показ за нашите соседи дека „Македонското прашање“ е на пат за конечно затворање и дека и тие треба да си ги бркаат своите

интереси, – како услов за прием во ООН (1993), нелегална суспензија на уставното име и наметната медијација, од страна на Советот за безбедност на светската организација, – подметнување на Привремена спогодба со Грција (1995), – наметнување на срамна декларација со Бугарија (1999), – воена агресија од Косово, во американска режија (2001), – во Арачиново, меѓу терористите на ОНА откриени беа и 17 американски воени инструктори, – по понижувачкиот пораз во војната, следува Охридскиот рамковен договор (ОРД), со што целосно се менува уставниот карактер на државата и се брише нејзиниот македонски карактер, – со нова административна поделба (2004), измислена од САД, крајно непотребно се албанизира дел од државата, – за да не успее референдумот против погубната нова административна поделба, САД ни го признаваа историското име, ама само привремено и делумно (додека да се прекрсти државата и само за меѓусебна комуникација), – на самитот во Букурешт (2008), наместо прием во НАТО, на Македонија ѝ се наметна блокада, уцена и ултиматум од страна на САД – прво прекрстување, потоа членство, – брилијантна пресуда во Хаг (2011) во корист на Македонија, којашто сите ја игнорираат, – со нелегални прислушувања на телефонски разговори, шарени хулигани финансирани од Џ. Сорос... создадена е длабока политичка криза (2014 – 2016). Тоа овозможи насилна смена на власта, прекрстување и членство во НАТО, – во Пржино е направен своевиден државен пуч (2015), – објавена е „Тиранска платформа“ (2017) којашто директно води кон федерализација на државата, – албанскиот јазик станува рамноправен на македонскиот, а албанското малцинство државотворен народ, – капитулантски договори со Бугарија (2017) и Грција (2018), со коишто се бришат македонскиот народ, јазик... – Бугарско вето за преговори за членство во ЕУ (2020), Ова се неспорни факти. Сите капитулантски и предавнички договори кои мораше (дали?) да ги потпише Македонија беа американски... Дали некој се уште мисли дека спомнатите и бројни други 30 годишни погроми врз Македонија и Македонците се дело на Грција, на Бугарија, на Албанија, а не на САД? Ако Вашингтон одлучно не

стоел зад сето тоа – ништо немаше да може да се реализира. Тоа е вистината.

## ГЛАВНА ПОРАКА

**Македонија нема друга опција освен веднаш да го откаже „Договорот за пријателство, добрососедство и соработка“** со Бугарија доколку Софија, без никакаво одлагање, не прифати да прекине со блокада на нашите преговри за членство во Унијата и официјално не се обврзе дека, со никакви додатни услови, нема да ги попречува самите преговори. Тоа е единствен начин Македонија да изезе од ќор-сокакот во кој е донесена со бугарските национал-шовинистички политики, базирани врз потпишаниот договор. Во спротивно, многу лесно, Македонија може и во следните 30 години повторно да чека пред вратите на ЕУ, како и во случајот со Грција. Ние сме на потег за еден ваков исчекор. Се разбира, доколку не сме спремни да се откажеме од сопствениот македонски национален идентитет и македонскиот јазик. Софија не остави никаква можност за опстанок на македонизмот и факт е дека сите политички фактори во Бугарија се единствени на таа линија. За нив нема дилеми дека сè до 1944 година ние сме биле „Бугари“, а македонскиот јазик бил и останал дијалект на бугарскиот.
Начинот на кој е формулираната оваа средновековна бугарска политика кон Македонија (Бугарската академија на науките – Влада – декларација на Собранието), не остава никаква можност за било каков компромис. Нивното Собрание секако нема да ја повлече декларацијата, а таа е обврзувачка за сите и нема простор за поинакво однесување. Или Македонците ќе се откаж ат од тоа што се, или за Македонија нема ЕУ. Како резултат на жестока пропаганда, базирана на неверојатни измами, истата политика ја поддржува и огромно мнозинство од бугарскиот народ. Сите досегашни обиди (германскиот, португалскиот, разните нон пејпери...) се погубни за Македонија и никој нормален не смее да ги прифати. Целта на сите тие обиди е постепено уништување на македонизмот, за разлика од бугарската фантазмагорија - да капитулираме веднаш.
Ако дозволиме договорот за пријателство да биде основата за уништување на македонскиот народ и неговиот македонски јазик,

ништо подобро не сме заслужиле. Македонија мора веднаш да го откаже договорот.

## ВОВЕД

По 30 години, секому треба да му биде јасно дека голготите низ кои врви нашата земја не се, и во никој случај не можат да бидат резултат (само) на интересите и политиките на соседите. Тие немаат соодветни можности и компетенции за такво нешто, и покрај вековните аспирации. Грчкото оспорување на нашето име беше само формален почеток на нашите страдања и затоа проблемот веднаш беше интернационализиран. Билатералниот карактер беше сменет за да се отвори пат за вмешување на неговите непосредни иницијатори - странците. Атина остана во задницата а менаџментот го презедоа и цело време го водат САД, чии регионални интереси доминираат во случајов. За да се прикрие вистината и да се постигне етапност, проблемот со нашето име се официјализира во ЕЕЗ (ЕУ). И логично, како надлежен за Европа, Брисел не беше спремен да ја признае Македонија.
Потоа, прашањето за името се префрли во ООН, па во НАТО, за повторно да се врати во ЕУ... Почетокот, кога надлежна беше ЕЕЗ (ЕУ), траеше до приемот во ООН, со цел да созреат плановите што треба да се прави со Македонија. Тогаш беше смислена и референцата „поранешна југословенска...“.
Следуваше ООН каде, преку уцени за влез, државата беше нелегално осакатена со меѓународна суспензија на името, наметнување на референца и медијација.
По тие тешки првични порази, следуваа и успеси со признавањата од над преку 120 држави со уставното и историско име, со што им беше зададен силен удар на САД, ЕЕЗ, соседите... Тие беа присилени да ја менуваат целокупната политика кон Македонија, при што главната улога, наместо ООН, ја презеде НАТО.
Незадоволни од постигнатото, започнаа со користење на сила против Македонија: прво оружана а потоа политичка. Прво, САД и алијансата ја организираа агресијата од Косово, во 2001-та, по што следуваше Охридскиот рамковен договор. Второ, на самитот на

НАТО, во Букурешт (2008), на земјата и беа поставени блокада, уцена и ултиматум – прво името, потоа членство. Овој трансфер во НАТО беше потребен бидејќи ООН немаше основа и услови за нови притисоци кон Македонија кои, пак, и беа на располагање на алијансата, којашто започна веднаш да ги користи. Букурешт беше клучниот и трагичен пресврт за Македонија, што нашите политичари не го сфатија. Од тогаш, САД отворено станаа носител на политиките за разнебитување на Македонците, отворено инсистирајќи државата да се прекрсти. Веќе не ја криеја својата главна улога во „Македонското прашање".
Во истата 2008 година, за амбасадор во Скопје дојде за нас сега добро познатиот Филип Рикер. Тој се однесуваше како неизбран гувернер и јавно бараше Македонија да се прекрсти а нашите политичари, како понизни слуги, тоа го трпеа.
Пред него, ниту еден од американските амбасадори јавно не се изјаснувше за името, што недвосмислено покажува дека американската политика беше сменета токму во Букурешт (2008). Тоа значеше брзо и постојано слабеење на позицијата на Македонија, и во наметнатиот спор за името, ама и во целина. Разултатот го знаеме: следуваа насилна смена на власта, капитулантските договори со Бугарија и Грција и поразителниот закон за албанскиот јазик. Откако тоа беше постигнато, проблемот повторно беше вратен во ЕУ. Така е бидејќи целосното затворање на „Македонското прашање" и бришење на Македонците, што објективно не беше можно во претходните етапи, САД можат да го постигнат само низ преговорите за членство (35 поглавја). Значи, сите тие наши префрлања од кол на кол, не беа воопшто случајни туку имаа точни намери и утврдени задачи. Може слободно да се заклучи дека до 2008-а година времето работеше во корист на Македонија, а потоа против нејзините интереси. Нашите политичари и дипломати, воопшто не го забележаа тоа.
Така се развиваше трагедијата на македонскиот народ и на неговата современа држава. Меѓутоа, за да се разбере дереџето до коешто се дотерани народот и државата, мора да се знаат две основни работи. **Првата** е дека ова што сега монструозно го демонстрира Бугарија кон Македонија е логично и очекувано и

нивното сегашно насилништво не треба никого да изненадува. Напротив. Не е нормално да се претпоставува дека некој, којшто речиси 150 години труби иста политика, колку и да е таа нереална и пред се крајно национал - шовинистичка, одеднаш ќе ја смени дикцијата со нешто ново, различно и поинакво. Такво нешто ретко се случува бидејќи за тоа се потребни или загубена војна или нечиј жесток притисок, какви што сега нема. Истата констатација целосно се однесува и на Грција. **Втората** и клучна работа е што Софија, како и Атина, не спроведува (само!) свои политики. Таа е примитивен инструмент на американските балкански планови, понизно поддржани и од Брисел. Во прашање е диктат, целосно комплементарен со бугарските вековни интереси. Суштината се сведува на фактот дека ова е последната шанса Софија да ги оствари своите историски синдроми. Тоа се двете главни рамки во коишто треба да се согледуваат сегашното бугарско дејствување, состојбите во земјава и анализите во книгава.

Воопшто не е спорно дека бугарските историски синдроми кон Македонија се многу длабоки. За тоа мора да се води сметка во секоја прилика. Нивните сегашни национал - шовинистички политики се очевиден доказ за тоа. За излез од такви ситуации, каква што е и нашава со Бугарија, соодветни решенија без непосредно спротивставување, многу тешко се наоѓаат. Ако наивно се очекува „опаметување“ на противникот, поразот е неизбежен. Македонија токму така се однесува кон отворената бугарска агресија, што е конкретна последица на капитулантскиот договор за пријателство, наметнат од САД, заради нивните заеднички потреби. Договорот го покажува целосниот дипломатски дилетантизам на македонските политичари. Нивниот свиткан врат е резултат и на фактот дека се обични марионети во рацете на странците. Само така може да се разбере очигледната спремност за џабе да ги згазат темелните национални и државни интереси. Станува збор за класично предавство. Насоката кон која сега упорно се оди навестува само нови катастрофи.

„Македонското прашање“ одамна постои. Актуелизирано е по Сан Стефанскиот мировен договор, во март 1878 година, и по Берлинскиот конгрес, кога по три месеци беше поништен

мировниот договор. Прашањето постоело бидејќи – а) немало македонска држава, а Македонците биле непризнати како народ и изложени на страшни тортури; б) сите соседи имале аспирации кон Македонците и територијата која ја покривале; в) Македонците никогаш немале ниту лидери ниту доволно силни организации кои би ги воделе во борба барем за автономија во Отоманската империја, ако не веднаш и за сопствена држава; г) македонската елита живеела главно во Бугарија, била длабоко поделена, нејзините претставници се убивале едни со други, главно под влијание на странските тајни служби и д) за Бугарија никогаш немало Македонци, сите кои така се изјаснувале ги сметала за Бугари и инфилтрирала агенти во нивните организации, со намера да ги „освести“ и да ги наметне своите интереси. За таа цел, бугарските служби создавале внатрешни судири и поделби, коишто воделе до нивно самоуништување што, се заедно, било погубно за македонскиот народ. Со мали исклучоци (Георги Димитров), улогата на бугарската држава кон Македонците била секогаш крајно негативна. Така е и денес. Бугарите се поголеми непријатели на македонскиот народ од Грците, иако не се многу различни од нив. Ова се дел и од причините зошто Македонците последни создадоја своја држава во регионот.
По балканските војни, и распарчувањето на македонската етничка територија, сите ценеле дека „Македонското прашање“ е дефинитивно затворено. Оценката била дека судбината на Македонците е запечатена со Букурешкиот мир, потврден и со Версајскиот мировен договор, по Првата светска војна. Врз Македонците, очекувано, следувале различни геноциди. Меѓу двете светски војни имаше неколку осамени настани коишто потсетуваа на Македонците, но повеќе изгледаа како некакви етапи во иреверзибилниот процес на нивно бришење. Таков пример беше „Македонскиот буквар“, што по налог на Лигата на народите (денешен ООН), мораше да го подготви Грција во 1925, ама тој никогаш не беше употребен. Затоа, слободно може да се каже дека појавата на Македонците во текот на Втората светска војна беше големо и неочекувано изненадување за светот. Изгледаше како тие да воскреснаа од пепел, како легендарната птица Феникс. За

разлика од Бугарија којашто, токму заради приграбување на Македонија, застана на страната на фашизмот, македонските комунисти, заедно со сите патриотски сили во земјата, се вклучија во антифашистичкиот фронт, борејќи се и за својата слобода. Предводени од Тито, југословенските партизани, вклучувајќи ги и македонските, дадоа неспорен придонес во победата над фашизмот. Ако не беше отпорот во Југославија, Хитлер сигурно ќе го нападнеше СССР уште во март, а не на крајот на јуни 1941 година. Доколку тоа се случеше, фашистичката армада веројатно пред зимата ќе стигнеше до Владивосток, разбивајќи го СССР, и крајниот победник во војната ќе беше сосема неизвесен. Петте главни лидери на антифашизмот беа Сталин, Черчил, Рузвелт, Де Гол и секако Тито.
Клучно за Македонија беше Второто заседание на АВНОЈ, одржано во Јајце, Босна и Херцеговина, на 29 ноември 1943 година. АВНОЈ беше Народно собрание, или Парламент, кадешто се одлучи дека новата федерација ќе има шест држави, меѓу кои и македонска. Тоа е темелот на современата македонска држава. Тој ден треба да се слави ама засега не е препорачливо. Шовинистите од соседните земји, кои се уште не сакаат да сфатат дека Македонците постојат со векови и милениуми, излегуваат со недолични тези дека како народ ги измислил Тито! Тоа е обична глупост, ама ако сега го славиме тој датум, сите тие политички имбецили ќе сметаат дека ги прифаќаме нивните измислици и будалштини. Тогаш кога овие махинации и бедотии ќе се најдат на ѓубриштето на историјата, веднаш ќе треба да го прогласиме 29 ноември (1943) за празник.
Потоа, на 2 август 1944 година, во манастирот Прохор Пчински, беше одржано Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Тогаш, официјално беше прогласена Федерална или Народна, којашто подоцна стана Социјалистичка Република Македонија. Тоа е најзначајниот датум во современата историја на македонскиот народ.

*.*.*

Повеќе е од очигледно дека, по распадот на Југославија, независната македонска држава е неприфатлива за меѓународните фактори. Затоа е логично и прашањето – како беше можно, во средината на 1940-тите години, тие исти сили да проголтаат македонска држава? Одговорот не е едноставен но може да се бара во фактот што Југославија, и Тито лично, имаа неспорни заслуги во победата над фашизмот и никој од западните лидери не се осмелуваше да ги оспори плановите и Македонците да имаат своја држава бидејќи и тие беа дел од антифашистичката коалиција. Во секоја друга ситуација, тоа сигурно би било спречено. Тито, навистина има заслуга што беше формирана македонската држава, и ние мораме него соодветно да го почитуваме, ама не како (ал)хемичар кој го измислил македонскиот народ, како што тврдат зевзеците во соседните земји, туку како завршница на дотогашните македонски голготи на непризнат и прогонет народ. Впрочем, народ или постои, или не, ама не може да се измисли. Такво нешто е невозможно.
Другиот клучен фактор, зошто македонската држава беше прифатена во 1944 година, беше тоа што таа не беше самостојна туку стана дел од федерација. Не треба да има сомнежи дека тогаш, западните сили предводени од САД, во никој случај немаше да ја проголтаат како независна. Имено, се знае дека на заседанието на АСНОМ, во Прохор Пчински, присуствуваа и американски и британски воени лица, двајца мајори, што покажува дека веќе беше голтната кнедлата во врска со Македонија. Дека тоа не било лесно и без пречки и оспорувања, зборува фактот што тогашниот американски државен секретар, Стетиниус, во декември 1944 година (по АСНОМ!) потпишал и испратил телеграма од Стејт департментот до американските надлежни институции во која, покрај другото, нагласил – „*Брборењата за ’македонска нација‘, ’македонска татковина‘, или ’македонска национална свест‘, оваа американска Влада ги смета за неоснована демагогија која не преставува етничка или политичка реалност, и во нивното сегашно оживување гледа возможна маска за агресивни намери против Грција*“*!*

Овој документ го обелодени грчкото Министерство за надворешни работи, на 24 октомври 2013 година. Тоа беше единствен случај кога Атина, намерно или не, отворено покаже дека зад нејзината политика кон Македонија стојат - САД. Коментарот што го дадоа Грците беше полн со лаги, подметнувања и измислени обвинувања против Македонија, со еден збор - навредлив, ама кога се анализира телеграмата, многу работи стануваат појасни. Од неа зрачи огромно американско незадоволство од создавањето на современата македонската држава, којашто тие мораа да ја прифатат. Јасно се гледа дека и тие не можеле да го спречат формирањето на новата Република ама дека и САД, исто како и Бугарија и Грција, продолжиле да го игнорираат фактот дека во неа живеат етнички Македонци. Во телеграмата прецизно се тврди дека нема „македонска нација“ или „македонска национална свест“. Тоа му дава сосема ново светло и на присуството на американскиот мајор на АСНОМ, бидејќи ставот на Стејт департментот, којшто следувал, е доволно јасен. Останува отворено прашањето дали во меѓувреме тој став бил сменет, генерално и во суштина или, иако прикриено, останал клучен елемент на американската политика кон Македонија? Начинот како не третираат по распадот на Југославија, апсолутно ја потврдува трајната вредност на телеграмата. Факт е дека по прифаќањето на нашето уставно име, во ноември 2004 година, со цел да не успее референдумот кој ќе спречеше албанизирање на делови од земјата со новата административна поделба, САД јавно зборуваа за „македонски народ“ и слично ама тоа повеќе личеше на формално и манипулативно користење, отколку за суштинско менување на ставовите од 1944 година. Всушност, само четири години подоцна, во 2008-тата, Вашингтон појасни дека тие привремено го признаа нашето уставно име и дека ќе бидат први што ќе го користат новото, што ќе мора да се договори со Атина. Тие филигрански работеа, за што поскоро тоа и да се случи. Денес, со речиси целосна сигурност може да се тврди дека во однос на Македонија, Вашингтон цело време опстојува на политиките изразени во телеграмата од декември 1944 година. Без исклучок, сите голготи низ кои минуваше македонската независна

држава, по распадот на Југославија, беа во американска режија. Ако тие политики порано не беа актуелни, тие се реактивирани откако Македонија стана независна. Кај нас никој не се занимава со истражување на такви суштински прашања и после се чудиме што не снашло и се изненадуваме од поразите и несреќите на коишто сме изложени. Интересно би било, на пример, да се провери дали при посетите на високи американски делегации на Југославија, била вклучена и Македонија или, намерно, ја избегнувале? Таков податок би бил добар показател за долгорочниот американски однос кон Македонија.
Нема никакви информации дали по објавувањето на овој документ во Атина, некој наш политичар ги прашал американците – прво, дали телеграмата е веродостојна и, второ, дали е се уште валидна спомнатата нивна политика?
Прашањето не би било без основа бидејќи, по независноста на земјата, на Вашингтон му требаа речиси пет години да испрати амбасадор во Скопје, а веќе по 10-тина месеци амбасадори имаше во Љубљана, Загреб и Сараево. Силен е впечатокот, кој сепак бара конкретен доказ, дека САД со леснина ги користат придавките македонски/а/о во однос на нашата земја и народ за да не залажат за нивното „пријателство“ и „добри намери“ а, во суштина, останува политиката од 1944-тата.
Еден од нивните амбасадори, Пол Волерс (2011- 2015), јавно се залагаше за формирање на политичка нација во земјава, што значи бришење на Македонците. Впрочем, директен доказ за тоа е и фактот дека, од 1991 та се до денес, токму тие се најдлабоко усредоточени и упорни во настојувањата да го затворат „Македонското прашање“, со бришење на македонскиот народ. Ако е така, а неспорно е, тогаш треба само да се приберат што повеќе факти и аргументи за докрај да се разоткријат и согледаат вистинските американски политики и планови кон Македонија. Дека се тие крајно погубни за нас, веќе многу пати се уверивме.

*.*.*

Објективно гледано, во годините по Втората светска војна, немаше никакви услови за обединувањето на Македонија. Најдобар доказ е погоре цитираната телеграма на Стејт департментот. Исто така е

сигурно дека и СССР во никој случај немаше да се конфронтира со западните земји заради Македонија бидејќи веќе беше започната студената војна. Нашите историски стремежи беа неспорни, како и залагањата на тогашните големи патриоти (Ченто...), ама реалната политичка ситуација беше нешто сосем друго. Најдобар доказ за тоа е неуспехот на граѓанската војна во Грција. Во секој случај, огромен дострел за вековната македонска кауза беше формирањето на сопствена држава, во 1944 година. Ако тоа се пропуштеше, ако Македонија останеше српска бановина, судејќи според бројни показатели, најреална е претпоставката дека, постепено, во годините кои следуваа, македонскиот народ ќе беше асимилиран и конечно истребен од светската сцена. Токму затоа, 2 август 1944 година е најсветлиот ден од поновата македонска историја. Тој е клучната пресвртница бидејќи македонската држава, со официјален македонски јазик, училишта, универзитети и соодветни државни институции, ги отвори сите перспективи за севкупен развој на напатениот народ. Од таа гледна точка, во целина, годините поминати во југословенската федерација се од историска важност за македонскиот народ.
Распадот на федерацијата требеше да ни отвори нови национални перспективи, ама тоа што следуваше покажа дека и денес независна македонска држава не е прифатлива за „демократскиот" Запад. Пред се, за САД. Начелно, причините за тоа се наѕираат ама се уште никој не се обидел до крај да ги разјасни. Неспорно е дека станува збор за регионалните интереси на единствената супер сила, САД, коишто очигледно се прифатливи и за главните европски држави (Германија, Франција, Велика Британија...). Впрочем, тие и немаат многу избор поради големата доминација на Вашингтон. Може да се констатира дека одредена улога во тоа, којашто сепак не е голема, имаа(т) и историските аспирации на соседите кон Македонија и Македонците. Тука се главни Бугарија и Грција, ама воопшто не смеат да се потценат и албанските апетити, коишто се особено важни за САД. Имено, Албанците сега се нивен главен регионален сојузник и стратегиски партнер. Тоа нагласено дојде до израз во 2001-та, со агресијата од Косово. Познато е дека Бугарите и Грците сметаат дека не постои

македонски народ и политичка измислица е се што е врзано со него. Воопшто не е неважно што истото тоа е промовирано и во спомнатата американска телеграма од 1944 година.
Историските синдроми на соседите, коишто се резултат на тежок национал - шовинизам, беа солидна појдовна основа за американските намери во регионот. И обратно, долгото американско непризнавање на Македонија, за нив беше одличен сигнал дека треба да продолжат и да ги засилат своите аспирации кон Македонците. Бугарската позиција беше секогаш сериозно полоша и поопасна за нас од грчката, што сега се покажува на дело. На Грците им пречи името поради користењето на брендот Македонија, што асоцира на античката историја, што тие ја сметаат за своја, што нема никаква врска со вистината. Меѓутоа, Грците не негираат дека сме посебен етнос/народ, ама не сакаат да се нарекуваме Македонци. За Софија, пак, ние сме само неосвестени „Бугари“. Третиот сосед, Албанија, официјално смета дека дел од Македонија се албански територии, што е отворен иредентизам. Тоа постојано го повторуваат и на највисоко политичко ниво, што мора да загрижува. Симптоматично е дека никој не ги удира по прсти што, макар имплицитно, значи согласност.
Впрочем, во 2001-та, агресијата од Косово започна со цел да се ослободат божемните албански територии. Терористите се нарекува ОНА – ослободителна народна армија. Груба махинација и подла политичка измама беше кога, подоцна, САД нив ги прогласи во „борци за човекови права“. Не може да се замисли поголема ујдурма од тоа, како и понепријателски чин кон Македонија. Замислете – „ослободителната народна армија“ се бореше за човекови права! Какви, сега сите знаеме. Четвртиот сосед, Србија, има аспирации кон црквата којашто, во православната поставеност, секогаш е во рамките на државата. Кога не се признава црквата, макар индиректно, значи дека не се признава и македонската држава. Тоа остава простор за различни политики.
Сето ова покажува дека, доколку се распадне Македонија, сите соседни мршојади се спремни да го земат својот дел од пленот.

Апсурдноста е во тоа што отворените аспирации на соседите кон Македонија се најдобар гарант дека нема да има војна! Со толку заинтересирани, таа лесно може да прерасне не само во балканска туку и во – светска, што нема да биде прв случај во регионот. Токму затоа, таков ризик нема никој да дозволи. Ова е добар показател и за опциите на САД за нашата иднина. Нова војна и Вашингтон нема да дозволи бидејќи тоа ќе отвори пат за враќање на Русија во регионот а тие тоа најмалку го сакаат. Меѓутоа, нема да има ниту мир бидејќи САД ги уништуваат македонската држава и народ и со албанскиот фактор во земјата и со капитулантските и предавничките договори со соседите. Сето тоа е во нивна директна режија. Затоа, воопшто не е случајно тоа што од САД нема никаква осуда на аспирациите на соседите кон Македонија. Особено сега, на бугарските фантазмагории. Мудро се кријат зад формалната поддршка за почеток на преговрите за членство, што макар имплицитно значи дека треба да ги прифатиме бугарските уцени. Во услови кога сите соседи имаат аспирации кон Македонија, и нерасчистени сметки со неа, логично се наметнува заклучокот дека државата е потенцијален ризик, дека таа била и останува балканско буре со барут. Ако е така, а така е, логично е ако не и нормално што меѓународниот фактор, којшто секогаш доминирал во регионот, сега бара долгорочни решенија во коишто нема место за Македонците, а државата ја структурираат според нивни и потребите на соседите. Процесот е во завршна фаза. И без да спомнуваме колку не има и колку сме испокарани меѓу себе, така што за ништо не можеме да се договориме, станува јасно дека никој сериозен не би играл на наша карта. Ова е само едно објаснување коешто бара детални истражувања и оценки за мотивите на западните сили за погубните политики кои веќе 30 години ги спроведуваат кон Македонија, блокирајќи не на секој чекор, во отворени обиди да не уништат. Свое место веројатно има и фактот што Албанците (не Албанија) станаа стратегиски партнер на САД во регионот, а тие имаат своја улога и во Македонија. Еден од елементите на странските (американски) анализи е секако и опасноста од навлегување преку Македонија на некоја друга голема сила (Русија...) во регионот. Токму затоа, сакаат на време да

раскрстат со нејзиниот македонски карактер според мотото – поарно да се спречи, отколку да се лечи. Со таквата политика, тие очигледно ги потценуваат ризиците коишто неизбежно ќе следуваат бидејќи лесно не се заборавaат неправдите и понижувањата на коишто е изложен македонскиот народ. Тоа остава длабоко незадоволство и рани коишто можат да сменат многу работи и еден ден да ги вратат комитите за да се започне долготрајна борба за опстанок. Тоа не мора да биде со оружје. Погрешните политики секогаш се враќаат како бумеранг.

*.*.*

Долготрајното грчко блокирање на евро – атлантските аспирации на Македонија, зад коешто се криеја истите фактори како и сега, во случајот со Бугарија, и нанесе огромни штети на државата којашто, на крајот, беше принудена да капитулира. Тоа долго и систематски се подготвуваше а на страната на Атина беа буквално сите меѓународни чинители, со минимални исклучоци. И оние малубројните, кои имаа некакво разбирање за нашите универзални аспирации, не се мешаа во криминалните активности на главните чинители, иако сите аргументи, вклучувајќи ги дури и политичките, беа на наша страна. Меѓутоа, одамна беше јасно дека, на крајот, палката ќе ја преземе Бугарија. Крајно погрешно беше што македонската политичка елита тоа го игнорираше иако мораше да биде свесна дека до тоа еден ден ќе дојде. Најновите бугарски блокади на преговорите за членство во Унијата, се сосема логична последица на историските синдроми на Софија и нивната силециска посесивност во однос на Македонија и Македонците. Ова се нивни последни шанси да постигнат барем нешто од нивните болни, неразумни и неостварливи амбиции да не присвојат. Сега, бугарцките ароганции (според јазикот на нашиот визионер, Крсте Мисирков), ги заменија грчките. Атина доби многу повеќе отколку што сонуваше а ние капитулиравме на најсрамен начин. Како тргнале работите, лесно може да се повтори случајот та и Софија да го добие невозможното. Затоа е и блокадата, особено што задницата е иста како и во претходниот случај: повторно се се прави под директен и жесток диктат на САД и сојузниците. Идентична е и улогата на нашите политичари кои

до сега не покажаа ниту грам разумност камоли патриотизам. Никој не можеше да не прекрсти без наша согласност, нешто што ние понизно и за џабе прифативме. И сега, никој не може да не прогласи за Бугари, ако самите не „признаеме“. Кога се гледа целата слика или мозаикот на случувањата сврзани со Македонија, по распадот на Југославија, станува јасно дека главна цел на САД е бришење на македонизмот.
Токму во тој контекст мора да се гледа и сегашната политика на Бугарија, дека не постои македонски народ, јазик... Тоа е историска измислица на Софија, којашто сега е силна американска алатка што треба да не докусури, бидејќи идеално се вклопува во нивното сценарио за Македонците. Затоа, не треба да има никакви дилеми дека зад сегашната бугарска агресија врз Македонија целосно стојат САД. Секако, Бугарија во исто време ги решава и нејзините максимализирани историски синдроми, ама тоа немаше да биде возможно ако на тој начин не се исполнуваа американските планови за конечно затворање на „Македонското прашање“.
Следејќи ја логиката на настаните од 1991 година, сето тоа што денес безобразно и бесрамно го бара Софија од нас, е точно тоа што го очекува Вашингтон. САД, цело време посветено работеа на тоа. Ако макар и површно се анализира севкупната американска политика кон Македонија, од почетокот на независноста, ова што сега ни се случува со Бугарија, исто како и пред тоа со Грција и многу што се не друго, идеално се вклопува во нивните регионални интереси, дефинирани најверојатно уште кон крајот на 1980-тите, кога беше извесен распадот на Југославија. САД цело време посветено работеа на тоа. Тоа е клучот. Сите други објаснувања или толкувања, не држат вода бидејќи немаат сериозни аргументи и значат само наше самозалажување.
Најдобар доказ дека САД стојат зад војната којашто ни ја објави Бугарија се нивните долгорочни заеднички подготовки коишто доведоа до оваа офанзива. Додека ние спиевме, тие постепено го подготвуваа теренот, за да може Софија сега да направи пресврт и да ни постави блокада, уцена и ултиматум. Впрочем, за нас историјата се повторува: на самитот на НАТО, во Букурешт (2008),

САД исто така направија пресврт и ни поставија блокада, уцена и ултиматум.
Директна поддршка од Вашингтон во однос на Македонија, Софија доби со потпишувањето на декларацијата од 1999 година. Со истата, Вашингтон не присили да се откажеме од јазикот и од Македонците во Бугарија, што беше првата етапа во бришење на македонизмот од страна на Софија.
Со декларацијата, паралелно, тие го отворија и патот на Софија за членство во НАТО и ЕУ. Тоа ќе беше невозможно поради отворените проблеми коишто Бугарија ги имаше со Македонија. Воопшто не се криеше дека декларацијата, чии текст очигледно беше американски, и за нас погубен, ни беше наметната со лично ангажирање на Строут Талбот, тогашен заменик државен секретар на САД. Тој јавно се заблагодари за помошта којашто му ја пружиле нивните амбасадори во Скопје и Софија. Ја потпишаа премиерите Љупчо Георгиевски и Иван Костов. Тешко е да се претпостави дека Георгиевски не знаел и не разбирал што потпишува. Жестокиот американскиот притисок бил неспорен ама останува нејасно дали нашиот премиер имал и други, лични причини, кога се знае дека подоцна доби бугарско државјанство, и си го бугаризира името во Љубчо. Во секој случај, декларацијата е еден од клучните чекори во разнебитувањето на Македонците и потписникот носи голема одговорност. Не само историска.
Сепак, декларацијата беше само прв исчекор во урнисувањето на позицијата на Македонија. Таа не беше доволно важен и значаен документ за бугар**џ**ките потреби и амбиции бидејќи не се ратификува во парламентите. Затоа, следуваше договорот за пријателство од 2017 години, со којшто дефинитивно и беше дадено право на Бугарија да прави што сака со Македонија, било преку заедничката историја, било преку заедничката комисија којашто ќе треба да ни ја напише и одреди историјата. Текстот на договорот е идентичен со декларацијата ама со додатни непогодности за Македонија. Не треба воопшто да има сомнеж дека Вашингтон сигурно жестоко притиснал за да се потпише договорот. Тоа, меѓутоа, не ги амнестира сторителите.

Јасен доказ за улогата на САД добивме од американската амбасада во Скопје. Текстот на договорот, којшто е потпишан на 1 август 2017 година, беше финализиран и објавен неколку дена пред тоа - на 27 јули. Истата вечер, заедничко соопштение објавија американската и бугарската амбасада во Скопје, со коешто го поздравуваат и величаат договорот! Радоста на бугарската Амбасада што ни го скршија вратот е логична и разбирлива. Арно ама, што бара тука и зошто се меша американската Амбасада? Одговорот е едноставен – победата врз Македонија е заедничка исто како и проектот што треба да се реализира! Нема друго логично објаснување освен дека напорите за Македонија да капитулира биле усогласени меѓу нив. Да немаше таква соработка, Амбасадата на САД можеше само одделно да реагира.
Ова се факти коишто никој не може да ги негира. Тие се неспорни. Засега, не е до крај јасно што очекува Бугарија за својата нечесна улога бидејќи тоа што јавно го бара, дека нашите татковци и дедовци биле Бугари - е недостижно.
Останува отворено и клучното прашање – која е крајната цел на ваквата американска политика? Тешко е да се прогнозира ама сигурно е дека американските планери, кои бездушно ни ја кројат судбината, сосема се свесни дека бришењето на македонизмот, само по себе, не е доволно туку мора да се развие во некаква перспектива за македонскиот народ.
Откако тој ќе биде разнебитен од меѓународен аспект, ќе мора да се најде некаков излез тоа да се вклопи во решение коешто нема да води во нова војна бидејќи за неговото конечно исчезнување ќе треба да помине подолго време.
Има показатели дека, за таа цел, на крајно вулгарен начин, е смислен делот според кој Софија треба токму сега да го започне процесот на бугаризација на Македоцните, и тоа со наша согласност. Моменталните одбивања да се разговара за идентитетот и јазикот, на претседателот Пендаровски (јануари, 2021), ништо не значат. Прво, тој нема ингеренции да одлучува за тоа и само е во служба на премиерот, иако покажува одредена независност. Второ, како и секогаш, САД нема лесно да се откажат од своите намери и планови и притисокот ќе биде неиздржлив.

Трето, како што е правило до сега (Привремената спогодба, декларацијата од 1999, ОРД, Пржино, Нивици...) ќе ни подметнат некакво решение коешто нашите аматери ќе го претстават како победа, а всушност ќе биде само нова капитулација и предавство на народот и државата. Поточно, нов сериозен исчекор кон целосно бришење на македонскиот народ. Очигледно, целта е да се сведеме на еден народ кој живее во две држави. Во тие историски малверзации, секако ќе се вклучи и Брисел, чии што двојни стандарди се трајни и секојдневни и со коишто, како и многу пати до сега, ќе не залажува со некаква европска перспектива што е сега подалеку од кога и да е. Така беше и кога ни ги подметнаа ОРД, Пржино, Нивици...
Нашите порази беа секогаш во име на брз прием во ЕУ. За разлика од Пендаровски, во едно ТВ интервју, Зоран Заев остави силен впечаток дека за него Бугарија е - „*супериорен партнер и ние треба да се прилагодиме*“. Подиректен доказ дека е тој спремен за нова капитулација, не може да има.
Сепак, во меѓувреме, Заев се сепна. Очигледно сфати која е целта на Софија. Така, на видео Економски форум во Тирана („Вечер“ од 13/3/2021), тој изјавил – „*Изминативе година и пол... се исправивме пред нови непринципиелни прашања и бирократски ставови кои не може и не смее да бидат камен за сопнување на просперитетот на (С) Македонија*“... „*Но, да бидам кристално јасен и да го повторам уште еднаш ставот на Владата. Ние никогаш нема да си дозволиме да разговараме за она за што не може да се разговара. А тоа е кои сме, кои се нашите идентитетски атрибути и која е генезата на нашата државност и јазик*“. Се е кажано ама не е доречено.
Како што ќе се уверите и во книгата, и јазикот и идентитетот се на масата за преговори со Бугарија. Ќе видите и дека се дадени погубни ветувања. Јанѕата останува бидејќи и пред договорот со Грција, Заев тврдеше дека нема и не може да има прекрстување и промена на Уставот и потоа сето тоа се направи. Тешко е да му се верува на таков политичар. Да се надеваме дека случајот нема да се повтори иако јанѕата уште долго ќе не мори.

*.*.*

Во продолжение, ќе читате одбрани колумни, објавени во медиумите, во коишто се третираат главно проблемите сврзани со Бугарија. Кај речиси сите колумни, веднаш под насловот, ставен е и датумот кога се објавени. Целта е нивната содржина да се стави во соодветениот временски контекст кога се и пишувани. Во колумните се повторуваат одредени факти, што е неизбежно во вакви прилики. Одбележени се настаните што ни се случуваа последниве години низ коишто, постепено, чекор по чекор, се уништува македонизмот или, поточно, македонскиот народ. Носител е странскиот фактор, којшто користи врвни техники на своите тајни служби, комбинирани со соодветни софистицирани политики, додека нашите политичари се однесуваат како слонови во продавница за стакло.

## КУС ОСВРТ НА КНИГАТА *„МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД 1944 ДО ДЕНЕС“* НА БУГАРСКИОТ ИСТОРИЧАР ЧАВДАР МАРИНОВ

Книгата е објавена во 2010 година во Франција, кадешто авторот и докторирал. Кај нас е преведена и објавена од Фондацијата Отворено општество – Македонија, во 2013 година. Во прашање е сериозен обид да се фрли аргументирано светло на политиките и настаните што беа значајни за односите меѓу Југославија (Македонија) и Бугарија, во периодот по 1944 година. Во целина, книгата може да се оцени како прилично одмерена бидејќи авторот се обидува да понуди факти. Тоа е и најголемата вредноста на книгата, која заслужува внимание бидејќи има за нас многу важни детали од бугарските архиви, досега необјавени. Започнуваме со нејзин кус приказ за полесно да се сфатат денешните бугарски небулози.

Авторот ги бележи гледањата на двете страни за различни историски личности и настани, обидувајќи се да не зазема страна иако, во целина, тој размислува како Бугарин и секако бил под влијание на нивните политики. Пишува дека консултирал бројни Бугари и странци ама меѓу нив нема ниту еден Македонец, што е несфативо за еден истражувач.

Сепак, во текстот цитира повеќе македонски историчари, што значи дека ги читал нивните дела. Клучен недостаток е што Чавдар Маринов, давајќи драгоцени факти и примери, во ниту еден момент не се обидува да ги објасни условите во коишто живееле Македонците, пред се во Бугарија, ама и во отоманската империја, значи во туѓи држави. Не ја спомнува бугарска политичка и верска доминација (Егзархијата) ниту објективните неможности во дадените услови Македонците национално да се декларираат поинаку, отколку „Бугари“.

Не се обидел или, како Бугарин, не можел или не сакал да го согледа ниту фактот дека, во сите тие целосни или делумни ропства, на македонскиот народ му бил втеран ужасен страв во коските за да го подзаборави својот национален идентитет и да се претопи и асимилира. Историски е докажано дека откако ќе се

втера страв во коските, се друго лесно се спроведува. Тогаш можеш да ги манипулираш луѓето, како што сакаш и колку сакаш. Дека е така, лично се уверив за време на службувањето во Албанија. Диктаторот, Енвер Хоџа, им го имаше признато на Македонците статусот на малцинство, што е исклучително важен факт за нас. Тоа беше ограничено територијално, само на девет села во Мала Преспа, иако имињата им беа албанизирани. Режимот, меѓутоа, им имаше втерано силен страв во коски да не смеат да го користат тоа право и јавно да се декларираат како Македонци. Истата пракса беше дури и засилена по демократските промени во земјата и траеше долго, иако во поблага форма. Во меѓувреме, засилената асимилација си го направи своето и добар дел од новите генерации - станаа Албанци. Неспорно е дека врежаниот страв во коските, трае вечно. Што и да се случува, ослободување од него е речиси невозможно. За таквиот развој на настаните, виновна е и Македонија, макар за периодот по 1990-тите кога ништо не беше направено за Македонците во Албанија. Ние им дозволувавме да се преселат во Македонија, што беше катастрофална грешка.
Работите во Бугарија, пак, стануваат појасни ако се знае колку Македонци биле прогонувани, малтретирани, измачувани, затворани та и убивани по 1944 година, само заради нивната национална припадност. Тогаш станува јасно зошто народот бил секогаш уплашен и не се осмелувал да зборува за својот идентитет кој не само што не бил официјално прифатен, освен во кус период во времето на Георги Димитров, туку бил забранет и изјаснувањето се казнувало.
Зошто Маринов не пишува ништо за таквата состојба во Пиринска Македонија? Сепак, иако со сосема друга намера и објаснување, Маринов го бележи и потврдува стравот во коските. На стр. 41, тој цитира некој локален партиски секретар од пиринскиот крај, кој рекол – „*Населението не прави разлика меѓу Македонци и Бугари. Јас на повеќе лица им поставив прашање дали знаат што се тие, и тие ми одговараат: ’бугарски Македонци‘...*“. Авторот тоа не го коментира, и веројатно сака да покаже дека тоа е едно исто, што значи дека сите се Бугари. Но, примерот го покажува

токму спротивното: ова е класичен доказ дека станува збор за чистокрвни Македонци кои се плашат отворено да кажат што се и затоа се прикриваат. Ако не беа Македонци, тие директно ќе одговореа дека се Бугари! Како и сите вистински Бугари. Нивниот одговор апсолутно докажува дека тие се – Македонци, со страв во коските. Или, во најмала рака, дека не се - Бугари!
На оваа тема, интересен е податокот објавен во весникот „Народна волја", на Георги Христов, што излегува во Благоевград, дека Борис Сарафов, во 1902 година, разговарал со некој руски новинар и публицист, кој го прашал: „*па, добро, што сте Вие – Грк, Бугарин или Србин? Едните тврдат дека сте Бугарин, вторите дека сте Грк а третите дека сте Србин?*" Сарафов мудро му одговорил: „*во Вашето прашање е и одговорот – тоа јасно потврдува дека сме нешто четврто – Македонци*". Логиката на Б. Сарафов е извонредна – фактот што сите ги присвојуваат Македонците и ги претставуваат како нивни покажува дека сите лажат и дека ништо од тоа не може да биде точно. Ако тие навистина беа Бугари, не може во исто време да бидат и Срби или Грци, ако, пак, беа Срби, не може... и така со ред. Единствен логичен заклучок е дека тие се нешто четврто, поточно Македонци, кои официјално не беа признати како посебен народ, бидејќи немаа своја држава, и затоа сите ги присвојуваа.
Впечатливо е и како се прикривале Македонците во Албанија. На прашање – што си? одговарале со – нашинец! Помудро не може да биде. Никој, за ништо, не може да ти префрли. Нашинец покрива и Албанец и Турчин и што сакаш друго а бидејќи лицето ти одговара на чист македонски јазик тоа единствено значи дека е – Македонец. Ем сте се разбрале, ем тој е чист ако си ти некаков провокатор.
Но, да се вратиме на Ч. Маринов. Тој пишува (стр. 18) – „*Годината 1878 може легитимно да се смета како почеток на 'Македонското прашање'. ... Оттогаш, надворешната политика на Софија била доминирана од иредентистички проект чија прва цел е приспојување на Македонија и, на тој начин, создавање на 'Голема Бугарија', исцртана во Сан Стефано*". Тој оценува дека – „*Општо земено, малку од изворите потврдуваат македонска*

*етничка или национална самоидентификација кај локалните Словени пред 20 век.*
*Односно, за повеќето од точките, историчарите од Софија изгледаат верни на називите наследени од минатото: историските личности кои искажувале посебен словенски македонски идентитет биле поретки отколку жителите од Македонија кои декларирале бугарска припадност“.* Ти благодариме за кажаното, Ч. Маринов! Уплашените нека и да биле побројни ама значи дека одреден број, сепак, се декларирале како – Македонци, а не како Бугари. Тоа е суштината. Нека го прифати Софија тој неоспорен факт – дека Македонците не се од 1944, дека ги имало и порано, и нема проблеми меѓу двете земји.
Клучното е дека имало Македонци, колкав и да бил нивниот број. Впрочем, на сите им било јасно, поради иредентизмот на Софија, којшто го истакнува и Ч. Маринов, не било баш многу мудро да се изјаснуваш како Македонец по 1878 година. Авторот тоа го повторува и на 21 страница кога констатира – „*Како што гледаме и македонскиот идентитет постоел, иако различно артикулиран“.* Споменува исто така дека – *„Во одредени контексти, Словените од Македонија еднакво развивале ексклузивен македонски национализам.*
*На пример, таков е случајот со самоукиот историчар и лексиколог Ѓорѓија Пулевски кој, во 1875, испечатил Речник од три јазика: славомакедонски, турски и албански“.* Го споменува и Крсте Мисирков – „*Во 1903, малку по катастрофата на Илинденското востание, тој издал памфлет кој денес е гледан како 'манифест' на македонскиот национализам: За македонцките работи“.* Укажува и дека – „*Подоцна, во Санкт Петерсбург, неговиот колега Димитрија Чуповски започнал да го издава весникот 'Македонски глас' кој ги ширел истите идеи: македонските Словени не се Бугари, Срби или Грци, туку тие претставуваат посебна нација“.*
Сосема коректно, Ч. Маринов пишува дека (стр. 30) – „*Од 20-тите години на 20 век, Бугарската комунистичка партија (БКП) ја промовирала тезата за посебниот национален карактер на словенските Македонци. Таа била формулирана од страна на*

*Георги Димитров, славниот водач на БКП и на Коминтерната. Од 30-тите години на 20 век, бугарските комунисти, родум од Македонија, се вклучиле во создавањето на македонска историографија, па дури и македонска литература: тоа е особено случајот со пиринскиот поет Никола Вапцаров. Подоцна, овие факти ќе бидат особено непријатни за Софија, па БКП ќе стори се за да ги скрие“.*
*Во врска со создавањето на федерација меѓу Бугарија и Југославија (стр. 35), Маринов пишува – „Во јуни 1946, ситуацијата еволуирала: Сталин му предложил на раководството на БКП воведување на ’културна автономија‘ во Пирин, како прв чекор кон обединувањето на Македонија. Оваа директива набргу била одобрена од ЦК на БКП, кој одлучил да започне кампања за промоција на македонскиот јазик и култура__ во пиринскиот дел, изјавувајќи дека неговото обединување со федерална Македонија ќе се случи врз основа на договор за обединување меѓу Бугарија и Југославија“*. Ч. Маринов спомнува и дека – „*На 11 октомври 1945 година, Пирин го славел националниот празник на македонската држава“.* Тоа значи година дена пред директивата на Сталин, што можело да биде само израз на македонските чувства на населението, без никаква бугарска кампања.
Да потсетиме дека, по резолуцијата на Информбирото, донесена во Букурешт, на крајот од јуни 1948 година, како резултат на судирот меѓу Тито и Сталин, со којашто беа осудени внатрешната и надворешната политика на Југославија, плановите за обединување без отфрлени. Како резултат, Југославија се оддалечи од догматскиот советски комунистички концепт и започна да спроведува политика на самоуправување и неврзаност што му овозможи пристоен живот на народот, за разлика од другите ИЕЗ. Таму, во дуќаните немаше ништо да се купи, долго се користеа купони, беше забрането да се патува во западните земји... Мизерија, беда и ограничена слобода, додека Југославија беше нешто недостижно за нив.
Меѓутоа, цената на тој расцеп, и пристојниот живот што потоа сите ние го живеевме во Југославија, ги платија Македонија и

Македонците. Тешко е да се претпостави како ќе течеа работи ако не се случеше Информбирото, ама, во секој случај, цената на „ослободувањето“ на Југославија од советската доминација значеше крај за слободата на Македонците во пиринскиот крај и неуспех на граѓанската војна во Грција, кадешто на Македонците им беше ветено дека ќе ги уживаат универзалните национални права.
Ч. Маринов пишува и за пописот во Бугарија, кога во 1946 година 169.544 лица се декларирале како Македонци (стр. 40). Во областа на Горна Џумаја, денешен Благоевград (Пиринска Македонија) тие претставувале 63,6 проценти од неговото вкупно население, што значи големо мнозинство.
Сега, Софија се обидува да докаже дека изјаснувањето како Македонци било постигнато со притисок врз луѓето за така да се изјаснуваат, што е несериозно и крајно бесмислено. И Ч. Маринов тврди дека горните проценти биле постигнати со партиски и политички притисок врз народот така да се изјаснува. Таква партиска пропаганда сигурно имало ама тоа во никој случај не може да биде причина што народот масовно се изјаснувал како македонски. Впрочем, ако Бугарите биле терани со сила да се запишуваат дека се Македонци тие сигурно би се побуниле, би протестирале. И Ч. Маринов спомнува дека единствениот отпор против новиот режим во Пиринско го организирале „михајловисти“, симпатизери на Ванчо Михајлов, кои тврделе дека нема Македонци. Огромна е веројатноста дека меѓу пријавените Македонци немало ниту еден Бугарин. Напротив, не треба да има никакви дилеми дека многу Македонци, сепак, не се осмелиле да го искажат своето чувство бидејќи долготото лошо искуство им налагало да бидат крајно внимателни. Стравот...
Уште поинтересен е вториот попис, одржан во 1956 година, седум години по смртта на Георги Димитров (1949) и осум по резолуцијата на Информбирото. Тоа е период кога Бугарија постепено ја менуваше политиката кон Македонците и затвори се што беше на македонски јазик - сите театри, училишта... Според пописот, тогаш имало уште повеќе Македонци – вкупно 187.789, од кои 178.862 во пиринскиот крај. Ако веќе во претходниот попис

имало и некаква партиска агитација, при овој секако немало. А, ако имало, можела да биде само во спротивна насока – притисок врз Македонците да не се изјаснуваат така. Пишман аџиите се секогаш смешни и за жалење. Во 1956, на чело на БКП дошол диктаторот Тодор Живков кој ќе владее до 1989.

# Е РЕАФИРМАЦИЈА НА ЖИВКОВИЗМОТ

*(Јануари, 2021)*

Од книгата на Ч. Маринов одлично се гледа дека корените на сегашната политика за бугаризација на Македонците се токму од времето на Тодор Живков. Раководството на БКП (стр. 66) зазело став дека – „*да се признае посебен македонски јазик било рамно на откажување на еден дел од ’бугарската историја‘. Македонците треба да ја преземат улогата на нација лишена од историски традиции. Тие биле скорешен и случаен производ*“. Живков изјавил – „*Не постои македонска националност ниту во Пиринската област, ниту во егејска Тракија, ниту пак во рамките на нашата дијаспора во Канада или во САД. Само во Вардарска Македонија, на објективен историски начин се формира македонска нација*“.
При посетата на Т. Живков на Белград, во декември 1966, Крсте Црвенковски го отворил „македонското прашање“ при што бил жестоко нападнат од Т. Живков, кој го прашал – „*што се случи со повеќе стотици илјади осведочени Бугари, пред Втората светска војна, (кои ги има) во сите статистики – српска, југословенска, турска, грчка, бугарска? Што се случи со сите тие Бугари, исчезнале ли до толку што сега нема ниту еден? ... Вие сакате ние во Бугарија да ги повторуваме сите ваши измислици и фалсификати? ... Вие, македонските раководители, морате добро да разберете дека ние, Бугарите, нема да се одречеме од нашата историја*“. Пред членови на ЦК на БКП, тој изјавил дека – „*ребугаризацијата на вардарските Македонци била неизбежна*“.
Ч. Маринов тоа го става во__ контекст на пописот спроведен во 1965 година, кога вкупниот број на Македонци, од 187.789, се свел на 9.632, од кои 1.437 во пиринскиот крај, или 0,5 процени од вкупното население.
Во својата книга, Ч. Маринов аргументирано кажува дека Софија сега ги исполнува задачите утврдени од Политбирото на ЦК на БКП, во април 1967 (стр. 78). Според коишто:
1. Нема историски и научни податоци за постоење на македонска нација, држава или јазик пред 1945;

2. Се признава постоење на македонска Социјалистичка Република во рамките на Југославија каде што, почнувајќи од 1945, почнала да се формира македонска национална свест;
3. Населението на Благоевградскиот округ претставува неразделен дел од бугарската нација;
4. Ќе се настојува на правото за слободно национално самоизјаснување на сите оние кои живеат во Македонија и се сметаат како Бугари.

Вообичаено, по одлуките на политбирото следувала директива за извршување на истите а Бугарската академија на науките (БАН) требало – „*да ја координира активноста на сите бугарски историчари, книжевни и филолошки научници, со цел изработка на заедничка позиција во врска со историјата, со културата и со јазикот во Македонија*“.

Веднаш започнало поправање на школските учебници и широка меѓународна пропагандна акција на руски, француски, англиски и шпански. Странски научници се „охрабрувале“ да објавуваат дела за „македонското прашање во согласност со историските вистини“. Се иницирала огромна научна и издавачка активност посветена на минатото, на културата и на јазикот на „македонските Бугари“. Архивите, пишува Ч. Маринов, морале да издвојат кои документи треба да се објавуваат, а кои да се тргнат и да не бидат достапни, особено за југословенските историчари. За авторот (стр. 90), воопшто не е спорно дека дошло до – „*целосна кристализација на чисто националистички мотиви кои ја определуваат политиката на бугарскиот комунистички режим во овој период*“. Бугарското раководство верувало дека – „*на овој начин, идентитетските тенденции во југословенска Македонија, можело да се свртат во нивна корист*“.

Т. Живков, меѓутоа, бугарскиот став во однос на Македонија, што денес доживува целосна преродба, го формулирал уште на почетокот на 1963 (стр. 64-66) – „*БКП го признава ’создавањето‘ на ’македонска национална свест‘ како ’објективна реалност‘, но ограничена на југословенска Македонија. Таа се појавила по Втората светска војна и била создадена врз ’антибугарска основа‘*“. На пленумот на ЦК на БКП, одржан на 11 и 12 март

1963, се отишло и чекор понатака. Прво бил прогласен Григор Прличев за бугарски „преродбеник“, на што реагирал југословенскиот амбасадор.
Потоа, на пленумот, Т. Живков „утврдил“ дека „државата на Самоил била бугарска“, дека „Македонија е лулка на бугарската Ренесанса и на создавањето на бугарската нација“, го „афирмирал бугарскиот идентитет на дејците на ВМРО, посебно на славниот Гоце Делчев“... Тој изјавил – „*не би било марксистички од страна на Бугарите да се откажат од својата историја, од фигури–симболи како Кирил и Методи, монахот Паисиј Хилендарски и браќата Димитар и Константин Миладинови“*. Се цитира Т. Живков според кого – „*македонскиот јазик е само ’еден говор кој им припаѓа на нашите западни говори, еден дијалект‘. Ова е јазикот кој бил користен од Кирил и Методиј и од средновековните охридски писатели“*. Според Т. Живков – „*населението од Пиринско е дел од бугарската нација“, а – „македонската емиграција во Бугарија не е дел од ’македонската националност‘“*. Ч. Маринов коректно констатира дека – „раководството на партијата не се двоумело да навлезе длабоко во историографски дебати“.
Ова бил дефинитивниот раскин со политиката на Георги Димитров. Т. Живков, исто како и неговите наследници сега, поставил услов – „*Бугарија го прифаќа постоењето на македонска Република во Југославија додека нејзините раководители се откажуваат од мешањето во ’внатрешните работи‘ на Бугарија“*. Според него – „*бугарската нација била распарчена од страна на Берлинскиот конгрес во 1878: 30 – 40 проценти од територијата и бугарскиот народ биле отсечени“* а „*Втората светска војна не го решила ова прашање“*.
Решението за него било - Сан Стефанска Бугарија.

*.*.*

Исто како Грците подоцна со името, Ч. Маринов пишува дека и раководството на БКП, читај – Т. Живков, уште на почетокот на 1960-тите имало изграден став дека јазикот е клучот за негирање на Македонците. Од тогаш почнува и целосното непризнавање на македонскиот јазик и негово третирање како дијалект на

бугарскиот, што сега само се повампирува. Во меѓувреме (1999 и 2017), ние направивме катастрофални грешки потпишувајќи дека јазикот ни е според Уставот, што значи дека не е автохтон. Ч. Маринов укажува и дека уште од 1972 година, Софија барала заедничко одбележување на историски личности и настани. Тоа е уште еден доказ дека комунистичките ујдурми на Т. Живков и денес се актуелни, та дури и понагласени од некогаш. Според логиката на нештата, лично Б. Борисов треба да е врската на сегашните бугарски политики со комунизмот. Како „горила" на Т. Живков, на еден или друг начин, тој сигурно бил импресиониран и задоен со неговите ставови а сега има ретка можност да ги спроведе. Кој вели дека членството во ЕУ носи цивилизациски и демократски придобивки? Случајот на Бугарија го тврди спротивното. Има уште една сличност со времето на живковизмот. Според Ч. Маринов, тогаш Бугарите објавиле дека во периодот 1968-1969 во македонскиот печат биле објавени повеќе од 1.500 статии со антибугарски карактер. И денес се жалат за истото само што додаваат една нула на бројката. Б. Борисов и неговите „генијалци", не покажуваат баш некаква оригиналност во агресијата кон Македонија. Така, во современата бугарска папазјанија, којашто инаку трае повеќе од еден век, „најново", најчудно и најневеројатно е што Софија цело време зборува за некоја наша омраза кон нив, и за антибугарска политика, а ниту тогаш, уште помалку сега, не ги бројат нивните антимакедонски „изливи на љубов", со коишто се негира дека постоиме како народ, дека немаме свој јазик...

За нив, веројатно, тоа се изрази на „братство", преку „докажани историски факти". Не ја забележуваат својата неконтролирана бедотија со којашто против наша волја сакаат да не присвојат. И кучиња да бевме, ќе ги замразевме. Толку ли се ограничени да неможат ова да го сфатат? Можно ли е да плукаш некого, да го газиш и згора на тоа да се чудиш зошто се бунтува? До толку ли се забегани нашиве бугарски „пријатели"? По ова што сега ни го прават, зарем може да не им е јасно дека на секој Македонец, ама ние сме тоа, нека простат, му се крева утробата кога ќе се спомне нивната држава? Тоа не е омраза туку напросто гадење што долго

ќе трае. Бугарското однесување е само уште еден доказ дека национализмот, особено спакуван во шовинизам како кај нив, е тешка и неизлечива болест од која нема спас. Вакви несфатливи ситуации, како нивната политика кон Македонија, го изместуваат и дипломатскиот речник: мора да се користат изрази, коишто не служат на чест.
Разработувајќи ги тактиките на живковизмот кон Македонија, Н. Маринов одлично поентира (стр. 83) – „*очигледно, грижата за 'добрососедство' останала на последно место. Триумфирале чисто националистички мотиви, ставајќи ја во погон машинеријата на државата-партија*“.
Денес нема „држава-партија“ ама тоа не им пречи на „демократите“ во Софија да покажат дека неуморно ја продолжуваат комунистичката идеологија, во нејзиниот најлош вид.
Ова мора да им се предочи на нашите тамошни „пријатели“, особено што сега имаме дури и договор за пријателство што тие безобѕирно го злоупотребуваат.
Според Маринов, во бугарските ставови имало и колебања. Тој тврди дека, кон крајот на ноември 1971, во Будимпешта, Т. Живков му рекол на Киро Глигоров – „*во Пирин, не живеат само Бугари туку и Македонци*“. Нема податоци дали македонската страна ја искористила оваа изјава?
Истата година, во Софија имало спремност билатералните договори со Југославија да се потпишуваат и на македонски јазик. Таков е примерот со Договорот за прекугранично движење, потпишан во ноември. Најмалку три договори биле потпишани на македонски и бугарски јазик а има показатели дека биле пет и дека еден од нив се уште е важечки. Лесно може тоа да е токму Договорот за прекугранично движење.
Наша непростлива грешка е што не инсистиравме на продолжување на таквата пракса.
Интересен е заклучокот на Ч. Маринов дека – „*и покрај бројните бугарски жалби, постоењето на македонскиот народ и јазик, во глобала, не биле оспорени од советските академици. Ист бил случајот и со другите социјалистички земји, каде што бугарското*

*раководство активно ја пропагирало својата позиција за македонскиот спор“.* Ова е добар показател и сега да бараме поддршка од овие држави. Ако тогаш тие не попуштиле на бугарската агресија, денес е тоа уште помалку возможно. Впрочем, негодувањето на Чешка и Словачка, за Светите Кирил и Методи и нашата рамка за преговори со ЕУ, тоа директно го покажува. Дека ставот на Москва и на другите словенски земји не бил случаен, се гледа и од следното. Во мај 1967 (стр. 73 - 74), Крсте Црвенковски, како претседател на ЦК на СКМ, бил во Софија. Разговорот со Т. Живков и овој пат бил жесток. Клучно е дека Т. Живков ја реафирмирал невозможноста да се прифати посебен македонски национален идентитет со искрено признание: „*што треба да му кажам на ЦК на нашата партија каде што повеќе од 50 проценти од членовите се Македонци! Што треба да му кажам на Сојузот на писатели каде што 100 од 300 се Македонци!“* Слободно можеме да констатираме дека ова е, всушност, главниот проблем на Бугарија: Македонците секогаш ја сочинувале главнината на нивната политичка, воена и интелектуална елита. Неспорно е дека кога ќе влезеш во калта, враќање назад - нема. Само пропаѓаш. Вековната бугарска политика кон Македонија е одличен доказ за тоа. Тие, на пример, од една страна тврдат дека не ослободиле во 1941 година кога ја окупираа земјата, претходно освоена и окупирана од германските фашисти. Сега не уверуваат дека и на крајот од Втората светска војна ја ослободиле Македонија, а „заборавaат“ дека бугарската фашистичка власт капитулира на 9 септември 1944 година, откако Бугарија беше ослободена од Црвената армија. Тито, пак, во договор со Георги Димитров, со цел Бугарија да се рехабилитира од срамот од учеството на фашистичката страна, им дозволи на нивните новосоздадени единици да учествуваат во завршните операции за ослободување на Македонија. Повод и причина бил ставот на Г. Димитров дека пиринскиот крај треба да се обедини со Македонија, во рамките на Југославија. На таа основа им беа простени и воените репарации од 25 милиони долари, коишто требаше да и ги платат на Југославија (Македонија). Улогата на новите бугарски единици во Македонија била апсолутно

занемарлива. Арно ама, според нивната логика, второто „ослободување“, кое е тешка лага, можело да биде само од нивниот фашизам! Со тоа, пак, и првото автоматски се брише.

*.*.*

Книгата на Маринов е важен документ за расветлување на македонско – бугарските односи, особено во сегашните услови на повторно повампирување на живковизмот. Таа добива на значење бидејќи никаде во неа не се спомнува дека по Втората светска војна во Македонија биле убиени 20 илјади Бугари, и дека повеќе од 100 илјади биле малтретирани и затворани, како што сега измислува Софија. Тоа го тврдат во нивниот „објаснувачки меморандум“, кој широко го дистрибиураа во ЕУ, за што подолу ќе стане збор. Ч. Маринов детално ги истражувал бугарските архиви и, очигледно, за такво нешто нема никакви документи, докази или сведоци, што значи дека се тоа нови фантазмагории на денешните месечари во Софија. Како поинаку да го убедат народот дека ние сме дивјаци кои мора да ги казнат со блокади и уцени за ЕУ? Тоа покажува дека Софија е спремна на се за да ги оствари своите историски синдроми. Подметнуваат тешки измислици а, истовремено, зборуваат дека сме биле неосвестени „Бугари“! Зарем не им е јасно дека од такви браќа, убијци, се откажува секој нормален човек?

*.*.*

Во „објаснувачкиот меморандум“, што Софија го испрати до Брисел и до сите членки на Унијата во септември 2020, со - *„барање врз таа основа да се водат преговорите за (наше) членство“,* меѓу другите фалсификати и будалштини, пишува – *„Архивите сведочат за егзекуција на повеќе од 20.000 луѓе помеѓу 1944 и 1946, кои се идентификуваа како Бугари и ја претставуваа политичката и интелектуалната елита на СР Македонија. Повеќе од 100.000 Бугари беа убиени, затворени, прогонети или испратени во концентрациони логори“!?* Тоа е невидена, неразумна и срамна бугарска лага и злосторничка измислица. Такви податоци објавил некој Димитар Гоцев, лидер на ВМРО-БНД пред Каракачанов, во книга објавена во 1998 година, без

никаков доказ, без документ... и со блеф дека – такви податоци имало во архивите!
Вакви бесрамности не користеле ни најголемите измамници во историјата. Впрочем, во тој период (1944/46), благодарејќи на Георги Димитров, односите меѓу Македонија (Југославија) и Бугарија биле многу добри. Најбесрамното во оваа бугарска ароганција е што и БАН манипулира со овие од ракав извадени бројки. Можно ли е луѓето што седат во тој пантеон на знаење да немаат ни грам достоинство и чесност барем човечки, ако не научен? Можно ли е да прифаќаат таква отворена бламажа? Фактот, пак, што Брисел го толерира сето тоа покажува дека Унијата е обична збирштина на тешки бирократи, водени од лични интереси. Нема за нив посоодветен израз освен – мршојади! Наместо да ги удрат по прсти забеганите шовинисти во Софија, тие ни порачуваат да се договориме со нив! За што да се договориме – дали сме тоа што сме? Единствено „оправдување“ им е нашето молчење.
Во тоа има дури и логика: навистина е несфатливо некој да те прикажува како ѕвер а ти да не реагираш. Македонија мора веднаш да бара докази од Софија дека сме сотреле толку „Бугари“ и, ако ги немаат, што е неспорно, меѓународно да бидат осрамотени и да се испитаат можностите да се дадат на некој европски суд или меѓународен орган (ООН, Совет на Европа...). Мора да се осудат за ширење на шовинистичка пропаганда.
Тешко дека може да се замисли нешто почудовишно од лагите што Бугарија ги шири за Македонија низ светот.
Би им позавидел дури и нивниот поранешен пријател, Јозеф Гебелс, царот на фашистичката пропаганда. Впрочем, ако се убие и малтретира толкав број на луѓе, тоа не би можело да се скрие ниту во една Кина со повеќе од милијарда и пол жители. По војната, Македонија имала околу милион жители што значи дека се убивани по двајца на секои 100. Што правеле нивните најблиски роднини? Сите ли молчеле? Ако биле прогонувани над 100 илјади, тоа би биле цели 10 проценти од населението. Ако било така, а не било, тоа би бил историски преседан. Сличен терор и злочин не се

случиле никаде и никогаш во историјата. И пред, и потоа. Дали треба да се пријавиме за Гинис?

# МАТ ЗА БУГАРИТЕ И ГРЦИТЕ: НЕ МОЖЕ 150 ГОДИНИ ДА ИМА „МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ“, БЕЗ ДА ИМА МАКЕДОНЦИ!

*(Август 2014)*

Неспорно е дека „Македонското прашање“ е актуелно на меѓународната сцена веќе речиси 200 години. Тоа одлично го знаат и тие што површно ја следат политиката. Овој неспорен факт конечно ги матира историските небулози на Бугарите и на Грците, кои тврдат дека и денес нема Македонци. Имено, без да имало Македонци не е возможно да се замисли дека за светот постоело „Македонско прашање“. Смешни се разните Борисовци, Димитровци и Каракачановци, Самарасчиња и Папуљасчиња, кога зборуваат и тврдат такви глупости. Овој неспорен факт мора да ги разоружава сите, и да ги става и Атина и Софија пред свршен чин, во која било ситуација, кога се обидуваат да го негираат постоењето на Македонците.

Не може да нема Македонци, а тие да бидат проблем и за нив да се разговара 150, 160... години. Можно ли е тие да не постојат а да бидат актуелни толку време, да бидат тема и кај големите сили и на најважните светски настани, да бидат на маса на меѓународни конгреси и на мировни и други конференции, на состаноци меѓу водечките светски политичари, и во нивните изјави, во медиумите, во Лигата на народите... Ако толку често и на такви нивоа се зборувало за Македонците, тие никако не можеле да бидат непостоечки.

Такво нешто и теоретски е невозможно. Морало да ги има. Коминтерната и Тито и да сакале не можеле да „измислат“ нешто што веќе било меѓународно третирано, барем еден век пред нив. Или, можеби, тие не „измислиле“ – ретроактивно?!

Се заедно, бугарските и грчки историски синдроми во прв ред се смешна, а истовремено и огромна, срамна, недостојна, апсурдна... измислица и манипулација. Се знае дека Софија и Атина се оглушуваат на се што потврдува дека Македонците се вековни на овие простори.

Арно ама, (пре)долгото постоење на „Македонското прашање“ е апсолутен и цврст доказ којшто целосно ги поништува и фрла во вода сите нивни измислени „тези“ и „хипотези“.
Така, ако Бугарија и Грција навистина се сметаат за сериозни држави и ако макар минимално го почитуваат своето државно достоинство, треба итно да ја сменат нивната неразумна и веќе прегазена политика спрема Македонците. Софија, добива кувет (сила) и од грчката утопија дека ќе успеат да не прекрстат и избришат како народ. Можеби се залажуваат дека ако Грците успеат, тогаш единствен избор би ни бил да се „освестиме“ дека сме „бугарчиња“ и така, за нив победоносно, да заврши оваа бедна епопеја, што ја пеат и во 21-от век. Надежта секогаш последна умира, дури и кога е лажна и без основа, како во случајов. Бугарија и Грција тоа јасно го докажуваат. Сепак, не треба да има никакви сомнежи дека и Бугарија и Грција се целосно свесни дека играат на погрешна карта и дека, во основа, станува збор за нивни тешки историски синдроми. Исто така им е јасно дека не можат ништо да добијат бидејќи аспирациите, очекувањата и желбите им се крајно нереални и затоа - невозможни. За жал, инерцијата е појака од се и Софија упорно останува на истата линија иако веќе доживееја стравотни порази во двете светски војни. Беа на историски погрешната страна само за да ја освојат Македонија и да ги присвојат Македонците.
Лошата политика им донесе и се уште им носи огромни штети ама никако да извечат поука од тоа. Жалосно, во секој случај. Очигледно е дека станува збор за вековен и болен копнеж, за којшто нема лек. Истото се однесува и на Атина.
Софија и Атина одлично ги знаат сите историски факти во врска со Македонија и Македонците иако упорно трубат дека не нема, дека некој не измислил. Добро знаат, на пример, дека и Вилијам Гледстоун (1809 – 1898), најистакнатиот британски политичар на 19 век, кој бил премиер повеќе од 15 години а уште 20 и кусур и министер, бил загрижен за судбината на Македонците. Да не заборавамe дека е тоа период кога Велика Британија била главна светска сила, чии збор, став, политика... имале тежина. Во писмо од 2 јануари 1897 година, упатено до Ф. В. Хирст, тој напишал –

*„... Зошто не Македонија на Македонците, Бугарија на Бугарите и Србија на Србите“?* Прво ги спомнал Македонците, што исто така нешто значи! Треба да се истражи како знаел дека таков народ постои, очигледно без да се посоветува со Атина и Софија?
Дали В. Гледстоун бил нешто како баба Ванѓа и чувствувал дека многу години по него ќе не „измислат“ Коминтерната и Тито и тој само антиципирал? Одговор можат и треба да дадат само бугарски и грчки „политичари“ и „историчари“.
За среќа, на извртувањата и лагите секогаш им се кратки нозете. Бугарската неумна политика (исто како и грчката) е голем и невиден анахронизам. Сакаат да се уверат прво себе а потоа и другите, вклучувајќи не и нас, дека: еве, ајде, ами добре... сега сте Македонци ама до Втората светска војна – бевте „Бугари“, дека корените ни се заеднички.
Каква генијалност! И, што се случило? Одеднаш, по војната, народот ги сменил своите национални чувства, својот јазик...
Од „Бугари“ станале Македонци. И никој не се побунил. Така решил Тито, де. Имал ли волшебно стапче? Да се чудиш и да не веруваш. А нашите дедовци? Што беа тие? Не лажеа ли кога ни велеа дека се Македонци, и ништо друго? А пред тоа, нели, речиси 40 години не посрбуваа и тврдеа дека сме „Срби“! И, што постигнаа? Ништо! Да се игнорира еден народ е бескорисно, згора на тоа не е само недолично туку и срамно и безобразно. Барем во 21 век. Во 19 век тоа можеби и бил начин на водење на висока политика со цел да се грабне се што може, но не и сега.
Да заклучиме. Веќе не би требало никој во светот да има и најмала дилема, да не зборуваме во земјава, дека ОФИЦИЈАЛНА И ТРАЈНА бугарска политика е дека – нема Македонци, македонски јазик, историја, култура, традиција...
За нив, сето тоа е – бугарско! Ако е така, а така е, тогаш мора да ни биде кристално јасно дека Бугарија е организирана држава кадешто нема импровизации и некакви лични мислења, ставови, позиции туку, барем кога се во прашање Македонците – се е едногласно и целосно усогласено. Така е макар век и половина. На сите нивоа. Од врвот на државата та се до пионерите. Сите ја спроведуваат спомнатата, длабоко погрешна, антиисториска и

антицивилизациска политика кон Македонија. Овие факти, коишто се неспорни, се доволна опомена да бидеме максимално внимателни за се што е сврзано со овој сосед. Тоа значи дека во секој нивен потег, чин, иницијатива, настан... ние мора да ја согледуваме оваа нивна трајна политичка доктрина. Мора да ни биде јасно дека тие постојано, со сите сили, и во секоја прилика, настојуваат да си ја постигнат целта. Секогаш на наша штета. Често и успеваат, заради нашата неодговорност.
За Грците, пак, спорен е брендот „Македонија", преку изведените придавки „македонски/а/о". Во основата, тие не негираат дека сме одделна нација само под услов да не се нарекуваме – Македонци. Ако се викавме Славјани, Брсјаци...
Ујгури... Маи... за нив немаше да има никаков проблем дури и ако името на државата беше исто како и сега. Макар за нијанса, нивниот став е помалку лош од бугарскиот иако, на крајот од денот, резултатот е – ист! И едните и другите не не признаваатаат, постојано не блокираат, условуваат, уценуваат... за да постигнат некакви свои политички цели. И, најважното: тие уште долго, да не кажеме никогаш, нема да прифатат дека сме – Македонци! А ние, друго не можеме да бидеме!
Софија и Атина го воскреснуваат „Македонското прашање" бидејќи токму сега им се укажува последната шанса да спечалат: едните на сметка на средновековиието и периодот до Втората светска војна, а другите на античкото минато. Факт е дека нивните историски синдроми можат да се искористат само пред нашето влегување во НАТО и ЕУ. Чим стапнеме во нив, макар со референцата, или се откажеме од таквите намери - приказната е завршена. Бугарија и Грција ќе останат со празни раце. Никој нема да може да го условува нашиот македонизам. Токму затоа, и Софија сега нагласено започна да ги покажува своите „црвосани заби"! До сега, тактизираа пуштајќи ја Грција да ги „брани" и нивните интереси. Сега, ги отворија картите и немаат никакви скрупули во обидите да го докажат невозможното и да го постигнат недостижното... Комплементарноста меѓу Атина и Софија, во однос на политиките и интересите кон Македонија, е

стопостотна, бидејќи целта е иста – да се избришат Македонци! Каков наш компромис е тука можен со нив, проценете сами.
Во целиот галиматијас, три хендикепи се клучни за нас:
а) тоа што ние сакаме да влеземе во евроатлантските организации, а тие се внатре и целосно ја користат таквата предност;
б) што уживаат широка поддршка од ченките на истите; и
в) што во Атина и во Софија е изграден целосен државен консензус во однос на нелегитимните аспирации кон Македонија.
За разлика од нив, кај нас има целосна какофонија дури и за најстратегиските прашања. Еден став има власта, друг опозицијата, трет албанските партии... и секој ја тера сопствената политика дури и на надворешен план. Освен тоа, цела низа на „слободни“ експертчиња и новинарчиња, од кои најголемиот дел се платени од надвор, работаат против темелните интереси на сопствениот народ.
По кој знае кој пат – ние сме на потег! Мора да тргнеме во офанзива и насекаде, и постојано да ги „бомбардираме“ Бугарите и Грците со крунскиот факт дека 150 годишната историја на „Македонското прашање“ објаснува се за веков ното постоење на Македонците. Отворено и одлучно морајасно да им се става на знаење дека со овој факт, нивните политики на негирање стануваат безпредметни и смешни.
Со овој аргумент треба да се инсистира на разбирање и подршка и во Вашингтон, Брисел, Берлин, Лондон, Париз... и во Москва, во Пекинг... Насекаде.
Во меѓународните односи, неретко се случува државите да се обидуваат да ќарат во дадени ситуации, не водејќи многу сметка за легалноста, моралот, принципите... Така, всушност, се однесуваат и Бугарија и Грција кон Македонија.
Тоа непишано правило ние најчесто го забораваме дури и кога легитимитетот не е спорен! Ги пропуштаме шансите што ни се пружаат, а тоа е непростливо. Се правиме поголеми католици од папата, исто како што бевме најголеми Југословени во федерацијата. За разлика од сегашното бугарско однесување кон нас, ние во 1999 година бевме крајно дарежливи кон нив - сосема непотребно, и стратегиски длабоко погрешно. Тогаш, под директен диктат на САД (Строут Талбот, заменик државен секретар),

потпишавме за нас исклучително штетната Декларација за пријателство и соработка, со која потврдивме дека меѓу нашите две земји нема отворени прашања. Со тоа, на Бугарија и го отворивме патот и за НАТО, и за ЕУ. Во спротивно, Брисел ќе инсистираше Бугарија да ги расчисти спорните работи со соседите, кои се од суштинско значење за нас. Без декларацијата, на Бугарија ќе и беше потребно зелено светло и од Македонија, за влез и во двете организации, при што ќе мораше нагласено да покажува флексибилност во однос на нејзините историски синдроми спрема Македонија и Македонците. Тоа ќе беше историска прилика за нас да поентираме. Меѓутоа, не случајно, и со директно и добро испланирано американско вмешување, а на очигледна штета на Македонија, Софија доби се - на послужавник. Наивно и недоветно, не барајќи никакви отстапки, ние им потврдивме дека меѓу двете земји нема ништо спорно. Поголема наша неодговорност, тешко може да се замисли.

## ЗОШТО БУГАРИЈА ПРВА ЈА ПРИЗНА МАКЕДОНИЈА?

*(Ноември, 2020)*

Освен неразумните барања кон Македонија, Софија постојано нескромно се фали дека биле првата држава што ја призна нејзината независност. Тоа е неспорен факт ама, како што укажавме на почекот на книгава, задникта на тој чин не е баш за удирање во гради. Во декември 1991, предвреме и унилатерално, Германија ги призна Словенија и Хрватска со што го минираше договорот постигнат во Брисел, признавањето да се случи заеднички од страна на ЕЗ (ЕУ), на 15 јануари 1992. Неколку месеци пред тоа, за таа цел беше формирана т.н. Бадентерова комисија, чии предлог требаше да биде обелоденет токму на тој ден. Меѓутоа, откако Берлин дозна дека комисијата ги предлага Словенија и Македонија а не и нивниот сојузник, католичка Хрватска, на крајно некоректен и груб начин го поткопа договорот на ЕЗ (ЕУ). Потоа, Брисел веќе немаше избор освен да ја следи одлуката на Берлин и, на закажаниот 15 јануари 1992, за да не дојде до раскол, исто така да ги признае Словенија и Хрватска. Се друго ќе беше создавање на длабока криза во Заедницата. Тоа се случуваше набргу по обединувањето на Германија којашто, на овој начин, ги демонстрираше своите нови мускули, со што беше изиграна Македонија. Овој крајно некоректен потег на Германија и нанесе непроценливи штети на земјата, којашто остана непризнаена. Нејзината иднина беше целосно сменета бидејќи беше спречена да го добие тоа што ѝ следуваше според извештајот на Бадентеровата комисија.

Ова се непобитни факти иако мора да се знае дека дури подоцна стана јасно дека германските потези не беа само нивна политика против Македонија туку дел од пошироко сценарио, коешто тогаш се скицираше во Вашингтон, во соработка и со Грција. Сценариото е актуелно и денес и грижливо се прилагодува и спроведува. Според тоа, не може да се тврди дека Брисел, и без бесрамното подметнување на Берлин, ќе го прифатеше предлогот на Бадентеровата комисија за Македонија. Сепак, и во таков случај, ќе

се создадеа поинакви услови и модалитети, коишто не можеа да бидат полоши за Македонија, отколку создадените од Германија. Во услови кога ЕЗ (ЕУ) се покажа недостојна за улогата којашто објективно ја игра во Европа, реагираше Софија и на истиот ден (15 јануари 1992), ја призна независноста на Македонија. Тоа беше секако важен потег за нашата земја ама само начелно и привремено. Доследна на своите историски небулози, и во оваа пригода Бугарија јасно стави до знаење дека не признава постоење на македонска нација и јазик. Тоа го изјави претседателот Жељу Желев (цитиран е на почетокот од книгава) кој, инаку, се сметаше и се однесуваше како либерален демократ. Меѓутоа, како што се гледа, и тој беше на линија на бугарските историски синдроми. Ако ја признаа државата, а не и народот, што инаку се подразбира само по себе и оди заедно, значи дека Македонија ја третираа и признаа како втора бугарска држава. А сегашната бугарска уцена и агресија, не само што го потврдува тоа, туку има за цел да не принудат и ние да се согласиме со таквите нивни небулози.
Зошто Софија прва ја призна Македонија? Кон крајот на 1991-та и почетокот на 1992 година, Софија имаше доволно политички информации, и сознанија од тајните служби, дека признавањето на Македонија нема да биде лесна работа и дека нејзината иднина не е јасна. Главните сигнали им доаѓаа од САД. Прво, сигурно се плашеа дека земјата може да се врати во некаква нова Југославија, со што сите нивни вековни аспирации дефинитивно ќе паднат во вода. Второ, беа свесни дека Македонија може да се распадне и затоа сметаа дека треба да опстане, за да биде дел од идна големобугарска држава. Впрочем, ако Софија немаше скриени намери, нормално ќе беше веднаш да воспостави дипломатски односи и да испрати амбасадор во Скопје и на тој начин навистина да и помогне на Македонија. Но ништо од тоа – тие тргнаа и застанаа. Очигледно се уплашија дека со амбасадор во Скопје, доколку дојде до распад, ќе бидат надвор од дворските игри за нејзина делба. Ќе бидат дисквалификувани од страна на оние коишто не ја признаа независноста и коишто би имале поширок маневарски простор. Пропуштената шанса ја искористи Турција која Македонија ја призна на 6 февруари 1992 и веднаш воспостави

дипломатски односи и го испрати првиот амбасадор во Скопје. Бугарскиот дојде многу подоцна. Следуваа признанија од Словенија, Хрватска, Филипини...
Од набројаниве факти е јасно дека Бугарија не ја призна Македонија како израз на поддршка и пријателство, ниту тоа беше резултат на некаква добра намера, за што би требало да ѝ бидеме благодарни, туку производ на чисти калкулации и можност за воено профитерство. Потегот беше исклучително важен за нас ама нема многу што за фалење од нивна страна, дека биле први, туку има повеќе работи од коишто треба да се срамат. Во тој период, Софија учествуваше и на трилатерални средби со нашите соседи, при што тема беше токму Македонија, а без наше учество. Тоа во никој случај не беа гестови на пријателство бидејќи имаше отворени претензии кон нашата земја. С. Милошевиќ, на пример, тогаш му предлагаше на К. Мицотакис поделба на Македонија. Нации и јазици меѓународно не се признаваат, ниту тоа Македонија го бара од Бугарија или од која било друга држава. Во дипломатијата, кога се признаваат државите тоа по автоматизам подразбира дека се признава или, поточно, прифаќа и народот што живее во таа земја, јазикот што го зборува и се друго што е карактеристично за неа. Бугарското прифаќање на државата (Македонија), значи формата ама не и содржината (народот, јазикот...), е преседан во светски размери. Поголем апсурд и глупост, тешко може да се замислат.
Проблемот е, меѓутоа, кај нас: додека тие јавно и отворено не негираат, ние се правиме недоветни и си молчиме. Дури потпишуваме и некаков договор за пријателство и соработка со некој што отворено и гласно тврди дека не постоиме. Со тоа се урива достоинството на државата и претставува самонегирање. Бугарската бесрамност дека не постоиме како народ, којашто трае барем 150 години, подробно ја разработи нивниот диктатор Тодор Живков, а сега само се повампирува. Бугарите, за време на живковизмот, живееја во беда. Беа најголеми сталинисти во источниот блок и нивниот тоталитаризам не им дозволуваше да патуваат на Запад, за да не видат како живеат луѓето таму и да станат свесни за својата мизерија. И, во такви (не)услови, за да го

замајуваш народот, најлесно е разгорување на национализмот, со бесмислици за Голема Бугарија, во којашто треба да биде и Македонија. Жалосно е што истата политика е актуелна во Софија и денес.
И покрај членството во ЕУ, таму повторно владее материјална и духовна сиромаштија, целосно придружена со криминал и корупција. Од земјата веќе побегнаа можеби повеќе и од милион луѓе. Нивните најнови нестварни соништа во врска со Македонија, треба да се гледаат и во тој контекст.
Невидена будалштина е бугарската теза дека Македонците се измислена нација. Зарем е можно на бај гањовци да не им е јасно дека народ не може да се измисли? И Коминтерната, и Тито, само ја признале реалноста и ништо повеќе. Со сила не можеш да дадеш, можеш само да земеш. Нас, никој со сила не можел да не прави Македонци. Бугари, уште помалку.
Народ или постои или не. Трето – нема, а Македонците биле реалност макар со векови ако не и со милениуми. Историски докажан факт е дека народ не може да се измислува, но затоа може да се истребува. Такви примери имало доста, а веќе подолго време тоа се прави и со Македонците во Бугарија.
Стручно, тоа се вика геноцид. Колку време Софија ги малтретира Македонците и, чекор по чекор, ги истребува? А тие се уште се таму и ќе бидат вечно. Бугарија е на столбот на срамот со 13-те пресуди на Европскиот суд за човекови права, токму заради негаторскиот однос кон Македонците. Заради нив е под постојан мониторинг од Советот на Европа.
Кога ќе им дојде умот на политичарите во Софија дека со сила убавина не бива? Дури и кога таа се користи повеќе од 100 години, без суштински резултати, какошто е во нивниов случај негирањето на Македонците?
Бугарија имаше голема среќа што, кон крајот на 1990тите години, САД беа заинтересирани да ѝ го отворат патот за НАТО, заради опколување на Русија со членки на алијансата.
Бугарските проблеми со Македонија, коишто сега експлодираат, беа и тогаш општо познати и мораа претходно да се решат бидејќи е пракса, проблемите на кандидатите со соседите да не се

внесуваат во организацијата. За таа цел, со американска помош, премиерите Љ. Георгиевски и И. Костов потпишаа за нас поразитена декларација. Потврдивме дека меѓу двете земји нема отворени прашања и ѝ овозможивме на Бугарија да стане членка на НАТО а подоцна и на ЕУ. Најапсурден во сето тоа е фактот што привремено и само формално решивме тежок бугарски проблем и историски синдром со наши крајно неразумни отстапки. Нашите постапки беа надвор од умот.
Наместо ние да поставувавме услови, заради отворање на патот на Бугарија во НАТО, американците нас не докусуруваа: не натераа да се откажеме и од јазикот наш македонски и од нашето малцинство во Бугарија. Поголем аматеризам од наша страна тешко може да се замисли. Се разбира ако не е во прашање нешто пострашно: имено, тогашниот премиер, Љ. Георгиевски, подоцна доби бугарско државјанство.
Притисокот на Вашингтон сигурно бил жесток ама оправдување за ова национално предавство – нема и не може да има. Тоа кај нас речиси никој не го разбираше ниту тогаш, ниту сега, ама на највисоките политичари мораше да им биде јасно за што се работи. Нашите реални политички и дипломатски капацитети се крајно ограничени, што не е никакво оправдување. И, кога така се однесуваш, казната мора да те стигне. Сега, како услов за наш влез во ЕУ, Бугарија отворено сака дефинитивно да не сотре како народ. И не се сами. Сепак, во едно се во право: одамна ни порачаа дека нивната поддршка за ЕУ нема да биде безусловна! Арно ама, кај нас и тоа нема кој да го разбере. Така е бидејќи нашите „политичари" спроведуваат туѓи интереси. Се прават големи христијани и на лошо враќаат со добро. Тоа што курбан ќе оди народот, не ги интересира многу.
Договорот за пријателство е истиот текст од декларацијата од 1999, само дополнет со наши нови предавнички отстапки, како што е измислената заедничката историја. Тоа е основата на сегашната бугарска агресија, што е директен доказ дека и договорот е во американска режија. Нема два народи што имаат иста историја.
За среќа, ништо што е со сила наметнато, нема шанси за долгорочен успех. Американскиот претседател, А. Линколн, рекол

– ништо не е трајно ако не е коректно решено. И В. Черчил испратил добра порака – ако поминувате низ пекол, продолжете со одење. Друг избор и немаме.

# БУГАРИЈА ВЛЕЗЕ ВО НАТО И ЕУ БЛАГОДАРЕЈЌИ НА ЦАРОТ И НА – МАКЕДОНИЈА

*(Август, 2016)*

Бугарија стана членка на НАТО во 2004 и на ЕУ во 2007 година. Тоа беа исклучителни исчекори на нашиот источен сосед. Во основата, меѓутоа, тие не беа резултат на некакви големи дострели во реформирањето на бугарското по многу нешта демагошко општество туку, главно, како израз на туѓи интереси. Првиот елемент што го забрза патот на Софија кон Брисел беше соседството со Русија. САД беа исклучително заинтересирани сите држави што граничат со Русија, што побргу да станат дел од алијансата. Тоа, пак, автоматски го отвораше и патот кон ЕУ. Целта беше да се опколи Русија од сите можни страни, што е и денешна политика на САД. Сега, пак, од приоритетен интерес на САД и НАТО се Грузија и Украина. Киев беше ставен пред лажен, непотребен и уништувачки избор и уцена – или со Русија, или со Европа. А, се знае дека земјата има два дела: истокот со про-руски, западот со про-европски определби. Принципиелно ама и поприродно ќе беше на Киев да му се дозволеше соработка и со ЕУ, и со Русија, без ултиматум. Последиците ги знаеме сите: Украина е уништена како држава. Плановите на Вашингтон, меѓутоа, беа да се сатанизира Москва а тоа беше најлесно преку Киев, во што и успееја. Така започна новата студена војна.

За нас е, сепак, многу поважен вториот дел од приказната. Освен руската карта, преку која Бугарија имаше исклучително важна предност, за нејзиниот апсолутно брз напредок кон Брисел клучни беа уште два фактори. Првиот беше враќањето на царот Симеон Сакскобурготски, овој пат во „форма“ на премиер (2001 – 2005). Вториот е нашата македонска недоветност: со потпишувањето на Декларацијата за пријателство и соработка (1999), потврдивме дека Софија е наш добар сосед и дека нема отворени прашања меѓу нас. Тоа може да се нарече и недораснатост на нашата политичка елита за соочување со современите предизвици иако во основата лежи крајна неодговорност, рамна на предавство.

Сакскобурготски имаше одврзани раце да работи само за бугарските државни интереси. Не беше оптоварен ниту со лични амбиции а уште помалку со партиски, за следните избори. Воопшто не мораше да калкулира на ситно. Беше свесен дека е за еднократна употреба и согласен со тоа.
Сакаше да остави трага и – успеа. Тој целосно беше посветен на патот кон Брисел и целта беше постигната. Близината на Русија беше секако силен „аргумент", што му помогна во случајот. Меѓутоа, последиците во ЕУ се крајно негативни и далекусежни: по исфорсираниот прием на Бугарија и Романија, коишто не беа спремни за членство, во Унијата се сфати дека избрзаа. Таа нивна грешка, во којашто свој дел имавме и ние, влијаеше на целиот процес на прием на нови ченки во Унијата, при што жртва сме и ние. Проширување веќе – нема.
Се знае дека Брисел особено внимание посветува на добрососедските односи и дека НАТО и ЕУ не примаат нови членки кои имаат нерасчистени проблеми со соседите, какви што имаше Бугарија со нас. Најслаба карта на Софија на тој план беше токму – Македонија. Не го признаваше македонското малцинство и не ги спроведуваше пресудите од Стразбург за неговите права; имаше инквизиторски однос кон македонскиот народ, кон неговиот јазик, историја и култура... Ако со декларацијата не беше направена наша непростлива историска грешка со давање на непотребни и незамисливи отстапки, Бугарија не можеше ниту во НАТО, ниту во ЕУ. Ќе беше присилена да се обврзе дека ќе ја менува својата средновековна политика кон Македонците за да се надминат недоразбирањата и за да се отвори нејзиниот пат кон Брисел.
И, наместо ние да ја зграпчиме историската шанса за да влијаеме заедно со Брисел да запрат бугарските антицивилизациски стереотипи, ние им пруживме невиден дар што се мери само со историско предавство. Наместо жестоко да реагираме во Брисел за историските синдроми и вековните неправди и да инсистираме на нивно ревидирање, премиерот Љупчо Георгиевски ја потпиша спомнатата декларација, со којашто:
а) излажавме дека меѓу двете земји нема отворени прашања;

б) се откажавме од македонскиот јазик како мајчин и автохтон, формулирајќи го како уставна категорија а, уставите, нели – се менуваат; и
в) го прогласивме нашето малцинство во Бугарија за непостоечко! Софија не криеше дека нашата капитулација беше голем успех за нив. Отворено пишуваа дека добиле повеќе отколку што очекувале. Меѓутоа, и во овој случај заслугата не беше нивна иако поразот беше само наш. Зад проектот стоеја – САД! Креатор на нашиот историски пораз беше Строуб Талбот, тогашен американски заменик државен секретар.
Тоа само по себе подразбира дека текстот на декларацијата е американски и одлично се вклопува во нивните политики за постепено урнисување на овој народ, што филигрански ги спроведуваат веќе 25 години. Преседаните што ни ги наметнаа со декларацијата допрва ќе доаѓаат до израз во периодот што е пред нас, особено во негирањето на македонскиот јазик.
Факт е дека декларацијата ние ја ставивме во фиока веднаш по потпишувањето, што потврдува дека сите биле свесни каква глупост беше направена. Арно ама, нашиот потпис не може да се негира. Софија ја заврши работата и влезе во НАТО и ЕУ и продолжи да инсистира на договормеѓу двете земји бидејќи декларациите се необврзувачки документи, без особена тежена. Ги потпишуваш, и тераш по свое, како што постапивме и ние, и никому ништо. Токму затоа, Софија сега притиска истата содржина да се преточи во нова форма. Ни помалку, ни повеќе, тоа треба да биде врвен документ што го потпишуваат две држави. Тоа е договор за пријателство и соработка, со којшто ќе можат секаде да мавтаат. За разлика од декларациите, вакните договори се ратификуваат во парламентите и покажуваат дека меѓу двете држави нема отворени прашања. Практично, Софија сака наша врвна потврда за нејзините средновековни политики, поточно согласност дека не сме Македонци, дека не зборуваме македонски јазик, дека нема наша историја, култура, традиција... Се заедно, дека сме – неосвестени „Бугари“. Премногу едноставно за да не се разбере. Не кријат дека е тоа нивната уцена ако сакаме да не не попречуваат на патот кон Брисел.

Со еден ваков договор тие релативно лесно ќе докажуваат дека македонскиот јазик е само така именуван во Уставот а всушност бил и останува бугарски дијалект. Сигурно ќе инсистираат така да пишува и во графата за јазици на ЕУ...
Најдобар доказ дека горното е точно е ултимативното инсистирање на Софија да се потпише ваков договор. Зошто инаку би уценувале, ако немаат конкретни и прецизни задни намери и планови? Во нивните досегашни политики кон Македонија, ова е клучно прашање. За разлика, кај нас дури и во врвовите на политиката мнозина не го разбираат случајот. Не ја сфаќаат заднината на бугарските уцени, бидејќи тоа се дипломатски финеси. Во последно време, на пример, зачестија средбите меѓу двете академии, МАНУ и БАН. И, додека нашиве академици ако веќе не спијат комотно си дремат, бугарските цело време ни потпикнуваат кукавички јајца со коишто ги валоризираат нивните непринципиелни политики кои се сведуваат на фактот дека за нив овде нема Македонци туку сите сме „Бугари“. Во принцип, нашите не реагираат. Или глумат космополити, или се прават отсутни. Суштината е дека се тие научни и политички – идиоти.
Истото се однесува и на бугарските инсистирања на заедничко празнување на историски настани и личности, при што најмногу го апострофираат Илинденското востание, што воопшто не е случајно. И тука ние немаме јасен став, а имавме и премиер, В. Бучковски, кој отворено ја подржуваше иницијативата. Неспорно е дека меѓу двете земји имаме измешан дел од историјата, бидејќи многубројни врвни македонски личности живееле и твореле во Бугарија, зашто јазикот им бил најблизок, а македонска држава немало за да можат да работаат во неа. Неспорно е дека сите тие биле под страшен националистички притисок и на бугарските политичари, и на црквата ама друг избор немале. Софија цело време играла на картата дека сите тие се „Бугари“ што мора да води во Голема Бугарија.
Без никаква стратегија, ние веќе дадовме одредени отстапки во врска со овие заеднички прослави, коишто во основата и не мора да се спорни. Сепак, во прашање е голема грешка бидејќи ништо не е добиено за возврат. Исто како и Албанците и Грците, и

Бугарите успеваат да добијат одредени со ништо не возвратени наши отстапки коишто не само што не ги менуваат нивните политики прегазени од времето туку, напротив, им служат како доказ дека се на вистинскиот пат и дека времето работи за нив. Ако е така, а така изгледа, зошто тие би го менувале својот однос кон Македонците? Особено во светло на американската 25 годишна непоколеблива упорност да не прекрстат како држава и разнебитат како народ.
Силен е впечатокот дека освен Блаже Ристовски којшто не можеше се да опфати, никој друг во МАНУ не се занимава со оваа проблематика. Тоа е голем и непростлив пропуст на академијата. За разлика од нив, БАН е моторот на неприфатливите и наджививеани бугарски политики кон Македонија и тие го освојуваат теренот чекор, по чекор без нашите да се сетат. Тие се сериозна држава, особено во поглед на историјата, и кај нив нема изненадувања и утнувања. На сите нивоа се спроведува иста политика. Кај нас, секој води своја и сите се сметаат за најпаметни. Не треба да имаме никакви дилеми дека Софија се повеќе ќе биде пречка на нашиот пат кон Брисел. Жестокиот притисок за спомнатиот договор е најдобар доказ за тоа.
Сакаат да им дадеме цврсти аргументи со кои ќе не урнисуваат. Со апсолутна сигурност може да се тврди дека и зад нив, исто како и зад Атина, и зад Албанците, цело време стојат – САД. Сето ова е дел од истото нивно сценарио кое четврт век ни ја крои капата и не држи на дното.
По Букурешт (2008), Софија не мора нагласено да се експонира. Оттогаш, ние сме блокирани, уценети и под ултиматум од Брисел, не од Атина. Бугарија ќе се вклучи само ако е тоа потребно заради некакви непредвидени промени.
Причина, на пример, може да биде жестокиот притисок на којшто е сега, за прв пат, изложена Грција. Намерата на САД е таа да го прифати нивниот модел на решавање на проблемот со името, додека кај нас трае оваа криза којашто е подметната токму и за таа цел. Во прашање е голема манипулација и измама дека решението треба да биде замена за референцата од ООН со ново, трајно име за државата за божемна надворешна употреба. Тоа не е можно без

наша согласност. Ако паднеме во таква замка, мора да ни биде јасно дека, за неколку години, оваа формула неизбежно ќе премине во ерга омнес. И за по дома. Македонците ќе се најдат на ѓубриштето од историјата.
Соочена со опасност од дефинитивно „губење“ на Македонија, Софија може да се обиде да наметне и своја игра и да повлече неочекувани потези. Таканаречената „антиквизација“ веќе ги фрла во очај идеолозите во Софија. Ако нашата генеза оди до таму, тоа едноставно значи дека не сме можеле како народ да бидеме нечија измислица и сите нивни историски манипулации се беспредметни. Тоа може да биде повод Софија да настапува по агресивно кон Македонија и да поставува пречки на нашиот пат кон Брисел. Токму од тие причини се наметнува потпишување на нов договор бидејќи со него Софија решава се. Треба да сме свесни дека Бугарија уште долго нема да прифати дека ако веќе подолго од 150 години имало „Македонско прашање“, што не е спорно, тоа не било можно без да има - Македонци! Прашањето било поттикнато и е резултат токму на неправдите со коишто се соочувал овој напатен и вековен народ. Ако било така, а така било, Тито и Коминтерната немале потреба да не измислуваат.

# МАКЕДОНИЈА ЈА ВНЕСЕ БУГАРИЈА ВО НАТО И ЕУ А ЗА ВОЗВРАТ Е УЦЕНЕТА

*(Декември 2019)*

Македонија и навистина се е можно: наместо Софија да ја плати цената за нашите невидени антинационални отстапки, со коишто им го отворивме патот кон Брисел, ние виткавме ’рбет. Како што можеше и да се очекува, во Скопје декларацијата набргу беше ставена во фиока и најавенатасоработка беше заборавена. Тоа беше логично бидејќа таа беше спротивна на темелните интереси на македонскиот народ. Софија не се бунеше бидејќи ја заврши главната работа и влезе во НАТО и ЕУ. Македонија, пак, не доби ниту благодарност, камоли некаква компензација. Додека ние бевме целосни аматери другите работеа за интересите на Бугарија и го постигнаа тоа што сакаа. Без Македонија да го расчисти патот на Софија за НАТО и ЕУ, со голема сигурност може да се тврди дека таа долго ќе талкаше и чекаше.
Арно ама, не се сите наивни и аматери како нас. Сега, кога Македонија се движи кон Брисел, како најголеми џелати, Бугарите се спремни да ни ја дерат кожата, а Вашингтон гласно молчи иако зад сцената ги поддржува и подучува што да прават. Кај нас мора да се сфати дека кога сме ние во прашање, САД се секогаш од другата страна на барикадата. Така е бидејќи такви им се интересите на Балканот за коишто македонските политичари или немаат поим или се прават недоветни. Софија ни го наметна договорот бидејќи беше свесна дека декларацијата нема да им биде доволна за да може да не уценува на патот кон ЕУ и да инсистира дека јазикот ни е според уставот.
Договорите со Бугарија и Грција, „нашиве“ политичари ги промовираа(т) како голем успех во решавање на историското наследство и проблемите со соседите, што е апсолутно погрешно. Сосема спротивно, со таквите договори проблемите се само повторно ставени на маса, со наше признание дека ние сме виновни за се, а не другите. Со договорите, ние практично се откажуваме од самите себе. Од денешен аспект, восхитувачка е

политиката на САД на постепено бришење намакедонизмот, што најдобро се гледа во овие два договори, како и во Охридскиот рамковен договор (ОРД). За почеток, ни го оспорија и ни го суспендираа името од меѓународна комуникација (1993). Потоа, наместо медијација, ни наметнаа преговори (1995). Врв на агресијата врз Македонија дојде во 2001, од Косово, што беше во целосна организација на САД. Следуваше ОРД, со којшто во голема мерка се избриша македонскиот карактер на државата а македонскиот народ се сведе на етничка заедница. Со новата административна поделба (2004), пак, се албанизираа Кичево, Струга, Скопје... и се отвори патот за двојазичност.
Првиот капитулантски договор наречен – Привремена спогодба, беше потпишан со Грците, во 1995. Со неа, Македонија прифати незамисливо деградирање на нејзината позиција во наметнатиот и измислен проблем со името, што неибежно упатуваше на прекрстување и беше само прашање на време кога тоа ќе мора да се случи. Втората капитулација ја доживеавме во 1999 година, со Бугарија, преку декларацијата за пријателство и соработка. Третата и најголемата се случи со Албанците, во 2001-та. Охридскиот договор го нарекоа рамковен бидејќи беше само почеток на промените и отстапките, со кои македонизмот ќе се сече во корен. Додека Македонците мислеа дека со ОРД односите со Албанците во земјава за секогаш се решени, на странците и на Албанците им беше јасно дека тоа беше само почеток на огромен број на нелегитимни отстапки, што ќе следуваат. Општо правило е дека рамките се дадени за да се шират, не да се стеснуваат, барем во нашиов случај. Наша следна, или четврта капитулација беше Пржино каде нелегално, надвор од институциите на системот, некаков договор беше напишан со рака и само на англиски јазик, што беше очигледен доказ дека е наметнат од странците. Всушност, тоа беше класичен политички пуч, инициран од бојкотот и политичките манипулации на СДСМ, коишто вклучуваа нелегално прислушувани разговори објавувани како „бомби“, шарени хулигани... Договорите со Бугарија и Грција, што следуваа, се наши нови капитулации, коишто исто така се рамковни. Тие

само го отворија патот за Софија и Атина да не дотолчат во процесот на преговори за членство во ЕУ.
Нашиве аматери се радуваат што Бугарија и Грција поддржуваат наше што поскоро добивање датум за преговори со ЕУ, а не се свесни дека дури тогаш ќе следуваат нивните прави уцени коишто треба конечно да не сотрат. Засега, Србија не е во игра и на повидок нема понижувачки договор со нив.
Белград, без сомнение, внимателно следи што се случува кај нас и, во даден момент (дали преку црквата?) може да излезе со свои барања. Србија не е во игра бидејќи се надвор и од орбитата на САД и, барем засега, нема право на дел од пленот.
Меѓутоа, не треба да се заборава дека со Букурешкиот мир Србите ја добија Вардарска Македонија, од којашто доброволно се откажаа. Такво нешто беше возможно само од страна на комунистите. Ниту една српска власт, ниту пред нив, ниту по нив, такво нешто не би направила. Комунистите секаде имаа свои грешки, вклучувајќи и во Југославија, ама благодарејќи на нивниот нагласен интернационализам, по Втората светска војна, Македонците ја создадоја својата држава. Во полза на македонските, српските комунисти доброволно се откажаа од својот плен добиен со Букурешкиот договор којшто беше делумно ревидиран со тој чин.
Според најавите, следниот потег на САД, сесрдно и вазалски поддржан од Брисел, би требало да биде обид за создавање на политичка нација кај нас, со дефинитивно бришење на Македонците како народ. Тоа го најавуваа американските амбасадори во Скопје а неодамна го предвести и З. Заев од Подгорица со нова небулоза дека македонскиот народ бил мултиетничен! Таков народ нема во светот. Човекот измешал народ и држава.
Бугарија е незадоволна бидејќи со договорот од Нивици, на Грција ѝ беа направени многу поголеми и незамисливи отстапки, отколку ним. Затоа, од бугарска страна има поплава од изјави коишто во основата се ултимативни закани и уцени. Тоа се круниса со декларација во Собранието со којашто ни се поставуваат повеќе од 20 навредливи и понижувачки услови, што треба да ги исполниме

за членство во ЕУ. Меѓу другото, мораме да прифатиме дека немаме своја историја пред 1944 година и сето тоа ќе треба да се испише на историските и културните споменици кај нас и во таа смисла да се преуредат и нашите музеи! Нивниот ултиматум вклучува и менување на нашите учебници по историја со услов историските документи да бидат изучувани на бугарски јазик! Ни наредуваат и да ги рехабилитираме „жртвите на југословенскиот комунистички режим коишто, наводно, биле прогонувани поради бугарската самосвест“... Капак на се е условот да испратиме вербална нота до членките на ООН, во која треба да се нагласи и дека - *„строго и во целост ќе се придржуваме до договорот со Бугарија, а особено во однос на јазичната клаузула на Договорот“* (дека е според Уставот)...

Просто неверојатно. Личи на пионерска заклетва. Дури и да не окупираше, Бугарија не ќе можеше така распашано да се однесува. Ќе мораше повеќе да води сметка за меѓународните норми.

Кај нас нема кој да ги потсети Б. Борисов и забеганите околу него дека, во времето на Живков, со Југославија се потпишани пет билатерални договори на бугарски и на македонски јазик. Ако не ни го признаваат јазикот, треба барем да ги поништат таквите договори. Вака...

Истовремено, Бугарија ја услови поддршката на Албанија со – „максимално гарантирање на правото на бугарското национално малцинство во оваа држава за изучување на бугарскиот јазик како мајчин во областите Голо Брдо, Гора, Преспа, Корча...“. А таму има само Македонци... Ова потврдува дека нивната агресија врз Македонците е добро планирана, целосна и долгорочна. За нас е клучно што уништувањето на македонизмот не е само цел на Софија. Ако зад Бугарите не стоеја САД, никогаш немаше да се осмелат да водат вакви национал - шовинистички политики кон нас.

Ова е врв на фашизоидниот однос на Бугарија кон Македонија. Софија ни постави ултиматум по што, обично, следува - војна. Се што се бара, речиси без исклучок, е апсолутно неприфатливо. На времето, слично постапи Австро - Унгарија кон Србија и откако беше одбиена започна војна којашто набргу се претвори во Прва

светска. За среќа, на Балканот нема да има нови војни, ама овој бугарски шовинизам покажува дека нема да има ниту мир и при сето наше жалосно секојдневно виткање на ’рбетот и газење на сопственото достоинство.
Нашите политичари не реагираат на овие срамни провокации, коишто се без преседан. Се однесуваат како ништо да не се случило, а ултиматумот на Софија е рамен на атомска бомба што треба да уништи се македонско што преостанало.
Ако некој мисли дека со молчење ќе ги одоброволи Бугарите, на големо се лаже. Така само ги охрабрува. Не треба да се конфронтираме ама мора да се нагласи дека со условувања и уцени никаде не се стигнува а, истовремено, мора да се бара широка меѓународна поддршка.
Според „Слободен печат“, од 2/12/2019, претседателот С. Пендаровски, во интервју за бугарската агенција БГНЕС, изјавил – *„Дојде време за добри односи со Бугарија“, „Бугарија не извлече од тотална изолација“, „Груевски ја воспостави најтемната антибугарска пропаганда“, „недостатокот на патна инфраструктура помеѓу Скопје и Софија не спречува да излеземе од оваа магла и да ги реализираме и разбереме историските факти“* (зарем сериозно мисли претседателот дека патиштата се проблемот?), *„со З. Заев и Б. Борисов сме добиле политичари кои се нестандардни и не се оптоварени со историски товар и емоции“* (за Б. Борисов ли зборува човеков? За З. Заев веќе знаеме кој е и каков е), *„во Скопје нема ниту еден бугарски ТВ канал, вклучително и сателитски“* (ги има неколку. Кај нив нема наш).
Според „Вечер“, од 2/12/2019, во ова интервју С. Пендаровски рекол и дека – *„меѓу Софија и Скопје има 222 километри кои се минуваат за три и пол часа а исто толку има и до Солун, кои се минуваат за саат и пол“*. Тој ја утнал сметката: за да се поминат толку километри за толку време до Солун, потребна е просечна брзина од 150 километри на саат. Во интервјуто нема ниту збор за ултиматумот кон Македонија од бугарскиот Парламент! До кога ќе ги пикаме главите во песок?

# БУГАРСКИТЕ ПОЛИТИКИ СЕ ДЕЛ ОД АМЕРИКАНСКО СЦЕНАРИО

*(Јуни 2021)*

Можеме колку што сакаме да се самозалажуваме ама, во однос на Македонија, интересите на САД и на Бугарија во голема мерка се совпаѓаат. Сегашната груба бугарска агресија целосно се вклопува во американските регионални политики и, особено, во сценариото коешто филигрански трпеливо се спроведува веќе цели 30 години. Уште поточно, Софија е само пион којшто послушно ги извршува наредбите од Вашингтон.

Исто, како што беше претходно и случајот со Грција. Целта е заедничка – затворање на вековното „Македонското прашање“. Задачата е сега некогашните „Бугари“ од Македонија кои, од 1944-тата се прават дека се Македонци, да се опаметат и вратат во прегратките на Софија. Бугарските синдроми за присвојување на Македонците, исто како и грчките негации на се што е македонско, се стари повеќе од 150 години.

Американските пориви се појавија по распадот на Југославија, кога САД станаа главен фактор на Балканот. Така, во однос на Македонија, триаголникот Вашингтон – Атина – Софија беспрекорно функционира уште од почетокот на 1990-тите.

Од причини неутврдени до крај, Македонците не се вклопуваат во американските визии за регионот. Ние, пак, тоа не го истражуваме, иако е клучот за иднината и за опстанокот на нашата држава и народ.

Факт е дека САД долго не ја признаваа Македонија како независна држава. Во Скопје испратија амбасадор четири години по Љубљана и Загреб дури и по Сараево, кадешто се војуваше. Признавањето на една држава и воспоставувањето на дипломатски односи се технички работи, се додека нема политички пречки. Како што е во нашиов случај. Сличен пример е само Палестина. Таквиот американски однос целосно ја откриваше нивната политика кон Македонија. Не беше потребно никакво додатно објаснување, иако кај нас тоа никој не го разбра. Тоа беше и јасна

порака за Атина, Софија, Тирана... дека македонската држава, во најмала рака, е – спорна. Соседите тоа одлично го сфатија и, со разни стратегии, веднаш ги максимализираа нивните амбиции кон нашата земја, што сега само ги приврwуваат.
Мозаикот на настаните недвосмислено покажува дека неспорен организатор и координатор на се што ни се случуваше до сега е - Вашингтон. Показателите дека САД сега вршат силен притисок врз Бугарија, што поскоро да овозможи почеток на преговорите, имаат повеќе аспекти.
Првиот знак е дека има одредени недоразбирања меѓу нив. Впечатокот е дека САД се лути затоа што Бугарија се прецeнува и сака преку ноќ да ги сотре Македонците, што не е баш реално. САД веројатно ценат дека формалното разнебитување на Македонците како посебен народ, воопшто не е лесна задача и дека мора да оди постепено. Сосема се во право ако сметаат дека за бришењето на еден народ се потребни и подолго време и порафинирани методи. Суштинско е што САД воопшто не ја осудуваат намерата на Софија, којашто е крволочна во основата. Со голема сигурност може да се заклучи дека САД се „уплашени“ од бесмислените бугарски барања, веднаш да прифатиме дека татковците и дедовците ни биле „Бугари“. Тоа може да биде контрапродуктивно и да им се вратат како бумеранг. Веројатно стравуваат дека со претерана и избрзана агресивност, ќе бидат загрозени и нивните планови.
Втора е можноста притисоците од Вашингтон да се само маска за јавноста, за да се прикријат заедничките акции и интереси, а дека, под маса, ја поддржуваат Софија да продолжи со истото темпо. Поприлично има логика во тоа бидејќи кај политичарите во Македонија има очевидна спремност за нова капитулација, подготвена токму од американска страна.
Третиот знак е дека, практично, сите се заинтересирани Македонија што побргу да ги започне преговорите. Тоа се однесува и на Вашингтон, и на Брисел, ама и на Софија, и на Атина..., што значи дека притисокот од САД за никого не е штетен, дури ни за Бугарија и затоа не само што не може да биде спорен, туку е и логичен и во интерес на сите.

Четвртиот знак е дека долгото блокирање на Македонија е тежок срам за САД и ЕУ и затоа тие сакаат што поскоро да се надмине. На некој начин, САД се сега во небрано. Тие со многу ветувања ни го подметнаа договорот од Нивици, со што практично го разнебитија македонскиот народ, а на крајот не пружија никаква ниту утешна награда. Членството во НАТО беше нивен приоритет. Клучно за сите е што преговорите се единствениот начин, со најмалку мака и најтранспарентно, да го испратат македонизмот на ѓубриштето на историјата. Постепено, милиметар, по милиметар, од поглавје до поглавје, да се бришат националните карактеристики на Македонците а не преку ноќ, според замислите на недокваканите бугарски политичари. Таа голгота ќе трае најмалку 10, а најверојатно и цели 20 години. Тоа ќе биде период кога Македонија секојдневно ќе доживува помали или поголеми национални порази.
Порано или подоцна, Македонија сигурно ќе ги започне преговорите. Бугарската блокада има единствена цел да ги зацврсти нејзините позиции за што полесно уривање на македонизмот во процесот што ќе следува. За нас се клучни две работи а) колку ќе траат преговорите; и б) дали Македонија конечно ќе биде примена.
Со оглед дека, во идеални услови, преговорите ќе траат најмалку 10 години, и дека членството во Унијата е наша долгорочна цел, потребно е целосно ресетирање на нашата надворешна политика и тоа без никакво одлагање. Мора да се направат краткорочни и среднорочни планови. Инаку, крајно непотребно ќе се губи драгоцено време. Не е спорно дека Македонија треба да направи се што е потребно за што поскоро да стане членка на Унијата, ама ако таа цел не зависи од нас и затоа мора да се бараат соодветни решенија во интерес на граѓаните. Реформите мора да продолжат а заслепеноста со Брисел да се прилагоди на условите.
Мора да бидеме свесни и за сериозните показатели дека нашето членство може да не им биде по волја на главните светски фактори. Ако отпорот против прекрстувањето и бришењето на Македонците се зголеми и ако се засилат барањата за откажување на договорите со Бугарија и со Грција, што мора да се случи ако

сме народ со достоинство, малку е веројатно дека ќе не примат во ЕУ, та дури и ако ги исполниме сите критериуми. Причината е проста – како членка на ЕУ и НАТО, Македонија ќе може веднаш да ги откаже двата договори! И таа ќе биде членка и никој нема ништо да ѝ може. Нема механизми да не истераат, уште помалку да ни постават санкции и најверојатно се ќе се сведе на некакви јавни критики. Тоа значи дека нашата иднина останува и понатака неодредена. По блокадите од Грција, се појави Бугарија, а кој ќе биде следниот и со што – никој не истражува. Сето ова јасно потврдува дека опсесијата на нашите политичари со датумот за преговори е обична бесмислица којашто се сведува на играње мајтап со народот.

Доколку е точно дека САД ценат дека бришењето на Македонците не може, според фантазмагориите на Бугарија, да се спроведе преку ноќ, тие веројатно се потпираат на сопственото и искуството на Грција. САД долго чекаа Македонија да се предаде, речиси без никакви резултати. Поминаа цели 17 години во кои САД

а) не ја признаваа државата;

б) го суспендираа нејзиното уставното име од меѓународна употреба;

в) ѝ наметнаа некаква референца;

г) ја присилија на медијација за името (идентитетот);

д) ѝ подметнаа катастрофална привремена спогодба со Грција... и што ти не друго, и сето тоа без поголем успех. Филмот им пукна на самитот на НАТО во Букурешт (2008), кога целосно ја сменија нивната политика кон Македонија.

Од стрпливо чекање да се оствари нивниот геноциден проект за Македонците, одржувајќи лажна „пријателска и конструктивна“ атмосфера, Вашингтон тогаш направи целосен пресврт и почна со агресивна политика на блокада, уцена и ултиматум – прво името, потоа членство. Ние продолживме да изигруваме отсатност и тоа не го забележавме! Меѓутоа, и при сета наша целосна недоветност, дури и за таа, завршна етапа на уништување на македонската држава, на Вашингтон му требаа уште цели 10 години по 2008-та. Текстот на договорот од Нивици, со којшто се ефектуираше

нашиот клучен пораз, се потпиша дури во 2018 година. Најслучајно, автори на текстот беа американците.
Одамна се насетуваше и очекуваше дека Бугарија ќе има значајна улога во уништувањето на македонизмот. Ставот на Софија, во однос на Македонија и Македонците, секогаш беше значително полош отколку на Атина. Меѓутоа, немаше знаци дека Бугарија на така бескрупулозен и брз начин ќе настојува да го зададе завршниот удар. Повод е веројатно спремноста на македонските политичари на секакви отстапки, дури и погубни за македонскиот народ, само за да ги започнат преговорите со ЕУ. Очигледно, тие им се некаква опсесија и затоа се уште полесни жртви на странските интереси. На таа основа, тие веќе подолго време го манипулираат народот.
Свесно или не, што не е многу битно, нашите неуки политичари даваат невидени можности за да бидеме дотепани како народ. Во таквата констелација, Бугарија очигледно оцени дека не треба да се губи време, туку треба веднаш да се заврши дадената задача од страна на САД. За остварување на целта, се впрегнаа сите тамошни надлежни институции, од БАН, преку Владата до Парламентот, како и невидена пропагандна машинерија, со чијашто помош се обезбеди огромна поддршка од народот за очигледно налудничави цели. Намерата беше ударот што ќе го зададат да биде смртоносен и тоа веднаш. Да ги снема Македонците. Бугарите, во нивните грозомории, не само што сакаат миговно да ја избришат вековната историска меморија на македонскиот народ туку, задоени со нивното национал – шовинистичко искуство од времето на сопствениот фашизам во Втората светска војна, и нам, на живите Македонци, да ни го избришат сеќавањето. Поголема политичка глупост тешко може да се замисли.
Исто како што Атина беше порано, сега Софија е главен извршител на американските политики спрема Македонија. Клучен доказ се двата поразителни документи што ги потпишавме со Бугарија, а што се подготвени во САД. Прва беше, за нас срамната декларација од 1999 година, што ни ја наметна тогашниот заменик државен секретар, Строуб Талбот. Втор беше поразителниот договор за пријателство..., потпишан од З. Заев и Б.

Борисов, на 1 август 2017. Тоа е истиот текст од декларацијата, додатно проширен на штета на Македонија.
Доказ дека тоа е дело на САД, е фактот што на 27 јули, 2017 година, четири дена пред да биде потпишан, американската и бугарската амбасада во Скопје објавија заедничко соопштение дека текстот на договорот е стокмен. Ако САД немале клучна улога во проектот, зошто нивната амбасада би се појавила во заедничкото соопштение со бугарската? Договорот е наш, со Софија и, барем формално, нема никаква врска со Вашингтон. Кога се знаат сите овие факти, може ли некој да тврди дека сегашната бугарска политика кон Македонија е самостојна? Особено кога документите врз коишто таа се базира, се американски? Вековните бугарски недоветности во врска со непризнавањето на Македонците биле одлична основа за создавање на сојуз со САД, против Македонија. Тоа е, всушност, и најлошата порака за нас. И овој пат, исто како и во случајот со Грција, нашиот противник се САД, а Бугарија е само нивни истурен извршител.
Како што сега стојат работите, место за оптимизам – нема. Сепак, се зависи од нас. Ако продолжиме со прифаќање на понижувањата на кои сме изложени, повеќе од тоа и не заслужуваме.

# ЗОШТО БУГАРИЈА ОДЛУЧИ ДА НЕ БЛОКИРА ВО БРИСЕЛ?

Заради своите историски синдроми, всушност, Бугарија никогаш немала голем избор во нејзините политики спрема Македонија. Втората светска војна беше ретка шанса да ги остварат нивните соништа и ќе направеа непростлива грешка ако не се обидеа да ја искористат. Сојузништвото со нацистите, чија армада била спремна да го покори целиот свет, било идеална прилика за да го остварат „најромантичниот дел од нивната историја“ и тоа би било рамно на предавство на националните интереси. Неспорно е дека Бугарија, токму заради Македонија, стана фашистичка а има ли подобра романтика отколку сојуз со Хитлер? (Во мај 1997 година, новиот претседател на Бугарија, Петар Стојанов, изјави – „*Македонија претставува најромантичен дел од бугарската историја“).*
И денес Софија е пред исто така ограничен избор и затоа мора агресивно да реагира. Прво, свесна е дека Вашингтон со сите сили настојува да го затвори „Македонското прашање“ и тоа за нив носи идеални можности и, второ, ако пред влез на Македонија во ЕУ не ги материјализираат недосонуваните соништа, со конечно бришење на македонизмот, нова шанса нема да има. Со други зборови, состојбата за нив е – да се биде, или не. Сега или никогаш. Знаејќи го тоа, а во договор со САД, тие прво ни го наметнаа за нас поразителниот договор за пријателство... а потоа темелно се подготвија и тргнаа во напад, сосема свесно и намерно не оставајќи место за отстапки. БАН го спреми основниот документот против Македонија, што треба да значи дека се било врз научни и историски факти. Потоа, документот беше прифатен од Владата а во Собранието беше предложен како декларација за којашто гласаа сите пратеници, без исклучок! Играат на се или ништо. Веќе нагласивме дека Софија цело време спроведува туѓо сценарио и затоа добива силна поддршка, иако внимателно прикриена. Ова е само уште еден доказ за точноста на телеграмата на Стејт департментот од 1944, дека нема Македонци. Ќе спомнеме уште два докази. Малкумина знаат, на пример, дека Ричард

Холбрук, познатиот американски дипломатски булдожер кој безмилосно мешетареше низ Балканот, во својата книга – „Да се стави крај на војна“ („To End a War”), напишал – „*Глигоров, на времето министер за финансии на Тито, речиси буквално ја измислил неговата земја кон крајот на 1991 и почетокот на 1992“*. Доволно е јасен, зарем не? Очигледно е дека и тој знае за телеграмата од 1944 година. Роберт Фровик, друг американски дипломат, очигледно агент на ЦИА и со типично нагласена ароганција и агресивност, на почетокот на 1990-тите и за време на американско - албанската агресија од Косово, во 2001-та, долго се плеткаше овде кај нас, ни ровареше и ни ја кроеше судбината реализирајќи ги тајните американски планови.
На Денко Малески, кога овој беше МНР (1991 – 1993), тој му рекол дека Македонија е „*дете од катран“*. Д. Малески не го сфатил значењето и тежината на пораката којашто била сосема прецизна: независната македонска држава, надвор од федерација, никој не ја сака. Р. Фровик отворено ни порачал дека таа е неприфатлива за САД. (Д. Малески објави дури и книга - „Детето од катран“, без воопшто да разбере за што станува збор). Овие два примери ја потврдуваат трајноста на американските ставови од 1944 година. Сите нивни други, поинакви и тактички! потези кон нашата земја се сведуваат на обични дипломатски техники. На пример, според една од најстарите дефиниции, дипломатите се дефинираат како чесни луѓе кои лажат во интерес на својата држава. Дека американските дипломати се врвни во тоа, не треба да се нагласува. А ние, додека тоа не го сфатиме и не се соочиме со вистината, ќе се вртиме во круг и ќе одиме прудолу.

# КОЈ И ЗОШТО (ЌЕ) НЕ ПОПРЕЧУВА ДА ВЛЕЗЕМЕ ВО ЕУ И НАТО?

*(Април, 2013)*

На Европскиот совет во Брисел, во декември 2012 година, кога Бугарија спречи Македонија да добие датум за преговори, мнозина останаа, а добар дел и се уште се – зачудени и изненадени. Некои дури сметаа дека сме ги испровоцирале со филмот „Трето полувреме“ и очекуваа дека тоа бргу ќе помине и Софија ќе биде наш промотор во Унијата. Реалноста е многу поинаква од тоа. Бугарите си ја играат играта и, ако треба, се прават и по малку наивни.

Целта, нели, ги оправдува средствата. Инсистираат на потпишување на договор, божем од нас не бараат ништо друго, освен пријателство и соработка. Или, според речникот на Брисел – добрососедство. А, во суштината - сакаат да не осакатат. Општо е познато дека за Софија ние сме неосвестени „Бугари“ и дека јазикот ни е дијалект на бугарскиот. И тука лежи зајакот: со договорот треба токму тоа да го цементираат, со наше прифаќање дека е така.

На сите заинтересирани во однос на Македонија: од Атина, преку Софија и Тирана та се до Вашингтон (Брисел е безличен и игра по туѓи ноти, свирени главно од другата страна на океанот) – им е јасно дека кога Македонија ќе стане членка на НАТО и ЕУ, шансите да се прекрстат земјата и народот ќе станат минимални. Симболични. Тоа значи дека сега треба да се постигнат зацртаните цели бидејќи потоа ќе биде – доцна. Тоа беше причината, Вашингтон да ја смисли блокадата и уцената за Македонија за НАТО (2008), со мотото – прво името, потоа членство. Изборот им е јасен: или ќе не разнебитат како народ пред влезот во ЕУ и НАТО, или ќе мораат да признаат пораз. Но, познато е дека инволвираните во случајот со Македонија, пораз - не прифаќаат. Долгогодишната политика на игнорирање на Македонија и Македонците, едноставно не и дозволува на Бугарија да биде надвор од играта. Во дадените околности, повеќе од логично е што

Софија се обидува да профитира. Во договорот, со којшто треба да станеме „пријатели“, предлагаат наши стратегиски отстапки со коишто никој нормален не смее да се сложи. Сакаат погубните формулации, искористени во Декларацијата од 1999 година, кои можеле да ги прифатат само неодговорни и продадени луѓе, сега да ги кренат на уште повисоко ниво. Во декларацијата, се деградира нашиот јазик и целта е истата формулација да се прошири за општа употреба, вклучувајќи и во рамките на ЕУ и НАТО. Треба да се повтори и капитулантското откажување од македонското малцинство во Бугарија, што е исто така верификувано во декларацијата. За правилно согледување на целината, мора да се потсетиме дека текстот на декларацијата беше подготвен во Вашингтон. Не во Софија. Понижувачките формулации, со коишто се негира македонскиот јазик, а преку него и народот што го зборува, одлично се вклопуваат во политиката што САД ја водат кон Македонија од распадот на Југославија, та се до денес. Тоа е политика на постепено разбивање на се што е македонско, а декларациите се документи кои никого не обврзуваат. Договор за пријателство, пак, симболизира врвно ниво на односи меѓу земјите и обврзува бидејќи се ратификува и во парламентите.
Кога се знаат горните факти, однесување на Софија во декември станува логично, очекувано и неизбежно. Единствено не се знаеше кога тие ќе се истопорат на таков начин. Софија немаше повеќе време за чекање. Кога ќе се регистрираме како Македонци во НАТО и ЕУ, кога официјално ќе се запише дека зборуваме македонски јазик, работата ќе биде завршена. Ќе паднат во вода досегашните бугарски политики кон нас. Ќе биде доцна да не „освестат“. Филмот „Трето полувреме“ им дојде само како добар изговор. Ништо повеќе.
Улогите кои Атина и Вашингтон веќе 20-тина години ги играат околу Македонија, се добро познати. Првата ја има лиценцата на спорот со името а вториот филиграснки го менаџира процесот на разнебитување на македонскиот народ. Иако фаќањето на Софија во орото можеби некого изненади, треба да бидеме свесни дека наскоро ќе се појави уште еден играч, веројатно поопасен дури и од Бугарија. Во врска со името на државата, однесувањето на

албанските лидери во земјава, ама и во регионот, досега и во целина, беше коректно. Повремено, тие најавуваа свои барања и лимити ама на доволно дискретен начин. Барем јавно, тие божем не се мешаа во процесот и оставаа тој да се развива, сигурни дека нивното време доаѓа и се е на штета на Македонците и во нивна долгорочна корист. Своите барања, тие ќе ги испорачаат кога ќе дојде финалната фаза, кога ќе бидат познати рамките на излезните решенија. Засега, единствено е неприфатлив фактот дека Тирана е последната од поширокиот регион којашто го игнорира нашето име и инсистира на референцата од ООН. Дека тоа воопшто не е случајно, не треба да се сомневаме.
Има непобитни докази дека Вашингтон директно го контролира и координира однесувањето на Албанците во земјава. Својата стратегија кон Македонија, САД во добар дел ја градат водејќи сметка пред се за интересите на Албанците во неа. Тој однос не може да биде надвор од решавањето на „албанското национално прашање“, што отворено го стиму- лира Вашингтон. Во тој контекст спаѓа и името на државата, чија промена им одговара на Албанците. Никој не треба да се убедува дека тие не сакаат ниту да се „македонски“ граѓани, ниту да имаат „македонско“ државјанство. Тие се уште не го артикулирале тоа јавно ама, како рекол Али Ахмети, нив не им се брза. Вакви работи се прават еднаш на 100 и повеќе години и нема потреба од брзање. Целта се постигнува милиметар по милиметар... Мора да се признае дека тие тоа одлично го прават. Без најмала грешка.
Во моментот кога решението за името на државата ќе биде на маса, Албанците ќе се појават како уште еден фактор кој сериозно ќе ги доведе во прашање историските аспирации на македонскиот народ. Ќе бидат единствени во своите барања, ќе се закануваат ако треба и со оружје и, без сомнение, јавно или прикриено, сеедно, ќе бидат поддржани од Вашингтон, како и во се друго последниве 20-тина години.
Крајно двосмислено, како и сега околу членството во НАТО, САД ќе ни порачуваат дека апсолутно не подржуваат ама, се разбира, под услов прво да се прекрстиме и договориме со Албанците и да ги задоволиме нивните нелегитимни барања.

А Албанците, да не се залажуваме, ќе направат се за да не прифатат име во кое нема да се отсликува и албанскиот карактер на државата. Тоа веќе и го најавија. Се е тоа под претпоставка дека некој наш суртук, или повеќе такви, ќе прифатат да го сменат името на државата.
За да се спречи ваквиот развој на настаните, треба веднаш да се преземат потребните мерки. Не смееме да дозволиме да бидеме повторно изненадени или зачудени, како во случајот со Бугарија.

## КЛУЧНО Е ЗОШТО БУГАРИЈА ИНСИСТИРА ЗАЕДНИЧКИ ДА СЛАВИМЕ, СЕ ДРУГО Е НЕВАЖНО

*(„Зошто заедничка прослава?“, „Утрински“, 5 јули 2014)*

Ако нема мотив – нема ни убиство. Барем испланирано. Затоа е чудно кога еден искусен политичар, како Љубчо Георгиевски, се залага за заеднички прославувања со Бугарија на личности и настани, набројувајќи само историски причини без да го есапи мотивот, поточно современата (ама и вековна!) политичка заднина. Во политиката нема случајности. Во никој случај дрското и грубо бугарско наметнување заедно да славиме датуми и личности не може да се гледа само од историски апсект и да се споредува односот на Македонија кон Србија со односот кон Бугарија. Тоа е намерно поигрување со вистината и со јавноста бидејќи Србија не негира дека постои македонски народ. Тоа е добро пресметан обид да се брани неодбранливото, со еднострано прикажување на случајот. Тоа е исто како да ја фалите невестата за многу вредности ама прикривате дека е малку - трудна! Врвна лага и злоупотреба е кога планирано се кријат делови од вистината. Во случајов, сосема е јасно за кого „навива“ Љ. Георгиевски.

Прво и основно, во конкретниов случај мора да се уточни целта на другата страна. Да се види дали има некакви скриени кукавички јајца или станува збор за добронамерна иницијатива, без подмолни пресметки. Ако заднината не е чиста, историските причини на Георгиевски се безвредни и ирелевантни. Ако на рамноправна основа, заеднички се договориме заедно да славиме нешто, лесно ќе најдеме илјада причини за тоа. Второ, мора да се расчисти каков е нашиот интерес? Што би ни донел еден таков потег и дали има опасност да паднеме во туѓи замки и да следуваат некакви негативни последици за земјата и народот? Откако тие две работи ќе се расчистат, се друго е лесно. Кога се во прашање позитивни и чисти иницијативи, нема потреба тие да се бранат ниту со историски факти, ниту со некаква друга пракса. Тие се наметнуваат сами по себе и не креваат никаква прашина. Арно ама, кога некој со сила сака да ти наметне нешто, кога инсистира на

нереципрочен договор, кога тоа што важи за тебе не сака да важи и за него – тука веќе нешто не е во ред. Повеќе од очигледно има скриени цели. Значи, клучно прашање е - каков е мотивот на Софија?
Што сакаат да постигнат и какви би биле последиците за Македонија? Има ли во тоа нешто универзално, општо прифатливо, што не можеме да го оспориме и да се посрамиме? Или, станува збор за ситна и бедна селска итрина за да не насанкаат? Да ни „помогнат“ да станеме „освестени“ бугарчиња? Љ. Георгиевски, не смее од дрвата да не ја гледа шумата, барем ако и тој нема скриени намери. Впрочем – зошто Љ.Георгиевски и неговите истомисленици толку упорно се залагаат за заеднички прославувања со Бугарија? Заради историјата? Што значи тоа за сегашноста? Што ќе добие Македонија со тоа и по која цена? Најконкретно, дали Љ. Георгиевски има и најмал сомнеж дека целта на Бугарија за заедничко прославување на Илинден и на Гоце Делчев е да докажат дека сите ние сме, нели – Бугари? Може ли тоа да не му биде јасно? Софија нема апсолутно ништо друго што би сакала да покаже и докаже. Ако е така, а така е, тогаш зошто заедно да славиме?
Ако објективно се одговори на горните прашања, место за разговор нема. Се е јасно. Бугарските кукавички јајца се на маса. Оголени. И тука мора да заврши приказната бидејќи намерите не се чесни. Во ниту еден момент и под никакви услови бугарската држава не признава(ше) дека постојат Македонци ниту македонски јазик и не подржува(ше) независна македонска држава. Освен како втора бугарска! Тоа е трајната бугарска политика кон Македонија и Македонците.
Исклучок беше времето на Ѓорѓи Димитров, по Втората светска војна, ама сега Софија со сите сили се обидува да го негира тој период, да го избрише од историјата. Тоа се прави на крајно недоветен начин. Станаа и дел од ЕУ ама останаа во 19 век. Ако се знае сето ова, а тоа е неспорно, тогаш се друго станува јасно и „оправдувањата“ што ги дава Љ. Георгиевски се гола измама и паѓаат во вода. Негово право е да подржува заеднички славења, ама неговите мотиви не можат никако да бидат „поткрепени“ со

историјата. Како што се чини, Љ. Георгиевски во случајов ги затвора и двете очи и сака да не увери дека токму на Бугарија треба да ѝ бидеме благодарни што кај нив дејствуваа и ТМРО, и БМОРО, и ВМРО... Како божем нивните служби да ја имаат заслугата што нашите врвни револуционери од таму се бореле за својата Македонија.
И, да не обиколуваме премногу и непотребно. Нашите корени не се бугарски туку автохтони македонски. Тоа е јасно за сите освен за малкуте што сакаат да ја менуваат историјата. Изгледите, пак, да не побугарчат, им се никакви. Софија само непотребно губи време да го докаже недокажливото.
Нашите дедовци не задојувале со македонизмот и тоа ни е вековен аманет. Треба да ги прашаме Љ. Георгиевски и нему сличните – МОЖНО ЛИ Е ДА НЕМА МАКЕДОНЦИ А 150 И ПОВЕЌЕ ГОДИНИ ДА ПОСТОИ „МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ“?
Не е можно, нели? Нема никаква логика да се расправало век или два и тоа од главните светски фактори за нешто што било „виртуелно“! Македонците ги имало, ама сите ги присвојувале. Овој факт треба да стави точка на историските синдроми на Софија. Нејзината опсесија со Македонците и македонскиот јазик и во 21 век е - смешна.
Да го прашаме Љ. Георгиевски – како можеле да се однесуваат македонските револуционери во рамките на крутиот бугарски режим и неговите неприкриени аспирации кон Македонија и Макединците? Отворено да се борат и против Софија и така да се самоуништат и ништо да не сторат за својата Македонија? Или, да се прилагодуваат на условите и да постигнуваат најмногу што можат? Впрочем, и денес во Македонија огромен број не се согласува со сменетото име на државата ама мора да го користи бидејќи е насилно внесено во Уставот. Се додека не се врати старото.
А што можеле да бидат нашите дејци ако не бугарски учители? Македонски? Да ги плаќа македонска влада? Таква немало а тие се бореле, на различни начини, за да ја има. И денес ја има! И, на кој јазик требало да општат со другите и меѓу себе? Оценката дека сите писма, документи... биле на бугарски јазик апсолутно ништо

не докажува. Така било не затоа што се чувствувале Бугари, како што сугерира авторот, туку затоа што турскиот, српскиот и грчкиот јазик не ги знаеле.
Бугарскиот, пак, е поблизок до македонскиот јазик (дијалект, де) од грчкиот и турскиот и нормално е што широко го користеле. Така, не паѓале премногу во очи кај власта којашто и без тоа ги прогонувала. Што се однесува до 1941 година и сликите со приемот на бугарските фашистички војски има неколку објаснувања. Прво, бугарските фашисти веќе биле во земјата и лесно можеле да организираат таков дочек со мала пропаганда и трикови, та и присила на народот; второ, логично е дека Македонците се понадевале дека бугарските војски ќе ја донесат и долгоочекуваната слобода од српскиот јарам. Арно ама се излажаа. Како и сега, Софија имаше други планови и токму заради освојување на Македонија стана фашистичка и за век и веков се изрезили. На ист начин продолжува и сега. На Бугарите, умот никако да им дојде.
Односот на Македонија кон Србија можеби и не е скандинавски ама е поинаков бидејќи од таму немаме закана.
Односот на српската црквата кон македонската секако не им служи на чест ама тоа е друга приказна. Немаме неприфаќање и негирање на народот, јазикот, историјата... барем од страна на политиката.
За да не остане нешто недоречено, треба да се каже дека во историјата навистина имаме заеднички делови со Бугарија. И треба тие заедно да ги славиме. Зошто не и Илинден, ама како симбол на македонската борба за слобода и своја држава, и само како Македонци и Бугари, а не за да покажеме дека сме сите некакви бугарчиња, макар и не доосвестени. Зошто да не потпишеме и протокол за тоа?
Ама на македонски и на бугарски јазик. Без уставот на Љ. Георгиевски, од 1999, со што тој јавно го девалвира и осакати нашиот македонски јазик, прифаќајќи макар имплицитно дека е дијалект на бугарскиот. Еден ден, за тоа ќе мора да се понесе одговорност. Ако не друга, барем историска.

Македонецот не е, и никогаш не бил агресивен, ама има изградено одбранбен инстинкт. Жалосно е што денес, тој инстинкт кај некои отапува. Најверојатно од атрактивни причини.
Како и во се друго кога се во прашање односите со Бугарија, проблемот е во Софија, не во Скопје**.** Тоа мора да му биде јасно и на Љ. Георгиевски. Тие шират омраза против нас, а не ние.

# СО КРИЗА, НАМЕТНАТА ОД НАДВОР (2014 – 2016), СЕ СМЕНИЈА ВЛАСТА И ИМЕТО

*(Јуни 2016, пред изборите во декември)*

Има доволно факти што покажуваат дека одлуката на Вашингтон да се преземат одлучни чекори против гарнитурата на власт во Македонија, заради тврдоглавото спротивставување на нивните намери да ја прекрстат државата и народот, е донесена некаде пред 2011 година. Во февруари таа година, премиерот Никола Груевски беше во Вашингтон на средба со Џо Бајден, потпретседател на САД. Од тоа што се знае, разговорите биле крајно – непријатни. Прво, немаше никаква конференција за печат и Н. Груевски со нашите новинари разговараше на улица. Второ, главен доказ за тоа е изјавата на нивниот амбасадор во Скопје, Ф. Рикер („Дневник“, од 4 март 2011), којшто јавно не опомена: „*Ситуацијата во Македонија не е сменета по пораките за загриженост кои ги доби премиерот Груевски на средбите во Вашингтон. Напротив, по 16 февруари, загриженоста на САД е засилена!“* Тоа беше црвен картон за Н. Груевски, по жолтиот што веќе го доби во Вашингтон. Не може да се верува дека Н. Груевски не го разбра тоа ама, се чини, не бил спремен да ги уништи државата и македонизмот. Ова е пример за начинот на којшто САД господарат со светот. Те опоменуваат и твое е дали ќе се „опаметиш“, или не. Тие не простуваат. Или ќе играш по нивната музика или ќе исчезнеш од политичката сцена. Трето нема. А, дали ќе користат прислушување, обвинувања за криминал и диктатура, шарени хулигани или нешто друго, не е важно. Таквите случаи во светот се бројни (Салвадор Аљенде, во Чиле...). Во богатата пракса на ЦИА има безброј разработени техники. Со игнорирање на опомената, Н. Груевски овозможи да започне нова етапа во уривањето на неговата власт. Многу веројатно, тогаш е даден и сигналот за почеток на засилено нелегално прислушување на телефонските разговори во земјата и другите безредија кои ќе следуваат. Формално, длабоката политичка криза започна да ги тресе темелите на државата по изборите одржани во април 2014 година.

Вечерта, веднаш откако се затворија гласачките кутии, без никаков официјален приговор и не чекајќи ги резултатите, опозициската СДСМ објави дека не ги признава и започна со бојкот на Собранието. Не треба да има ни ронка сомнеж дека тоа не беше автохтона одлука на домашната партија туку странска режија за да тргне постапката на уривање на власта којашто не сака да капитулира за името на државата и идентитетот на народот, примарни регионални интереси на Вашингтон по распадот на Југославија. На изборите, победи дотогашната власт, предводена од ВМРО ДПМНЕ, со околу 200 илјади гласа разлика и 61 освоено пратеничко место. Тоа покажува дека дури и да имало неправилности и злоупотреби при гласањето, а кај нас секогаш ги има, тие во никој случај не влијаеле на резултатите. Одлуката на опозицијата за непризнавање и бојкот, одлично се вклопува во напорите на САД да се создаде криза во која ќе се овозможи ем смена на власта, ем смена на името и брзо членство во НАТО. Веќе подолго време, тоа се нагласени интереси на САД во однос на Македонија.
Намерно создадената длабока политичка криза го достигна врвот кога опозицијата започна со јавно презентирање на нелегално прислушуваните телефонски разговори на највисоките функционери на ВМРО ДПМНЕ. И тајното снимање на телефонските разговори, и нивното јавно прикажување беа класични кривични дела. Н. Груевски и власта го дозволија кршењето на законите и така си ја пишуваа сопствената пресуда. Новинарот Миленко Неделковски јавно му порача на Груевски – или апси, или ќе те апсат. Се покажа дека беше сосема во право. Арно ама, јавна тајна беше дека американскиот и другите западни амбасадори во Скопје строго му имаа наредено на Н. Груевски дека не смее да го апси лидерот на опозицијата. А тој, секојдневно објавуваше таканаречени „бомби“, поточно нелегално прислушувани телефонски разговори, што беше казниво според законот. Н. Груевски ги послуша странците, и повторно згреши. Најиндикативно беше што се објавуваа прислушуваните разговори на политичарите од ВМРО ДПМНЕ ама не и на тие од ДУИ, кои беа дел од власта. Тоа е најдобар доказ дека операцијата имаше за

цел уривање на Н. Груевски, како симбол на националното опстојување на Македонците, а не против некаков криминал или слично. Ова само потврдува дека зад сето тоа се криеја западните тајни служби. Опозицијата немаше капацитети за таков проект. Впрочем, во 2015 година беше спомнато дека прислушувањето траело четири години. Тоа не враќа токму во 2011-та, што потвдува дека се започна по посетата на Н. Груевски на Вашингтон. САД го загубија трпението, тој бил поканет за да му врачат ултиматум и, ако истиот не биде прифатен, решено било да го уриваат.
Посетата на Груевски на Вашингтон (2011), мора да се гледа во склоп со нивниот зголемен интерес: Македонија што поскоро да стане членка на НАТО. Односите со Русија намерно и забрзано ги влошуваа и практично ја започнаа новата студена војна. За таа цел, итно мораше да се затвори можноста Русите да се вратат на Балканот преку Македонија.
За наша несреќа, нашето име доби на значење последните години, токму поради судирот меѓу Москва и Вашингтон.
Нема воопшто да се згреши ако се заклучи дека добивме некаква (непотребна и за нас лоша) улога и во глобалниот судир, што ескалира во врска со Украина. Тоа ни го потврди и американскиот државен секретар, Џон Кери, којшто јасно ни порача дека сме на линијата на огнот, иако не ги отвори картите до крај. Сепак, јасно е дека таа може да биде само американска линија и, единствено, против – Русија. По отворената конфронтација со Москва, стабилизирањето на јужното крило на НАТО на Балканот, стана главен приоритет за Вашингтон, што диктираше и брз прием на Македонија.
Во овие американски итни потреби, можат да се гледаат корените на кризата во Македонија од 2014 до 2016. САД ни ги тресеа темелите на државата за да не присилат итно да прифатиме менување на нашето име, без што не беше можен приемот во НАТО. Тоа беше единствениот начин да не вклучат во алијансата бидејќи Вашингтон цврсто стоеше на уцената – прво името, потоа членство. Н. Груевски не беше спремен на таков исчекор и затоа го испратија во историјата. Ако, пак, „нашите“ нови лидери беа малку

попаметни, ќе им беше јасно дека на Вашингтон му се брза и дека има можност и за наши барања, тактизирања и условувања во врска со договорот од Нивици. Арно ама, и тие итаа кон ЕУ, во којашто нема да се зачлениме барем 20-тина години, и затоа прифаќаа се.

Овие прашања, кај нас не се разгледуваат продлабочено и затоа е чест случајот јавно да се даваат сосема погрешни толкувања. Во еден дел, секако има и јасна намера да се прикријат вистинските состојби. Така, на пример, по самитот на НАТО во Букурешт (2008), во Македонија се ценеше дека нашиот прием бил спречен со грчко вето, што нема никаква врска со вистината. Американската доминација во НАТО е неколку пати посилна одошто во ООН. Нивниот збор во алијансата е (речиси) закон. Не само што САД финансираат повеќе од 70 проценти од нејзините активности туку се и гарант на европската безбедност и затоа сите мора да ги слушаат. Пред Букурешт, сите членки на НАТО беа согласни дека Македонија ги исполни критериумите. Тоа го изјави дури и Грција. И, наместо членство, се случи целосен пресврт во политиката на алијансата спрема Македонија. Ни поставија блокада, со уцена и ултиматум – прво прекрстување, потоа членство. Политиката на НАТО ја определува Вашингтон, а влијанието на другите е – минимално. Грчко вето немаше, а САД беа тие коишто не дозволија да се зачлениме. Исто како што не осакатија во Советот за безбедност на ООН во 1993, со нелегална меѓународна суспензија на нашето уставно име.

Епизодата со претседатеот Џорџ Буш секако збунува ама е логична и јасна. Тој беше на крај од мандатот и настојуваше и Македонија да биде примена во НАТО, што ќе беше негова заслуга и успех. Во тоа беше спречен од неговите соработници кои сфатија дека Македонија, откако ќе стане членка со референцата, нема да може да биде прекрстена. Таа ќе биде рамноправна и никој нема да може да ја присили да си го менува името. Ова е очигледен доказ дека затворањето на „Македонското прашање", со бришење на Македонците, е клучно за САД, и затоа не оставија надвор од НАТО. Џ. Буш беше поразен од сопствената администрација којашто веќе работеше на пост-Буш-ова Америка. Обидите на

Викторија Нуланд да не прекрстат на лице место, со што самата се фалеше, не успееја. Понуденото, пак, од нас – Република Македонија (Скопје) – не им беше доволно и прифатливо. Причината е видлива: тоа не вклучува прекрстување на народот. Не е поткопан терминот – „Македонија“ со каква и да е додавка непосредно врзана за него (северна, нова, горна...), којашто автоматски се префрла и врз народот. Во Букурешт, Грција имаше само епизодна улога како заинтересирана страна. Ништо повеќе. Политиката на вето, којашто Грција таму гласно ја промовираше, во целина беше наменета за домашна употреба. Ако, пак, Грција навистина беше главниот блокатор, секако ќе се јавеше и Турција за да ни помогне. Анкара не реагираше бидејќи не сакаше конфронтација со Вашингтон, што е само доказ дека САД ја водеа играта. Ако не беше така, Турција секако ќе поставеше услов – или сите три кандидати да се примат, или никој! Воопшто не е точно и дека ние го оставивме Џ. Буш на цедило, како што измислуваа некои во земјава. Напротив, тој го ценеше нашето однесување и ги покани Б. Црвенковски и Н. Груевски на невообичаена средба во Загреб, како „утешна награда“. Потоа беше потпишан и некаков некорисен безбедносен меморандум во Вашингтон што беше додатен позитивен потег од негова страна. Со овие два чина, Џ. Буш покажа дека беше изигран од неговите и (ни) се извини за неправдата кон нашата земја.
Крајно наивно и недоветно е да се верува дека сите овие години Вашингтон сака да не зачлени во НАТО со референцата, а Грција не дозволува! Во праксата на алијансата, такво нешто ќе биде уште долго незамисливо. И тие што најмалку се разбираат во политика и дипломатија се свесни дека ако САД навистина сакаа, ние уште од 2008 ќе бевме членка на НАТО. Никој не би можел тоа да го спречи. Ниту Германија, Франција и Британија заедно а камоли Грција сама, како што нашите „експерти“ го толкуваат самитот на НАТО во Букурешт. Меѓутоа, по атентатите во Њујорк, во 2001 година, и во пресрет на пучот во Киев (2014), што беше долго подготвуван и имаше гласини дека САД „вложиле“ дури пет милијарди долари за уривање на прорускиот претседател, В. Јанукович, работите се сменија. По Украина, членството на

Македонија во НАТО стана императив веројатно и од страв дека Русија може да бара компензација токму на Балканот.
Во такви услови, нашето прекрстување стана речиси главна задача на Вашингтон, а тоа најлесно може да се постигне со создавање на длабока политичка криза, при што како неизбран гувернер, на сцена стапува американскиот амбасадорво Скопје.
Може да се заклучи дека со кризата што ни е подметната од 2014 до 2016, Македонија е повторно фрлена на колена, исто како и во 2008-та (Букурешт), 2001-та (ОРД), 1995-тата (привремена спогодба), со блокадата на јужната граница (1994), исто како и при приемот во ООН (1993)..., за да потклекне, според прецизно изработено американско сценарио, коешто постојано се прилагодува на условите и упорно и посветено се спроведува. Во сценариото се утврдени и улогите на платениците и на вазалите што ги подготвија и активираа прислушуваните „бомби"; на „шарените револуционери", коишто беа ефтино платени од Сорос; на ситно купени новинарчиња и ним сличните. Пресметана е и нашата неспремност да се соочиме со вистината за нашиот вистински противник, исто како и внатрешната поделеност. Тие максимално го користат сето тоа. Целта не се менува: со прекрстување на државата да се разнебити народот.
Кризата сјајно се развиваше бидејќи Н. Груевски или не знаеше како да се спротивстави, или не можеше и главниот пораз го доживеа преку таканаречениот договор од Пржино, склучен на 15 јули 2015 година. Тоа беше своевиден пуч со наше учество и согласност. Бојкотот на Собранието го отвори патот за сите наши „пријатели" да мешетарат во земјата, се разбира во режија на американскиот амбасадор, Џ. Бејли. Тој претходно службувал во Турција, и се зборуваше дека бил активно вклучен во масовните немири против претседателот Реџеп Таип Ердоган, организирани на плоштадот Таксим во Истамбул. На Пржино ѝ претходеа „шарената револуција", финансирана од западни извори и претходно веќе организирана во други држави; судири со агресивните демостранти при што беа повредени повеќе полицајци; кампување пред Владата и слично. Министрите за внатрешни работи и транспорт како и шефот на тајната служба беа

присилени веднаш да поднесат оставки. Беше договорено и формирање на привремена Влада, со оставка на премиерот Н. Груевски на 100 дена пред предвремените избори што беа закажани за 24 април 2016. Беше формирано и Специјално јавно обвинителство коешто требаше да ги истражува индициите за криминал на највисоко ниво, забележани во нелегално прислушуваните и на ист начин објавени телефонски разговори. На сите овие невидени остапки од ВМРО ДПМНЕ, опозицијата (СДСМ) требеше само да се врати во Собранието.
Договорот, божем, го подготвуваа комесарот Ј. Хан од ЕУ и тројца европарламентарци, ама сценариото и текстот сигурно беа главно американски. Нивниот амбасадор учествуваше во сите фази од преговорите, а оригиналот на договорот е напишан само на англиски. Пржино е синоним за држава протекторат. Прво, грубо беа игнорирани државните институции со барање на решение надвор од нив и, макар премолчено, со прифаќање на бојкотот на СДСМ. Таков бојкот е незамислив на Запад; второ, и да имаше изборни злоупотреби во 2014, тие воопшто не влијаеа на резултатите; трето, се договараа по двајца македонски и албански политички лидери, исто како и за ОРД во Охрид, со што јавно се демонстрираше федерализам во земјата и се игнорираше улогата на мнозинството; четврто, макар имплицитно, со сите отстапки коишто ги направи, ВМРО ДПМНЕ призна и прифати дека е одговорна за големи криминали кои подоцна воопшто не се докажаа иако СЈО водеше класичен политички прогон против нејзините членови; петто, СЈО ги прогонуваше само политичарите од ВМРО ДПМНЕ, а не и од ДУИ, неговиот коалициски партнер коишто, ако веќе имаше криминал, секако беа макар исто инволвирани, ако не и повеќе, што не треба да биде спорно. Впрочем, и во „бомбите“ коишто ги објавуваше СДСМ немаше никакви инкриминаторни прислушувани разговори на лицата од ДУИ. Тие беа однапред помилувани. Тоа е врвен доказ дека и Пржино, и целата криза, беа смислени за да се урне Н. Груевски и Македонија да биде поразена за името; шесто, албанските водачи со сите сили се обидуваа на маса да ги стават и нивните етнички барања, ама без успех. Токму поради тоа, на почетокот на мај 2015,

во Куманово, се случи тежок терористички инцидент кога загинаа осум полицајци а повеќе од 40 беа ранети. Поголема група на албански терористи дојде од Косово со цел да ги наметнат етничките барања во Пржино. Благодарејќи на ефикасната акција на полицијата, којашто за два дена ја разби терористичката банда, тоа беше спречено. Ако судирот продолжеше, сигурно повторно ќе ни беа наметнати преговори со терористите, исто како и во Охрид (2001). Во тој случај, и договорот од Пржино ќе беше надополнет. Во јануари 2016 Н. Груевски поднесе оставка и се формира привремена влада. Избори беа закажани на 24 април.
Меѓутоа, тие беа прво одложени за јуни а потоа и за декември и ВМРО ДПМНЕ беше изиграно. СДСМ имаше низок рејтинг и затоа странците ги одлагаа изборите. Со засилена пропаганда, власта жестоко се оцрнуваше. Н. Груевски се повлече речиси година дена пред изборите иако обврската беше 100 дена. Тоа беше и целта на странците, свесни за неговиот висок престиж кај народот. На изборите во декември 2016 година, повторно победи ВМРО ДПМНЕ, со два пратеника повеќе од СДСМ ама, во последен момент, странците повторно го спречија да состави влада.

# „СОРОСОИДОТ“ ПЛЕВНЕЛИЕВ НЕ ОСТАВИ БЕЗ ДИЛЕМИ

*(Јануари, 2017)*

Народот вели дека потурчените се поголеми Турци од вистинските. Се употребува и изреката поголеми католици од папата. Тука некаде е и досегашниот бугарски претседател, Росен Плевнелиев, кој потекнува од македонско семејство од Егејскиот дел и затоа мора да се докажува и да биде најголем јаничар. Сепак, за изјавата пред да замине од должноста, заслужува наша благодарност. Како претседател, Р. Плевнелиев не можеше ова отворено да ни го каже и добро е што сега му олесни на душата. Ни даде одличен повод за мнозина кај нас да се освестат бидејќи тој целосно ги отвори картите и воопшто нема никаква можност за двоумење. Ако не сме спремни да разбереме и да се соочиме со вистината, проблемот е наш. Всушност, најблаго речено, исто така срамежливо се однесуваме и кон Вашингтон, Брисел... коишто се носители на разгромот на македонизмот. Тоа е лекција за сите во земјава кои не сакаат да веруваат во вистинската, трајна и целосно усогласена бугарска политика спрема Македонија. За разлика од нив, пак, кај нас нема ништо што би можело да се нарече некаква политика спрема Бугарија. Сите импровизираат, пуштаат работите да течат и се поставуваат добронамерно кон оние што не плукаат и затоа, на крајот, излегуваме крајно недоветни. Во целина, се однесуваме аматерски и неодговорно.

Без никакво сомнение, идеолог и креатор на оваа политика е Бугарската академија на науките (БАН). Затоа, оваа изјава на Р. Плевнелиев мора да биде последна опомена, поука и водич за МАНУ во соработката со БАН којашто во последно време, се чини, се подинамично се реализира на прилично некритичен начин. Односите треба да се развиваат ама крајно внимателно, за да не се влетува, како досега, во нивните антимакедонски шеми.

Што, всушност, ни порача Р. Плевнелиев со изјавата – *„Македонија треба да влезе во ЕУ и тоа е кауза и за Бугарија, но не и македонизмот. Македонизмот е една идеологија која е не само антибугарска, туку и антидемократска“!?* Тој уште

верглаше на оваа тема за да заклучи – „*Искрено мислам моите деца и децата на нашите браќа од другата страна, во Скопје, да бидат браќа...“!*

Прво, со Бугарите не сме и никогаш не можеме да бидеме браќа. Ниту ние, уште помалку нашите деца. Ние сме Македонци а тие се Бугари. Желбата да сме „браќа“ значи дека сите сме Бугари. Ние - „неосвестени“. Згора на тоа, реченицата е и неточна: неговите деца и децата на „нивните браќа“ од Македонија – генеолошки можат да бидат само братучеди, а не „браќа“! А, можеме, треба и мораме да бидеме добри соседи и ништо повеќе. Многу работи треба да не поврзуваат, ама политичарите во Софија се забегани: имаат недостижни амбиции.

Второ, Р. Плевнелиев јасно ни повтори дека за нив, ние сме – втора бугарска држава. Поотворено не можеше да ни каже дека Македонци, како народ, за нив – дефинитивно нема.

Трето, директно ни се соопштува дека нема надеж во ЕУ да влеземе како Македонци, со македонски јазик, македонска култура, традиции... Како што веќе и се најавуваше, Бугарија тоа нема да го дозволи. Освен Брисел и Атина, сега и Софија поставува блокада којашто, да бидеме начисто, може да биде најригорозна. Бугарската позиција кон Македонија е суштински полоша од грчката. Атина не негира дека сме посебен народ, јазик... ама само да не се викаме – Македонија и Македонци... заради брендот и антиката. Со друго име на државата, народот, јазикот... тие широкоградо ќе не поддржат. Тоа е нереално, невозможно и неизводливо, ама Софија вели – нема Македонци и прифаќа само дека сме „Бугари“.

Четврто, оценката дека македонизмот е „*антибугарска и антидемократска идеологија*“ го покажа нискиот интелектуален капацитет на Р. Плевнелиев ама и апсурдноста на бугарскиот синдром спрема земјава. Тоа е чиста бесмислица. Небулоза. Будалштина. Ментална девијација. Глупост. Апсурд. Идиотизам. Налудничаво. Надвор од умот. Гнасно. Крволочно.

Безумно. Грозоморно... Постоењето на еден народ и на една држава можеш да ги квалификуваш на разни начини ама тоа во никој случај не може да биде ниту „идеологија“ а уште помалку

нешто – „антидемократско“. Човекот не знае што зборува. Не му е јасно како треба да ги употребува изразите. Ова е одличен повод од Софија да се бара изрично објаснување – дали е тоа нивниот официјален став за Македонија?
Не дека тоа не го знаеме ама ова е сврзано и со членството во ЕУ и ова е прилика да се осуди нивниот нецивилизациски однос што не враќа во 18 век. Бугарските политичари ретко вака експлицитно ги негираат Македонците. И врз нивната реакција, мора да се преземе дипломатска офанзива во Брисел, Стразбур (Советот на Европа и Европскиот Парламент), Вашингтон, Берлин... Москва, Пекинг... со Меморандум со којшто ќе се бара осуда на ваквата политика и поддршка за Македонија. Истото треба да го стори и претседателот Ѓорѓе Иванов со неговите колеги. Немаме дилеми дека и западните центри стојат зад бугарскиот фашистички и шовинистички однос кон државава и народот, ама наша задача е тоа да го направиме видливо, да го ставиме на маса бидејќи никој од нив не се гордее со таквата политика. Се додека ние молчиме карванот ќе си врви. Ако, пак, стане жестока и секојдневна нашата офанзива, сите ќе мораат длабоко да се замислат.
Аргументите се на наша страна и мораме да ги користиме ако сакаме да ги смениме работите. Ни се отвори пат за широко дејствување и голема штета ќе биде ако не го искористиме. Досега сме отспале бројни слични ситуации а најверојатно така ќе биде и сега. Оваа изјава мора максимално да се користи во врска со наметнатиот договор за пријателство и соработка. Тоа што толку инсистираат на договорот е доказ дека целта е бришење на македонскиот народ. Било каква наша стратегиска отстапка, како во срамната Декларација од 1999, би била рамна на (второ) самоубиство. Нашата страна треба само да прашува – дали ова ваше барање е на линија на изјавата на Р. Плевнелиев, од 22 јануари 2017, дека ние не постоиме како народ и дека сме „браќа“? Се што не е реципрочно поставено мора да се одбива без расправа, и со забелешка – ова не може да се бара од „браќа“!
Со индигнација треба да се одбие се што е предложено на нерамноправна основа. На бугарската страна мора јасно да и се стави до знаење дека таков договор можат да потпишат само

македонскиот и бугарскиот народ, во рамките на нивните државни органи и дека, според меѓународната пракса, договорот мора да биде потпишан и на македонски јазик, без никакви мајмунлаци со спомнување на уставите, како во декларацијата од 1999. Ако тоа не се прифаќа, преговорите треба да се прекинат. Без таков цврст однос, само покажуваме дека ништо не ни е свето и дека сме спремни на се. Затоа и ни поставуваат блокади, уцени и ултиматуми – прво името, потоа членство. Досега, ние официјално не сме ја отфрлиле таквата силеџиска политика на Брисел. И, нормално, тие си ја тераат истата песна а други (Софија) ги следат. Дека изјавата на Р. Плевнелиев ја означува трајноста на бугарската политика кон Македонија, покажува и еден друг пример. Веќе подолго време, на бугарската национална и сателитска телевизија ФОЛК, постојано се емитуваат песни на чист македонски јазик коишто се компонирани во Бугарија и ги исполнуваат бугарски пејачи! Таква е речиси секоја втора песна! Тоа се кукавички јајца што ние не ги забележуваме, а би морале да бараме официјално објаснување – што значи таквата пракса? Тоа воопшто не е наивно. Смислено е од нивните врвни стратегиски планери. Сака ли некој подобар доказ за странците дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот? Еве, нека ги слуша песните коишто на бугарската телевизија се емитуваат со години! Во прашање е голема донкихотовштина, ама кога сме ние во прашање - така постапува Бугарија. Досега – успешно. Нашата дипломатија мора да го отвори прашањето и во Софија, ама и на поширок терен. Ако на време не ја раскринкаме оваа подлост, ќе не удри по глава.
Р. Плевнелиев не се прослави како претседател. Не беа задоволни ни од ГЕРБ, партијата што го кандидира. Затоа, нема втор мандат. Софискиот весник „Телеграф“, од 19 јануари 2017, го испрати со подолг текст насловен – *„Слугата на Сорос си заминува од дното“*. Го оценија како американски послушник и фалбаџија којшто се закитува и со дела направени од владата.
На последната прес конференција, Р. Плевнелиев си го оценил мандатот како успешен додека, според весникот „Сега“, од 20 јануари 2017, потпретседателката М. Попова *„го полеала со студена вода“*! В лице му рекла дека направил бројни грешки,

општеството го остава поделено, се откажал од тајните служби... К. Каракачанов го оценува како најслаб претседател до сега а Ж. Бојчев, од БСП, дека бил целосно зависен од ГЕРБ и Бојко Борисов.
Во долго интервју за весникот „24 часа“, од 16 јануари 2017, Р. Плевнелиев се пофали дека Барак Обама бил негов близок пријател со когошто имал 25 средби и 30 со А. Меркел. Нагласи дека тие го имале бројот на неговиот мобилен телефон без да спомне дали и тој ги имал нивните.
Со големо задоволство истакна дека последниот септември (значи за време на Генералното собрание на ООН, 2016), во ист ден три пати се видел со Обама! Го слушал кога зборувал во ГС, потоа бил на заедничкиот ручек со сите шефови на делегации на кој бил и тој и „долго си прикажувале“ (иако седеле на различни маси)?! Вечерта бил поканет и на приемот при што и се сликале, а Барак и Мишел Обама толку силно го прегрнале што му се изместило сакото! „*Горд бил*“ што мандатот му завршува во исто време, само два дена по Б. Обама! Сепак, најспецијален момент во политиката му бил кога германскиот претседател, Ј. Гаук, *„со минути му ја држел раката, пред сите медиуми“*! Во транс заклучува – *„јас сум Обама, јас сум Меркел, јас сум Гаук“*!
Жалосно и срамно. Какви балкански комплекси, какви будалштини.

# ШТО СЕ КРИЕ ЗАД ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА?

*(Јули, 2017)*

Македонскиот народ е вековна и милениумска стварност којашто никој разумен не може да ја негира. Традиционално, со признавањето, се апсолвираат сите прашања сврзани со таа држава. Меѓутоа, при признавањето на Македонија, претседателот на Бугарија, Жељу Желев изјави дека тоа не подразбира признавање и на македонски народ и јазик, што е светски преседан.
Противно на сите меѓународни регулативи и правила, можеби како единствен случај во светската историја, Софија ја призна државата, ама истовремено го негираше постоењето на народот којшто живее во таа држава и неговиот јазик. Не само што ги негира и присвојува туку такви какви што се, за неа не постојат. Невидено и не чуено. Што призна тогаш Бугарија, ако не народот којшто живее во неа?
Ако нема народ, не може да има држава. Бугарија заборава, поточно се прави на удрена, дека ако не беше македонскиот народ, немаше да ја има ниту државата Македонија. Неа не ја создадоа никакви Бугари. На пописите, огромното мнозинство се изјаснуваат како Македонци. Ако Софија мисли дека тоа било или е резултат на некаква директива, сега или на крајот од Втората светска војна, поголема глупост не сте чуле. Жалосна е нивната фантазмагорија дека ние сме втора бугарска држава, а народот „неосвестени Бугари“. Сите добро ја знаеме заднината на нивните историски заблуди и синдроми, ама ние не бараме ништо од Софија. Едноставно, не ги прифаќаме нејзината некоректност, нетолеранција и негаторски однос кон народот и јазикот... Или, во целина, нејзината срамна, неодржлива и антиисториска политика кон Македонија. Би било многу пологично нашиот однос кон Софија да биде многу пожесток бидејќи, во основата, станува збор за класичен иредентизам. Со присвојување на народот, Бугарија артикулира отворени аспирации и кон нашата територија. Ни помалку, ни повеќе. Како да живеат во 19 век кога вакви

оспорувања беа возможни. Навистина е премногу кога членка на ЕУ, со амин на Брисел, така се однесува во 21 век. Тоа е невидена срамота за сите.
Таква е стварноста и во НАТО, и во ЕУ, ама и пошироко на светската сцена. Главните фактори, коишто цело време верглаат за демократија, за човекови права и за владеење на правото, во пракса, кога се нивните интереси во прашање, ништо од сето тоа не есапат. Во таквите случаи, ништо друго не важи. Се сеќавате на непочитувањето на пресудата од Хаг којашто беше во корист на Македонија? Кога нешто не им е по ќеф, тие така се однесуваат.
И, види чудо: Бугарите сакаат со нас да потпишат договор ама под услов да прифатиме дека не сме тоа што сме, дека зборуваме непостоечки јазик и сето тоа на асиметрична основа. Премногу дури и од една Бугарија. Ако било кој во земјава е спремен да потпише договор под такви услови – не му гине жесток суд на народот. Не само на историјата. Ако, пак, народот го толерира тоа, подобро не сме ни заслужиле.
Залажувањата, пак, дека Софија ќе ни помогнела на патот кон Брисел, и затоа треба да се потчиниме и да го потпишеме срамниот договор, се грозна манипулација и невидена измислица и измама. За нашето членство во НАТО и ЕУ одлучуваат други и улогата на Бугарија во тој процес е рамна на – нула. Дури и кога ќе претседава со Европскиот совет следната година (шест месеци). Тоа е обична формалност и од Софија нема ништо да зависи, апсолутно ништо. Само ќе играат улога на британска кралица. Ќе доживеат малку лажна важност и гламур, и толку. Неспорно е, меѓутоа, дека Софија може да ни става сопки на интегративните процеси.
Можеме да бидеме целосно сигурни дека такви нешта ќе се случат само ако се во функција на туѓи интереси (и диктати!), а не само на бугарските. Ако главните чинители сметаат дека тоа не е опортуно, Бугарија веднаш ќе добие по прсти и ќе се повлече како ништо да не се случило.

*.*.*

1. Сите билатерални договори се потпишуваат на јазиците на двете држави. Бугарија, освен на бугарски, со Германија потпишува и на

германски, со Италија и на италијански, со Србија и на српски... Зошто Софија не сака тоа универзално правило да важи и за Македонија? Одговорот сите го знаеме: не се спремни да потпишат договор на македонски јазик бидејќи за нив таков не постои. Го сметаат за дијалект на бугарскиот. Суштината, сепак, е многу подлабока: за нив нема ниту Македонци, кои би го зборувале. Не постои јазикот бидејќи не постојат ниту Македонци како одделен народ. А, ако нема Македонци, тогаш и јазикот може да е само фантомски. Бугарскиот однос кон Македонија мора да се гледа во целина.
2. Во сите билатерални договори, двете страни меѓусебно се третираат на рамноправна и реципрочна основа, со симетрични права и обврски. Бугарија инсистира и ова универзално правило да не важи за Македонија. Тие ни наметнуваат договор што ќе биде асиметричен – со повеќе наши обврски и повеќе нивни права. Договори од ваков тип присилени се да потпишуваат само држави поразени во војна. Ние навистина срамно ја изгубивме војната во 2001-та и затоа го потпишавме ОРД, ама тоа не е никаква причина да потпишеме понижувачки договор и со Бугарија. Прифаќање на било каква асиметричност во договорот е недостоен чин за една суверена држава и во никој случај и при никакви притисоци и уцени не смееме такво нешто да прифатиме.
Тоа би била непростлива историска грешка. Такви договори потпишуваат само протекторати. Со право, потоа и сите други држави ќе не третираат на ист начин.
3. Софија инсистира на ваков договор зошто сака ние да се согласиме со нејзината политика и официјално да потврдиме дека и јазикот и ние како народ сме – измислени. Дали од Тито или од Коминтерната и не е толку важно.
Воопшто не е сучајно совпаѓање што и името ни е доведено во прашање. Без наша согласност не можат да не прекрстат и затоа прават се да не присилат на договор со Грција, за да прифатиме ново име. Потполно е ист и случајот за јазикот со Бугарија. Нека каже сега некој дека нема координација во уништувањето на македонизмот? Името и народот треба да ни одат курбан преку

Атина, а јазикот преку Софија, во што е вклучена и додатна поддршка и за бришење на народот.
Како Македонци, ние ќе се самоукинеме, а ќе останат измислените во Грција. Се во име на демократијата и правото.
4. Ако е така, а така е, веќе имаме доволно причини одлучно да се спротивставиме на таков договор со Софија, којшто е навредлив за секој Македонец бидејќи сите не понижува. Потпишувањето би значело дека свесно се негираме самите себе и прифаќаме дека Бугарија со право ни ги игнорира народот и јазикот.
5. Основното прашање е - зошто Бугарија инсистира на потпишување на договор за пријателство и соработка, и тоа со уцена, ако веќе двајцата премиери, во 1999 година, потпишаа „Заедничка декларација", којашто е доволно срамна и понижувачка за Македонија? Зошто Софија сака нов договор со фактички иста содржина како декларацијата?
Зошто најавува дека во спротивно ќе ги блокира нашите евроатлантски интеграции? Не треба многу ак'л за да се сфати дека зад тоа се кријат тајни намери и интереси. Причините се сериозни. Декларациите имаат ограничено значење. Тие не се обврзувачки документи. Тоа е еден вид на заедничка изјава со којашто се најавуваат одредени замисли, намери, планови, та дури и желби и... толку. Обично, од запишаното во декларациите, сосема малку, а често и ништо не се реализира.
Остануваат слова на хартија, точно како што се случи и со оваа, македонско - бугарскава, од 1999 година. Декларациите не се предмет на никакви понатамошни правни постапки.
Тие се потпишуваат и се ставаат во - фиока. Договорите се нешто сосема друго. Тие обврзуваат. Според меѓународната пракса, тие се над домашното законодавство, во случај да се ратификувани. Билатералните договори се депонираат во ООН и најголем дел се ратификуваат во националните парламенти... Општа пракса е земјите договорно да уредуваат цела низа прашања од заеднички интерес. Од регулирање на границите и водите, заштита на инвестиции, избегнување на двојно оданочување, па до сите видови на соработка...

Бројноста на договорите го отсликува нивото на соработка меѓу две земји.
6. Врв на регулативата меѓу две земји е токму договор за пријателство и соработка, на којшто сега инсистира и со којшто уценува Софија. Во принцип, ваков договор потпишуваат само земји коишто немаат никакви отворени меѓусебни прашања. Тој покажува дека меѓу нив се е средено. Затоа, вакви договори и нема многу во светот. Дали односите меѓу Македонија и Бугарија се на такво ниво, може секој да одговори. Токму фактот дека со срамна уцена Софија сака да ни го наметне договорот, веќе кажува се: сакаат да го докажат невозможното. Тоа треба да значи дека ги прифаќаме нивните вековни негаторски политики кон Македонците. За тие што сакаат да разберат, сосема е јасно дека, со наметнувањето на договорот, Софија сака да реализира повеќе точно утврдени намери што ги крие бидејќи се крајно подли. Токму затоа и сакаат декларацијата да ја заменат со врвен државен договор бидејќи само така можат да ги наметнат своите интереси и на меѓународен план. Ако потклекнеме, само ќе ја покажеме нашата политичка недоветност. Декларацијата од 1999 година ја заврши својата тогашна улога, која беше двојна и којашто овде подетално ја елабориураме. Арно ама таа е недоволна за широко меѓународно обезвреднување на македонскиот јазик, а имплицитно и на народот. За негово негирање како нешто не автохтоно, не постоечко и како дијалект на друг јазик, поточно бугарскиот, потребен им е договор.

# КАКВА Е ЦЕЛТА НА ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА?

*(Јули, 2017)*

Дури и површна анализа покажува дека основната цел на Бугарија е меѓународно обезвреднување на македонскиот јазик.
1. Бугарија не може да замисли подобар „доказ“, од еден ваков договор, дека македонскиот јазик не е автохтон, за да може да притиска јазикот секаде да биде запишан - „според Уставот“ на државата, а не како сите други јазици.
Сосема со право, Софија секаде ќе го покажува договорот дека Македонија официјално се сложила нејзиниот јазик така да се обележува. Тоа е едно од основните правила во политиката и дипломатијата – еднаш направен преседан обврзува и сите можат да се повикуваат на тоа. Бугарија ќе постапува така, без никаков сомнеж. Затоа и уценува.
2. Не треба да се залажуваме дека во прашање се некакви надмудрувања, политички суети или бугарски внатрешно политички потреби. Напротив, станува збор за јасен прагматизам, за што секако имаат поддршка и од Вашингтон бидејќи и овој сегмент идеално се вклопува во американската четврт вековна уништувачка политика спрема Македонија.
Како што се уверивме, и декларацијата од 1999 година беше американско дело. Многубројни се целите коишто, преку Софија, Вашингтон ги започна со декларацијата, а треба да ги доврши со овој договор.
3. Првата цел е конечно да се отстрани македонскиот јазик како симбол на македонскиот народ, рамноправен со сите други. Декларацијата не беше доволна за тоа бидејќи таквите документи не одат на парламентарно одобрување. Со договорот, којшто ќе мора да го ратификува и Собранието, ние СВЕЧЕНО ќе се откажеме од нашиот мајчин јазик.
4. Втората напоредна цел е конечно да се потврди дека не може да има посебен македонски народ ако веќе нема автохтон македонски јазик. Народ без јазик – нема. Тие одат заедно. Со тоа би се докажала нивната вековна теза дека „сичките сме Б’лгари“. Атина

е главен носител на задачата за разнебитување на македонскиот народ, со промена на името. Софија има второстепена улога со негирање на јазикот.

5. Третата цел, што веќе ја спомнавме, е една од клучните стапици што ни се поставуваат со договорот. Софија ќе направи се ваквата формулација за јазикот да се наметне за најшироко меѓународно користење бидејќи Македонија се сложила со истата. Софија ќе инсистира „*македонски јазик според Уставот*“ да се користи насекаде. Така, нашиот јазик нема да биде автохтон, реален, туку ќе биде нешто измислено, дури и - украдено. Со тоа ќе станеме осакатена држава којашто нема свој јазик, оставајќи ги отворени сите опции за судбината на државата и народот. Пресметките на Бугарија се дека на тој начин, на меѓународен план, ќе создадат подлога за нејзините болни замисли дека Македонија не е вистинска држава, дека е нечија творба, со *„уставен јазик“*. Поентата би им била дека нивните аспирации кон народот и јазикот, а со тоа и кон територијата, се сосема легални и легитимни.

Ако некој мисли дека ова се забегани претпоставки, многу се лаже. Во прашање е (пра)стара дипломатска пракса.

Впрочем, зошто инаку Бугарија би инсистирала и би не уценувала со потпишување на договор со ваква формула? За да не понижи? Што ќе постигне со тоа? Да покаже сила и моќ?

Такво нешто не им треба. Ама, тоа им е само алатка за да не десеткуваат на меѓународен план и да не стават во трајна зависност. Поточно, да се наметне нивната политика дека ние сме „неосвестени Бугари“ и така да им остане отворен патот за евентуално конечно остварување на нивните историски аспирации спрема Македонија, преку разни опции што ќе следуваат. Се разбира, според условите кои евентуално ќе го овозможуваат тоа. По распадот на Југославија, разврските на Балканот се уште не се завршени. Софија само ги остри канџите за секој случај.

6. Четвртата цел, поточно потката на сите нивни замисли е да докажат дека, макар до Втората светска војна, сите сме биле Бугари и сето дотогашно историско наследство е единствено, и само – бугарско. Од Самоил и пред него, преку Илинденското и другите востанија, се до српската окупација на Вардарска

Бановина којашто, нели, била бугарска територија со исто таков народ. Затоа инсистираат сите тие настани заедно да ги славиме бидејќи со векови сме биле исто - Бугари. Со договорот, и заедничкото чествување, неизбежно се демонстрира дека ние ги прифаќаме нашите бугарски корени, се сложуваме дека такво ни е потеклото и дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот. По Втората светска војна, тој се кодифицирал во нешто оделно но подлогата е неспорно заедничка и двете (бугарски) држави се согласни со тоа.
7. Најкратко речено, Софија смета дека ако го потпишеме договорот, фактички признаваме или прифаќаме дека сме креација или измислица на Коминтерната или на Тито! Тоа значи дека како народ постоиме од крајот на Втората светска војна, тогаш сме го кодифицирале македонскиот јазик, врз основа на бугарски дијалект, и затоа тие го признаваат само како дел од нашиот Устав, поточно, не како автохтон.
А Македонија има устав од 1946 година што треба да значи дека и македонскиот јазик постои од тогаш, а дека пред тоа - го немало! Чим немало устав...!?
8. И од вселената се гледа дека Бугарија има тајни намери кон Македонија. Докажано правило е дека со некој што има скриени планови – не се прави куќа. Ќе те излаже. Воопшто не е препорачливо пријателство да се гради со држава којашто, под маса, ама сосема видиво, прави калкулации дијаметрално спротивни на фундаменталните интереси на македонскиот народ и неговата држава. Се додека не ги отворат картите, додека не презентираат вистински и искрени замисли, не треба да потпишуваме ваков договор со Софија. Тоа значи дека тие прво треба јавно да кажат дека ние сме и секогаш сме биле Македонци и дека јазикот ни е македонски, а не бугарски. Не е спорно дека дел од Македонците живееле и твореле во Бугарија и дека некои македонски дејци треба заедно да ги славиме. Всушност, заедно можеме да славиме било кого и било што ама по договор, како два одделни народи, нека биде и блиски, коишто зборуваат различни јазици, иако и тие се разбирливи. Никако поинаку и само откако тие ќе ја голтнат историската вистина. Никако пред тоа.

Се додека нивната цел е да се негираат Македонците како народ, треба да бидеме крајно воздржани во секој поглед.
Да ги развиваме односите каде тоа не е спорно, ама да не се откажуваме од самите себе. Инфраструктурното поврзување не треба и не смее да биде заложник на ничии историски синдроми. Треба да се гледа напред.
9. Неспорни и докажани историски факти прецизно ја негираат грубата бугарска ароганција. Главниот аргумент е дека „Македонското прашање" постои најмалку 150 години, макар од Берлинскиот конгрес во 1878 година. Возможно ли е да има такво „прашање", без да има – Македонци? Како е можно тие да се „појавиле", еве нека биле и „измислени", пред 70-тина години, во Втората светска војна, а речиси цел век пред тоа биле честа тема на бројни меѓународни форуми?! Мораме да ги замолиме Бугарите за објаснување – како тоа неосвестените „Бугари" успеале да отворат „Македонскопрашање"? Нешто не не е во ред, нели? Ако тоа не го сториме, ако благодарејќи на нашата политичка неписменост потпишеме капитулантски договор, ќе потврдиме дека бугарскиот историски синдром го третираме како да е веродостоен!
10. Ако некој цени дека сето ова е претерување, нека ги погледа дебатите на бугарските телевизии и се ќе му биде јасно. Бугарија е секако дел од силите коишто по секоја цена сакаат да го разнебитат македонскиот народ бидејќи само така ќе станеме - „освестени Бугари". Наше е дали ќе дозволиме тоа да се случи. Наметнувањето на договорот е нивен одлучувачки исчекор.
11. Заострување на бугарскиот однос кон Македонија дојде во декември 2012 година. Тогаш, на Европскиот совет во Брисел, Софија за прв започна пат да ги оспорува нашите евро-атлантски интегративни процеси. Точно оттогаш датира и инсистирањето за потпишување на овој договор, како услов да нема нивно попречување, што покажува дека е во прашање нова и долгорочна стратегија и јасна – уцена. Друго прашање е дали и колку е тоа само нивна политика иако мора да се потсетиме дека истиот однос кон Македонија го имаат Вашингтон и Брисел коишто исто така, претходно, ни имаа поставено блокада, уцена и ултиматум – прво

името, потоа членство. Идентичноста на двете политики не може да се скрие и тешко е да не се поврзе. Тука е и Атина, се разбира.
12. Менувањето на бугарската политика кон Македонија не беше никакво изненадување за тие што го следат случајот.
Грција одамна најави дека Бугарија може и треба да прерасне во поголема закана на нашиот пат во Европа. Трилатералката (Атина – Белград – Софија), одржана во јули 2017 во Солун, беше сигурно целосно посветена на Македонија. Таков е моментот. На распродажба сме. Бугарија и Грција сигурно редовно се консултираат а, во последно време, веројатно и координираат бидејќи општ е впечатокот дека сме фрлени на колена и дека е време да се пресече „македонскиот јазол“.
Бугарската офанзива е секако дел од такви проценки. Во тој контекст мора да се гледа и „Тиранската платформа“.
Со голема сигурност може да се тврди дека сето тоа го води главниот меѓународен фактор, заради сопствените регионални интереси. Во политиката и дипломатијата, како и во животот, ништо не е случајно. „Македонското прашање“ е пред затворање и сите на тоа работаат, вклучувајќи ги и нашите политички аматери.
Може ли истовремено ултиматуми да ни поставуваат Грција, Бугарија и Албанија и тие да не се водени или, барем, потикнати од еден центар? Клучното прашање за нас е – кај сме ние во сите овие за нас судбински настани?

*.*.*

За да се разбере дека и договорот за пријателство со Бугарија е масло на САД, доказ е фактот дека токму тие ни ја наметнаа и декларацијата во 1999, којашто е негова основа.
1. На 22 февруари 1999 година, премиерите на Македонија (Љубчо Георгиевски) и на Бугарија (Иван Костов) ја потпишаа „Заедничката декларација“, што беше наша огромна историска грешка. Македонија, практично, се откажа од своето малцинство во Бугарија и на катастрофален начин го девалвира сопствениот јазик. Противно на универзалната меѓународна пракса, формулата и за двата јазика беше – „македонски јазик, според Уставот на Македонија и бугарски јазик, според Уставот на Бугарија“. Некој ќе рече – ама двата јазици се во иста позиција, што е точно, ама

никој, вклучувајќи не и нас, не го оспорува бугарскиот јазик и таквата формулација нему воопшто не му наштетува. Никој нема да се повикува на тоа. Сосема спротивно, Софија на овој начин ПОТВРДУВА ДЕКА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НЕМА, тој е според уставот, што значи не е автохтон. Со други зброви - само дијалект на бугарскиот. Со потпишувањето на декарацијата, нашата страна го прифати тоа. Бугарите не се спремни да потпишат текст со за нив непостоечки (македонски) јазик, а на Љубчо Георгиевски и на власта тоа не им пречеше. Затоа се цитира Уставот а уставите се менуваат, зарем не?

2. Одгласите во Бугарија кажуваа се: сите сметаа дека добиле повеќе од што очекувале. Очигледно, не верувале дека ќе се согласиме да ни се анулира јазикот и да се искорени македонштината. И САД добија многу повеќе отколку што се надеваа. Кај нас, пак, немаше поголеми бранувања, освен што тогашната опозиција, сега на власт, сосема со право, беше жестоко против декларацијата, иако сега тие го потпишаа договорот. Деновиве, телевизиите го цитираа Ѓорѓи Спасов, кој тогаш беше еден од нивните лидери. Да слушаш и да се срамиш. Едно зборуваа тогаш, друго прават денес. Жалосна Македонија. Без стратегија.

3. Факт е дека Бугарија беше првата држава што ја призна независна Македонија (на 15 јануари 1992 година), на денот кога ЕЗ, по диктат на Германија, ја признаваше Хрватска, заедно со Словенија, наместо Македонија, според предлогот на „Бадентеровата комисија“. Арно ама, Софија тука застана. Не воспостави дипломатски односи и не испрати амбасадор. САД и ЕЗ долго не ја признаваа Македонија. Се калкулираше дека таа може да се распадне. Подоцна, оценките се променија, ама односите стагнираа. Имаше подготвено 22 договори коишто Софија не сакаше да ги потпише на не постоечки македонски јазик. И така, се до 1999 година. Договорите потоа се потпишаа, ама односите останаа на ниско ниво. Се потврди народната дека со сила убавина не бива. Неизбежно, така ќе биде и сега, ако се потпише договорот во неприфатлива форма.

4. Малку се знае дека за време на Југославија, со Бугарија се потпишани три или пет договори на македонски и бугарски јазик!

Дури и во времето на живковизмот, кога негирањето на македонизмот беше најжестоко и најголемо, Софија мораше официјално да го прифати македонскиот јазик! Во Федерацијата беше пракса, ако водач на делегацијата е од Словенија (обично во Австрија и Италија) или од Македонија (во Албанија, Бугарија и Грција), билатералните договори да се потпишуваат на јазикот на шефот на делегацијата, а не на српско-хрватски. Бидејќи немаше друг излез, Бугарија тогаш го голташе македонскиот јазик. Наместо да мафтаме со тоа, ние отфрливме нешто што веќе сме постигнале за времето на СФРЈ. Тоа е непростлива политичка, дипломатска ама и историска грешка.
5. Ред е да потсетиме дека со откажувањето од нашето малцинство во Бугарија, што за разлика од декларацијата, со договорот ќе биде конечно, се крши член 49 од Уставот. Според него, државата е должна да – „*се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји...*“. Тоа значи дека договорот треба веднаш да биде даден на Уставен суд. Да се надеваме дека судот и ќе реагира.
6. Врвна грешка е ако декларацијата од 1999 и сегашниот договор со Бугарија не се гледаат од поширок аспект на третманот и положбата на Македонија на меѓународната сцена, како независна држава, по распадот на Југославија.
Овие два, за нас исклучително важни документи, се директно продолжение на политиката за разнебитување на македонскиот народ, започната со нелегалната одлука на СБ на ООН (1993), да се суспендира нашето уставно и историско име од меѓународна употреба. Целта беше, и остана - да се негира идентитетот на македонскиот народ. Менување на името на државата, неизбежно води и во разнебитување на народот.
Упатените добро знаат дека СБ на ООН е под целосна контрола на САД. Тоа беше особено нагласено на почетокот на 1990-тите години, кога Русија беше во хаос и не претставуваше баланс во СБ. Еве, нека САД и не беа клучни во обезличувањето на Македонија во ООН. Сепак, ако беа против или не се сложуваа со суспензијата на нашето име – тоа не можеше да се случи. Значи, нејзината улога

во случајот е неспорна а, по логиката на нештата, и – решавачка. Не е важно дали таа била активна или пасивна.

7. Сега приврзшува кризата којашто последниве неколку години ги тресеше темелите на нашава земја, подметната од странство, токму со цел Македонците да се фрлат на колена и да прифатат прекрстување и понижувачки договор со Бугарија. Денес (20 јули 2017) слушаме дека амбасадорите на Франција и Германија го поддржале договорот со Бугарија што е невидена бесрамност и криминално непочитување на дипломатскиот кодекс. Вината е сепак кај нас бидејќи им дозволуваме така да се однесуваат. Ги трпиме како неизбрани гувернери што е класично самопонижување.

8. Добро е што Македонија тргна во офанзива за надминување на блокадата, уцената и ултиматумот од Брисел како и за решавање на проблемите со соседите. При тоа, воопшто не смее да се заборава дека ние не сме виновни за агресивноста на земјите околу нас, за големоалбанскиот проект што го реализираат САД, за некадарноста на Брисел ниту за тамошниот слугински однос кон Вашингтон и за нелегалните политики на двојни стандарди што заедно ги спроведуваат кон Македонија. Името е наметнат проблем, како и сè друго сврзано со соседите. Неспорно е само дека последиците се наши. Тоа значи дека самите мораме да бараме решенија. Меѓутоа, тоа не смее да се прави со наивност и без соодветна стратегија. Мораме да сфатиме дека итно ни е потребна врвна светска експертска помош, слично како и при апликацијата до судот во Хаг, кадешто надмоќно победивме. Мораме да продолжиме неуморно и одлучно да се бориме за нашите универзални права бидејќи противниците остануваат длабоко закопани во своите вековни ровови и не гледаат со потсмев, ама и со надеж дека ќе им влетаме во примитивните стапици. Тоа не смееме да го дозволиме бидејќи залогот се македонскиот народ и државата. Договорот со Бугарија е таков класичен случај. Народот нема да дозволи сопствено урнисување кој и да работи на тоа. Решенија поволни за Македонија има. Наше е да ги уточниме и да се избориме за нив.

9. Нема проблем во светот што не може да се реши за кусо време. Прашање е само кој и какви отстапки ќе даде.
На тоа се кршат копјата. Македонија не смее да презема ништо што ќе го доведе во прашање идентитетот на народот и неговиот јазик. Тоа би водело кон доуништување и на државата, со сите погубни последици. Прекрстувањето на Македонците неизбежно ќе води во нова крвава балканска војна. За наша среќа, таа за никого не е прифатлива и на таа карта мораме да играме. Тука лежи спасот за Македонија. Во земјава нема да помине ниту еден политичар којшто е спремен да го витка ’рбетот на сметка на народот и државата.
Жељу Желев убаво подвлекол дека со недемократски методи нема демократски решенија. А неговата Бугарија, со отворена уцена, ни наметнува токму такви методи. Абрахам Линколн, пак, тврдел дека некоректните решенија не се трајни и ќе мораат да се преиспитаат. Тоа важеше за декларацијата, ќе важи и за договорот.
10. На крај, како општа поука, слободно можеме да заклучиме дека секој што смета дека САД сакаат Македонија да влезе во НАТО, а тоа не го дозволува Грција, нема поим од меѓународна политика и дипломатија. Ако тоа беше американски интерес, одамна се ќе се завршеше. Очигледно не е. Играат на други карти.
11. Ова е само апел да бидеме крајно внимателни со политичките потези бидејќи сите индикатори потврдуваат дека македонизмот е пред целосно уништување. Неспорен факт е дека четврт вековните напори тоа да се оствари се пред крај.

## УСОГЛАСЕНИОТ ТЕКСТ НА ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА Е ПОНИЖУВАЧКИ ЗА МАКЕДОНИЈА

*(Јули, 2017)*

Веќе усогласениот и објавен текст на договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија е срамен, навредлив и понижувачки за Македонија. Навистина е неверојатно дека е значително полош дури и од поразувачката декларација од 1999, со додатно и сериозно негирање на македонизмот. Денес, 27 јули 2017, кога е објавен текстот на договорот, добивме непосреден доказ дека и овој нов несреќен пораз на Македонија, повторно е дело на САД. Исто како и во 1999-та. Амбасадите на Бугарија и САД во Скопје, објавиле заедничкото соопштение со коешто го поздравуваат договорот! Зошто имало потреба двете држави заедно да слават ако проектот не е заеднички? Нема никакво друго објаснување зошто двете амбасади би се јавиле заеднички.
Ова е само уште еден непосреден доказ за длабоката американска вклученост во сите наши досегашни четврт вековни голготи. На почетокот на нашите страдања, во 1990-тите, кога започна крајно нелегалната медијација на СБ на ООН за името, претседателот на САД, Бил Клинтон, го определи Метју Нимиц (од 1994 до 1997 година) да биде негов личен претставник во тој процес?! Според која логика и критериуми, претседателот на единствената супер сила, требало директно да следи еден билатерален проблем? Зарем немал поважни задачи? Тоа неизбежно значи дека главната намера била и да се влијае. Зошто инаку би се мешал? Заклучокот е само еден – САД имаат директни и важни интереси во и во врска Македонија. Тоа е неспорен факт веќе 25 години. Сега, дојде редот САД да не докусурат преку договор со Бугарија, со којшто конечно ќе се елиминира автохтоноста на македонскиот јазик и ширум ќе се отворат вратите за прекрстување на државата и бришење на македонскиот народ. Со овој договор, меѓународната положба на македонскиот јазик е дефинитивно уништена. Клучно е што тоа е направено со наша согласност. Можеме да бидеме сосема сигурни дека Софија нема да дозволи никаде во светот

(ООН, НАТО, ЕУ, ОБСЕ...) нашиот јазик да се регистрира без додавката - *„според Уставот“*. Македонски јазик ќе нема никаде. На Вашингтон му преостанува само уште во Софија да ја заврши епопејата со јазикот и народот, започната преку Атина, и приказната за македонизмот ќе биде целосно и дефинитивно завршена. Исто како и со промената на името со Грција, и сега е клучна наша согласност. Небулозите на Бугарија не може да се исполнат, ако ние не се откажеме од јазикот и не прифатиме дека сме „неосвестени“ бугарчиња.
На тоа веќе упорно се работи. Македонија покажува дека е спремна да витка ’рбет и да капитулира. А Божидар Димитров, и слични те во Софија, се уште не можат да сфатат дека кај нас се нашле такви аматери кои ќе потпишат ваков договор.
Очигледно, нашата нова власт е спремна да ги жртвува фундаменталните интереси на македонскиот народ, преку стратегиски и историски отстапки. Тоа е невидена шанса за сите мршојадци да ги задоволат своите апетити, било од соседството, било од Вашингтон и Брисел. Ваков каков што е, договорот е завршница на бугарските историски фалсификати. Со тоа, Софија докажува а ние прифаќаме дека корените на Македонците се бугарски. Договорот содржи само бугарски интереси со целосно игнорирање на македонските и е полн со нелогичности и противречности. Ниту еден збор не е во корист на Македонија и на Македонците. Текстот е асиметричен и директно и отворено го негира историскиот карактер на македонскиот јазик и неговата автохтоност. Тоа е еден од клучните бугарски интереси во договорот, иако и другите не се за потценување. Еве ја замката: ако според договорот, нашиот мајчин јазик е според нашиот Устав, како тогаш било порано? КАКО БИЛО ПРЕД 1944 ГОДИНА, ПРЕД СОЗДАВАЊЕТО НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА?
ТОГАШ НЕ СМЕ ИМАЛЕ УСТАВ И СЕГА, СПОРЕД ДОГОВОРОТ, ПРИФАЌАМЕ ДЕКА НЕ СМЕ ИМАЛЕ НИТУ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК! Доволно ли е јасно каква глупост ќе потпишеме? Зарем нашите дедовците не знаеле каков јазик зборувале?

1. Во договорот воопшто не се спомнува македонскиот народ. За Бугарија таков нема, а нашите преговарачи, очигледно, не сакале да „провоцираат“ со нешто што не постои! Да се потпишува договор за пријателство и соработка меѓу две држави, а да се игнорираат термините „бугарски“ и „македонски“ народ, во најмала рака е – надвор од умот. Соработката и пријателството се меѓу народите, меѓу луѓето, а не меѓу министерствата, заводите, управите...
2. Ги нема и не се спомнуваат ниту малцинствата. Ако Македонија имаше било каков интерес за еден ваков договор, во прв ред тоа требаше и мораше да биде регулирање на положбата на Македонците во Бугарија. Се знае дека тие не се признати, дека жестоко се асимилираат, дека немаат никакви права и дека се прогонувани заради нивните национални чувства. Пресудите на Судот од Стразбург, за регистрација на партијата на Македонците во Бугарија, ОМО ИЛИНДЕН – Пирин, не се почитуваат. Како може да се гради пријателство со Бугарија без да се регулира статусот на тамошните Македонци, кои се уште се многубројни иако ги има се помалку и помалку? Какво пријателство ќе градиме со некој кој нас не не признава како народ, а нашето малцинство го негира на бесрамен начин?
3. Македонија мораше да инсистира Бугарија да се извини и за фашистичката окупација во Втората светска војна, макар на најблаг можен начин. Арно ама, такво нешто не доаѓа предвид бидејќи нам ни е доделена улогата на држава поразена во војна, којашто послушно ја играме. Наместо тоа, ние ќе го менуваме нивното фашистичко минато во нашите учебници!? Зошто инаку би биле бугарски пријатели?
4. Во преамбулата на договорот се вели дека ќе се соработува – *„врз основа на меѓусебно почитување, доверба, разбирање и заемно почитување на интересите на двете држави“*. Во бугарскиот однос кон Македонија нема апсолутно ништо од наброеново.
5. Во истиот дел, крајно непотребно и како шлаканица за нас звучи нагласувањето на – *„фундаменталното значење на Заедничката декларација од 22 февруари 1999 година, во односите меѓу двете*

*земји“*. Се валоризира нешто што претставува очигледно и навредливо негирање на македонските национални и државни интереси и што, за жал со наша согласност, урнисува еден од двата столба на државата – македонскиот јазик. Така е бидејќи со тоа и договорот добива на тежина. Професионалци наспроти аматери.
6. Овој дел од текстот завршува со класично негирање на македонизмот. Се заклучува дека договорот ја има предвид – *„заедничката историја, којашто ги поврзува двете држави и нивните народи“*. Бидејќи историјата е заедничка, со други зборови бугарска, нормално е да не се спомнува „македонски народ“. Таков нема. Согласни сме и ние. Ваква глупост немаше во декларацијата.
7. Веќе објаснивме дека бугарската помош на нашиот пат кон Брисел е сосема безначана. Тоа го признава дури и Софија. Во член 2 од договорот пишува дека Бугарија – *„ќе ја поддржи Република Македонија за добивање на покана за членство во НАТО согласно соодветните одлуки од средбите на врвот на НАТО“*. Бидејќи врвот на НАТО, уште во 2008-та, ни постави блокада, уцена и ултиматум – прво името, потоа членство, ова значи дека Бугарија и во договорот за пријателство со Македонија ни ја реафирмира својата поддршка на блокадата којашто ни ја постави алијансата! Штом врвот на НАТО ќе реши да не прими, Софија прва ќе аплаудира. Впрочем, тие се сосема неважни и во НАТО и во ЕУ ама кога е Македонија во прашање се прават важни.
8. На наша додатна штета, со член 3, Македонија презема обврска дека – *„двете договорни страни ќе организираат, со заемна согласност, заеднички чествувања на заеднички историски настани и личности...“*. Нема повеќе дали сакаме или не. „Заемна согласност“ е потребна бидејќи поинаку и не може, ама не треба да биде спорно дека ќе играме по нотите од Софија и Вашингтон, и заедно ќе славиме – бугарска историја.
9. Членот 5, што е препишан од декларацијата, се однесува на нашата обврска да ги баталиме Македонците во Бугарија. Ние ништо не сторивме за нив, и без тоа, ама сега и Собранието ќе мора да потврди, со ратификација на договорот, дека Македонци во Бугарија – нема. Тоа е работа на тие што така се чувствуваат и

нема врска со нас. Нас и така ќе не прекрстат. Овој член е целосно асиметричен бидејќи таква обврска за Софија – нема. Тие можат непречено да ги освестуваат „Бугарите“ во Македонија, а прифаќаме дека Македонци кај нив – нема!
10. Бугарската министерка за надворешни работи, Е. Захариева, јасно ни порача – „*Скопје треба да одлучи, дали ќе продолжат да бидат изолирани од своите соседи и светот, правејќи се многу големи и важни или сакаат да имаат европски перспективи*“. Ова мене повеќе ми личи на закана отколку на пријателска порака. Вам?

## ГРЕШКИТЕ НЕ СМЕЕ ДА СЕ ПОВТОРУВААТ: ДОГОВОРОТ СО БУГАРИЈА МОРА ВЕДНАШ ДА СЕ ОТКАЖЕ

*(Јануари, 2021)*

Бугарската блокада е само една во низата на коишто е изложена независна Македонија. Веројатно не е ниту последна. Сите беа дел од исто сценарио, замислено во Вашингтон, којшто безмилосно се спроведува. Целта е конечно затворање на „Македонското прашање“. Долгото непризнавање на независноста на државата беше првата блокада. Со тоа започна процесот кој треба да го сотре македонскиот народ којшто, очигледно, не е прифатлив за светот. Со втората беше спречен приемот на Македонија во ООН. Зачленувањето е обична формалност, ама не беше така и за нас, иако ги исполнивме сите услови. Нелегално ни го суспендираа името, ни наметнаа навредлива референца и медијација... Се со цел да се прекрсти земјата, а со тоа и народот. Сето тоа беше флагрантно кршење на Повелбата (Уставот) на ООН.
Грчката блокада на јужната граница, во 1994, беше третата.
Во Букурешт (2008), САД ја преземаа четвртата блокада и тоа во очај бидејќи повеќе од 130 држави го прифатија нашето име. Со неа започна процесот на конечно разнебитување на македонскиот народ, што сега и се случува. Тогаш, на срамен начин, НАТО ни ги затвори своите, а со тоа и вратите на ЕУ, со уцена и ултиматум – прво името (прекрстување), потоа членство.
Сите што се уште мислат дека овие блокади биле случајни и неповрзани меѓу себе, немаат поим ниту што ни се случува, ниту во каков неповрат насилно не туркаат. Носител на една ваква современа македонска трагедија не се ниту можат да бидат Грција, Бугарија или која било трета земја.
Такви долгорочни и прецизни политики можат да генерираат само САД. Меѓутоа, воопшто не е за потценување ниту улогата на нашите политичари. Клучно е што никој не можеше да не прекрсти без наша согласност, а ние ја дадовме за џабе.

Затоа, нашите џелати имаат оправдување и веќе утре ќе не прашуваат – а зошто се согласивте? Тоа е клучот на нашите порази и затоа вината во најголем дел е наша.
Заедничко за сите блокади е тоа што Македонија никогаш енергично не се спротивстави со аргументите коишто секогаш ги имаше. Без исклучок, сите блокади беа нелегални, спротивни на меѓународното право и надвор од сите воспоставените процедури, принципи, правила... Во спомнатите случаи, како и во многу други, Македонија само го виткаше ’рбетот и прифаќаше и исполнуваше се што се бараше од неа. Никогаш не се спротивстави ниту пак постави услови.
Исклучок е апликацијата во Судот во Хаг, ама и одличната пресуда неславно заврши бидејќи странците ја игнорираа а ние самите ја баталивме. Сите овие години, нашето однесување беше срамно, неодговорно, некомпетентно, израз на неспособност и на недостиг на патриотизам... А секако имаше и корупција и криминал, било материјални, било политички. Притисокот на странците не е никаков изговор бидејќи тие за тоа се платени и професионално си ја вршат нивната работа иако, можеби, лично и не се согласувале со безобѕирностите коишто службено ни ги наметнувале. Тие сигурно биле пресреќни за своите успеси ама, најверојатно, истовремено се чуделе на аматеризмот на нашите политичари.
До сега, Македонија се однесуваше покорно, а позицијата на земјата постојано се влошуваше и дел по дел ги губевме и државата и народот. Крајно време е, а можеби и последна шанса, да кажеме – НЕ и да не дозволиме повеќе разнебитување со наша согласност. Ако макар нешто научивме од нашето неславно минато како независна држава тогаш, по ветото за почеток на преговорите со ЕУ, Македонија има само една опција во односите со Бугарија: одлучно да ѝ порача дека, доколку веднаш не ја прекинат блокадата, ние ќе го откажеме Договорот за пријателство и соработка.
Објаснувањето е едноставно – договорот не создаде услови за развој на односите туку за блокади. Тие го злоупотребуваат за свои национал - шовинистички цели и за материјализирање на нивните

бесмислени историски синдроми и ние повеќенема да го толерираме тоа. Таков договор не е потребен.
Поука мора да извлечеме од грчката блокада на јужната граница, поставена во февруари 1994 година. Тоа беше страшен удар за економијата. Беше запрен главниот крвоток бидејќи преку Солун оди добар дел од размената со светот.
Тогаш, веќе подолго време, беше блокирана и северната граница, како дел од санкциите на СБ на ООН против Србија.
Македонија беше оставена без железнички врски со светот.
Секна и увозот на нафта, со што замреа речиси сите активности во земјата. Тешко дека друга земја ќе издржеше две години под речиси целосна транспортна блокада.
Со овој терористички потег, Грција направи целосен пресврт во врска со спорот за нашето име и ја доведе Македонија во речиси безизлезна ситуација. Истото го постигна и Бугарија со блокада на нашето членство во ЕУ, коешто сега изгледа недостижно. Грчката блокада дојде во моментите кога Македонија се стабилизира по бурите сврзани со непризнавањето, приемот во ООН... бидејќи бројни земји започнаа да не признаваат со историското име.
Нашата јужна граница беше блокирана откако светските фактори, кои безмилосно сакаат да не урнисаат како народ, сфатија дека работите им излегуваат од контрола. Тоа во никој случај не беше само грчки потег. Никој ништо конкретно не презеде, освен млаки вербални осуди, што потврдува дека и Вашингтон, и Брисел, практично ја поддржуваа блокадата. Логиката е јасна: со уништена економија, Македонија многу полесно ќе капитулира. Претрпените штети се непроценливи и се мерат во милијарди долари. Се уште може да се бара оштета.
Наша непростлива и историска грешка беше што не возвративме на блокадата. Додека границата беше затворена за наши, преку Македонија секојдневно транзитираа илјадници тони грчки стоки.
Авторот на овој текст, кој тогаш беше потсекретар (државен секретар) во Министерството за односи со странство (МНР), енергично се залагаше за реципроцитет и за блокада на јужната граница и од наша страна. Поднесе и конкретни податоци за огромните количини грчки стоки што дневно транзитираа низ

земјата. Сепак, тоа не беше прифатено. Ставот дека било рано Македонија да покажува заби беше погрешен. Благодарејќи токму на блокадата, следуваше Привремената спогодба (ПС) со Грција (1995), со којашто САД максимално ја девалвираа нашата позиција во спорот за името. Со неа беше дефинирано дека мора да има и трајна спогодба со Грција, што неизбежно водеше во прекрстување и наш целосен пораз. Ако, пак, возвратевме, многу е извесно дека работите ќе се одвиваа сосема поинаку: а) Атина бргу ќе мораше да ја прекине блокадата бидејќи и нејзините штети ќе беа огромни. Ќе имаше силни барања во самата Грција. Со тоа, ќе се минимизираа нашите штети; б) ќе немаше Привремена спогодба или, пак, ќе беше неспоредливо подобра за нас и, што е најважно - в) немаше да бидеме доведени до безусловна капитулација во Нивици, договор што произлезе од Привремената спогодба, и до срамниот договор со Бугарија. Пресвртот којшто Грција го постигна со блокадата, е коренот на сите наши последователни страдања и порази.
Ова не е изигрување на генерал по војна. Се работи за факти: грчката блокада на границата им овозможи на САД да ни прават што сакаат. Да бидеме објективни до крај: можеби токму поради нејзината мирољубива политика во 1990-тите, Македонија и опстана како држава. Не дозволи војните од поранешната федерација да се прошират и на југот. Ако тоа се случеше, неизбежно ќе следеше нов балкански судир веројатно погубен за нас, ама и за сите други. Никој не ќе можеше да го контролира неизбежниот хаос. Факт е дека македонската воздржаност, практикувана од претседателот К. Глигоров, ни донесе поени и рејтинг коишто веројатно ќе беа загрозени ако покажевме заби и возвратно ја блокиравме границата, ама штетата што ја претрпевме е огромна и непроценлива и тоа не смееше да се дозволи. Во тогашната ситуација, сигурно беше невозможно да се процени до каде може да се оди со сопствени потези, особено кога се знаеше дека од другата страна, зад се, стојат - САД. Сите конци беа во нивни раце, а веќе се насетуваше дека Македонија, каква што беше, не е прифатлива за нив. Затоа долго не ја признаваа, ја

оставија без име... Меѓутоа, во политиката мора да се преземаат и одредени ризици, за да се постигнат целите.
Без тоа нема победи. Тоа е мудроста без која тешко може да се зачува своето. Гледано од денешен аспект, Македонијамораше да одговори со реципроцитет на грчката бокадата на границата. Тој пропуст беше наша клучна грешка и имаше катастрофални последици за земјата. Ова се само гласни размислувања а конечниот суд секако ќе го даде историјата.
Повторно сме под блокада којашто по многу нешто наликува на грчката. Ако тогаш ништо не презедовме и доживеавме тешки порази, овој пат НЕ СМЕЕМЕ ДА ЈА ПОВТОРИМЕ ИСТАТА ГРЕШКА. Ако веднаш не ѝ поставиме ултиматум на Софија – или блокадата, или договорот, сигурно ќе се доведеме во иста ситуација како и во 1994/5 година. Ако не постапиме одговорно и одлучно, или САД, како тогаш, или сега Брисел, ќе се појават со „решение“ со некаква нова „привремена спогодба“, анекс или нешто слично, што ќе биде погубно за нас. Мора да сфатиме дека странците ги бранат своите интереси. САД не се наш „пријател“ и „партнер“ бидејќи тие не прекрстија, а не Грците, а ЕУ не знае што сака. Ако не го спречиме злото, кое е пред врата, конечен пораз не ни гине. Право на грешки веќе немаме. И грчката и бугарската блокада се само нови докази дека разнебитувањето на македонскиот народ е смислено и менацирано од еден ист центар. Освен предноста што ја има Софија со членството во ЕУ, во нашите анализи мора да се нагласи дека добар дел од небулозите што ги бараат, доста аргументирано ги базираат и на капитулантскиот договор. Крајно неразумно, ние со него прифативме – а) дека нашиот јазик не е автохтон туку произлегува од Уставот со што ipso facto се признава дека е бугарски дијалект; б) дека имаме заедничка историја, којашто може да биде само бугарска бидејќи два народа не можат да имаат иста историја туку само еден и в) да се формира комисија којашто треба да ни ја утврди историјата. Со овие неспорни факти, ОФИЦИЈАЛНО ПРИФАТЕНИ ОД НАША СТРАНА, Софија може да постигне што сака во Брисел, во голготите пред коишто ќе бидеме исправени за

зачленување во ЕУ. Унијата и членките веќе покажуваат разбирање за тоа.
Реакцијата на Чешка и Словачка е повеќе исклучок отколку правило и главно е предизвикана од револтот што Софија бескрупулозно ги присвои Светите браќа Кирил и Методи.
Нашето досегашно неразумно толерирање на бугарскиот екстремен шовинизам е порака за Софија дека се во право и дека така треба да продолжат. Премолчувањето на нивните небулози значи дека сме помирени со последиците коишто неизбежно претстојат. Ако веќе ги одмолчавме бесмислените и навредливи изјави на политичарите во Софија, моравме соодветно да одговориме на „објаснувачкиот меморандум". Тој е меѓународен документ што ние го игнориравме. Во целина, нашата воздржаност значеше целосна неоговорност.
Исправени сме пред тежок историски предизвик, што никој не смее да го потценува. Како никогаш до сега, Македонија е на историски крстопат. Прашањето е - ќе не биде како народ, или не. Ништо помалку од тоа. Секој мора три пати да размисли што и како ќе, или нема да преземе. Одговорноста ќе следи. Правдата можеби доцни ама, на крајот, секого стигнува.
И минимално разбирање на дипломатијата, како и на политиката, покажува и докажува дека со виткање на 'рбетот ништо не се постигнува. И нашето толерирање на грчката блокада од 1994, и поразите што потоа ни се случија, го потврдуваат тоа. Успех може да очекуваат само тие што беспоштедно се борат за своите права. Понижувачкото и срамно прифаќање на блокадите, уцените и ултиматумите, како и затворањето на очите кога те плукаат и те прават недокквакан, води само во неизбежен пораз.

## СО КАПИТУЛАНТСКИТЕ ДОГОВОРИ, МАКЕДОНИЈА ГИ РЕШИ ПРОБЛЕМИТЕ НА НАТО И ЕУ, АМА НЕ И СО СОСЕДИТЕ

*(Февруари, 2019)*

Во 2008 година, на срамен, нелегален и силеџиски начин, НАТО (и ЕУ) ни поставија блокада, уцена и ултиматум – прво името потоа членство. Тоа не им служеше на чест и сакаа што побргу да го надминат случајот, се разбира со наше прекрстување, ама тоа предолго траеше. Подоцна, нашиот прием во НАТО стана итен заради конфронтацијата на САД со Русија. Следуваше наше прекрстување а со тоа и Брисел го премости срамот. За да се решат тие нивни проблеми, Македонија беше натерана да потпише капитулантски договори со Бугарија и Грција. Како последица на тоа, бргу ќе влеземе во НАТО додека членството во ЕУ останува неизвесно. Со договорите, меѓутоа, ние воопшто не ги решивме проблемите со соседите. Најмалку нивните вековните негирања на македонскиот народ, јазик...

Нашето понижувачко и предавничко прифаќање на сите бугарски и грчки услови во штетните договори, наметнати од други фактори, коишто не носат ништо добро на трајна основа, се само наши очајнички потези. Овие договори се безвредни листови хартија, неми сведци за нашите порази и за откажувањето од самите себе, како посебен народ. Тоа неизбежно ќе ни се врати како бумеранг. Ние прифативме дека не сме Македонци и сега ќе следуваат нивните нови чекори за бришење на секаква трага од македонизмот.

Обична лага се сите тврдења дека проблемите со нашите агресивни соседи, чии политики кон Македонија подолго од еден век се класичен иредентизам, се решени и дека е започнато меѓусебно пријателство. Тешко е да се замисли поголема нелогичност и бесмисленост. Проблемите имаат само нов квалитет – наше прифаќање на вината за нив. Како резултат, соседите уште долго време ќе не удираат по глава, ќе бришат се што е сврзано со нашиот идентитет, максимално ќе не негираат како народ, а ние

нема да може да се браниме бидејќи сме потпишале дека не сме тоа што сме. Потрагична ситуација за еден народ не може никој да замисли. А „нашите“ политичари и пратеници, откако ја прекрстија државата и го урнисаа народот, се гушкаа во Собранието! Да гледаш и да не веруваш. Зарем толку не знаат што прават? Нормално е што Албанците славеа бидејќи со овие македонски историски грешки и глупости се создава можност за довршување на нивниот големоалбански проект. Необјасниво е, меѓутоа, зошто „Виножито“ и Павле Васкопулос позитивно се изразија за договорот со Грција, кога со него се бришат и тие како македонско малцинство? Некаква заднина секако има. Само писателката Кица Колбе и други како неа знаат зошто е тој прифатлив... Едногласната поддршка на Дипломатскиот клуб, пак, не зачудува бидејќи е очигледно дека тие таму немаат поим што е тоа дипломатија, и дека е тој основан со единствена цел да ја поддржува власта. Тоа се луѓе кои граделе кариери и станале амбасадори главно по партиска линија, а тоа секогаш има своја цена. И без дипломатско искуство, секој лесно ќе заклучи дека договорот е голема несреќа за Македонија. Да прифатиш да се избришат сите национални институции (МАНУ, МРТ, МНТ, МОБ, МИА...) и да не си свесен што се случува е надвор од умот за кој било човек, камоли за дипломат.
Единствено е точно дека со договорите ни се отвора патот за НАТО, што по Букурешт (2008) беше нелегално затворен со насилна блокада, уцена и ултиматум,. Цената што е платена за тоа е огромна и неприфатлива со што целиот потфат се сведува на непростлива историска грешка. Впрочем кога терористите земаат заложници, западните земји не преговараат со нив, за да не им дадат легитимитет. Сосема спротивно на таквата добра пракса, со двата понижувачки договори, ние дадовме целосен легитимитет на нелегалната и дрска уцена за нашето членство во НАТО и ЕУ, сврзана со името, што ни ја поставија Вашингтон, Брисел, Берлин... И, срамно капитулиравме. Ја фрливме во ѓубре и пресудата на највисоката светска правна институција, Судот од Хаг, којашто јасно покажа дека ние сме во право. И не само што преговаравме со терористите, туку ги прифативме и сите нивни

подли, навредливи и безобѕирни услови. Како да сме поразени агресори! Нема апсолутно ништо додатно што можевме да жртвуваме во договорите со Софија и Атина, од тоа што го (пре)дадовме. Го урнисавме столбот на нашиот национален идентитет – македонизмот и го игнориравме клучниот факт дека нашата досегашна држава го доби името од народот а не од регионот. Крајно загрижени, можеме да констатираме дека историскиот македонски пораз не реши ниту еден проблем со соседите. Тие ќе не „пуштат“ да влеземе во НАТО, бидејќи е тоа американски приоритет, и – толку. Унијата, којашто е наш вистински интерес, е друга приказна.
Додека во договорот има јасна обврска за Грција да овозможи наше брзо членство во НАТО, во врска со Унијата нема ништо. Се повторува текстот од Привремената спогодба за непопречување, што веќе се покажа дека ништо не значи, дури и со пресуда од Хаг. Грција секако нема да се осмели за некаква генерална блокада ама, во процесот на прием, преку 35-те поглавјата што ќе се преговараат, секојдневно ќе ни става сопки. Безмилосно ќе ни ја исцедат и последната македонска капка крв. Како вистински „пријатели“, де. К. Мицотакис веќе го најави тоа.
Договорот со Бугарија, и особено договорот со Грција, се величаат на начин којшто нема никаква врска со вистината, со единствена цел да се залаже народот. Прво, се вергла дека сме станале пријатели со овие две земји, а можеш ли да бидеш пријател со некој што тврди дека не постоиш? Впрочем, информациите што секојдневно доаѓаат од таму го покажуваат токму спротивното. Бугарските кампањи на негирање на Македонците никогаш не биле пожестоки. Бугарскиот екстремизам се повеќе се шири. Сметаат дека сега треба да не докусурат како народ, јазик, историја... Сите нивни изјави се за црна хроника. Тоа е нова потврда дека позицијата на Софија кон Македонија е полоша од грчката. За Атина, пак, сега започнува борбата за брендот „Македонија“. Откако со договорот ние прифативме дека не сме Македонци туку дека такви има само во Грција, нивни, тие сега ќе бидат порелаксирани кон нас. Особено кога/ако Бугарија успее да ни го прекрсти јазикот, барање што веројатно ќе следува.

За разлика од Бугарија, мора да се признае дека во Грција се случи и одредена катарза во однос на „Македонското прашање“. Прв Н. Коѕијас рече дека нивната парола – *„Македонија е една и грчка“* е иредентистичка. Жалосно е што ние тоа претходно не го искористивме. Тоа го повтори и пратеникот на Сириза, Никос Филис, кој заклучи дека има повеќе Македонии и дека со оваа парола тие се лажат самите себе. Во Парламентот, тој рече и дека – *„кога Грција за прв пат го освои овој регион во 1912, мнозинството беа етнички Македонци и со декади беше чистен етнички за да стане грчки“.* Тој објасни дека Грците станале мнозинство во нивниот дел од Македонија со размената на население во 1921/1922 година.
И А. Ципрас беше прилично речовит. Во Парламентот, во „пресметка“ со комунистите, тој спомна – *„70.000 бегалци од Граѓанската војна кои, во 1983, грчката држава ги лиши од правото да се вратат во нивната татковина“,* за да продолжи – *„ниту ќе се осврнам на славомакедонката Ирини Гини – Мирка Гинова, комунистка, првата жена егзекутирана во Граѓанската војна“. На крајот праша – „како КПГ смета дека грчката држава би можела и би требала да ја признае__оваа земја? Како? Со кое име? Како ќе ги викаме овие луѓе, што мислите?“* До сега, вакво нешто беше незамисливо во Грција.
Нивната вековна политика на негирање на Македонците сека ко нема да се смени ама ова се позитивни импулси. Впрочем, 69 проценти од Грците се против договорот. Историските синдроми се многу длабоки а опозицијата, којашто најверојатно од есен ќе биде на власт, јасно стави до знаење дека е исто така против договорот. Таа нема да го поништува бидејќи, всушност, е пресреќна дека проблемот се решава, дека нема да го имаат како товар ама, паралелно, играат на картата на екстремниот грчки национализам којшто е реалност и пали кај народот. А, во преговорите за ЕУ, максимално ќе не толчат. Паралелно, сигурно е дека остро ќе реагираат и на секоја наша афирмација на македонизмот, што ќе биде речиси секојдневна појаво. Тоа ќе ни создава нови сериозни проблеми.

Дека јазикот ќе ни го прекрстуваат во преговорите за ЕУ, индиректно најави и евроамбасадорот С. Жбогар („Вечер“, 30 август 2018). Тој рекол – „*Јазикот на Блаже Конески и Матеја Матевски... да стане официјален јазик на ЕУ преведен како никогаш порано“.* Мислите случајно не вели – македонскиот јазик? Очигледно му е јасно што ќе следува. На нашиве, пак, очигледно, не им е. При потпишувањето на Протоколот за прием во НАТО, македонскиот јазик не се користеше. Некој го спречил. Некој, кој така и ќе продолжи.
Ноторен факт е дека проблемите со соседите воопшто не се решени Секоја следна, одговорна и национално свесна, македонска власт ќе мора да прави се што е во нејзина моќ да го врати името на државата и да изврши ревизија или да ги откаже договорите со Бугарија и Грција. Со еден збор, да ги врати достоинството на македонскиот народ и неговите национални институции. Голема битка е изгубена ама војната се уште не.

# ДАТУМОТ ЗА ПРЕГОВОРИ – СИМБОЛ НА МАКЕДОНСКИТЕ НАЦИОНАЛНИ ПОРАЗИ

*(Октомври 2019)*

Датумот за преговори за членство во ЕУ може слободно да се прогласи за симбол на македонските национални порази што ни се случуваат последниве неколку години.
Датумот ги опфаќа и означува трагичните и поразувачки политики коишто државава ги води на крајно аматерски начин.
Поразите се бројни, а главни се предавничките договори со Бугарија и Грција и законот за албанскиот јазик, со којшто земјата фактички станува федерација. Нормално е по такви недоветни потези Македонија да добива нови удари, што ќе се засилуваат и прошируваат во периодот што следува.
Народот убаво се сеќава дека мотивот со којшто ни ги продаваа овие договори беше дека тие ни го отвораат патот за ЕУ и дека токму затоа вредат историските жртви што се полагаат.
Референдумот беше врвот на тие свинштини. Со целосна наивност и политичка и дипломатска слепост, нашите „лидери“ ги форсираа преговорите со Грција на крајно неодговорен начин токму за да се добие датумот уште во 2018 година. Во таа непотребна и бесмислена итаница беа направени погубни отстапки за коишто еден ден ќе мора да се одговара. Да се надеваме дека тоа ќе биде набргу. Нашите колаборационисти во разнебитувањето на македонизмот дури не уверуваа дека датум сме добиле уште лани (2018) ама тоа не сме го разбрале. Не манипулираа и лажеа дека со двата договора, со коишто неизбежно се брише македонизмот во корен, божем се надминале историските синдроми на овие наши соседи, кои одамна го негираат нашето постоење како народ. Истовремено, не уверуваа дека со договорите сме го зајакнале нашиот национален идентитет и дека Бугарите и Грците отсега ќе ни бидат (нај)големи пријатели и партнери. Од сето тоа, апсолутно ништо не се оствари освен прекрстувањето на државата и разнебитувањето на народот.

Врз основа на овие груби измами и безобѕирни измислици, завиени во нереалните европски перспективи на земјата, дел од нашиот напатен народ беше потикнат да подржи погубни решенија. Причина беа и долгогодишните замајувања дека членството во Унијата ќе ни ги реши сите проблеми и преку ноќ ќе не направи побогати. Да се надеваме дека сите заблудени барем сега разбираат што ни се случува, согледуваат дека членството во ЕУ беше замка што не доведе во оваа небиднина. Неоспорно е дека Македонија треба да се обиде да стане членка на Унијата. Факт е и дека тоа е интерес на сите граѓани, ама никако по секоја цена и во никој случај со потпишување на неприфатливи договори. Токму фактот што Македонија се понижи, и народот се самоукина, за да биде примена во некаква унија, кажува се – и кои сме, и какви сме. А нема ништо поважно од достоинството. За нашите „водачи“, ова основно правило очигледно не важи.
Стара е изреката дека тоа што една будала може да расипе, сто паметни не можат да поправат. Токму тоа ни се случува сега. Иако секогаш лидерот е најодговорен, во нашиов случај виновник не е поединец. Ги има повеќе. Сетете се само кога 60-тина пратеници креваа раце во Собранието за да се докусурат самите себе како Македонци. Албанците имаа за што да гласаат, но не и Македонците.Тоа што тие немаа поим од политика и дипломатија, не е никакво оправдување. Впрочем, повеќемина од врвовите на власта се долго во политиката и дипломатијата и морале да научат барем нешто. Вака, сосема со право може да се претпостави дека некои од нив работаат за туѓи интереси. Кога веќе избираме такви, ред е и ќотекот да си го јадеме.
Откако Македонија повторно не доби датум за преговори во октомври 2019 година, а Франција за прв пат отворено најави дека нови проширувања нема да има (можеби воопшто), логично следуваа изјави на бројни странци за поддршка на нашата земја. Сите тие се свесни за нивниот личен придонес во нашите самоубиствени потези како народ, направени со менување на името на државата, на Уставот... Тие сега јавно жалат што не добивме датум, а до вчера не блокираа, уценуваа и ни поставуваа ултиматум дека мораме прво да се прекрстиме (со што идентитетот

на народот оди јабана), ако сакаме во Унијата. Тие ги реализираа своите задачи и интереси и сега лицемерно жалат за нашата судбина откако за џабе ни го свиткаа ’рбетот. Меѓутоа, да бидеме искрени: никој нормален во светот не би ги послушал освен нашите „мудреци“, а странците сигурно им се чуделе на умот. Факт е и дека сите западни политичари, со цела уста не фалат за нашите самоуништувачки потези. Причината е едноставна – им решивме нивен проблем. Нелегалното блокирање на нашето зачленување во НАТО и ЕУ беше голем срам за Вашингтон и Брисел и токму поради тоа тие го сменија и Н. Груевски бидејќи не беше спремен да згази врз сопствениот народ.
Недобивањето на датум за преговори не е никаква трагедија. Тоа само го покажа аматеризмот на нашата власт.
Впрочем, да го добиевме датумот и лани, ништо суштинско немаше да ни се смени. Надежите дека Брисел ќе дојде за да ни ги решава нашите проблеми се сосема погрешни. Тие што бараат камшикар од надвор само покажуваат дека се некадарни за своите задачи. Единствен лек во таков случај е – оставка, ама нашите немаат таква доблест. Добивањето на датум, пак, нема да ни донесе многу радост бидејќи кога ќе ги започнеме преговорите влегуваме директно во пеколот и тоа на голема врата. ТАКОВ Е ПЛАНОТ. Тогаш почнува комбинираната бугарска и грчка агресија врз преостанатото од македонизмот, поточно врз Македонците. Ќе следува неиздржлив и навредлив терор врз нашиот народ.
Меѓу Словенија и Хрватска имаше едно отворено прашање со коешто Љубљана речиси две години ги блокираше преговорите на Загреб. Софија официјално најави дека има и сака да реши 71 проблем. Толку неприфатливости сака да ни наметне! Веќе открија дел од нив: наше откажување од македонскиот јазик, од македонското малцинство кај нив, од бугарската фашистичка окупација, од нашата историја...
Сите се од суштинско значење за нашата земја и народ и нерешливи за кусо време. Отстапки не смее да има. Тоа значи дека нема да има ниту зачленување. Софија тоа не го крие.

МНР, Е. Захариева, отворено ни порача дека датумот не значи и членство. Впрочем, ако за секој од најавените 71 проблем не блокираат по шест месеци, колку ќе преговараме?
Иако во позавиена форма, Атина исто така ни испорачува слични ултиматуми. Изгледа дека нивните заложби ќе се концентрираат на добивање на монопол за меѓународно користење на брендот „Македонија“. Тоа ќе значи дека за светот нема да има ништо наше како македонско: вино, патлиџани... Ништо.
Ќе повториме уште еднаш – со договорите со Бугарија и Грција, Македонија не реши ниту еден свој проблем. Само ги прифати и озваничи, како нешто легално и легитимно, нивните вековни синдроми дека не постоиме како народ.
Се согласивме иститe да се стават на маса за дефинитивно затворање на „Македонското прашање“, што е возможно само со бришење на македонскиот народ. А тоа, веќе подолго и се случува. Преговорите со Унијата се идеална шанса за докрајчување. По распадот на Југославија, Вашингтон филигрански го спроведува и менаџира тој процес. Сите други, од Атина, Софија и Тирана та се до Брисел, се само активни статисти кои крајно дисциплинирано си ги извршуваат улогите предвидени во вашингтонското сценарио.
Нашето величање на членството во НАТО намерно го прескокнуваме бидејќи тоа е главен интерес на САД, за да се затвори регионот од евентуален продор на Русија. Токму за таа цел, носител на проектот за потпишување на овие срамни договори беше Вашингтон. Народот повторно се доведува до заблуда дека членството во алијансата, која во меѓувреме стана главен светски агресор, е некаква голема придобивка за земјата. Македонија нема што да бара во оваа воена организација и треба да се држи на страна бидејќи нивните интереси не кореспондираат со нашите. Тоа најдобро се виде во 2001 година кога НАТО, преку САД (или обратно), водеше војна против Македонија. И останатите 26 години истото го правеа ама пософистицирано. Нивен стратегиски партнер во регионот се Албанците и затоа отворено го реализираат големоалбанскиот проект, со што се загрозува нашата земја.

Сега, единствено ни останува самите да се чувствувамекако Македонци. Тоа никој не може да ни го забрани. Барем уште некое време. Се додека на власт не дојде некој нов гениј и не ни порача дека е време да престанеме да правиме мајмуни од самите себе, изигрувајќи нешто што официјално не постои.
Ова, сепак, не се црни мисли. Не е во прашање кошмарен сон. Ова е тажната реалност на македонскиот народ во овој момент. Најавените избори се единствениот начин што може да доведе до позитивен пресврт. Народот да одлучи. Ако ја поддржи оваа политика на историски порази, повеќе и не сме заслужиле. Ако некој по втор пат се сопне на ист камен, треба да си ја скрши ногата.

# СО НОВАТА МЕТОДОЛОГИЈА СЕ ЗАТВОРА ВЛЕЗОТ ВО УНИЈАТА

*(Февруари, 2020)*

До октомвриската блокада за проширување на Унијата (2019), што во никој случај не беше само потег на Е. Макрон, обично се велеше – кандидатите божем прават реформи, а Брисел божем им верува. И карванот си врвеше. Сега, откако е објавен нацртот на новата методологија за преговори, имаме сосема поинаква ситуација: Брисел ќе се прави божем ги прима, а балканските кандидати ќе се преправаат божем веруваат. Унијата се изгоре со прерано примените Бугарија и Романија и со тоа заврши бриселско – балканската сага.

Новата методологија во никој случај не е измислена за да го олесни приемот. Целта е дијаметрално спротивна: да нема членство без исполнување на високите критериуми.

Ќе се квалификуваат само земјите коишто навистина се приближиле до основните вредности на Унијата, којшто, пак, објективно, за нив се долгорочно недостижни. Во нацртот, три пати се нагласува – „*пристапувањето во ЕУ е процес кој бара и подржува ТЕМЕЛНИ реформи и политички и економски промени во земјите кандидати*“. Со други зборови, нема да има гледање низ прсти. Второ, „*Земјите членки ќе бидат поканети што посистематично да придонесуваат во процесот на пристапување, вклучувајќи и преку мониторирање на терен со нивни експерти, со директни контрибуции во годишните извештаи и преку секторска експертиза. Тие ќе имаат можност поредовно да го оценуваат вкупниот напредок*“, *а ќе треба да го потврдуваат и тн. „годишен пакет на проширување*“, при што – „*ќе бидат детално елаборирани постигнатите реформите како и задачите за следната година*“. Трето - „*земјите членки ќе треба да се согласат кога земјата кандидат ќе оди напред во следната фаза на преговорите*“. Четврто, се создаваат кластери. Поголеми кочници од овие, кои максимално ќе го отежнуваат преговарањето, не можат ни да се замислат.

Во нацртот јасно се става на знаење дека се бара вистинско, а не божемно: (1) владеење на правото, (2) анулирање на масовната корупција, (3) слободни медиуми, (4) независни институции и професионална администрација, (5) суштинска демократија, (6) економски реформи за забрзан развој и приближување до нивото на развојот на членките, (7) добри односи со соседите, (8) координирана надворешна политика...
Добро ни е познато колку сите кандидати се далеку од овие критериуми. Целта на новата методологија е да се спречи зачленувањето на неподготвени земји бидејќи 62 проценти од Французите, 61 од Германците, 58 од Австријците... се против проширување. При такви бројки, кој нормален лидер во овие земји ќе прифати нови членки и тоа од Балканот? Објективно, на сите кандидати ќе им бидат потребни неколку генерации за да ги постигнат спомнатите барања.
Најнеприфатливо е инсистирањето во (6) „*... за забрзан развој и приближување до нивото на развој на членките“,* за што се потребни децении. Проблем е што условите во регионот се поинакви, а со тоа и навиките на луѓето. Нискиот животен стандард е најголема пречка. Кога основното правило е – снајди се и живеј, кога луѓето се на границата на сиромаштија, а таквите се многубројни, европските вредности се мислена именка. Решенијата се бараат во корупцијата. Таа е масовна бидејќи од неа живеат луѓето во полицијата, судството, образованието, здравството и, се разбира - во администрацијата.
Тоа е маѓепсан круг што уште долго време нема да овозможува европски вредности. Поаѓајќи од овие неспорни премиси, јасно е дека нови членки нема да има најверојатно следните 20-тина години, а датумот за преговори не значи апсолутно ништо. Уште утре да ни го дадат, а тоа евентуално би било само за да влијаат на претстојните избори, ќе следи бескрајно преговарање, слично како со Турција. Иако од новата методологија се исклучуваат Србија и Црна Гора, коишто веќе предолго преговараат, новите критериуми сигурно ќе важат и за нив. Како исклучок, можен е прием само на Црна Гора, за да се покаже дека проширувањето не е мртво.

Македонската приказна е најлоша. Откако срамно се откажавме од нашето име и идентитет, со капитулантските договори, речиси отворено им дадовме право на Атина и Софија да не газат во процесот на преговори. На најофицијален начин (Влада, Собрание...), Бугарија веќе ни стави до знаење дека ако сакаме членство мораме да исполниме повеќе од 20 ултиматуми и уцени, коишто се апсолутно неприфатливи.
Грција се држи малку повоздржано ама намерите се исти. Тие веќе кажаа дека ќе направат се за да го подобрат штетниот договор од Нивици, што е можно само преку нашите преговори за ЕУ. Деталите не ги знаеме ама нема двоумење дека се ќе биде погубно за Македонците. Овие две земји, макар со премолчена согласност, веројатно соработуваат против нас. Уште пред 15-тина година, по посета на Атина, еден британски експерт за Балканот кажа дека таму очекуваат Бугарија да се вклучи во случајот со името и да ја преземе штафетата. Тоа сега е реалност.
Во нацрт методологијата, за нас е најопасно зголемената улога на членките на Унијата во процесот на преговори. Тоа како да е смислено за да им овозможи на Бугарија и Грција да не кочат кога сакаат и колку што сакаат. Во принцип, таа процедура нема некакво поголемо влијание за Албанија, БиХ или Косово. Србија веќе преговара по старата шема и Хрватска нема да може нагласено да се меша кај нив. И од тие причини, преговорите на Македонија со Унијата ќе бидат наша најголема голгота до сега. Во секое поглавје, во секој кластер, двете соседни земји сигурно ќе ставаат безброј сопки. Тогаш ќе се урнисува се што ни останало од македонството. Ако сакаме да напредуваме, ќе мораме понизно да се откажуваме од многу суштински работи. Двете соседни земји ќе бидат извршители на американската политика за конечно бришење на македонизмот. „Контролори“ од Бугарија сигурно постојано ќе бидат кај нас и во сите поглавја ќе сплеткарат на бескомпромисен начин. Ќе го бараат невозможното. Грците нема да заостануваат. Ќе не вртат во круг. Факт е дека Атина и Софија со душа се залагаат што побргу да ги започнеме преговорите.
Тоа е нивен интерес бидејќи само така можат да ги постигнат сите нивни преостанати нелегални и нелегитимни интереси, коишто не

успееја да ги протнат во, за нас, погубните договори. (Исто како што ни направија САД со Привремената спогодба во 1995).
Меѓутоа, за нас е најважен фактот дека ним воопшто не им одговора Македонија да стане членка и затоа ќе направат се за да не спречат. Нивната цел е бескрајно да преговараме и така да зависиме од нив. Има две главни причини. Прво, Бугарија и Грција се свесни дека ако влеземе во Унијата ќе можеме без поголем проблем да ги откажеме договорите со нив и да си го вратиме името и се друго што историски ни припаѓа. Практично, тоа би било без сериозни последици бидејќи нема механизми за да не истераат. Второ, ако е Македонија дел од Унијата и Македонците во овие две земји, кои се целосно обесправени, ќе добијат ветар во грбот. Иако ние срамно се откажавме од нив, тие повторно ќе станат видливи и нивниот глас повеќе ќе се слуша. Затоа, Бугарија и Грција ќе направат се нашите преговори да траат со децении. Само така ќе може да ја привршат асимилацијата, поточно геноцидот врз Македонците кај нив. Со новата методологија, овие две земји имаат огромен маневарски простор да недржат што подолго надвор од Унијата. Исто како Турција, којашто е жртва на слични политики од поважните членки. Ова не е ништо ново. Прв Р. Плевнелиев директно ни порача: Македонија – да! - ама без македонизмот. Без Македонците.
Нема никаков индикатор дека и САД не ги споделуваат плановите на Бугарија и Грција. Горното сценарио извонредно се вклопува во нивните досегашни политики кон Македонија. Нацрт методологијата одлично ја отсликува и длабоката криза на Унијата, поради што проширувањето не е можно.
Таа сигурно подолго ќе потрае. Брисел е без јасни патокази. Освен дека треба да го држат надвор останатиот дел од Балканот, немаат никаква друга стратегија. Не им е воопшто јасно дека релативно брза преобразба на земјите од регионот, што е нивен долгорочен и траен интерес, е можна само во процес на преговори за членство, коишто треба што поскоро да започнат и не смеат да траат предолго. Вака, со нивните неисполнети ветувања, создаваат разочараност кај народите и политичките елити, и оставаат празен

простор што ќе води во уште поголема и погруба американска доминација, што воопшто не е во корист на Унијата.
Тешко е да се води и оди напред кога се губат мотивите и перспективите, што до вчера беа неспорни и постојано повторувани од претставниците на Унијата. Брисел не сфаќа дека за нив, сите политички и безбедносни проблеми можат да дојдат главно од Балканот и дека секогаш е подобро нештата да се спречат отколку да се лечат. Разликите со Вашингтон, коишто веројатно ќе ескалираат, лесно можат да им се рефлектираат токму преку овој регион. Мора да загрижува неспособноста на Брисел да се соочи со проблемите на Балканот. Без Косово, коешто е далеку од Унијата, другите пет земји (Албанија, БиХ, Македонија, Србија и Црна Гора) имаат околу 16 милиони жители што не претставува никаков предизвик за Унијата којашто има речиси 450. ЕУ е резултат на историска визија, без каква никогаш не може далеку да се стигне. Очигледно, такво нешто во Брисел сега им недостасува. Ова се реални претпоставки и очекувања што мора да ги имаме предвид. Доволно се јасни и прецизни најавите дека европските изгледи не ни се баш розови и дека се неопходни алтернативни опции и решенија. Залажувањето на народот со некаков датум и жртвите што се дадоа за таа цел, не фрлија во бездна.

# СОФИЈА И ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА ЗА МАКЕДОНИЈА

*(Септември, 2020)*

Бугарскиот „објаснувачки меморандум“ до членките на ЕУ, со којшто се негира се што е македонско, почнувајќи од јазикот и народот, има за цел нивните историски синдроми да ги вгради во преговарачката рамка за Македонија. Секој мора да се запраша – зарем е можно во 21 век некој да оспорува вековен та и милениумски народ? Свесни за нивните политики кон Македонците, барем во последните 150 години, потегот на Софија не треба нас да не изненадува. Освен во кусиот период во времето на Георги Димитров, ние секогаш за нив бевме „Бугари“... Максимумот што се спремни да го прифатат е дека сме творба на Тито, и претходно на Коминтерната, и дека како таков народ, со јазик којшто за нив е дијалект на бугарскиот, постоиме по Втората светска војна...

Сегашното бугарско вулгарно насилство врз Македонија е сериозна и опасна студена војна којашто нема да заврши со никакво милосрдие. Тоа е целосно исклучено. Ни теоретски не е можно Бугарија да се откаже од нејзините историски магли. Напротив, кај нив има целосна согласност дека ние немаме сопствени историски корени туку сме „етнички и јазичен инженеринг“, овозможен од комунистите, како што се вели и во спомнатиот меморандум. Сите политички фактори, заедно со грото историчари, интелектуалци, научници... сметаат дека нема Македонци како одделен народ. Така се индоктринирани. Меморандумот е финализирање на вековните бугарски аспирации кон Македонија и Македонците бидејќи со нашето влегување во ЕУ тие остануваат без можност за било какви бесмислени оспорувања и уцени. Кога и ние ќе бидеме внатре, ништо нема да ни можат. Нашите преговори за членство, се идеална алатка за нив да го добијат незамисливото. И, нормално, Софија сега тоа максимално го (зло)употребува.

Иако нашите политичари се обидуваат да ја минимизираат бугарската закана, многу е веројатно дека таа ќе донесе тешки и трајни последици за Македонците.
Сега е во тек првата фаза од нивниот меморандум: се обидуваат да вклучат што повеќе од барањата во преговарачката рамка. Нешто секако ќе успеат. Колку – ќе видиме.
Во втората фаза ќе настојуваат да го одложат почетокот на нашите преговори којшто се очекува во декември. Тоа е само тактика на притисок и ставање до знаење дека зависиме од нив. Софија ќе игра на таа карта се додека тоа нема да биде контрапродуктивно за партнерите во ЕУ. Наша шанса е дека Германија, сепак, одлучно ќе настојува почетокот да се случи оваа година, додека претседава со ЕУ, бидејќи тоа ќе биде и нејзин успех. Преговорите, пак, ќе бидат третата и најопасна фаза за нас. За да не попречуваат и уценуваат колку што сакаат и кога сакаат, Бугарите ќе ги имаат на располагање сите 35 поглавја во шесте кластери. Тактички, Софија сака да ги одлага преговорите, ама едвај ги чека бидејќи само преку нив може да ги конкретизира нејзините фашистички и шовинистички цели. Дури тогаш ќе бидат безмилосни, ова сега е само предигра. Ќе имаат речиси неограничено право да блокираат во секој момент. Ќе бараат отстапки коишто ќе бидат погубни за нас и никој нема да може да ги спречи. Ако некаде, пак, Бугарија и застане, ќе се појават Грција, Кипар...
Преговорите со ЕУ ќе бидат жестоко малтретирање со што ќе се доведуваат во прашање нашите темелни национални интереси. Ако продолжиме со досегашната капитулантска политика, што е веројатно, ние се повеќе ќе се откажуваме од самите себе како народ. Ова е реално сценарио. Како ретко кога, во земјава се крена голема врева во врска со овие бугарски неумности и безобразлуци, што е добро.
Меморандумот е длабоко навредлив за секој Македонец како и за сите слободоумни луѓе. Апсолутно не е точно толкувањето дека меморандумот е резултат (и) на внатрешно – политички потреби на Софија, коишто можат да се надминат по нивните избори. Станува збор за вековна бугарска политика кон Македонија, за која има целосен национален консензус. Што и да се случува таму на

домашен терен, да се менуваат пре миери и влади, во однос на Македонија ќе продолжи истатаполитика веројатно со посилен интензитет, а не со помал.
Впрочем, во однесувањето на Бугарија има дури и некаква логика: ако со Грција го жртвувавме вековното име, со што во голема мерка го згазивме нашиот национален идентитет, оти сега да не се откажеме и од јазикот? Зошто би биле мајка за грчките идиотски историски синдроми, а маќеа за бугарските, што во ништо не се разликуваат? И за едните, и за другите, ние одамна не постоиме како народ и зошто сега меѓу нив да правиме разлика? Зарем некој има дилеми дека тие не ги координираат нивните политики кон Македонија? Се сомнева ли некој дека задачата на Атина беше да го избрише македонскиот карактер на нашата држава, што беше еден од клучните исчекори во разнебитувањето на македонскиот народ, а Софија треба да го расчисти прашањето со јазикот? Не треба да заборавиме дека менаџер и режисер на целиот регионален балкански проект се САД. Сите поразителни договори што ги има потпишано Македонија од независноста до денес се нивно дело (Привремената спогодба, ОРД, Пржино, Нивици, договорот за „пријателството“ со Бугарија...). И не само нашите туку сите на Балканот (Дејтон, Куманово...). Во сите потези кон Македонија, од независноста до денес, целта беше бришење на македонизмот, поточно – на македонскиот народ што, сите овие години, филигрански се остварува.
Веќе сме во финалните мигови на проектот. Нормално е дека соседите, со нивните историски синдроми, имаат главна улога во тој процес.
За разлика од нашите сезнајковци, кои немаат поим што потпишуваат, на Бугарите се им е јасно: тие имаат прецизна стратегија и долгорочно планираат. Последиците за нас се тука, веќе видливи и ќе следуваат. Во меморандумот, логично, Софија оди со максимални барања и инсистира нашиот јазик да биде – *„официјален јазик на Република (С) Македонија“*, а не македонски. Сепак, тие се свесни дека тоа нема да може да им помине и затоа одат со втората варијанта - *„според Уставот...“*. Тоа е навредлива формулација за државата бидејќи сите други јазици во ЕУ ќе бидат

француски, шпански, хрватски... а само нашиот со опашка. Измислен.
Ќе биде речиси невозможно да се отфрли оваа формулација бидејќи документите со Бугарија така се потпишани и таане обврзува да ја користиме секаде каде што тоа ќе се бара. Затоа истата и ни беше подметната во 1999. Софија нема да ја пропушти шансата.
Со декларацијата и договорот, Софија доби добар дел од тоа што нелегално и нелегитимно го бараше, ама не се.
Останаа повеќе прашања што тие минатата година ги формулираа во документот подготвен од БАН, одобрен од владата и официјализиран од Парламентот во вид на декларација. Таму има повеќе од 20 бугарски барања, поточно уцени за Македонија. Сето тоа Македонија го премолча. Арно ама, со меморандумот, главните точки сега се на масите на членките во ЕУ. По кој знае кој пат, Македонија е повторно на тест.
Досега, најголемиот дел од испитите не ги положивме и сега се наоѓаме пред конечен пораз. Ако не се освестиме и тргнеме во одлучна офанзива во одбрана на нашите универзални права, црно ни се пишува. Ширењето оптимизам дека проблемите со Бугарија се решливи, дека е можен компромис и дека Софија ќе се повлече од екстремните позиции е крајно наивна и погрешна политика и тактика. Наместо тоа, треба да се растрчаме кај сите членки на ЕУ со барање на поддршка, презентирајќи ги аргументите коишто речиси сите се на наша страна. Нема поитна задача за државата. Мора да извлечеме искуството од случајот со Грција бидејќи истото ни се повторува. Не смееме да се самозалажуваме – зад бугарската агресија врз Македонија, исто како и зад грчката, стојат главните меѓународни фактори, што значи дека нивното повлекување не е опција. Ако сакаме да опстанеме како народ, мораме одлучно да се бориме. И бегла анализа на сите наши голготи, од 1991 до денес, јасно покажува дека затворањето на „Македонското прашање“, со бришење на Македонците, е во завршна процедура. Тоа мора да им биде јасно на надлежните. Во спротивно...

Моментално, единствено решение за нас е на Софија да и порачаме дека имаат две опции. Првата е да ја повлечат блокадата на Македонија за преговори со ЕУ и да се обврзат дека нема да не попречуваат во преговорите на сите 36 поглавја. Втората е, ако тоа не е прифатливо за нив, тогаш Македонија веднаш се повлекува од договорот за пријателство. Ако е тој основа за блокади на земјата и за бескрајни сопки и симболизира антагонизам, таков договор не ни треба.
Нашиот лажен оптимизам најавува нови непринципиелни, неприфатливи и историски погрешни отстапки, со коишто македонскиот народ ќе биде дефинитивно разнебитен. Еден ден, некој ќе мора за сето тоа да одговара.

# КОИ СЕ ГЛАВНИТЕ ПОЕНТИ ВО „ОБЈАСНУВАЧКИОТ МЕМОРАНДУМ“ НА БУГАРИЈА?

*(Септември, 2020)*

Во „објаснувачкиот меморандум“, Бугарија ја стокми нејзината точно утврдена и озваничена политика кон Македонија и им го испрати на сите членки на ЕУ, со барање Брисел да ги води преговорите за наше членство врз таа основа. Во меморандумот се вели, бара, инсистира, нагласува, прецизира, заклучува... дека: – „*процесот на проширување не смее да го легитимизира етничкиот и јазичниот инженеринг што се случил за време на поранешните авторитарни режими“,* (што треба да значи дека тогаш се измислени и Македонците како народ и нивниот македонски јазик и тие како такви не треба да постојат), – „*Македонија е географска и историска област... затоа, сите обиди да се наметне географскиот поим Македонија како официјално име на новосоздадената држава во 1992 година, ги оптовари сите овие 28 години со политичка чувствителност. Во соседните земји, терминот ’македонски‘ се користи за означување на географско потекло, наместо за национален идентитет.*
*Во Бугарија, стотици илјади Бугари се идентификуваат како ’Македонци‘ во однос на нивната регионална припадност“, – „по Првата светска војна, кога дел од областа Македонија беше вклучен во Кралството Југославија, огромното мнозинство од словенското население јасно се идентификуваше како Бугари“. Белград се обиде да наметне нов „јужен српски“ идентитет и кога тоа пропадна, Тито прибегна кон наметнување на нов идентитет, овој пат ’македонски‘...“. „Проектот на Тито се реализираше со измислување на нова историја, којашто ги постави основите на овој нов ’македонски‘ концепт“, – „АСНОМ, контролиран од комунистите, на 2 август 1944 година објави постоење на посебен ’македонски‘ јазик“, – „потребните атрибути за новиот национален идентитет се развиваа со фалсификување на документи и бришење на сите врски со*

*бугарските корени, јазик и потекло на ова население“. „Ова продолжува и во независна Македонија“, – „архивите сведочат за егзекуција на повеќе од 20.000 луѓе помеѓу 1944 и 1946, кои се идентификуваа како Бугари и ја претставуваа политичката и интелектуалната елита на СРМ. Повеќе од 100.000 Бугари беа убиени, затворени, прогонети или испратени во концентрациони логори“, – „Бугарија не може да прифати дека тековниот процес на градење на нација во Република (С) Македонија ќе се одвива со ревидирање на нашата заедничка историја, негирање на нашите заеднички етнички и јазични корени или неосновани тврдења за постоење на ’македонско малцинство‘ во Бугарија. Овие манифестации... се во спротивност со европските вредности и не треба да се легитимираат со влез во ЕУ“, – „договорот ја призна заедничката историја на двете земји и ја потврди таканаречената ’јазична клаузула‘. Исто така потврди дека... какви било тврдења за постоење на таканаречено ’македонско малцинство‘ на територијата на Бугарија се неосновани“, – „локалните граѓани (вклучително поранешните премиери) Љ. Георгиевски и В. Бучковски, како и поранешниот министер Д. Малески, кои зборуваа за поддршка на заедничкото историско минато, биле подложени на говор на омраза и клеветнички кампањи“, – „Македонските претставници секогаш се спротивставуваа на заеднички договорениот концепт на заедничка историја, обидувајќи се да ја заменат со ’споделена‘ или ’испреплетена‘ историја“, – „ ’Македонски јазик‘ или етничка припадност не постоеле се до 2 август 1944. Цел на нивното создавање е раскинување на врските помеѓу населението на тогашна СРМ и Бугарија“, – „... официјалниот јазик што се користи во денешна Република (С) Македонија може да се смета само како пишана регионална норма на бугарскиот јазик“, – „Со декларацијата од 1999, потпишана од премиерите на Бугарија и Македонија, двете страни се согласија да го наречат официјалниот јазик на земјата ’...македонски, во согласност со Уставот на Република Македонија‘.*

*Истата одредба е утврдена и во договорот“. „Оваа клаузула претпоставува, меѓу другото, разбирање на бугарската страна*

*дека официјалниот јазик на сегашна Република (С) Македонија е кодиран со правна норма во нејзиниот прв Устав како независна држава, усвоен на 17 ноември 1991 година“, – „Терминот ’македонски јазик‘ што се користи во договорот од Преспа во 2018 година... не е задолжителен за трети земји“,__ – „Третата конференција на ООН за страндардизација на географските имиња, од 1977 година... нема политички карактер и нејзините одлуки не произведуваат правно обврзувачки последици со однос на признавањето на т.н. ’македонски јазик‘“, – „... Бугарија инсистира на тоа дека документите на ЕУ (и пред и по пристапувањето) се однесуваат на ’официјалниот јазик на Република (С) Македонија‘ или, во случај на апсолутна потреба, на ’македонски јазик‘ со ѕвездичка и објаснување ’според Уставот на Република (С) Македонија‘“,* – со договорот, Македонија се согласила дека – „*нема објективни историски или демографски основи за барање на статус на малцинство за било која група граѓани во Бугарија“. „Како и другите земји членки... Бугарија не доделува колективни, туку само индивидуални права.*
*Затоа, барањата за малцинствата испровоцирани од странство се неприфатливи“, –* „*Бугарија очекува Македонија... да ги суспендира горенаведените политики... Ова ќе биде предуслов за добивање на согласност од Бугарија за секој следен чекор во процесот на интеграција“, –* „*Новото уставно име ’Република (С) Македонија‘ содржи ваква географска дефиниција. Изборното кратко име јасно се однесува на географски регион, чиј дел спаѓа во суверената територија на соседните земји, вклучително и Бугарија. Затоа, со цел да се избегнат недоразбирања или погрешно толкување, на 7 мај 2019 година, Бугарија ги информираше ООН дека... ќе го користи уставното име „Република (С) Македонија ерга омнес како единствено име за оваа земја“, –* на 25 април 2020, кога Европскиот совет одлучи да ги започне преговорите со Македонија и Албанија, без одредување на датум, Бугарија поднела изјава за записникот, којашто „*ја рефлектира рамковната позиција усвоена од Владата на 9 октомври 2019 и одобрена со Декларација од сите политички партии во бугарскиот парламент“.* Во изјавата се нагласува

важноста на добрососедските односи и затоа „*тие треба да се оценуваат во секоја фаза од процесот на пристапување“, – „строгата, целосна и неповратна примена на словото и ДУХОТ на договорот за пријателство... ЌЕ БИДЕ ПРЕДУСЛОВ ЗА БИЛО КАКОВ НАПРЕДОК ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ НА ЗЕМЈАТА ВО ЕУ“!*

*.*.*

Меморандумот не остава никакви сомнежи дека, по договорот со Грција, Бугарија е одлучна да разнебити се што останало од македонизмот. Клучна им е гаранцијата за целосно спроведување на договорот за пријателство, според нивни толкувања во врска со заедничката историја, јазикот според уставот, дека нема Македонци во Бугарија... Сопки ќе ставаат на сите 35-те поглавја со уцени – земи или остави.

# МАКЕДОНИЈА МОРА ДА ОДГОВОРИ НА БУГАРСКАТА АГРЕСИЈА

*(Март, 2021)*

По осамостојувањето, македонската надворешна политика нема многу аргументи за фалење. Правени се бројни грешки, при што добар дел се непростливи а најголемите кулминираа по изборите во декември 2016 година. Новата власт започна со масовно распродавање на македонизмот на начин којшто заслужува не само политичка туку и кривична одговорност бидејќи на флагрантен начин беше прекршуван Уставот на државата. Власта ги следеше инструкциите на странците, што ги подразбира и нивните интереси, запоставувајќи ги македонските. Договорот со Грција беше клучната капитулација на Македонија. Тој беше така срочен за да се прекрсти државата со цел да и се отвори влезот во НАТО. Нема никакви дилеми дека интересот Македонија да влезе во НАТО беше пред се на САД, заради затворање на просторот за руска пенетрација. Во договорот од Нивици, нема ништо за нашиот прием во Унијата, што е клучен интерес на земјата, освен дека Грција нема да не попречува. И со Привремената спогодба (1995), Атина се обврза на истото и тоа грубо го игнорираше, за што следуваше и за нас одличната пресуда од Хаг. Сите западни „демократии“, меѓутоа, ја поддржуваа Грција во игнорирањето на пресудата, а со тоа и на меѓународниот правен поредок. Овие факти покажуваат дека „нашите“ преговарачи биле целосни аматери и не знаеле што прават.

Поточно, изигрувале куклен театар. Ако веќе прифатиле дека договорот го гарантира приемот во НАТО, како американски интерес, тогаш во него морале да обезбедат многу подобри услови за Македонија. Морале да бараат отстапки од Грција во име на САД. Сосема спротивно, наместо тоа, договорот е крајно асиметричен на наша штета и сите отстапки се наши, без ниту една грчка. Формулацијата за македонскиот јазик, која е само привремена, може да се толкува како некој наш мал успех, што е глупост сама по себе бидејќи не може некој од надвор да го

верификува нашиот јазик. Целта во Нивици беше да се сотрат корените на нашиот национален идентитет, и тоа е направено на маестрален начин, додека јазикот треба да го дотолчи Софија. Постапката со Бугарија е започната уште во 1999 со декларацијата за пријателство, а заокружена со договорот од 2017 и веќе е во завршна фаза. Нашиот аматеризам од Нивици е само повторување на оној од 1999 година, што само покажува дека и двете македонски партии, едната во 1999 (Љ. Георгиевски) и другата во 2017 (З. Заев) се на иста линија во распродажбата на националниот идентитет на Македонците. Со декларацијата, Македонија и го отвори патот на Бугарија за влез во НАТО, што исто така беше интерес на САД заради опколување на Русија, при што сите отстапки ги дадовме ние, а требаше и мораше да биде обратно. Како што нашата иднина е сега во рацете на Бугарија, тогаш нивната беше во наши раце. Можевме и да условуваме и да уценуваме... И, наместо да инсистираме Софија се ослободи од своите историски синдроми за Македонија и Македонците и да настојуваме САД притисокот да го концентрираат врз Бугарија, ние срамно се откажавме од македонскиот јазик, од малцинството... Просто да не веруваш.
Ова се жалосни приказни коишто ги потврдуваат оценките дека Македонците се космополити кои менуваат коњ и тоа Дорат или Букефал за искубана кокошка. Страшно ама вистинито. Крајно време е да се опаметиме и да сфатиме дека ѕид не се пробива со глава туку со памет. Македонија има човечки капацитети, ама треба да ги селектира и искористи. Ова се примери како се уништува македонизмот со наше директно учество. Ако така продолжиме, алот ни е во калот.
Наместо безрбетно однесување, крајно време е работите да ги земеме во наши раце. Мора да создадеме политичка волја за одговорно однесување. Дека е моментот таков ни потврдуваат сите пораки од земјите членки на Унијата. Тие се едногласни дека Бугарија е осамена во блокадата, ама дека проблемот со нив мораме да го решиме сами, дека тој не смее да биде дел од преговорите, ниту да се внесе во Унијата. Ниедна членка не сака да се конфронтира со Софија заради нас, и не ги осудува нејзините

средновековни политики, што не е многу коректно и чесно, ама е разбирливо бидејќи секој си ги гледа сопствените интереси. Премиерот на Хрватска беше дури и груб и безобразен во својата оценка дека – двете земји треба да се договорат за јазикот! Сето тоа покажува дека или самите ќе се избориме со Софија или од ЕУ нема ништо. Бугарија ни ја фрли ракавицата и ако ние не ја прифатиме и соодветно не одговориме, ни следи пораз покатастрофален од грчкиот. Тоа значи или откажување од нашиот национален идентитет и јазик, или од аспирациите да станеме членка на ЕУ. Трето – нема.
Решение секогаш има само ако се сака и ако има лидери кои ќе го поведат народот. Во овој случај, на Софија треба да и се каже дека ако опстојува на нејзините барања, ние се повлекуваме од договорот за пријателство и соработка.
Само со една ваква наша реакција, која е сосема логична и базирана на прецизни факти и аргументи коишто никој не може да ги негира и оспорува, можеме да ја смениме ситуацијата којашто е, инаку, безизлезна за нашата земја.
Можеме да бидеме сигурни дека сите членки на Унијата ќе не поддржат иако премолчено а во нивните медиуми ќе може да се очекуваат поволни коментари. Ако така не постапиме, ништо не може да ја натера Бугарија да ја смени нејзината политика којашто е озваничена на врвен политички начин (БАН – Влада – Собрание). На тој начин, Бугарија намерно не си остави никаков маневарски простор за било какви отстапки и затоа ние сме на потег: или ќе тргнеме во офанзива и отворено ќе се спротивставиме на нејзините уцени и небулози, или нема ништо од ЕУ. На Софија воопшто не ѝ се брза и, ако ние не сме спремни да се откажеме од самите себе, овој пат целосно и дефинитивно, со голема сигурност ќе можеме да очекуваме оваа блокада да трае исто колку и грчката - 30-тина години. Се додека не капитулираме.
Слична грешка направивме и со Грција кога не возвративме на нивната блокада на јужната граница (1994 – 1995) и по 25 години потпишавме капитулација. Блокадата на границата целосно ја смени нашата позиција во наметнатиот и измислен спор и доколку и ние ја затворевме границата за нивните стоки кои на големо

транзитираа низ нашата земја, работите сосема поинаку ќе се одвиваа. Немаше во никој случај да дојдеме до вакво дереџе. Ако не извлековме поука тогаш, како и при договорот од Нивици, треба барем сега да се опаметиме и да не ги повторуваме грешките, чијашто цена е немерлива.
Ако тргнеме во акција, меѓународниот фактор (читај – САД), којшто стои зад Софија, сигурно ќе се обиде да не премисли, и ќе врши жесток притисок во таа насока, иако и тие ќе бидат свесни дека друг избор немаме. Со оглед дека сите аргументи се на наша страна, нема да има никаква потреба да се повлекуваме. Сите противници ќе сфатат дека претерале во однос на нашата држава и ќе ги менуваат политиките, макар постепено. Се друго би водело во предавство на нашите суштински интереси. Ќе останеме долго време во аут и никаде нема да стигнеме.
Одлична вест е дека МАНУ, предводена од Љ. Коцарев, се разбуди од вековниот сон и застана на браникот на македонизмот кадешто ѝ е и местото. Одбивањето да се смени името на академијата е одлично навестување за повеќе слични акции. И враќањето на нашето уставно и историско име не е недостижна цел. Потребно е само Уставниот суд да пресуди дека со договорот од Нивици беше флагрантно прекршен Уставот на земјата, што воопшто не е спорно. Тоа беше направено повеќекратно. Не само што беше целосно игнориран Уставот, што е тешко кривично дело, туку нашиот Устав беше договаран со странска држава и потоа насилно сменет. Така, договорот автоматски станува неважечки. Ако уставните судии имаат достоинство и некаква чест и совест, тие мораа тоа и до сега да го сторат. Меѓутоа, како што изгледа, ќе мораме да почекаме смена на власта и нови луѓе кои ќе бидат спремни да се борат за нашиот опстанок и да ги поништат сите криминални акти, со коишто беше извршен безмилосен геноцид врз македонскиот народ. Неодамна, во Албанија имавме пример дека Уставниот суд не само што може туку и мора да ја одигра својата улога.
Поранешниот премиер, С. Бериша, склучи договор со Грција во врска со поморската граница меѓу двете земји што наиде на критики во земјата дека бил во корист на Атина. По подолго време,

Уставниот суд го поништи договорот, иако беше ратификуван и во Парламентот, и се е вратено во првобитна состојба. Уставниот суд на Косово, пак, пресуди дека владата е нерегуларно избрана и ја урна. Само нашиве уставни судии спијат со длабок (политички) сон.

# КОДИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НЕ СМЕЕ ДА СЕ СПОМЕНУВА ВО НИКАКВИ ДОКУМЕНТИ СО БУГАРИЈА

*(Мај, 2021)*

Ако некој навистина мисли дека Вашингтон и Брисел, следени од Берлин, Париз... се на наша страна во однос на бугарската ѕверска агресија, многу се лаже. Неспорно е само дека сите сакаат блокадата да се надмине бидејќи ја покажува токму нивната неефикасност. За таа цел, прават сериозни потези ние и Албанија да ги започнеме преговорите за членство во ЕУ. Тоа е позитивно, ама никако не значи дека, макар во следните 15, 20... години, и ќе влеземе во Унијата. Барем, не како Македонци. Клучно е што тие не бараат отстапки од Софија туку пред се и само од нас, иако и другата страна е под силен притисок да се дојде до решение. Има странски аналитичари кои дури сметаат дека блокадата на Бугарија и одговара на Франција, за да се спречи проширувањето, и дека таа не била осамена. За нас е важно дека никој од Унијата не ги осуди бугарските небулози. Истото се однесува и на САД.
Само хрватскиот претседател, З. Милановиќ, јавно се дистанцира од Софија. Неговиот премиер, пак, А. Пленковиќ, кој по функција најдиректно е поврзан со Брисел, јавно ја исмеа неговата поддршка за Македонија. Сите други тактизираат.
Чешка и Словачка се револтирани ама само од бугарскиот однос кон Кирил и Методи.
За време на претседателството со Унијата (јули – декември, 2020), Германија се ангажираше да започнат нашите преговори, што ќе беше и нивен успех, но тоа изостана.
Берлин продолжува со напорите, меѓутоа, Македонија мора да внимава што може да прифати во компромисите што ѝ се нудат, а што не. Западните земји се крајно прагматични и спремни на секакви подметнувања за да ги постигнат своите цели. Двојните стандарди се нивна трајна карактеристика. Мора да бидеме свесни дека сите нивни предлози за компромис се неповолни за нас и прашањето е само колку се штетни. Минатата година, на пример,

Македонците и Бугарите беа повикани во Берлин за да се договорат. Во таа прилика, „нашите“ го прифатија предложениот документ додека Софија го одби. Со него, Бугарија добиваше право, во рамката за преговори, да приклучи нејзина изјава дека – „*тие го прифаќаат македонскиот јазик според уставот на земјата“,* а германското претседателство се обврзуваше дека – „*ќе побара од Советот официјално да ја нотира бугарската позиција дека кога се спомнува македонскиот јазик тоа да биде сметано во согласност со Уставот на Македонија“.*
Следуваше дека – „*Македонија е спремна официјално да изјави дека македонскиот јазик бил кодифициран во 1945 година“.*
Во документот се вели и дека двете страни - „*специјално ќе се фокусираат на работата на Заедничката комисија за историски и образовни прашања“.* Иако овие формулации се поразителни за Македонија, реакциите кај нас беа позитивни.
Веројатно ги наметнаа апологетите на власта. Со документот, практично се официјализираат бугарските барања, а нашето спомнување дека јазикот ни е кодифициран во 1945 година, ќе се толкува дека таков јазик не постоел пред тоа.
Во мај 2021, МНР на Португалија, како претседавач со Унијата, придружен од комесарот за проширување, О. Вархеи, во Скопје донесе документ сличен со германскиот, којшто сигурно бил полош за нас бидејќи првиот беше одбиен од Софија. Текстот не беше објавен и само се потврди дека и во него била нагласена 1945 како датум на кодификација на македонскиот јазик. Тие дојдоа од Софија и обидот уште таму им пропадна бидејќи беа одбиени. Нашето, пак, прифаќање и на германскиот и на португалскиот, за нас полош предлог,__ само ја девалвираат нашата позиција во спорот. Тоа само покажува дека сме спремни да прифатиме се за да започнеме преговори, и знак за Брисел дека треба само да продолжат со понуди на нови полоши предлози. Ние сме тука, чекаме, подготвени за нов пораз. И на Софија, ама и на Брисел им е јасна нашата подготвеност за себеоткажување. А тоа што, демек, ние само ги прифаќаме предлозите како добра основа за преговори, се приказни за мали деца. Зошто, тогаш, и Софија не ги прифаќа како такви? Затоа што ја зајакнува својата позиција. За разлика од

нас, тие знаат што сакаат и како тоа ќе го реализираат. Клучно е што, практично, ни наметнаа и недолични преговори со Бугарија. На прв поглед, навистина ништо не изгледа спорно во спомнувањето на 1945 како година на кодификација на македонскиот јазик, ама воопшто не е така. **Прво**, бидејќи и двата документи, предложени од Германија, имаа(т) божем „задача“ да ги надминат бугарските гнасотии, со коишто тие тврдат дека до 1944 ние сме биле „бугарчиња“, без свој јазик. Кога се знае тоа, мора да се запрашаме – ЗОШТО СЕ НАГЛАСУВА ДЕКА ЈАЗИКОТ НИ Е КОДИФИЦИРАН ТОКМУ ВО 1945 ГОДИНА? КОЈА Е ЦЕЛТА? Објаснувањето е многу просто – во дадениот контекст, ние отворено, директно и официјално потврдуваме дека до тој датум, до 1945 година, македонски јазик – немало! Во секој случај, тој факт така (ќе) го толкува и Софија и, во иднина, на таа основа ќе капитализира во негирање на нашиот јазик. И не само тие.
Логиката е јасна, особено кога се знае дека Софија токму од таа година, „најдарежливо и благородно“, ни „признава“ дека има македонски јазик којшто дотогаш бил само дијалект на бугарскиот. Сакале или не, со потпишување на документ каде ќе се спомнува 1945 година, ние само ја потврдуваме нивната теза. За Софија нема дилеми дека до тогаш македонски јазик не постоел, а овој што е измислен на АСНОМ, не е оригинален туку е дијалект на бугарскиот. **Второ,** и клучно, со потпишувањето на еден таков документ ние официјално се согласуваме дека нашиот јазик е спорен. Прифаќаме да биде на маса во понатамошна постапка. Зошто, инаку, би ја спомнувале 1945? Тоа не докажува ништо во наша корист. Напротив.
Истата кардинална грешка ја направивме во 1995 година, кога Стево Црвенковски, како министер за надворешни работи, ја потпиша за нас катастрофалната Привремена спогодба со Грција. Во неа, исто така за прв пат, ние официјално потврдивме и, што е најлошо, прифативме дека нашето име е спорно. Такво нешто немаше во документите на ООН. За глупоста да биде целосна и трајна, иако тоа беше непотребно, Привремената спогодба ние ја ратификувавме во Собранието со што и државата најофицијално

прифати дека името ни е спорно! Аматерите немаат рогови. Знаеме што следуваше и како бевме срамно прекрстени. Историјата ни се повторува на уште посуштински прашања – идентитетот и јазикот.
**Трето**, и исклучително важно, со нашето нагласување на тој неспорен факт и датум за кодификацијата, како што веќе спомнавме, макар индиректно и имплицитно, ние се согласуваме дека македонскиот јазик постои од 1945 година.
Не би било така ако во документите предложени од Германија и поддржани од Португалија, што значи од Брисел, покрај датумот на кодификацијата, би пишувало дека македонскиот јазик претходно бил со векови користен од Македонците. Или, ако се спомнува дека првичната кодификација ја извршил преродбеникот Ѓорѓија Пулевски додека Крсте Мисирков, на почетокот од 20 век, ја направил втората кодификација на македонскиот јазик. Кога би имало такви објаснувања, спомнувањето на 1945, ама како финална кодификација, не би било спорно. Контекстот во кој тоа се прави, меѓутоа, има сосема јасна цел – да се покаже дека Бугарија е во право во однос на негирањето на македонскиот јазик. Тоа е играта: овците божем се на број ама волкот си го зема своето. Последиците ќе следуваат, исто како и со Привремената спогодба. Пандорината кутија ќе биде отворена и се друго ќе биде рутина.
**Четврто**, со потпишувањето на еден ваков документ, што недвосмислено претставува подметнување на кукавички јајца, ние воопшто не ги затвораме и решаваме бугарските монструозни измислици и манипулации во врска со нашиот јазик и идентитет туку само ги одлагаме со поткопување на нашата позиција и зајакнување на нивната. Уцената за нашиот јазик и идентитет, наметната од Софија, секако дека не завршува со еден ваков документ. Напротив, таа само доаѓа до израз и жестоко ќе продолжи во процесот на преговори. Може да се замисли што ќе следува а тоа секако ќе биде погубно за Македонија. Пак ни се повторува историјата. Нашите сезнајковци не лажеа дека со потпишувањето на срамните договори со Грција и Бугарија се решени сите проблеми со овие соседи а, како што се гледа, тие беа само отворени и ставени на маса со сите погубни последици за нас. Сега е Бугарија во фокусот ама ќе се врати и Грција. Многу работи

и за нив останувaат недорасчистени. Сега, тие чекаат и си гледаат сеир.
Станува збор за софистицирани дипломатски чекори со коишто се поткопуваат корењата на македонскиот јазик, а со тоа и на националниот идентитет. Тоа е и главната поента на Бугарија, а поддршката што тие ја уживаат е прилично голема.
Ова се врвни финеси коишто кај нас нема кој да ги забележи а камоли разбере. Исто како и во 1995, со Привремената спогодба. Последиците, неизбежно ќе следуваат. Кој знае какви се скриени замки има во португалскиот документ. Ние одамна моравме да ангажираме врвни светски експерти во врска со нашето име и бидејќи тоа не го направивме завршивме на ѓубриштето од историјата. Сега сме во апсолутно иста ситуација и грешката не смееме да ја повториме. Треба итно да се формира нешто како Меѓународен совет за спас на македонизмот, со врвни домашни и странски експерти.
Кога се знае конфигурацијата на врвот на државата, јасно е дека такво нешто не доаѓа предвид бидејќи ќе работи против нашата капитулација којашто упорно се спроведува.
Во дадените услови, веројатно би требало МАНУ, заедно со Институтот за македонски јазик, да започнат постапка со којашто аргументирано би се покажало дека првата кодификација на македонскиот јазик ја направил Крсте Мисирков со повикување и на Ѓорѓија Пулевски. Всушност, датумот на кодифицирање на македонскиот јазик е почетокот на 20 век додека 1945 година може да се смета за датум кога јазикот е официјално кодифициран.
Одлуката е наша и никој не може да ни се меша. Ако науката тргне во таква насока, политичарите нема да имаат моќ да ја спречат.
Притисокот, што ќе следува, ќе предизвика само револт кај народот.
Интересно е и искуството на Албанците. Тие го слават денот на албанската азбука во 1908 година, што е пред формирањето на државата. Колку што е познато, на конгресот во Битола биле одбрани две азбуки коишто немаат врска со сегашната. Тоа, сепак, не им пречи да го слават тој ден. За разлика од нас, тие знаат што е држава и како треба да се чува.

## ЗАЕВ: ЗА ЈАЗИКОТ И ИДЕНТИТЕТОТ НЕ СЕ ПРЕГОВАРА ОСМАНИ: ПРАШАЊЕТО ЗА ЈАЗИКОТ ДА СЕ РЕШИ СО ДВЕ УНИЛАТЕРАЛНИ ИЗЈАВИ

*(Јули, 2021)*

Нашата целосна неписменост и сеопфатен аматеризам во надворешната политика најдобро ги илустрира министерот за надворешни работи, Б. Османи. Зборувајќи на Форумот во Преспа, што се одржа деновиве, тој го реафирмира нашиот став („Вечер", од 2 јули 2021) дека – *„И натаму останува предлогот прашањето за јазикот да се реши со две унилатерални изјави".* Што ни кажа Б. Османи? Прво, дека јазикот е на маса и дека се преговара за него иако цело време сите, освен него, тврдат дека тоа не е точно. Второ, таквото решение е вистинска катастрофа и наш целосен пораз, за што веќе објаснувавме. Тоа значи дека Бугарија официјално ќе изјави, и тоа ќе биде дел од преговарачката рамка за нас, дека македонскиот јазик за нив не постоел до 1944 година, туку дека бил бугарски. Ние, пак, ќе изјавиме дека македонскиот јазик е кодифициран во 1945 година. И, кој е заклучокот? Ако имаш и грам ак'л во главата ќе сфатиш дека Софија е во право: тие велат дека до 1944 немало, а ние потврдуваме дека во 1945 година сме создале македонски јазик. Повеќе, не треба. Ние не смееме да спомнеме дека македонскиот јазик се зборувал со векови и затоа, de facto, прифаќаме дека јазикот постои од 1945 година. Попроста селска итрина не може да има.
Наша полесна капитулација од оваа, не може да се замисли.
Ако тоа го дозволиме, а е на пат да се реализира, значи дека сме согласни дека сме нечија измислица и како народ сме се разбудиле некаде во 1944 година. Со помош на Тито, се разбира. Невидена комедија, со крајно трагични последици.
На форумот во Преспа, со којшто го одбележуваме (славиме?) нашиот катастрофален државен и национален пораз во Нивици, премиерот повторно изјави дека за јазикот и националниот идентитет со Бугарија не се преговарало („Вечер", од 2 јули 2021). Во објавениот дел од португалскиот предлог, меѓутоа, прецизно се

набележани двете изјави за јазикот, што ги спомнува и Б. Османи. Ако јазикот не е на маса, чуму изјави?
Мора да се додаде дека, пред некое време, Б. Османи веќе ни кажа дека и јазикот и идентитетот се на маса, ама тогаш тврдеше дека за нив не се преговара. Сега, малку се корегира. Впрочем, ако тие веќе биле на маса не биле таму заради некаков украс туку за да бидат теми на преговорите.
Ако сме дозволиле да се најдат таму, а без наша согласност тоа не било можно, причината може да биде само наша подготвеност за нивно расчеречување. Врз овие неспорни факти, секој нека одлучи за што се преговара со Бугарија.
Се што е во врска со нашите односи со Бугарија и Грција, не е за верување. На Форумот во Преспа, заменик премиерот, Н. Димитров („Вечер“, 2 јули 2021), посочува дека – „*(С) Македонија успеа да го реши долготрајниот спор за името токму затоа што Грција го призна и прифати правото на граѓаните на самоопределување“*. Прво, не вели на Македонците туку на граѓаните. Не сака да ги навреди Грците дека такво нешто, иако привремено, се уште постои. Макар за по дома. Второ, самоопределувањето е универзално право и не може Грција нам да ни го признава или не. Македонија одамна се самоопределила како држава, а Македонците како народ уште пред векови. Факт е дека Грција, со наш потпис, успеа да си обезбеди целосен монопол на се што е македонско, и тоа само ќе се шири во преговорите за ЕУ. Навистина, има и еден наш „успех“, иако само привремен.
Во договорот од Нивици се спомнува нашиот јазик како македонски! Генијално – Грците прифатија дека ние зборуваме македонски, иако за нив Македонци не сме ние, туку се тие! Тоа важи само од 1967 година ама, сепак, е нешто. Меѓутоа, според очигледната поделба на трудот меѓу нашите соседи, што е во тек, јазикот ќе ни го отпише – Софија. Н. Димитров не е виновен што така се договориле Грција и Бугарија, се разбира под покровителство на САД. Тој не морал да знае за тоа, а немал време да анализира и претпоставува што и од каде ќе дојде, после неговиот потпис за капитулација, во Нивице. Ако играл, и ако не играл шах, морал да знае дека секогаш се комбинира и планира.

Дека има јавни и тајни сценарија. Требеше португалската државна секретарка за Европа да ни ги каже работите и ние пак да (се правиме дека) не веруваме. Се што таа кажа е апсолутно точно. Клучно е што директно ни потврди дека тоа се политики на Брисел, што значи и на Вашингтон. И дека ние сме Северномакедонци, и дека јазикот ни бил бугарски... Тоа значи дека Софија има целосна поддршка и дека се наше македонско мора да оди јабана, ако сакаме во ЕУ. Се разбира, ако продолжиме вака неодговорно да се однесуваме.
Невидена наивност е тоа што некои сметаат дека новото име, коешто ни е наметнато со сила, нема да се рефлектира на се во државава, вклучувајќи ги и народот, јазикот, историјата... на химната, грбот... на имињата на сите институции, организации, здруженија, сојузи, служби, центри, групации... Секаде кадешто до сега имаше придавки – „македонски/а/о“.
Без оглед дали се поврзани со државата или не. Тоа е наша неизбежна обврска и постепено ќе ни се наметнува во приближувањето до ЕУ. Исклучоци нема да има, а исполнувањето ќе го контролираат Атина и Софија на дневна основа. Настаните сврзани со Фудбалската и другите спортски федерации и организации, воопшто не беа случајни. Тоа е само почеток, без да се чекаат преговорите за ЕУ. Нестрпливи се. Договорот само го отвори тој процес и ги нагласи обврските коишто, свесно или не, сме ги прифатиле. Другите ќе следуваат, врз основа на меѓународната пракса. Ако веќе нема држава Македонија, како што потпишавме и се согласивме ние, не се можни никакви деривати од тоа име. И се е јасно за сите освен за нашите политички аматери. Кога името е Франција, се е француско, кога името е Данска, се е данско... ама кога името е (С) Македонија, се мора да биде (с)македонско. И јазик, и народ... Се. Нема договор што може да биде посилен од меѓународната пракса.
Жално и трагично, срамно и понижувачко е кога Македонија бара правдини повикувајќи се на Нивици. Демек, нешто ни е дозволено бидејќи било предвидено со договорот! И, што е надвор од умот, тие решенија треба да го обврзуваат целиот свет. На пример, од името на државата да не се извлекува таков народ, јазик, историја...

иако тоа е неизбежно и нормално. Прво, зарем некој замислува дека цел свет ќе студира што е регулирано во Нивици и како треба сите да се однесуваат (по налог на Атина т.е. Вашингтон) и, второ, да се почитува нашиот капитулантски договор и да не не нарекуваат (Северно)македонци, или дека зборуваме (северно)македонски јазик..., како што, сосема со право, ни најави Португалката? Тоа се наши тешки бесмислици, со коишто се лаже народот. Сме заборавиле ли дека референцата „*поранешна југословенска Република Македонија*“, беше измислена само за користење во системот на ООН, а се рашири насекаде? Сосема неизбежно, истото ќе се повтори и во овој случај. Така функционира светот, а дали нашиве „мудреци“ разбираат, е споредно прашање.
Додека ние спиеме или изигруваме идиоти, Бугарите не мируваат. Нашиот „пријател“ Р. Радев, какошто ни го опишуваше С. Пендаровски, кој се понижи летајќи со неговиот авион, деновиве се сретна со грст претставници, нивни платеници од некаков подметнат центар за култура „Иван Михајлов“ во Битола. Кој знае по кој пат, тој изјави дека – „*бара Македонија да ги почитува правата на своите граѓани, коишто се идентификуваат како Бугари...*“. Можете ли да замислите дека некој од нашите политичари сега би можел да се сретне со претставници на огромното и обесправено македонско малцинство во Бугарија и да го каже истото?
Од претседателот, до премиерот, до заменик премиерот за европски прашања...? Се разбира дека - не. „Нашите“ градат добрососедство и шират европски дух а ја игнорираат бугарската агресија, поради „повисоки цели“, заради коишто ги жртвуваат и Македонците од Пирин. Всушност, најапсурден во целата оваа турлитава е фактот дека Софија цело време зборува за прогон на Бугарите во земјава, за што нема никаков документ освен средновековни лаги, додека има 13 пресуди на Европскиот суд за човекови права за прогонување на Македонците во Бугарија. И, додека сите овие нивни примитивни активности, како на пример приемот на битолчаните кај Р. Радев, ги шират низ Европа, ние молчиме. Нормално дека Европа ќе им верува, меѓу нив и

Португалците, кога ние не разобличуваме ниедна нивна лага. Тоа значи дека се согласуваме со нивните ујдурми.
На Форумот во Преспа, американското присуство беше нагласено и видливо. Тоа може да се смета и како некаков нивни триумф, по сите порази, што ги доживеавме во нивна режија. Амбасадорката, К. Брнс, заклучила – „*од вас е побарано да покажете многу повеќе од другите кандидати за членство во ЕУ, но ќе бидете поподготвени*“. Таа само го констатираше и не го осуди тој факт, што може да звучи како најава за наши нови стратегиски отстапки? За што „поподготвени“, ако не за отстапки? М. Палмер, пак, ги поддржа – „*разумните решенија на португалското претседателство и на силните европски партнери*“. Ова треба да биде нова потврда дека ставовите на Лисабон се всушнст на Брисел, во што не треба да има сомнение. А, чим се и на Брисел, не треба да има дилеми дека се тоа американски политики. И К. Брнс, и М. Палмер, како и помошникот државен секретар, Ф. Рикер, кој ни е добро познат од порано, силно го поддржаа отворањето на преговори со Македонија. Сите ја осудија блокадата, ама не и неразумните бугарски уцени.
Претходно, САД бараа Бугарија на билатерална основа да ги решава проблемите со Македонија, без да го блокираат проширувањето што, макар имплицитно, покажуваше разбирање на нивните аспирации. Преговорите, впрочем, одамна одлично се вклопуваат во нивната долгорочна политика кон Македонија и тоа на двојна основа: прво, дека финалното разнебитување на Македонците треба да продолжи преку бугарските неразумни барања, коишто не се оспорени и, второ, дека најголем дел од тоа треба да се реализира во процесот на преговори и затоа треба што поскоро да започнат. Во тие рамки се движи и Софија, иако малку се прецени во обидите преку ноќ да не избрише како народ.
Светла точка во Преспа била оценката на професорот Едвард Џозев дека – „*блокадата на Бугарија е предавство на европските вредности*“ којашто ем останала осамена, ем ја оспорил холандскиот амбасадор во Скопје.

# ОД ГРЕШКА ВО ГРЕШКА: ПЕНДАРОВСКИ НЕ СМЕЕ ДА КОРИСТИ ОФИЦИЈАЛНИ УСЛУГИ НА РАДЕВ

*(Мај, 2021)*

Најновата вест дека претседателот на државата, Стево Пендаровски, на чествување на Светите браќа Кирил и Методи во Рим, ќе патува заедно со бугарскиот претседател, Р. Радев, во најмала рака е – изненадувачка. Р. Радев ќе дошол во Скопје и со неговиот авион заедно ќе продолжеле за Рим. Како да се двете земји, и нивните претседатели, најблиски пријатели.
А „Слободен печат", од 12/2/2021, многу пластично ги опиша односите меѓу Бугарија и Македонија – „*Тие не плукаат, а ние велиме 'врне'*". Или овде кај нас никој ништо не разбира или сите се прават недоветни. Дури и на тие што не се разбираат во политика јасно им е дека Бугарија води подла и агресивна војна против фундаменталните интереси на Македонија. Не блокира и уценува во Брисел; не ги признава нашите основни вредности; прогласува дека до вчера, сите сме биле Бугари; секојдневно не понижува и како народ, и поединечно... А, меѓу тамошните плукачи е и Р. Радев. Само се наметнува прашањето – во такви услови, како е можно С. Пендаровски да прифаќа некакви лични услуги од Р. Радев? Со овој потег се гази достоинството на државата. Тоа е навредливо и за него и за сите нас. Се тоа се испраќаат целосно погрешни сигнали. Просто е неразбирливо од кои и какви побуди се прифаќаат намерно подготвени бугарски кукавички јајца, коишто додатно треба да покажат дека тие со нас си играат како што сакаат? Каков впечаткот ќе се добие во Брисел за ваквиот потег на Софија и за нашето прифаќање? Во прашање е наша непростлива грешка со којашто ги бришеме нивните гревови. Тоа е и нивната главна цел.
Зарем некој заборавил дека, на почетокот на март 2021, токму Р. Радев ги собра безбедносните служби, кои се под негова контрола, и ги задолжи да ги штитат правата на Бугарите во Македонија! Сосема со право, С. Пендаровски веднаш реагираше со оценка дека Р. Радев се меша во нашите внатрешни работи. Всушност, тој

не третираше како да сме една земја. И само тоа е доволна причина да се одбие секаква лична соработка со него. И сега, со авионот, Р. Радев покажува дека сме едно исто – еден народ во две држави. Ние само потврдуваме.
Можете да замислите каква пропаганда ќе се спроведе во Бугарија – Р. Радев го лета С. Пендаровски во Рим! Ние секогаш ја помагаме братска Македонија иако од таму постојано шират говор на омраза кон нас! Ние им подаваме рака додека тие ги убиваат и малтретираат Бугарите... И слични фрази што ќе има првокласен прием кај луѓето. Иста глупост, ако не и пострашна, направивме на 22/12/2020, кога министерот за здравство, В. Филипче, секако не по сопствена одлука, седеше на бугарската влада и можеме само да замислиме со какви избрани зборови, од дното на душата, се заблагодаруваше за ветените и никогаш не испорачани бугарски вакцини. Сигурно тој имаше и изјави и интервјуа на тамошните телевизии со коишто ја величаше бугарската широкоградост. Може да се гарантира дека во Бугарија сите беа запознаени со овој нивен благороден потег кон неблагодарните Македонци, што на крајот ништо не ги чинеше, а ние бевме наивно изманипулирани. Затоа, не треба да чуди што сите Бугари целосно ја одобруваат нивната нецивилизирана и средновековна политика кон нашата земја. Очигледно, нашите аматери забораваат, или пак не знаат, дека пропагандата е, често, поважна дури и од политиката.
„Вечер“, од 26/12/2020, ја пренесе изјавата на Каракачанов кој ја откри нивната стратегија – „*Бугарија не ги дава вакцините на соседи туку на своите сонародници*“.
Во агресијата против Македонија, „најистурени“ беа министрите К. Каракачанов и Е. Захариева ама воопшто не заостануваа ни премиерот Б. Борисов и Р. Радев. Сите тие беа истомисленици и креатори на монструозните конструкции против Македонија. Ќе цитираме само неколку изјави на Р. Радев.
Според „Вечер“, од 17/10/2020, тој рекол – „*Политичарите не можат да абдицираат од овој важен процес за Македонија и Бугарија. Крајно време е да се најде политичко решение што ќе ги потврди сите принципи на почитување на историјата и добрососедството и почитувањето на нашиот идентитет и*

*јазик. Секогаш има простор за компромиси но тие не може да се прават со историја, идентитет и јазик или со барање на национални малцинства“.* Тоа, нели, треба да важи за нив но не и за нас. Додал – „*Изнаоѓањето на решение првенствено е одговорност на земјата кандидат за членство во ЕУ“.*
Оваа негова изјава е од октомври 2020, а во средината на мај 2021, С. Пендаровски излезе со барање до Бугарија, кое лично го поздравив, дека Софија треба да се определи дали проблемите меѓу двете земји се од историски или политички карактер, со заклучок дека ако се историски за нив нема место во преговорите за ЕУ. Во принцип, тоа е сосема коректно и на тоа треба да се инсистира во Брисел. Меѓутоа, сега гледаме дека Бугарија и Р. Радев уште минатата година биле свесни за опасноста од слична дефиниција и приод и затоа јасно се определиле и нагласиле дека бараат политичко решение за историските прашања! Подолу ќе видиме дека тоа не го бараат само тие. За да ја зајакнат својата позиција, тие и на историските прашања им даваат политички карактер. Оваа нивна теза во никој случај не држи вода, ама Македонија, ако не е веќе доцна, мора да води добро осмислена и упорна акција за одвојување на историјата од преговарачкиот процес со ЕУ. За таа цел треба да се подготват и соодветни документи што би се дистрибуирале и во Брисел и најшироко. Колку сме способни за такво нешто, е друго прашање. Ако историјата, сепак, остане дел од преговарачкиот процес, тоа би бил тежок преседан и ниту една друга држава, барем од Балканот, нема да влезе во ЕУ. И во други прилики, Р. Радев повторувал дека не можат да се прават компромиси со историјата и со јазикот кои, се разбира, за нив се – бугарски.
Македонски народ и јазик за сите во Софија, вклучувајќи го и Р. Радев, едноставно не постојат. Барем до 1944.
Бугарското настојување за политичко решавање на историски прашања не е ништо ново и не треба да изненадува.
Тие само го користат случајот што претходно го имавме со Грција, за нашето име. Тогаш, западните „демократии“ јасно ни ставија до знаење дека тоа е политичко а не историско, правно или какво било друго прашање. Познато е дека политичките прашања се

решаваат со сила и принуда а не се легални средства и на принципиелен начин. Така дојдовме и до историскиот пораз во Нивици. Логично, Бугарија инсиситира на истата пракса.
На оваа тема, нагласено внимание заслужува веста којашто ја објави infomax.mk, на 19/5/2021, под наслов – „*Германската амбасадорка го посрамоти бугарскиот амбасадор во Македонија*“. Меѓу другото, А. Холштајн рекла – „*Минатата есен, ЕУ направи уште едно барање, а тоа беа историските услови, што е точно, а што не, во изминатите 100 години за историјата на Балканот. И, на крајот од годината се направи ваква проценка, што ќе биде дел од критериумите за пристапување*“. Сепак, додала дека – „*ЕУ треба да биде модератор, но не треба да коригира и суди при вакви спорови кога станува збор за недоразбирања за настаните во изминатите 100 години и оти тоа е надвор од принципите што го водеа процесот на проширување – транспарентноста и предвидливоста*“*!* Веста не е до крај разбирлива ама, сепак, покажува дека и ЕУ се вклучува во историските прашања на Балканот!? Досега, кај нас, никој не спомнал за такво нешто и прашање е дали надлежните имаат поим што се случува во Брисел, а коешто може да биде крајно негативно за Македонија? Бугарија секако имала своја улога во тоа.
Ќе ја спомнеме и изјавата на Р. Радев, којашто ја пренесува „Слободен печат“, од 21/12/2020 – „*Бугарија нема да попушти затоа што 'Договорот за добрососедство...' од наша страна блеска со добронамерна наивност, ама не ја исполни реципрочната добра волја*“ и продолжил – „*Велам, ние сме две земји, ние сме браќа. Договорот беше добронамерен. Кога стана јасно дека не се почитува, во 2018 година, реков дека е потребен нов анекс. Во Бугарија мораме да бидеме обединети додека Македонците не го разберат патот до ЕУ*“.
Според мкд.мк, од 26/3/2021, Р. Радев рекол – „*Напредокот на Македонија кон полноправно членство во ЕУ е стратешка цел на Бугарија. Сепак, тоа зависи од подготвеноста и политичката волја на Македонија... да ги почитува правата на граѓаните кои отворено го изразуваат својот бугарски национален идентитет*“*!?* Какви генијални политичари имаме ние! Наместо

да разговараме за положбата на Македонците во Бугарија, за којашто има 13 правосилни пресуди на Европскиот суд за нивните малтретирања, на кои се вековно изложени, главна тема се непостоечките „Бугари“ во Македонија. Ова треба да се смета за наш историски (не)успех. Поголем срам, тешко може да се замисли.

Според „Вечер“, од 2/2/2021, Р. Радев ја критикувал владата на Б. Борисов што не успеала во ЕУ да ја претстави бугарската позиција за Македонија. Објаснил дека спорот ја потврдил тезата на потпретседателката И. Јотова дека – „*само давањето на бугарско државјанство не е доволно за успешна соработка со бугарските заедници во странство*“. Таа е апсолутно во право: на бугарските избори во Македонија гласаат__ 200 до 300 Бугари. Според „Вечер“, од 21/1/2021, претходно и И. Јотова инсистирала бугарските барања да се вметнат во преговарачката рамка за Македонија.

Сите овие примери јасно и недвосмислено потврдуваат дека во Бугарија постои целосен консензус за блокадата на Македонија за членство во ЕУ и дека уцената ја подржуваат сите. Нивната суштина е дека се до 1944 година, нема ниту Македонци, ниту македонски јазик. И тогаш, една вечер, сите „македонски бугарчиња“ си легнале како „Бугари“ ама се разбудиле и станале ново измислени – Македонци. Со помош на Тито, се разбира. Си создале и јазик којшто, нормално, може да биде само дијалект на довчерашниот бугарски. И врвен волшебник мора да му се восхитува и да му завидува на Тито: што се постигнал за само еден ден! Окус, покус...

Кога се знае сето ова, не изгледа воопшто умно да се прифати било каква услуга од Р. Радев и да се изигрува некакво пријателство, што другата страна ќе го злоупотребува.

Во најмала рака, тоа е понижувачко. Би било добро ако може и ако се уште има време, тоа да се откаже. Ако треба, нека се оди и со воз. Кога ќе се загуби достоинството, доаѓа крајот. А во однос на Бугарија, на Македонија тоа одамна и се случи. Страшно, страшно.

С. Пендаровски сигурно знае дека на 14/2/2021 година, во Софија беше објавена и промовирана „*Бела книга за јазичниот спор меѓу*

*Македонија и Бугарија“* којашто се преведувала на повеќе јазици и се дистрибуирала низ светот. Претходно, Бугарија подготви и испрати „објаснувачки меморандум“ во Брисел и кај членките на ЕУ. Јавно го прашувам претседателот – што презеде Македонија за да одговори на овие агресивни предизвици, полни со измислици и тешки лаги? Претседателот на државата има јасно дефинирана улога во надворешната политика и ако на чело на Министерството за надворешни работи е веќе Албанец, кој често води политики во интерес на Тирана и Приштина, негова обврска е да ја пополни таа празнина. Нема друг. За да нема недоразбирања, ќе го цитирам првиот заменик премиер, А. Груби – „*Косовското прашање за нас е приоритет“* (мкд.мк, од 19/3/2021). Тој секако мисли дека е тоа приоритет на Албанците во Македонија. Ако, пак, македонското прашање не е приоритет за претседателот, нема кој да не брани.

# МАКЕДОНИЈА И БУГАРСКИТЕ СОПКИ

*(Април 2020)*

Деновиве, повторно се крена голема врева во врска со бугарските политики кон Македонија, иако се тие реалност веќе речиси два века. Трајна политика на Софија е дека нема Македонци а ние сме само „неосвестени Бугари“ и, следствено на тоа, ако веќе нас не нема, не може да има ниту малцинство, ниту македонски јазик, историја, традиција, култура... Ништо македонско. Процедурите за наш влез во ЕУ им даваат одлични можности да не касапат колку што сакаат и да го докажуваат недокажливото. Логично е тоа што го прават, откако со нив потпишавме поразителни декларација (1999) и договор за пријателство... (2017). Нивна единствена „концесија“ е дека, по Втората светска војна, Тито (или Коминтерната) не „измислиле“ за некаков народ и тие тоа го признаваат. Каква широкоградост! Сепак, за да нема недоразбирања, ново е што тие сега сакаат тие 70-тина години на „македонизам“ да ги стават во бугарска рамка. Да прифатиме дека сме втора бугарска држава, додека името Македонци е рамно на преспанци, мариовци...

Наспроти нивното долгогодишно државничко искуство во надворешната политика, нашите „политичари“ се однесуваат како обични аматери. Факт е дека немаме дипломатска традиција ама триесет години на независност се доволни да се сфатат макар основните работи иако еден од најстарите занаети не се совладува лесно и брзо. Очигледно е дека во нашата дипломатија (ама и политика) се напикани деца, братучеди, комшии, пријатели... на влијателните, наместо способни кои на жестоката меѓународна (и домашна!) сцена, би ги бранеле македонските интереси. Кадровската политика секогаш ни беше за никаде, а по независноста е – уште полоша. За министер за одбрана беше поставен поранешен командант на ОНА, одметнат од македонската армија кадешто имаше дадено заклетва. Тешко може да се замисли по самоубиствен потег од тоа.

Од австриски извори јавноста дозна за документот на Софија со нивните услови за нашето членство во ЕУ.
Опозицијата крена прашина и, со право, обвини дека се крие документ којшто фрла додатен опул врз нашите преговори.
Власта беше фатена со соблечени панталони ама веста од Брисел требаше да ни ја донесе барем МИА. Ако била пратена, а морало, некој намерно ја скрил. Реакциите на овој документ, пак, повторно покажуваат дека нашите политичари не се дораснати на моментите во коишто се наоѓа државата.
Техничкиот преговарач со ЕУ, Б. Маричиќ, објасни дека Европскиот совет едногласно одлучил да започнат преговорите со Македонија, за што гласала и Бугарија и дека овој документ нема влијание врз таа одлука. Но тој, како и Брисел претходно, ја крие суштината дека документот е наменет за преговарачката рамка, којашто сега се подготвува. Софија сака незините барања да влезат во рамката, што нема лесно да оди ама има право на вето и ќе условува. Веќе најави дека нема да дозволи организирање на меѓувладина конференција со што всушност започнуваат преговорите. Значи, преговорите се условени со бугарските уцени, иако Б. Маричиќ тврди дека не е така.
Во најмала рака е чудно и тврдењето на министерот Н. Димитров дека – „*оваа (бугарска) изјава има многу еднострани услови што се спротивни на Договорот за пријателство...*
*Македонскиот јазик е клучен и нераскинлив елемент на нашиот национален идентитет“.* Ако е така – зошто не се реагира?
Изгледа дека министерот не разбира дека ние, со договорот, прифативме (1) дека имаме „заедничка историја“ што, ipso facto, значи дека сме еден народ. Имено, нема два народи кои имаат „заедничка историја“. Меѓу Македонија и Бугарија само дел од историјата е таков, како и меѓу сите соседи на Балканот. Софија инсистира на таа формулација за да докаже дека нема Македонци, а „нашите“, со договорот, тоа го прифатиле и назад нема, и (2) дека јазикот не ни е автохтон, туку дека произлегува од Уставот. За мкд.мк, Н. Димитров вели дека - „*никогаш нема да прифатиме вметнување на антиевропски билатерални услови...“*. Безочна лага – условите ние веќе ги „вметнавме“ во договорот со Бугарија, што

значи дека секаде не обврзуваат. Нема веќе исклучоци. Тоа е завршена работа. Во дипломатијата нема место за пишман ации.
И реакцијата на С. Пендаровски – „*Бугарската изјава го истакнува ставот на една земја, а не е заеднички став на Унијата, нема запирање на преговорите*“ е далеку од вистината. Претседателот добро знае дека Унијата работи со целосен консензус, дека преговорите не се започнати туку само се најавени и тоа без утврден датум и, главното, дека сега се подготвува преговарачката рамка за Македонија. Што ќе влезе во неа, треба да почекаме за да видиме. Брисел во никој случај не може (целосно) да го игнорира бугарскиот документ. Прашање е само колку и во која форма ќе прифати. Клучни се три работи: (1) ако Бугарија не ја прифати преговарачката рамка, нема почеток на преговори, (2) секоја земја членка може да ги блокира преговорите во секое од 35-те поглавја или, сега, во шесте кластери и (3) со новата преговарачка формула, земјите членки се директно инволвирани во преговорите и нивните злоупотреби ќе бидат реалност. Дека Бугарија и Грција тоа право максимално ќе го користат, нема сомнение. Нашите страдања во преговорите ќе бидат неиздржливи и често непремостливи поради нивните нецивилизациски уцени. Словенија речиси две години ја блокираше Хрватска за границата во Пиранскиот залив.
Кога С. Пендаровски смета дека – „*не треба да се плашиме дека... ќе го изгубиме правото нашиот јазик да го нарекуваме македонски“,* изгледа превидува дека ние токму во декларацијата и во договорот со Бугарија, прифативме дека нашиот јазик не е автохтон. Потпишавме дека е тој според Уставот на земјата, што значи уставна категорија а уставите се менуваат. Самите го избербатинме јазикот и сега ќе си сркаме што сме си дробеле. Најмногу што можеме да добиеме во ЕУ е иста формулација: македонски јазик, според уставот на земјата а тоа е и целта на Софија, која знае дека повеќе не може да добие. Не како сите други - хрватски, француски... нашиот ќе биде со опашка. Тоа е срамна деградација што покажува дека јазикот не е изворен. А, ако не е таков, може да биде само - дијалект. На бугарскиот, де. Во секој случај, нашиот пораз ќе биде целосен: ако бараме јазикот да биде

без опашка, ќе ни го покажат договорот, со наш потпис дека се согласуваме со неа. Одлуката за неговата ратификација ја потпишал С. Пенаровски.
Прекрстена држава и на пат кон федерализација, јазик со опашка, народ оспорен... така денес изгледа некогашната македонска држава.
Во интервју за мкд.мк С. Пендаровски вели дека – *„и во минатото кога сме имале недоразбирања со Бугарија, сме ги решавале преку отворена соработка“*. Би било добро претседателот да посочи барем еден таков пример од суштинско значење, што бил решен во наша корист. Такво нешто нема и нема да има, особено во процесот на преговори за ЕУ.
Меѓутоа, не е клучно што бугарскиот документ се криел.
Ние и без тоа знаевме што се бара Софија. Загрижувачко е што никој од политичарите не кажа што презеле после еден таков исчекор на Бугарија? Очигледно ништо. Тоа е нашата несреќа. Кога ќе не удри по глава оваа бугарска иницијатива и кога нашите ќе се освестат, ќе биде доцна бидејќи ЕУ веќе ќе има преговарачка рамка, со вклучени бугарски барања. Чаре нема да има.
Признале ние или не, се наоѓаме пред нова блокада којашто, патем, е сосема очекувана и одамна најавена од Софија. Ова што тие го бараат од Брисел е одлука на нивната влада, финализирана со декларација во Собранието.
Тоа е официјална бугарска државна политика на која ние реагиравме недоветно, со срамна фразеологија, како да не разбираме што се случува и каде тоа води. Па еве стигна кај што требаше. Софија се спремаше за ваква офанзива а ние, по обичај, спиевме.
Народот треба да ги знае фактите: (1) Бугарија го поддржа отворањето на преговорите со Македонија бидејќи тоа нејзе ѝ одговара; (2) Таа активно се подготвува за преговорите, ќе уценува за датумот и ќе спроведува тактика на одлагање за да си обезбеди погодности; (3) Текот на преговорите ќе биде неподнослив за нас бидејќи Софија, ама и Атина речиси на секое поглавје ќе имаат неприфатливи барања. Како резултат, преговорите ќе траат предолго, а можеби и со децении.

По никоја цена Бугарија нема да се откаже од нејзините историски синдроми за Македонија и Македонците: ова ѝ е последна шанса за нивно наметнување; (4) Бугарија веќе ни објави војна на која ние немаме ниту реакција, а камоли одговор.
„Среќна“ е клаузулата во договорот дека Заедничката експертска комисија за историски и образовни прашања ќе поднесува „едногодишен извештај за својата работа“. Тоа значи дека е предвидено таа да работи повеќе години и сегашните уцени на Софија, веднаш да капитулираме на историски план, којшто е клучен за идентитетот на Македонците, треба да се отфрлаат со индигнација. Проблемите што ги разгледува комисијата не се дневно политички туку крајно компликувани и вековни и затоа бараат долго време за решавање. Треба да инсистираме на вклучување и на странски експерти.
Иако ние се залажуваме дека капитулантските договори со Бугарија и Грција ги решија меѓусебните проблеми, овој потег на Софија потврди дека со нив само се актуализираа истите, со наше преземање на вината, и сега започнуваат нашите нови крвави маки.
За крај, и една финта. За разлика од нашиот аматеризам, Бугарија е држава со сите нишани. Свесни за големата врева кај нас за нивниот документ во Брисел, Б. Борисов ни прати видео дека бендисал наша песна за корона вирусот.
Тоа е сега хит во нашите медиуми. Поуспешна пропаганда за намалување на штетата, не може да се замисли.

# БУГАРИЈА ANTE PORTAS (ПРЕД ВРАТА)

*(Октомври, 2020)*

Пред 2000 и кусур години, Ханибал се нашол пред вратите на Рим и претставувал сериозна опасност за опколениот град. Денес, пред вратата која треба да ја води Македонија во Брисел, се местат нашите источни „пријатели“, со злокобни закани. Тие воопшто не се шегуваат бидејќи немаат избор: жртва се на сопствените вековни историски синдроми коишто, ако сега не ги валоризираат – ќе им пропаднат. Токму затоа, Бугарија јавно ни објави специјална војна со којашто сакаат да го разнебитат македонскиот народ а којашто ние ја игнорираме. Нашите политичари ги минимизираат бугарски напади коишто навлегуваат во сржта на македонизмот и јавно го оспоруваат нашето постоење, што води во наша национална катастрофа. На крајно безочните бугарски уцени, „нашите“ политичари одговараат со – ќе се договориме, ќе најдеме компромис, Бугарија нема да ги попречува нашите преговори... И, како најголеми аматери, повторуваат дека Бугарија е наш пријател. Ако е така, а не е, кој е тогаш нашиот непријател во моментов? Нашето премолчување покажува само спремност за отстапки што на Софија и дава директна додатна сила да инсистира на исполнување на нејзините уцени.
Додека кај нас нема ниту јасна политика, а камоли координиран настап, во Софија се си оди по ред. Нивната позиција кон Македонија ја дефинира Бугарската академија на науките, што треба да значи дека во прашање е строго научен пристап иако е таа базирана врз политички одлуки и врз нивните неостварени историски фантазмагории коишто ги одведоа и во срамен фашизам. Откако таквата политика, преку Владата, беше финализирана од Собранието со декларација како официјална државна политика, веќе нема и не може да има ниту дилема а камоли недоразбирање – овој документ ги обврзува сите лица и институции на Бугарија, во секој момент и секаде, да настапуваат во неговите рамки.

Прецизирано е дека има повеќе од 20 услови што Македонија мора да ги исполни, ако сака да влезе во ЕУ. Сите се крајно понижувачки за нашата земја и значат откажување на македонскиот народ од самиот себе. Дека е тоа трајна бугарска позиција потврдуваат и честите изјави на нивните политичари. Ќе цитираме само неколку: – поранешниот бугарски претседател, Георги Прванов: „*Бугарската борба за слобода доведе до создавање на македонска држава*" (мкд.мк, од 16/6/2019);
– Румен Радев, претседател на Бугарија: „*Ќе ја поддржиме Македонија, ама не на сметка на бугарската историја, јазик и идентитет*" („Вечер", 20/9/2019);
– Бојко Борисов, премиер: „*Ние кажавме кои се нашите услови за ЕУ интеграција на Македонија*". И додал: „*... и би им дал најбратски совет – да не си поставуваат невозможни услови*" („Вечер" од 8/5/2020);
– Красимир Каракачанов, министер за одбрана: „*Македонец и Бугарин се два збора за едно исто*" („Вечер", 16/12/2019);
– Кристијан Вигенин, тогашен министер за надворешни работи: „*Патот на Македонија кон ЕУ минува низ договорот за добрососедство!*" („Вечер" од 6/6/2013).
Изјавата на Вигенин, која е од 2013 година, потврдува дека Софија смислено го наметнуваше договорот за пријателство, како клучна алатка за бескрајно да не попречуваат и уценуваат на патот за ЕУ, одамна свесна дека само така можат да го уништат македонизмот. За разлика, нашите лаици немаа поим што се случува во Софија. Иако меѓународниот притисок сигурно бил жесток, договорот во никој случај не смеевме да го потпишеме бидејќи така им овозможивме да имаат неспорен адут во блокирањето на Македонија. Секаде ќе мавтаат со договорот за добрососедство, се разбира како што го разбираат тие. Министерката за надворешни работи, Е. Захариева јавно ни порача дека критериумот на спроведување на договорите не го измислите тие туку Брисел. Тие само ќе го (зло)употребувааат тоа.
Една од најкарактеристичните изјави на нашите политичари, кои се преправаат дека нема проблем во бугарските политики кон Македонија, е таа на министерот Никола Димитров, дадена на ТВ

Сител, на 13/9/2020 – „*Факт е дека Гоце Делчев е значаен херој и за македонскиот и за бугарскиот народ“*. Истото го повторуваат и претседателот С. Пендаровски и други. Станува збор за ноторна невистина бидејќи такво нешто не е ни теоретски возможно. Зошто никој не кажува кои се заслугите на Гоце за Бугарија? Факт е дека Софија само го злоупотребува Г. Делчев за преку него да претендира на Македонија бидејќи тој е симболот на нашата борба за слобода и независност. Многу е просто – ако Гоце се борел за независна Македонија, држава на македонскиот народ, што е неспорен факт, не можел да се бори и за интересите на Бугарија. Интересите на едните и на другите биле дијаметрално спротивни. Во принцип, Г. Делчев морал да биде суден од Софија за својата борба за слободна Македонија на Македонците, што Бугарите ги присвојувале. Ако ние се согласиме на заедничко чествување на Гоце, тоа ќе значи директно и отворено прифаќање на срамните бугарски тези дека Г. Делчев бил закоравен Бугарин и дека се борел за бугарска Македонија. Или, со други зборови, сметал дека и ние сме – „Бугари“. Друго објаснување едноставно – нема. Бугарија во никој случај не смее официјално да признае дека ние сме посебен народ бидејќи така би открила и признала дека цело време ја крадела нашата историја! Тоа се рамките во кои ќе се движи Софија, што ќе ни создава огромни проблеми на патот кон ЕУ.
Некој треба да ги потсети Бугарите дека Георги Димитров сметал дека – „*Македонското движење има многу непријатели, но најлошиот е бугарскиот империјализам и фашизам“* („Нова Македонија“, 1/5/2020). Ова се вистини за бугарското однесување, коишто мора да се повторуваат. Како резултат на бугарските ултиматуми и уцени, нашата комисија за историски прашања, произлезена од договорот, е доведена во невозможна позиција. Ред е членовите, достоинствено, самите да се повлечат бидејќи државата не се осмелува да преземе такви чекори. Да дадат оставки со што целата работа ќе биде вратена на почеток. Имаат и конкретен повод: тие беа изиграни од бугарска страна на крајно недостоинствен начин. Откако комисиите се договорија за заедничко славење на Светите браќа Кирил и Методи како

сесловенски просветители, што всушнст и се, Софија започна постапка за нивно прогласување за бугарски. Ако ние, и покрај тоа, ги славиме заедно со нив експлицитно ќе значи дека прифаќаме дека и тие, ама и ние сме - Бугари! Многу просто и едноставно. Тоа е доволна причина за оставки во комисијата.

Кога се анализира бугарскиот однос кон Македонија мора да се нагласи дека Софија не прави ништо без согласност на САД, коишто се причина за сите наши голготи. По распадот на СФРЈ, сите сценарија за Македонија се направени кај нив, вклучувајќи го и ова последново, а официјалното обезвреднување на македонскиот јазик започна со издигнувањето на албанскиот на ниво на втор службен јазик во земјава.

Сите свои планови на Балканот, во коишто се исклучени универзалните права на македонскиот народ, Вашингтон ги спроведува со помош на нашите соседи. Софија и Атина имаат и свои нелегални и нелегитимни аспирации ама нивната реализација е можна само во склоп на американските интереси. Бугарија не се обиде да го спречи членството на Македонија во НАТО бидејќи тоа беше интерес на САД и тие како обични лакеи ги следеа нивните потези. ЕУ е, пак, наш нагласен интерес и затоа Софија поставува - уцени.

# БУГАРСКИ УЦЕНИ И МАКЕДОНСКИ НЕБУЛОЗИ

*(Јуни, 2020)*

Власта се обидува со сите сили и на беден начин да ги минимизира официјалните закани на Софија, иако е очигледно дека нашите преговори за членство во Унијата ќе бидат предмет на нивни нецивилизациски уцени, коишто веќе јавно ги прецизираа. Надлежните даваат небулозни изјави со што грубо го лажат народот дека со Бугарија немаме проблеми, дека заканите и уцените од таму биле нивна внатрешна работа којашто немала врска со Брисел. А Софија јавно и отворено ни постави блокада, на некој начин пострашна и од грчката којашто ѝ претходеше – или ќе исполните се што бараме, или нема членство. Најкусо речено, бараат да прифатиме дека сме „Бугари“ по род, дека како Македонци сме измислени во текот на Втората светска војна, што значи од Тито, дека нема македонски јазик, освен измислен, според Уставот на земјата... Со право тврдат дека со договорот, што го потпишавме со нив, сме се согласиле дека имаме заедничка историја, а не е можно два народа да имаат иста историја, освен ако едниот бил под окупација од другиот. Впрочем, во таков случај што да кажат Турците под чија власт сме биле 500 години? Но, Софија е спремна на невидена „отстапка“: прифаќа дека со некакви (хемиски?) операции во и по Втората светска војна, од „бугарското етничко ткиво“ е откинат дел кој формирал држава Македонија, во којашто живеат измислени Македонци. Тој ново измислен народ, од тогаш развива свој јазик, дијалект на бугарскиот, своја историја, претходно исклучиво бугарска... Сето ова не е ништо ново. Тоа е истата бугарска политика којашто, со мали исклучоци, трае повеќе од 150 години. Станува збор за историски синдром којшто лесно не се лечи.

Впрочем, сега и нема потреба да се лечи кога другата страна (Македонија) е спремна на капитулација и урнисување на сопствените фундаментални интереси. Софија сега ја има единствената шанса - да го добие невозможното. Кога на спротивната страна ќе најдете политички аматери кои не знаат

ниту што сакаат а уште помалку им е јасно што е што, тогаш имате нива за длабоко орање. Исто како и со Грција, потпишавме за нас судбински договор со земја којашто не признава дека постоиме како народ, дека имаме свој јазик, историја... Такво нешто не се прави се додека тие јасно и гласно не кажат со кого го потпишуваат договорот и на кој јазик. Се друго е пораз и предавство на нашите суштински интереси.

Има уште еден важен момент којшто мора посебно да се објасни. Меѓу бугарските уцени е и барањето ние да прифатиме дека не сме биле под бугарска фашистичка окупација за време на Втората светска војна, иако тоа е неспорен историски факт. Како знак на прифаќање на оваа бугарска будалштина, премиерот З. Заев, наредил од споменикот на народниот херој Благој Јанков – Мучето, во Струмица, да се избрише зборот „бугарски“ и да остане само дека е убиен од „фашистички куршум“. Ова е такво понижување на овој народ и на оваа држава што нема зборови да се опише, ниту може да се најде сличен пример во светот. Да се срамиш што си Македонец. А барањето на Софија е многу реално – тие навистина биле фашисти, ама во случајот со Македонија тие сметаат дека ја „ослободиле“, а не ја окупирале бидејќи, макар до тогаш, како што ќе им „признаеме“ и ние подоцна, сме биле – „Бугари“. Сме имале заедничка историја и сме биле едно. Едноставно, Бугарија нема оставено маневарски простор освен да продолжи во неповрат, како што тргнала.

Ако прифатат дека секогаш сме биле посебен народ, што за секој што ги разбира работите е непобитен факт, ќе признаат дека со векови ја краделе нашата историја. Колку е тоа неприфатливо за Софија, не мора да се објаснува. Затоа се обидуваат да го спасат образот со примитивна ујдурма дека сме измислени од Тито. Еве, да се согласиме и дека е така ама како ќе објасниме дека Македонци имало и се уште ги има и кај нив, во Бугарија, и во Грција, и во Албанија... И на почетокот од 20 век, кога се селеле во Америка со турски пасоши, се декларирале дека се Македонци... Што да правиме со нив? Кој можел нив да ги измисли? Ова се Бугарски измислици кои можат да поминат само кај забегани.

Вашингтон и Брисел, пак, ги поддржуваат бидејќи се вклопуваат во нивните интереси.

# БУГАРСКО – МАКЕДОНСКИ ИГРИ

*(Мај 2020)*

Картите полека се отвораат и веќе се насетуваат решенијата коишто дополнително ќе го сотрат македонизмот. Демек, Софија направи „исчекор“ кон реалноста прифаќајќи дека денес ние сме Македонци, иако е тоа евидентен факт којшто никој нормален не може да го негира. Значи, тие одат кон „компромис“ со една таква, до вчера незамислива „отстапка“. Замислете, за Софија сепак имало Македонци!
И, за сите оние што не се во тек со проблемот, потегот значи бугарско прилагодување на стварноста. Така мавтосува и Софија. Тоа е, меѓутоа, само обична селска итроштина за да се залаже народот. Клучното за Софија останува – до Втората светска војна, кога Тито не прогласи за народ, и бугарскиот дијалект го промовиравме во македонски јазик, ние бевме Бугари. Ако се голтнат ваквите бугарски кукавички јајца, практично ќе значи дека сме согласни дека ова е втора бугарска држава, а Македонците се така наречени според регионот, без посебни етнички карактеристики. Исто како и пелагонци, мијаци...
Бугарите си припишуваат и заслуга дека не ослободиле од српскиот јарам и дека за тоа мораме да им бидеме благодарни. Нормално е дека во никој случај не смееме да спомнуваме дека тоа беше дело на бугарските фашисти, во соработка со Хитлер. Ако некој те „ослободил“ од друга окупација, нели, не можеш да бараш влакно во јајцето. Впрочем, факт е дека и дел од Македонците се понадевале дека Бугарите, макар и како фашисти, ќе донесат некаква слобода, а не уште пострашна окупација.
Никој не може да оспори дека повеќе од 70 години има македонска држава и дека ние добро ја играме улогата на Македонци, колку и да ни паѓа тоа тешко. И, еве, Бугарија е спремна да ја признае таа вистина. Но, ништо не е џабе во животот. Цената е едноставна – официјално да ја признаеме нашата бугарштина до 1940-тите години за што веќе се направени главните чекори, кога прифативме дека имаме заедничка историја и дека јазикот ни е

според Уставот. Тие факти треба сега само соодветно да се ставаат во функција, и работата е завршена. За да се залаже народот, Софија ќе повторува дека ние сме Македонци, а нашите историчари од заедничката комисија ќе ја дотераат заедничката историја со прифаќање на сите добрososедски бугарски барања за потеклото и националниот идентитет на безбројните македонски дејци кои живееле и работале во Бугарија, што е неспорно. Ако веќе се сложуваме дека сме биле „бугарчиња“ до 1944 година, нема никаква логика да се тврди дека сите македонски револуционери и интелектуалци, што живееле таму, не биле Бугари! Сите сме биле. Според достапните показатели, врвните македонски политичари се согласни со бугарските фантазмагории и јавно ќе грмат дека ја постигнале целта, а тоа е дека денес, ние за Софија - сме Македонци! Кому му е важно од кога сме Македонци и дали до 1944 сме биле Бугари? Никој нема да се прашува - зошто нашите родители и дедовци срамно не лажеле дека се Македонци, а да ти биле прикриени „Бугари“.
Ако ја прифатиме бугарската „вистина“, ќе ни се тврди дека националниот идентитет повторно сме го цементирале. Нема да кажуваат дека тоа ќе значи зацементиран како бугарски, а не како македонски идентитет, ама ситници не се важни.
Воопшто нема да им биде тешко да не лажат, со слични мајмунлаци не затрупаа и по капитулацијата во Нивици.
Најавите за наш нов пораз се бројни. Претседателот С. Пендаровски ни кажа дека Гоце Делчев бил Бугарин, ама се борел за Македонија. Нели во Шпанија имало илјадници Руси, Срби, Македонци, Французи, Италијанци... кои се бореле против диктатурата на Франко, ама не биле Шпанци.
Зошто да не биде и Гоце Делчев таков (бугарски!) интернационалец? Според Macedonia Mk Mkd, од17/6/2020, С. Пендаровски направил и чекор напред, пардон назад - „... *Никој во Бугарија не ја спори сегашноста. Ниту јазикот ниту етничката припадност. Од бугарска страна велат, дајте да видиме како било во историјата. Така што, тоа мислам може да биде појдовна основа“.* Точно, тоа може да биде „појдовна основа“ ама за во пеколот. Ова значи дека претседателот на државата

ништо не разбира и прифаќа дека ние сме измислица на Тито, од Втората светска војна!
Вообичаено, и Денко Малески најави слично решение – дека постиме како нација од 1944 година. Тој е дел од Кабинетот на претседателот на државата и не е случајно што од таму дуваат исти ветришта. МНР, Н. Димитров, во едно интервју изјавил дека - „*Не може Бугарија да добие од комплицирање на европската иднина на Македонија. Убеден сум во тоа...*“
(„Вечер“, од10/9/2020). Жалосно е ако е навистина убеден во тоа и не гледа дека Софија отворено и по секоја цена сака да не однароди. Б. Борисов го искара З. Заев што рекол дека Илинденското востание е македонско и тој, со цел памет – се извини! („Слободен печат“ од 11/8/2018).
Треба да ни биде јасно дека бугарската опсесија дека сме ние измислени од Тито и дека како народ постоиме од 1944 година има за цел пред се да покаже и докаже дека нема и не е може да има Македонци во Бугарија. Тоа е нивната најслаба точка. Тука, меѓутоа, се јавува и мал „технички“ проблем – судот во Стразбур, што дури 13 пати ја осудуваше Бугарија за дискриминација на Македонците! Зарем е можно тамошните судии да се лунатици? Тоа што ние не реагираме е друга (тажна) приказна.
Воопшто не е случајно што Софија започна офанзива токму со негирање на македонскиот јазик и најави дека нема да дозволи влез на земјата во ЕУ ако не се прифати дека е тој дијалект на бугарскиот. Нив, меѓутоа, им е јасно дека жртвувањето на јазикот би бил преголем залак, иако нашите бескрупулозни политичари се спремни во неповрат да дадат се од националното. Со голема сигурност може да се тврди дека и наметнатата промоција на албанскиот јазик како рамноправен во државата, е дел од американското сценарио за девалвирање и деградација на македонскиот јазик. Тоа го олеснува патот за негово постепено елиминирање. Може да се очекува дека врз таа основа ќе се бара решение и во Брисел.
Западот планира долгорочно и не дозволува да се најде во ќор-сокак. Во овој момент, како прва фаза, најверојатно, македонскиот јазик, со додавката дека е – „според Уставот“ на земјата, ќе се

прогласи како не автохтон, не изворен и не оригинален. Потоа, ќе следуваат нови деградации.
Во целата оваа какофонија, најстрашно е тоа што откако Софија ги исфрли на виделина сите свои ќор фишеци, Македонија воопшто не реагираше. Во вакви дипломатски мигови, молчењето е знак дека најавеното се прифаќа. Во спротивно, на еден или друг начин, ударот се враќа. Во најмала рака, се поведува широка дипломатска офанзива кај меѓународните фактори со барање на поддршка и осуда на безобразлукот на противникот. Кај нас нема ни такво нешто.
Тоа повторно покажува дека нешто се крие под маса, дека има спремност за нови предавства. Така било секогаш во историјата – ако згазиш во калта, се повеќе ќе пропаѓаш. После договорот од Нивици, се може да се очекува. Без смена на власта, нема спас. За крај, мора да се регистрира и нагласи и бугарското срамно, средновековно присвојување на Светите браќа Кирил и Методиј. И тие, исто како и Гоце Делчев, иако се бореле против интересите на бугарската држава, сега се присвојуваат. Кај нас молк, освен во медиумите. Требаше и мораше да реагираат МАНУ, институтите за национална историја и македонски јазик и други надлежни институции.
Нивниот молк, пак, многу веројатно, е резултат на сигнал од власта, да не се бранува. Инаку, барем некоја од овие меродавни институции ќе се разбудеше од длабокиот сон. Мораше да се мобилизира и славјанската јавност и институции. Тие се сесловенски дејци, просветители и величини. Единствено се покажа „Вечер“ кој на цела прва страна објави – „*Ги присвоија Делчев и Кирил и Методи. Им остана уште Дедо Мраз*“.

# БУГАРСКИ АНАЛФАБЕТИЗАМ

*(Ноември, 2020)*

Стигна очекуваното вето во Брисел што потврди дека со Бугариве нешто не е во ред. Треба да не си со сите за да тврдиш дека нашите родители и дедовци биле „Бугари“ се до 1944, та заедно со нив и ние што сме родени пред таа година. Такво чудовишно извртување на Софија е бесмислено.
Евентуално, некој ќе може во тоа да поверува по 150 години, кога во Македонија ќе живеат нови генерации кои нема да имаат никакви директни спомени што биле нивните пра пра… дедовци. Ние сме поминале добар дел од животот со нашите родители и дедовци, сме растеле и созревале покрај нив и одлично знаеме што биле тие. А сега, сосема надвор од умот, Софија уценува да се согласиме и да потпишеме дека сите тие биле „Бугари“!? Можеби некој крајно маргинален број поединци и се чувствувале така, ама да тврдиш генерално за сите... Е, за тоа е веќе потребно да си целосно забеган во екстремен политички национал - шовинизам, којшто го уништува здравиот разум. Во бугарскиов случај, тоа е враќање на нивниот фашизам од Втората светска војна.
Зарем Б. Борисов и другите бугарски мајтапчии, не сфаќаат дека ако нашите родители и дедовци навистина биле „Бугари“, немало тоа чувство да го кријат и да не ни го пренесат нам, на своите чеда? Макар тајно и во потсвеста да ни го напикаат бугарското национално чувство? Ако правеле така а морале, ако навистина се чувствувале „Бугари“, а Тито тоа им го забранил, ние денес, сакале или не, на еден или друг начин, неизбежно би ги покажувале нашите бугарски корени. Такво нешто не може да се скрие дури да е и табу тема. Ако ништо друго, макар по дома и скришум, би пееле бугарски песни, а такво нешто никогаш немало.
Токму спротивното, ние ги памтиме пораките и аманетите на нашите родители и дедовци сврзани со македонизмот, што ни го всадиле длабоко во душите. Клетите (за Софија!) предци не воспитувале дека сме Македонци, ни зборувале на прекрасен

македонски јазик, ни ја раскажувале нашата историја, не учеле да пееме македонски песни и не успивале со македонски приказни... Впрочем, таков пример, по многу што срамен за нив, има и во Бугарија. Ги прогонуваа Македонците, пред се во Пирин, ги затвораа, мачеа и осудуваа, тие беа жртви на тежок национален геноцид, ама и покрај тоа, до ден денешен, си останаа она што секогаш си беа. Сето тоа им се случуваше само затоа што се декларирале како Македонци, а жестоката крволочност на Софија, која траеше речиси еден век, не успеа да ги сотре. И кога било тоа забрането, и во Бугарија, и во Грција, тие си зборувале меѓу себе на македонски јазик и си пееле македонски песни. Професорот Стојко Стојков објави и книга за дел од овие маченици, малтретирани во казамати, и би било добро да ја прочитаат забеганите бугарски политички лидери. Факт е дека Бугарија успеа да асимилира дел од Македонците, ама тоа е историски срам за нив. Тој арам и денес ѝ се повторува на Софија: донесени се 13 пресуди од Европскиот суд за човекови права, со коишто се осудува државата Бугарија за непочитувањето на основните права на Македонците во земјата. Дури и министрите на Советот на Европа донесоа резолуција со којашто се бара од Софија да ги почитува овие пресуди. Заради тоа, земјата е на тапет и е под постојан мониторинг на Советот. Крајно време е нашиот источен сосед да излезе од политиките на 19-от век и да сфати дека Македонците се реалност и во Македонија ама и во Бугарија, кадешто никој не може да ги негира и избрише со било каков билатерален договор, потпишан од кој било неодговорен македонски политичар. Станува се поочигледно дека крајната причина за овие подли и недоветни бугарски уцени кон Македонија е токму македонското малцинство, коешто не ужива никакви универзално гарантирани права, и тоа во земја членка на ЕУ! И министерката за надворешни работи, Е. Захариева, директно го потврди тоа кога кажа дека тие се најголемиот дел од проблемот.

Очигледно, Софија калкулира дека Македонците најлесно ќе се елиминираат ако се избришат од нивната матична држава и, ако нив ги нема во Македонија. Тогаш, не може да има и македонско

малцинство ниту во Бугарија. Се разбира и обратно: ако Македонци нема во Бугарија, неможе да има ниту кај нас! Токму затоа Софија ја постави и границата до и од 1944 година. Планот лошо го смислиле бидејќи е надвор од умот и личи на најтешка форма на шовинизам ама целта е јасна: ако кај нас немало Македонци до 1944, нема никаква основа дека ги имало кај нив пред тоа. Не можел Тито и таму да ги измислува!. Европа веќе и се чуди на паметот, се подбива со неа, иако јавно нема да ја критикуваат заради солидарноста и за да не се резили Унијата. Влијателниот „Франкфуртер алгемајне цајтунг" пишува дека, *„според Софија - Македонците се – 'вештачка нација', а Бугарите се – 'дар од Бога' или 'паднати од небото'"!* За паметните, доволно кажале.
Има многу индикатори дека и Унијата, и сите членки, одамна се каат што ја примиле Бугарија ама дури сега ќе сфатат дека грешката им е историска и дека заради неа сите ќе бидат на столбот на срамот. Во историјата, Софија секогаш беше на погрешната страна. Сите нејзини сојузници неславно завршија: или беа поразени, или се распаднаа. Последен беше СССР. Што ја чека ЕУ, ако на време не ја исфрли Бугарија?
Нашите предци со векови живееле во Отоманската империја, а неколку пати биле жртви и на бугарски освојувања.
Се издвојува периодот на фашизмот во Втората светска војна, кога Македонија беше претворена во окупациска зона, што Хитлер и ја додели на Бугарија. Во меѓувреме, нашите беа и под српска окупација. И во најтешки историски услови, Македонците никогаш не се откажувале од тоа што биле.
Мнозина се бореле и гинеле за слободна македонска држава и сите сегашни обиди сето тоа да се избрише од нашата колективна меморија, се осудени на тежок пораз.
Деновиве, Софија го злоупотреби писмото на бабата на Р. Шекеринска, чии сопруг и дедо на министерката за одбрана, како што пишувало, се борел за – *„обединување на Македонија со мајка Бугарија".* Тоа сигурно не бил единствен таков случај, ама не бил чест. Во тој период (1943), партизаните беа веќе масовно тргнати во општонароден бој против бугарскиот фашистички окупатор,

широко поддржани од огромен дел од македонскиот народ и сите други кои живееле на нашите простори.
За разлика, мојот дедо од Ресен, Ицо Попе, 17 години робувал за слободна Македонија а мене и на покојниот брат често ни порачуваше – немојте никогаш да заборавите дека сте Македонци: татко ви, јас, татко ми и дедо ми мој, сите беа и сме Македонци. Иако бев мал, тоа го паметам како да беше вчера, а тој почина во 1949 година. Тогаш, не го разбиравме неговиот аманет, ама тој ја постигна целта. Неговиот дедо, пак, кого многу го сакал и почитувал, и за кого ни раскажуваше интересни приказни, бил роден некаде околу 1820 година. Македонец бил пред 200 години, иако непризнат и без национални права. Затоа имало и „Македонско прашање“.
Бугарските бесмислици за Македонија и Македонците, што траат околу 150 години, добро ни се познати на сите.
Сепак, просто е неверојатно што сегашната бугарска „интелигенција“ сака со сила да се откажеме не само од нашата историска меморија, од пред 100-тина или 150 години, туку од нашето лично паметење! Од тоа во што сме воспитани. Со овие неумности, непристојности и будалштини, подготвени од нивната академија на „неписмените“, се навредуваат сите Македонци, каде и да се, вклучувајќи ги и тие во Бугарија.
Меѓутоа, во целиот овој галиматијас, не треба да не чудат историските дрдорења на Софија. Тие се добро познати и, барем за нас, не треба да бидат никакво изненадување. Клучно е зошто молчат Вашингтон и Брисел? Тие секојдневно вреват и ни држат лекции за некаква демократија, владеење на правото, човекови права..., а во конкретниов случај толерираат безочен шовинизам во сопствените редови: Бугарија е членка на НАТО и ЕУ.
Вчудоневидува ставот на Унијата, дека треба да се договориме со Софија. За што? За тоа дали сме тоа што сме, или сме нешто друго, проектирано во мрачните кулоари на БАН? Факт е дека Берлин, кој претседава со ЕУ (јули – декември 2020), врши жесток притисок врз повампирениот бугарски фашизам за да си ги прибере рацете. Меѓутоа, хендикепот е голем бидејќи Софија намерно не остави никаков маневарски простор за договор, налудничаво настојувајќи

да го добие невозможното. Жалосно е што солидарноста меѓу членките повторно пренагласено доаѓа до израз, што е опасен преседан на ЕУ. Брисел мора јавно и официјално да ја осуди Софија, бидејќи ова е невидена агресија врз една земја кандидат за членка, врз крајно неприфатлива основа и ако тоа се толерира, процесот на проширување на Унијата е завршен. Во спротивно, случајот ќе се повторува и со другите кандидати. Тоа би бил тежок неуспех на Брисел, со далекусежни последици.
Заклучокот е неспорен. Навистина требало да завладее тешка безумност во Софија за од сегашните Македонци да бараш да потпишат дека нивните родители и дедовци биле „Бугари“ до 1944 година. Со тоа ги третираш како навистина да се измислени. Тоа е првокласна итроштина, но со тоа Софија се доведува во безизлезна позиција и во ЕУ, и во однос на Македонија.
Сепак, во секое зло има и добро. Ова е еден од ретките случаи кога сите во земјава се единствени против безобразното однесување на Бугарија. Дури и мегафоните на власта се на иста линија, што значи дека добиле соодветен ишарет, иако изјавите на премиерот често не се вклопуваат во општата слика. Наскоро ќе видиме дали тоа е израз на некаква дипломатија или подготовка за капитулација. Според досегашното искуство, второто е поверојатно. Фактот, пак, што Софија кај нас избројала 10 или 15 илјади критики или осуди на нејзините политики во медиумите, треба да и биде одличен показател дека тргнале во целосно погрешен правец. Тоа јасно покажува дека немаат шанси за успех и дека нивната агресија прво не сплотила и второ, ја поткопала на долг рок можноста за некакво пријателство меѓу двете земји и народи. Досега, во земјава воопшто немало никаква омраза против Бугарија и Бугарите, иако поради нивното вековно негирање на Македонците, основа за такво нешто секогаш имало. Сега, по сето ова што ни го прави Софија, обичниот Македонец неизбежно ќе чувствува длабок презир и одбивност кон нив. Софија ги откопа сите воени секири против Македонија и тоа не може да остане без тешки последици.

# МОРА ДА ПРИЗНАЕМЕ: БУГАРИЈА Е, СЕПАК, ВО ПРАВО!

*(Декември, 2020)*

Каков неодговорен народ сме ти биле ние! Токмаци!
Цели 150 години Софија прави разни мајмунлуци за да бидеме Бугари, а ние пет пари не даваме. Бугари, ееееј! Ако веќе толку не сакаат, ако се под опсесија заради нас та дури и со Хитлер станаа побратими за да не премислат, а ние, топуци првокласни, не ги есапиме. Невидено. Иако Бугарите се квази Словени бидејќи имаат татарско потекло, испружената пријателска рака требаше и мораше одамна да ја прифатиме.
Дозволивме таа да се исуши и сега се чудиме што никој не ја контролира и е како интерпланетарен брод со непрокопсани пилоти кои можат се да блокираат та дури и уништат.
А, пак, Б. Борисов и К. Каракачанов (Е. Захариева е само ситно пионче во нивните гнасни раце), длабоко навредени и збунети што вековните им будалеења останале без наш братски одговор, продолжуваат да влечат потези како се уште да се во 19-тиот век. Заради нас, тие немаат друг избор: ги напикавме во калта и се подлабоко пропаѓаат. Нормално дека ќе не негираат како народ.
Некои, недокквакани, ги критикуваат нашите постари источни „браќа“ за фашизмот. Каква кусогледост! Тие заслужуваат светски признанија за тоа. Зарем некому не му е јасно дека ако Бугарија не беше со А. Хитлер и Б. Мусолини тие најверојатно ќе победеа? Токму пактот со Софија беше причината зошто беа уништени бидејќи сите бугарски сојузници завршувале на ѓубриштето на историјата. Последен беше СССР. Ако Брисел не го сфати тоа, и НАТО и ЕУ ги чека истата судбина. Благодарејќи на случајот со Македонија, сега имаат добра прилика да расчистат со Бугарија и да се спасат од повторување на историјата. Македонија, пак, треба да го велича нивниот фашизам бидејќи тогаш не „ослободија“!
На Бугарите навистина не им е лесно со нас, вакви никакви какви што сме. Ако веќе придавката македонски/а/о ја баталивме со договорот во Нивици, зошто сега си играме мајтап со Софија? По смрт ли ќе изигруваме живот? Ако МИА, од Македонска... стана

Медиумска...; ако МОБ, од Македонска опера..., стана **Национална**... што, како процес на саможртвување, секако го јакне нашиот **национален** идентитет... зошто сега се изживуваме со Бугарија? Имаме ли ние некоја доследност во идиотизмите што ги правиме? Ова е извонредна шанса конечно да се откажеме од овие, за нас, клучни придавки што веќе им ги подметнавме на Грците. Ако некој започне судска постапка против владеењето на Филип Втори и Александар Македонски, ќе мора да се расправа со Грција, што тие двајца ја освојуваа како докажани „Грци“.
Ние нема да имаме никакви проблеми. Атина воопшто не е свесна како ги насукавме во Нивици.
Бугарија, пак, сосема е во право што сака дефинитивно да го закопа македонизмот за да престанеме да ги вознемируваме Балканот, Брисел и особено Вашингтон, којшто толку добронамерно и партнерски сака да не истреби. Не заслужуваме ништо подобро кога сме запнале да го докажуваме тоа што се гледа и од Марс а добро знаеме дека таа вистина не им одговара на светските моќници и е спротивна на нивните нелегитимни и нелегални интереси, коишто насилно ги наметнуваат насекаде. Кои сме ние да не го прифаќаме тоа што силата го одлучува? За обезбедување на човекови права и слободи, во демократијата нема подобар начин од користење на сила. Ние сме најобични натрапници кога не можеме да разбереме дека непростлива грешка е да не ја стрижиш овцата (Македонија) под кожа, кога таа тоа го сака и очекува. Причините не се важни. Ако не е во прашање членството во ЕУ, може било што друго. Случајот со Унијата е уште поинтересен Таа е пример за двојни стандарди, за непринципиелност, недоследност и за марионетско однесување кон САД.
Ако најдеш будали врз кои можеш да си ги исполниш сите свои лажни и налудничави историски соништа, крајна неодговорност е тоа да не го правиш. Затоа е Софија во право. Бугарите видоа како и распродадовме на Атина се и за џабе и тие, нормално, застанаа во редот. Во Нивици, ние веќе докажавме дека сме целосно национално неодговорни. Можеби, остана само нејасно што подразбираме под идентитет, историја, културно наследство... и

чии вредности треба да браниме – нашите или на душманите? Се однесуваме како фудбал да играме за да примиме гол, а не за да дадеме.
Истовремено, треба да им се восхитуваме на Бугарите кои посветено ги следат фантазмагориите на нивната власт, на која се и е јасно, како да ја советувала баба Ванѓа. Тоа се луѓе кои со леснина, во 21 век, ги вратија фашизмот и шовинизмот во нивната политика, иако се дел од ЕУ. Македонија им е само добар повод. Вавилонската ороспија секогаш исто се однесува.
Горе долу тоа е денес мозаикот во кој фигурира Македонија.
По огромниот „успех“ во Нивици, бришејќи се што е македонско, го зацементиравме нашиот национален идентитет како во најексклузивни гробишта. Потврда за тоа е што на погребот ни дојдоа главните лидери на меѓународната сцена (Меркел...) кои и официјално ја играа улогата на гробари. Така, го потврдивме космополитизмот, по кој сме познати дека менуваме коњ за кокошка, што би рекол С. Влахов - Мицов. И, навистина, треба да си недоквакан ако не продолжиш по истата славна патека. За среќа, „нашиве“ политички аматери имаат особена дарба за тоа. А Софија, несебично им пружи ексклузивна шанса и можност за нова капитулација и предавство на фундаменталните национални интереси. Многу ретки се случаите во светската историја, ако воопшто и ги има, некоја држава три пати да има шанса да биде национално обесчестена и уништена во период од само неколку години. И, што е најмногу за восхит, политичарите да се фалат што тоа го прават.
Третиот елемент е законот за албанскиот јазик со којшто се минирани темелите на современата македонска држава.
Ние треба да бидеме преблагодарни што, освен Грците и Бугарите, и Албанците строго ги извршуваат прецизните американски директиви за дефинитивно затворање на вековното „Македонско прашање“. Тие се однесуваат агресивно, просто не верувајќи дека целосно се остварува идејата на Призренската лига, иако со создавање на Голема Албанија долгорочно се урнисува нивната безбедност, на Балканот ама и на Европа. Добро е што, како лојален вазал, ЕУ воопшто и не помислува да ги оспори

интересите на САД во регионот што, на крајот, скапо ќе ја чини. Ако Балканот не остане буре со барут, како поинаку Вашингтон ќе го манипулира стариот континент?
Треба да бидеме пресреќни што САД, нашите незаменливи и благородни „стратегиски партнери“, кои бесрамно не прекрстија и однародија, сметаат дека е премногу ризично физички да не сотрат. Тие, лесно можат повторно да ни испратат „ослободители“ од Косово, ама тоа е опасно бидејќи отвора простор, не дај Боже, за враќање на Русија, а поголем баксузлук од тоа, за нив – нема. Така би им паднале во вода сите досегашни успеси кога, со НАТО членки, ја опколија и изолираа Москва, иако свечено ветуваа дека, ако се обедини Германија, нема да го шират НАТО на Исток (договор меѓу Џејмс Бејкер и Михаил Горбачов). Свесни, пак, со какви јалови овци си имаат работа во Македонија, САД одбрале полесен план. Наместо со топови, при што и некој нивни, скраја да е, би заминал кај Свети Петар, вака, чекор, по чекор, на крајно мирољубив начин, ги фрлаат Македонците во топли и искрени бугарски прегратки, на крајно мирољубив начин.
Ѓаволот, меѓутоа, ниту ора, ниту копа. Софија се прецени, сметајќи дека со уцени, блокади и ултиматуми може набрзина да го постигне невозможното и веднаш да не прогласи за Бугари. Ако не нас, барем нашите родители и дедовци, со што ни создаде трајна јанѕа: како можеа тие да не лажат, нас своите чеда, дека сме Македонци, а тие да ти биле „Бугари“?
Деловите, пак, каде што нема „Бугари“, а коишто Тирана, во договор со Вашингтон, официјално ги нарекува „албански територии“, со формализирање на границите ќе се отворат кон Албанија и Косово. Формално, државата ќе опстане, благодарејќи на опасноста од Русија и ем „Македонското прашање“ ќе биде затворено со бришење на Македонците, ем сите Албанци ќе си живеат во една држава. Ќе се измисли и политичка нација.
Овие „блескави“ планови се можни бидејќи „нашиве“ суртуци ги игнорираат политичките последици од нивните безумија. Добро е што премолчуваат дека заедничка историја не можат да имаат два народа, туку само еден. Одлично е што мавтаат и дека македонскиот јазик „според Уставот на земјата“, станува поважен

фактор иако, во суштина, таквата формулација значи дека јазикот не постои, дека го нема, дека е измислен. Ако не се однесувавме вака софистицирано, Софија не само што ќе ни поставеше вето во Брисел туку, најверојатно, ќе го испратеа и најавениот полк да не среди. Како што се гледа, нема бегање од измислената бугарска вистина. За крај, да констатираме дека нашите привремени отпори дека Гоце Делчев не е Бугарин се надвор од умот. Заедно треба да ги славиме и него, и Илинден, и сите други настани сврзани со нашите херои кои живееја во Бугарија.
Софија е свесна дека Гоце и другите се бореле за Македонија и тоа го признава, ама тврдејќи дека тоа било за бугарска Македонија. Впрочем, само така можат да ги потврдат своите аспирации кон Македонија и Македонците. Сите тие немаат никакви други заслуги за Бугарија и, во спротивно, требало да ги судат како предавници. А сега, како да признаат дека тие биле Македонци кога за нив такво нешто воопшто немало и не може да има? Со тоа, станува кристално јасно дека не е ни теоретски можно кај нив да има македонско малцинство.
Гледате ли дека Софија е повторно во право? Се е толку очигледно, ама кој да сфати: тие што имаат заедничка историја имаат и обврска заедно да ја одбележуваат. Ако целосно не го рехабилитираме Сан Стефано, ништо не сме направиле. Ние сме на потег.
За нас, по целесообразно би било да испитуваме како успеал Тито да не трансформира во Македонци? Како не натерал да го научиме северно-јужниот и источно-западниот бугарски дијалект како македонски јазик? Дали праќал учители во секое семејство? Имало ли отпор на насилната македонизација? Оние 20.000 Бугари, за кои Софија ја извести цела Европа, да не биле убиени во тој процес на свирепа македонизација? Дали тие одбивале да се освестат дека се Македонци...? Нашата благодарност кон ЕУ, САД, Германија... мора да биде секојдневна бидејќи не заземаат страна за овие бугарски небулози и само не тераат да се договориме со Софија за тоа кои сме, што сме и кој јазик го зборуваме.
Да капитулираме, де. Исто како и во случајот со Грција. Веќе имаме такво искуство. Второто е секогаш полесно. Се си има своја

цена и треба да сме благодарни што не ни ја кажуваат оти е непристојна, безобѕирна и бескрупулозна. За да се знае што е што, неколку дена по неговиот „историски“, иако за нас крајно поразителен интервју за БГНЕС, З. Заев доби писмо од Ф. Рикер, како отворана поддршка за кажаното. Еве, кажете и вие зошто Софија би попуштила, кога е апсолутно во право?

# 3 МАРТ (САН СТЕФАНО) НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ БУГАРСКИ НАЦИОНАЛЕН ПРАЗНИК

*(Септември 2019)*

Бугарија води војна против Македонија којашто не може да биде „постудена“. Врвното раководство на земјата, заедно со целата „интелигенција“, е мобилизирано со единствена цел да докажат дека ние сме неосвестени „Бугари“. Свесни се дека или сега ќе го постигнат тоа или сите нивни забегани историски синдроми во врска со Македонците, ќе паднат во вода. Капитулантскиот договор што го потпишавме им дава право да го докажуваат недокажливото и мора да се признае дека е должност на политичарите да ги користат таквите ретки прилики. Софија така и се однесува. Со сите сили настојуваат да присвојат клучен дел од нашата историја со единствена цел да не уверат во нашето бугарско потекло. Симболот на сето тоа е секако личноста на Гоце Делчев. Според нивните идеологии, тој е голем „Бугарин“ бидејќи се борел за Македонија, ама како за втора бугарска држава. Делчев нема други историски заслуги за Бугарија.

Тешко дека има поголемо понижување отколку да прифатиш за својата историја да преговараш со соседните држави. Токму тоа го направи нашава држава и сега не треба да се чудиме што ни се случува. Со потпишувањето на катастрофалните асиметрични договори со Бугарија и Грција, Македонија се стави во зависна позиција чии последици можат да бидат судбоносни за опстанокот на македонскиот народ. Нашиве некадарни политичари не уверуваа дека со овие договори се решени проблемите со овие земји и дека тие стануваат наши пријатели, што беше невидена измислица и тешка манипулација. Вистината е дека тие вековни проблеми беа само отворени и ставени на маса за наша понатамошна егзекуција, со наше признание дека ние сме виновни за нив.

Со договорите, апсолутно ништо не беше решено во наша корист. Впрочем, суверена држава никогаш не потпишува асиметричен

договор со друга. Тоа го прават само држави поразени во војни и протекторати.
Сега се уверуваме дека агресијата врз Македонија, и од страна на Атина, ама особено од Софија, никогаш не била понагласена и поопасна. И двете се со јасни намери да му зададат завршен удар на македонскиот национален идентитет: едната преку името, другата преку јазикот. Сметаат дека дошол моментот конечно да се затвори „Македонското прашање“.
Впрочем, Софија отворено ни порача дека Македонија може во Унијата, ама не и македонизмот, поточно – Македонците.
И, додека сето тоа се случува, нашите „мудро“ молчат. И ако се јават, како претседателот С. Пендаровски, тресат зелени во смисла дека Г. Делчев навистина се декларирал како Бугарин, ама се борел за Македонија! Поголема глупост нема и не би требало да се очекува ниту од средношколец.
Историските комисии со Бугарија и со Грција се веќе факт. Сосема е реална опасноста од погубни последици од нивната работа. Ако бевме нормална држава, со одговорни политичари, сега барем ќе се активираа сите надлежни институции за да им помогнат на нашите комисии да се спаси макар тоа што може. Тоа е, меѓутоа, ерес за политичарите кои, како носители на капитулацијата, сега немаат образ да се борат за нашите интереси, кои веќе топтан ги предадоа. Затоа, сосема спротивно, тие ги оставаат нашите членови од комисиите на ветрометина со единствена цел да ја завршат нивната распродажба на македонизмот. И не само тоа: прашање е дали МАНУ, Институтот за национална историја и сличните институции имаат добиено политички налог да не брануваат? Колку ли само „научници“ земаат плата во Институтот, а ништо не сме чуле за нивни „важни“ откритија за нашата историја. Сега, наместо секојдневно да излегуваат со факти и аргументи и за Гоце и за сите други наши дејци (кои неизбежно ќе дојдат на ред за присвојување од Софија) или да даваат сугестии и предлози како да им се спротивставиме на бугарските мајмунлуци – сите тие, со ретки исклучоци - молчат. Ако нешто прават, јавноста треба да знае бидејќи е заинтересирана. Или, како и секаде, и во овие установи добар дел се нечии деца, роднини, комшии...?

МАНУ веќе докажа дека е незаинтересирана за државните и националните прашања. Овде ќе се обидеме да уточниме една слаба точка на бугарската страна, што може да биде повод за наша иницијатива.
Од 1990 година, во Бугарија официјално се празнува 3 март како национален ден. Тоа е денот кога во 1878 година е потпишан **прелиминарниот** Санстефански мировен договор меѓу Русија и Отоманската империја којашто беше поразена во нивната војна од 1877/78 година. Тој договор се нарекува прелиминарен бидејќи никогаш не влезе во сила и беше ревидиран по само три месеци, на 13 јуни истата година, на Берлинскиот конгрес. Според руските замисли, во Сан Стефано беше создадена Голема Бугарија што ја опфаќаше речиси цела Македонија, делови од Србија (Пирот, Врање...), од Грција (Северна Тракија и делови од Источна Тракија) и од Албанија (Корча...). Според договорот од Сан Стефано, Бугарија имаше повеќе од 170 илјади квадратни километри додека денес има околу 110 илјади. Русија ја создаваше Голема Бугарија како вазална држава што беше спротивно на интересите на западните сили коишто не го прифатија овој договор. Русија беше присилена да се изврши ревизијата на договорот од Сан Стефано и потоа следуваше спроведување на тоа што беше договорено во Берлин. И Албанците беа незадоволни од договорот во Сан Стефано и, како последица на тоа, ја формираа Призренската лига чијашто цел беше Голема Албанија.
По падот на комунизмот (1990), Софија го прогласи 3 март за национален празник. И, што се случува? Тие си го слават националниот празник, било во земјата, било по амбасадите, и ние треба да им одиме на гости. Таков е редот.
А, симболиката не е за потценување. Ни подметнуваат да им честитаме ден, со којшто Македонија е ставена под нивна власт! Според достапните сознанија, нашата власт никогаш не даде инструкција ниту да се бојкотираат овие за нас провокативни бугарски прослави, ниту да се присуствува на (по) ниско ниво. Тоа се двете дипломатски можности коишто ние, свесно или не, не ги искористуваме. Се преправаме како да е се во ред. А, не е. Веќе 25 години има сериозен проблем што ние како да не го забележуваме.

Нашата пракса (беш)е погрешна. А Софија ја постигна целта бидејќи ние не реагира(в)ме. Затоа, не треба да чуди оти до денес не се сменети бугарските аспирации кон нашиот народ, јазик, култура...
И пред 1990-тата, повеќе години Софија го славеше 3 март како ден на ослободувањето, што е исто така спорно. Имено, војната заврши во декември 1877 година, кога Бугарија беше ослободена. За сите соседни земја, особено за Македонија, нивниот избор 3 март да биде национален празник е крајно провокативен. Тоа отворено ги симболизира нивните иредентистички аспирации кон делови од неколку соседни држави. Нема никаква основа, ниту оправдување, нешто што било прелиминарно и што воопшто не влегло во сила, значи нешто што не постои, Софија да го користи за свој национален празник, нешто што е неприфатливо за повеќе земји. Впрочем, и да влегол во сила договорот, зад кој се сокрива врвен иредентизам, Бугарија не би смеела да го користи денот за оваа намена. Не треба да имаме дилеми дека Софија го велича Сан Стефано единствено како симбол на нејзиното „право“ врз Македонија и Македонците. Не е воопшто случајно што 3 март е прогласен за национален празник токму во 1990 година, кога беше јасно дека ќе се појави независна македонска држава, којашто ќе треба да се присвојува. Прашањето апсолутно треба и мора да се актуализира во преговорите на комисиите кои ги третираат историските прашања меѓу двете земји.
Интересно е што Софија ни се заканува со блокада на датумот за преговори за членство во ЕУ, а Атина го прави истото ама индиректно, инсистирајќи дека тој мора да биде заеднички со Албанија. А факт е дека и двете едвај чекаат да почнеме преговори бидејќи само преку нив можат да го искубат и тоа малку што ни остана од македонскиот национален идентитет. Ова само на прв поглед може да изгледа противречно бидејќи примарната цел на одолговлечувањето е да не стават во што позависна позиција. Флексибилноста и толеранцијата се синоними за култура ама и со нив не смее да се претерува. Можат да станат контрапродуктивни. Во животот, понекогаш е умно да се отстапи, да се проголта кнедла, да се прифати нешто непријатно... заради некакви

повисоки цели и интереси. Народот убаво рекол дека – паметниот попушта! Арно ама, некој додал – нервно! Тоа е добро предупредување и опомена дека и секоја подготвеност за компромис мора да биде највнимателно анализирана и проверена, за подоцна да не те удри во глава.
Тоа често се случува. Толеранцијата знае да се покаже и како погрешна. Македонија е веќе 25 години добар пример токму за тоа. Ние цело време така го третиравме проблемот со нашето име и, ако не тропаш постојано на маса за нешто што е неприфатливо, не очекувај разбирање и некакви промени од другата страна. Нешто што не бараш, никој нема да ти го даде. Ништо не е гарантирано, особено кога се Македонците во прашање. Така било и така ќе остане.
До сега, Македонија има покажано огромно трпение кон Бугарија. Се преминувало преку безброј разни нивни провокации, се во некаков обид да им помогнеме да се издигнат над сопствените историски синдроми. И сето било попусто. Резултат нема никаков. Софија и понатака со глава сака да урива ѕид, што нити некогаш било, нити може да биде успешно. Најнов обид е диктатот да потпишеме асиметричен договор за пријателство и соработка, како да сме поразени агресори во војна.
Една од главните лекции во дипломатијата е дека односите со соседите се најважни и најтешки. Речиси насекаде е така, не само на Балканот. Низ вековите, со соседите се делела историската судбина, во добро и лошо, во војни и во соработка. Настаните на Балканот, пак, најчесто, биле диригирани и водени од други сили коишто имале сопствени интереси и за таа цел ги конфронтирале земјите од регионот.
Се менувале окупаторите и границите, се разменувало дури и население и сето тоа оставило длабоки траги и последици кои се рефлектираат долги години. Тие наследства секогаш се голем товар, а решенија многу тешко се наоѓаат. Така е на Блискиот и на Далечниот Исток, така е во цела Азија, Африка и Латинска Америка. Во моментов, на пример, постојат шест, седум спорни гранични прашања меѓу САД и Канада, за кои малку се зборува...

**ПАРАДОКСИТЕ НА БУГАРСКАТА „ИСТОРИЈА“**

*(Јануари 2020)*

После срамните бугарски национал - шовинистички и фашистички изливи кон Македонија, вклучувајќи ги БАН, владата и Собранието, во бугарската агенција „Фокус“, на 31/12/2019, се појави и долго интервју на бугарскиот „историчар“ Пламен Павлов *(„Во бугарско-македонските односи треба да поаѓаме од позицијата дека се работи за еден народ кој живее во две држави“).* Насловот кажува се а тој е вистински „научник**“** кога тврди – „*тоа е така и не може да биде поинаку“,* или – „*... друга позиција во науката не може да има“*. На кутриот Павлов никој не му објаснил дека во науката се „*може да биде поинаку“* и „*да има друга позиција“* ако аргументи го тврдат спротивното. Тоа е улогата на науката - да не се робува на некакви политики и догми. Среќа е што „научникот“ Павлов, тешко заболен од историски синдроми и оптоварен од шизофрени политики, не живеел порано. Инаку, нашава планета се уште ќе се сметаше за рамна површина. Како и бугарските политичари и историчари, кои негираат очигледни факти, и Павлов лаже дека Македонија шири омраза кон Бугарија. Напротив. Секогаш имало преголема толеранција и постоел интерес за соработка, ама ако другата страна смета дека не постоиш, простор за пријателство нема и не може да има. Фактот што 150 и повеќе години, во агендите на главните светски фактори имало „Македонско прашање“, е најдобра потврда дека ем имало Македонци, ем биле обесправени. Светот не знаел дека сите луѓе потекнуваат од мајмуните а само Македонците од Бугарите. Равенката не е баш пријатна.

И Пламен Павлов тврди дека нема македонски јазик, дека е тој „*норма на бугарскиот јазик“* за одлучно да заклучи – „*нашата позиција е јасна. Таа не може да биде поинаква“.* А била поинаква, што значи дека им е менлива а тој или шири измислици или не знае шт**о** зборува и пишува. Меѓу Југославија и Бугарија се потпишани три или пет меѓудржавни договори и протоколи на македонски и бугарски јазик. Ако тогаш имало македонски јазик а

сега го нема, тие документи треба да се поништат бидејќи ги откриваат бугарските недоследности.
На Павлов му пречи јазикот бидејќи со примитивни махинации сака да докаже дека нема македонски народ. Фактите со коишто се обидува да ги негира Македонците, целосно ја уриваат тезата дека македонскиот јазик, како дијалект на бугарскиот, е клучен доказ дека ние сме – „Бугари“.
Повеќе од 150 милиони зборуваат арапски ама не се сите „Бугари“. Има Египјани, Јорданци, Кувајчани, Арапи - Бербери... Павлов точно тврди дека – „*никој не зборува за мексикански, аргентински... јазик*“... бидејќи во Латинска Америка мнозинството зборуваат шпански. Павлов повторно превидува дека јазикот им е ист, ама ги има разни нации и повторно не се сите „Бугари“. Иако звучи неверојатно, тој реди исти имбецилни грешки – „*никој во Австрија нема да се противи дека јазикот им е германски*“, за да се надоврзе дека ние во Македонија не прифаќаме дека јазикот ни бил „бугарски“. Зарем не му шепнале дека таму живеат Австријци, а не Германци и дека, по истата логика, ние дури и со „бугарски дијалект“, не значи дека сме „Бугари“? Впрочем, според горните примери, и да зборуваме на чист бугарски тоа воопшто не го негира фактот дека сме Македонци, иако јазикот е исклучително важна идентитетска одлика. Генијална е неговата мисла дека - „*да се тврди дека од памтивек има македонски јазик и дека бил секогаш различен од бугарскиот... тоа е само по себе апсурдно*“. Единствено не објаснува зошто е тоа „апсурдно“? Веројатно, тоа треба да се подразбира.
Тој маестрално заклучува – „*отстапки околу тоа не може да има*“. Какви „отстапки“, бре, Павлов? И, од кого? Колку е жално кога некого ќе го јавне бесмислена политика! Павлов убаво прецизира: „*националното чувство е индивидуално прашање*“, ама веднаш се негира бидејќи тоа право не важи за Македонците. За нив одлучува – Софија.
Појаснува дека во Македонија има луѓе кои – „*немале можност да ја откријат својата бугарска самосвест... поради бесен антибугаризам*“. Ова е веќе брилијантно откритие! Тоа треба да

важи за 99,9 проценти од Македонците кои немале можност национално да се „освестат“. Токму затоа Бугарија и Павлов брзаат тоа да го поправат. Нема никаква логика ниту врска споредбата која Павлов ја прави меѓу Македонија и Бугарија со Грција и Кипар и со Романија и Молдова. Напротив, тој повторно си скока во уста. Во првите две живеат Грци и тоа не е спорно за никого. Како што живеат Албанци и на Косово и во Албанија. Вторите се пример на две нации кои зборуваат ист или сличен јазик ама едните се Романци, а другите Молдовци. „Научникот“ Павлов упорно се обидува да го брани невозможното бидејќи нема основни знаења за работите.

Единствено Георги Димитров не беше зачмаен во бугарските историски синдроми и му беше јасно дека игнорирањето на Македонците во Бугарија е политичко злосторство. Познатата комунистка Цола Драгојчева, пак, која во 1960-тите и 1970-тите јадеше трици против Македонија, во јули 1945 година напишала: „Прашањето за национална слобода за фашистите беше прашање со кое се разгоруваше омраза меѓу народите... Оваа вистина особено силно ја почувствува и разбра македонскиот народ...“. Тогаш за неа имаше таков народ, ама потоа – не. И таа се освестила. На испраќањето на моштите на Гоце Делчев за Скопје, на 7 октомври 1946, подоцнежниот претседател на БАН, Тодор Павлов, рекол – *„Делчев беше длабоко убеден дека ослободувањето на Македонија може да дојде само преку сериозна подготовка и подигање на сенародно вооружено востание... на што ги посвети сите свои сили...“; „... сонот на Гоце беше за ослободување и сестран успех и величие на македонскиот херојски и во секој поглед прекрасен народ“*.

Тоа се факти кои „историчарите“ како Павлов не можат да ги сфатат. Толку им сечи ак’лот. Испраните мозоци се страшна и непоправлива работа. Големо - бугарската утопија од Сан Стефано е бесмислен и празен сон од којшто Софија треба што побргу да се разбуди. Не заради Македонија туку за да не си се резили самата. Павлов треба да ја прочита книгата на Чавдар Маринов („La question macedonienne de 1944 a nos jours“, за која веќе пишувавме), за многу работи да му станат појасни. Ч. Маринов исто така ги

пласира бугарските ставови, ама со обид за објективност. Тој потсетува дека АВНОЈ и Отечествениот фронт на БКП, на крајот од 1943 година, истовремено го признаваат правото на Македонците за национално обединување. А пред тоа, уште во 1923 година, како генерален секретар на Извршниот комитет на Коминтерната, Бугаринот Васил Коларов изјавил дека „*македонското население сака да биде признато како националност и да ги добие своите национални права*“. Во интервју за мкд.мк, на 19/9/2019, во врска со „кавгата“ за Гоце Делчев, Ч. Маринов оценил - „*... барем од бугарска страна гледаме една многу јасна националистичка ангажираност на историчарите*“. Павлов одлично се вклопува.
Павлов и сличните мора да сфатат дека фактот што Србите тврдеа дека сме Срби, Грците – Грци, а Бугарите се уште сметаат дека сме Бугари, недвосмислено покажува дека сме нешто - четврто. Не е возможно тројца да те присвојуваат ако не си различен од сите нив, иако и сличен. Ако си дел на еден од нив, другите се во аут и нема што да бараат. Интересно е што Софија сега агресивно ги присвојува и Македонците од Албанија ама не смее да ги спомне оние во Грција. Повторно бедни и срамни вазалски политики. Бугарија и Павловци се уште ѕиркаат од 19 век.
Генијалниот Алберт Ајнштајн оценил: две работи се безгранични – вселената и човековата глупост. (Нема докази дека при тоа мислел на бугарските политики кон Македонија. Не бил толку видовит). И додал – за вселената не сум до крај сигурен.

# БУГАРИЗАЦИЈА СО НАША ПОМОШ

*(Април, 2019)*

Додека сите (не само) на Балканот си измислуваат митови за нивното потекло, за се да биде поуверливо, ние сме шампиони во негирање на нашето минато. Пред Втората светска војна, сите наши дејци, кои во текот на речиси еден век живееле во Бугарија, немале друг избор отколку да се пишуваат како – Бугари. Денес, под влијание на пропагандата на Софија и на други центри, наши сезнајковци заклучуваат дека тие не можат да бидат Македонци и сега дури преговараат со Софија во врска со нив и тоа на крајно понижувачки начин! Тоа е резултат на нашиот поданички менталитет при што имаме свое мислење, ама не се согласуваме со истото.
Зарем некому не му е јасно дека тие луѓе живееле во Бугарија која никогаш, освен за времето на Димитров, не признавала дека постојат Македонци како одвоен народ, со свој јазик, историја...? Зарем некој не разбира дека во тие времиња да се изјасниш како Македонец и со тоа да се удираш во гради значело губење на работа, прогон, робија ако не и нешто посурово? Впрочем, сите имале бугарско државјанство, документи, пасоши... во кои морало да пишува дека се Бугари.
Биле плаќани од Буџетот на бугарската држава... По балканските војни, исто било и во окупираната Вардарска бановина каде Македонците морале да се пишуваат како Срби и да менуваат име и презиме. Паралелно, едните биле посрбувани, а другите бугаризирани. Сепак, поранешната пракса кога на местата каде пишувало дека тие луѓе се Бугари, сме ставале – Македонци, беше погрешна и сега ни се удира од глава. Тоа не смеело така да се прави туку историчарите требало да објаснат зошто тие луѓе морале така да се декларираат и зошто немало никаква можност да биде поинаку. Н. Вапцаров, на пример, на многу софистициран начин порачувал – *„оваа земја не е моја земја“,* иако пишувал прекрасна поезија на - бугарски. Ако пишувал на македонски, немало каде да објавува. Немал друг избор.

Во историските анализи мораат да бидат земени во обзир клучните елементи: времето и условите во коишто живееле и работеле тие луѓе. Иако биле Македонци, тие и како учители не можеле да предаваат на македонски јазик ниту во училиштата во Македонија, којашто била окупирана и народниот јазик бил забранет. Поаѓајќи од горните факти, за нас не треба да има никакви дилеми: секој од нашите дејци, кои живееле и работеле во Бугарија, АКО САМО ЕДНАШ, ВО БИЛО КАКВА ПРИГОДА, РЕКОЛ И СЕ ИЗЈАСНИЛ ДЕКА Е МАКЕДОНЕЦ, ТОЈ МОРА ТАКА ДА СЕ ТРЕТИРА. Мора да ни биде кристално јасно дека само во тие ретки моменти тој ја кажувал вистината којашто во сите други прилики морал да ја крие. Присилен, без можност на избор, тој можел 10 илјади пати да се „прогласи“ за Бугарин без тоа да има поголемо значење. Едноставно, немал друга опција без да си ги загрози работата, животот, семејството... Најважно за нашите дејци во Бугарија било да преживеат бидејќи само така ја продолжувале националната мисија. АКО НЕКОЈ ТАКА НЕ СЕ ЧУВСТВУВАЛ, НИКАДЕ И НИТУ ЕДНАШ НЕ ЌЕ КАЖЕЛ ИЛИ СПОМНЕЛ ДЕКА Е МАКЕДОНЕЦ. Освен провокаторите. Тоа мора да биде нашиот начин на дефинирање на Македонците кои живееле во Бугарија. Секој од таа плејада на важни и историски личности, доволно е само еднаш да си ја открил душата, да ни прател ишарет кој е и што е, за да немаме никакви дилеми. Нема никаква потреба некои вистини постојано да се докажуваат. Ако, пак, некој навистина бил Бугарин, немало никакво потреба, та ниту можност во било каква прилика да изјавува дека е Македонец. Такво нешто е – исклучено. Според американскиот претседател А. Линколн, клучно правила во немирни времиња и војни е да го присилиш противникот да загине за неговата земја, а не ти за својата. Нашите во Бугарија немале друг избор За Бугарите, кои го игнорираат нашето постоење како народ, нема посилен аргумент против нивните небулози од фактот дека „Македонското прашање“ е актуелно повеќе од 150 години, та дури и денес. Не е можно да нема Македонци, а да има прашање за нив! Дури и Живков во неколку прилики признал дека во Бугарија има Македонци, ама дека немало услови да бидат признати. Тие се етаблирале и во највисоките државни врвови. Не е спорно и дека

некои од нив целосно се бугаризирале. Тие, пак, сигурно не би изјавиле, во ниту една прилика, дека се Македонци. Заради кариерата, тоа би го криеле како најголема тајна. Историската бескрупулозност веќе и донесе одредени резултати на Бугарија, а сега, во многу нешта, работите повторно одат во нејзина корист. Наша најголема грешка беше што не го искористивме периодот на Југославија, кога можеше и мораше да се расчистат голем дел од недоразбирањата со Бугарија во врска со Македонците.
Сега, по распадот на СФРЈ, САД се главни на Балканот и спремни се да го затворат „Македонското прашање“, со бришење на Македонците и, нормално, Бугарија прави се за максимално да профитира. Засега успеваат, ама од нас зависи до кога ќе биде така. Голем дел од врвните македонски дејци живееле и твореле во Бугарија бидејќи македонска држава немало, а условите таму биле најповолни од повеќе аспекти. Таму се школувале, вработувале, создавале семејства... Бугарската држава им го овозможувала тоа, за што заслужува почит ама, истовремено, заслужува и осуда бидејќи подмолно и со сите сили се обидувала да ги асимилира. Иако средства не се избирале, калкулациите на Софија не се поклопувале со стремежите на бројни Македонци кои биле свесни дека нивниот македонизам не бил прифатлив за бугарската држава. Затоа, цело време се преправале и криеле и секогаш кога морале да се изјаснат пишувале дека се Бугари, а се во обид да ја надитрат државата и да преживеат. Тоа е суштината во која битисувале најголемиот број Македонци коишто живееле во Бугарија. Иако со поинакви карактеристики, слична била судбината и на автохтоните Македонци од Пирин.
Кус период по Втората свеска војна, во времето на Георги Димитров, Бугарија ја сфати неодржливоста на своите историски синдроми. Македонците во Пиринскиот дел тогаш добија право да се декларираат тоа што се, следено со образовни, културни и други права, а се зборуваше дури и за присоединување на овој регион кон Македонија, односно СФРЈ. Состојбите сосема се сменија во 1948 година откако СССР ги прекина односите со Југославија. Цената на Информбирото ја плати - Македонија. Софија целосно ја смени својата политика и повторно продолжи со неодржливо

негирање на Македонците и нивно присвојување. Слично беше и во Грција. Голем дел од логистиката за Демократската армија на Грција - ДАГ, којашто се бореше против владините сили, одеше преку Југославија. Помагаа и други, ама Белград (преку Скопје) беше клучен. Во тоа имаше и логика и симболика бидејќи сериозен процент од борците во ДАГ беа Македонци од Егејскиот дел. Нив им беше ветено дека ќе ги добијат правата што универзално им припаѓаат и тоа беше мотив за нивно масовно учество во војната. Прашање е како ќе завршеше граѓанската војна во Грција ако не се случеше расколот со Москва.
Во периодот којшто следуваше, народите на Југославија имаа корист од раскинот со СССР, ама тоа беше погубно за интересите на Македонија. Од 1948 година до денес, со политика на негирање на се што е македонско, огромен дел од Македонците во Бугарија е веќе асимилиран. Така е и во Грција, а и во Албанија е многу слично иако Македонците таму се признаваат како малцинство. Сега, на ред за асимилацијата сме ние од поранешната Вардарска бановина. Ако на време не се освестиме, и не се одбраниме, и нас не чека истата судбина како Егејците и Пиринците.
По потпишувањето на капитулантскиот договор со Бугарија (2017), под директива на власта, ама и на странскиот фактор којшто ни ја крои судбината, во нашата јавност има анализи, колумни... кои водата ја тераат кон бугарската воденица. Средства не се избираат. Меѓу лидерите на таквите бесмислености е Денко Малески кој речиси во секој текст, а ги има секојдневно, пишува за македонскиот национализам како причина за проблемите со соседите. На линија на неодржливата бугарска и грчка теза, и тој тврди дека македонската нација е создадена во текот на Втората светска војна.
Поголема глупост, здравје. Впрочем, ако навистина Тито во текот на војната и веднаш по неа „создал“ или „измислил“ македонска нација кај нас, како Д. Малески и нему слични ќе го објаснат фактот што на попис во Бугарија, во 1956 година, преку 180.000 лица се идентификувале како Македонци?
И нив ли Тито ги „инфицирал“? Или, им „шепнал“ така да се изјаснат? Интересно би било да се објасни како тие национално се

„освестиле“ во текот на војната кога Бугарија не беше на страна на партизаните и комунистите туку беше фашистичка земја?... Да не беше трагично, ќе беше смешно.
За крај, да повториме уште еднаш: според веројатното американско сценарио, војна на Балканот веќе нема да има, ниту насилно менување на границите. А нас Македонците, откако официјално не прекрстија и разнебитија како народ, и не оставија без нашите национални институции и симболи, постепено ќе не „освестуваат“ во идентитетска смисла и се повеќе ќе не фрлаат во прегратките на Софија. Тој процес е започнат и ќе тече преку заеднички прослави на историски настани и други модалитети, додека албанското обединување, со понатамошно релативизирање на постојните граници, веќе никој не може да го спречи. Дали некој во земјава ќе го сфати сето ова и ќе преземе нешто за да се поправат историските грешки, е друго прашање.

## ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ЈУНАК И РЕВОЛУЦИОНЕР И НА МАКЕДОНИЈА И НА БУГАРИЈА

*(Октомври, 2020)*

Невозможно е и незамисливо, Гоце Делчев да се смета подеднакво важен јунак и револуционер и за Бугарија и за Македонија. Двете држави можат да го слават ама само одвоено. Иако нашите политички мудреци бедно, компромисерски и понизно се обидуваат да поентираат дека е тој значаен и за двете држави, со цел да ги задоволат бугарските крајно нечесни аспирации, тоа е теоретски неизводливо. Зошто е така?

Прво, тоа не е можно бидејќи интересите на двата народа со векови биле длабоко конфронтирани. Гледаме дека и денес е така. Затоа, едното е контра другото и не можат да одат заедно. Ако Гоце се борел за бугарските интереси, тој по автоматизам бил против македонските. И, обратно.

Второ, во негово време, како и денес, Софија не признавала дека Македонците постојат како одделен народ, ниту поддржувала нивна автономија или независна држава.

Нејзина единствена цел била да ги асимилира. Бугарското присвојување на се што е македонско е општо познато и се уште жестоко продолжува.

Трето, сосема разбирливо, Гоце Делчев е во фокусот на интересот на Бугарите бидејќи е меѓник на сите бугарски фантазмагории во однос на Македонија. Гоце Делчев бил симболот на македонизмот и Софија, претендирајќи дека е тој Бугарин, смета дека најлесно ќе докаже дека и сите ние сме „Бугари“ бидејќи, нели, тој, како таков, можел да се бори само за бугарска Македонија.

Четврто, Софија често подметнувала лажни извештаи и документи дека сите заложби за некаква автономна или самостојна Македонија, се само етапа или начин за нејзино враќање во бугарски прегратки. Демек, така било најлесно да се добијат територијата и народот и дека тоа била целта и на Гоце и на сите други македонисти. Во тие измами, тезата за Гоце Делчев им е носечка.

Петто, на тој начин, тие ја прикривале и борбата на Македонците за сопствена држава, претставувајќи ја во сосема различно и погрешно светло.
Шесто, било какво наше прифаќање на ултиматуми за бугарскиот национален идентитет на Гоце Делчев, ќе значи и директно согласување со нивните небулози дека се до Втората светска војна сме биле Бугари, а потоа Тито „решил“ дека сме Македонци, со цел да не оддалечи од Софија.
Седмо, за Софија нема опција дека Делчев не бил Бугарин, бидејќи тогаш може да биде само Македонец а за нив такви нема и не може да има. Затоа, мораме да бидеме свесни дека нивниот маневарски простор е исклучително тесен.
Осмо, ако Гоце Делчев навистина бил Бугарин, има три можни верзии:
а) дека тој бил предавник на сопствениот народ бидејќи неспорно се борел за слободна и независна Македонија;
б) дека сите негови изјави и дела за Македонија и Македонците биле тешка измама бидејќи работел за бугарските средновековни аспирации и сакал да ги бугаризира Македонците. А за да ги заведе, лажел дека е Македонец и дека е посветен на нивната кауза. Сепак, сето тоа е предалеку од умот и не може со ништо да се
докаже;
в) како Бугарин, тој искрено се борел за Македонија како правдољубив човек кој бил свесен дека Македонците се обесправени и сакал да им помогне. Во тој случај, меѓутоа, Софија ќе мора да прифати дека ако веќе тој бил Бугарин, имало и Македонци за чии права се борел.
Прашање е колку би било тоа прифатливо за Бугарија? Ова се обични хипотези коишто само додатно ги разбиваат бугарските будалштини бидејќи сите знаеме дека Гоце Делчев бил Македонец. Впрочем, зошто инаку би сакал да биде погребан во Македонија? Како заслужен „Бугарин“?
Се заедно, слободно можеме да заклучиме: во дадените услови, нашите членови во заедничката комисија треба веднаш и безусловно да побараат Гоце Делчев да се тргне од темите за

коишто се разговара. Поводот е доволен – Софија поставува ултиматум во врска со него и во такви услови нема можност за никакви стручни дебати. Политиката мора да се тргне настрана. Наш предлог треба да биде се да си остане како и до сега бидејќи поинаков меѓусебен договор не е возможен. Право е на Бугарија да го чествува Г. Делчев како сака и колку сака, а такво право имаме и ние. Во никој случај не доаѓа во предвид заедничко чествување. Треба отворено да им се каже дека останува надежта дека, еден убав ден, Софија ќе ја прифати вистината. Само таа ќе ги отвори вратите за вистинско пријателство, коешто е природно за двата соседни и блиски народи. Сигурно е дека на такво нешто долго ќе се чека, ако воопшто некогаш и се дочека.
Во меѓувреме, ние мора соодветно да се однесуваме, а не да изигруваме кловнови (не само политички).
Во моментов, значајно прашање на коешто мора да се бара не шарлатански туку издржан одговор од Бугарија е следното: ако Тито навистина не измислил нас, Македонците од Вардарска Македонија, што се случило кај нив во Пиринска? Како била можна фатаморгана од стотици илјади Македонци?
Кој ги измислил нив? Георги Димитров? Или, зошто Европскиот суд денес и суди на Бугарија за геноцидно однесување кон Македонците? Од каде Македонци кај нив ако ги нема кај нас?
Во оваа долгорочна збрка со Бугарија, Македонија мора да биде свесна дека основно правило во меѓународните преговори е своите максимални очекувања да ги претставиш како минимални. Додека ние постојано покажуваме спремност за срамни компромиси, за разлика од нас, Бугарија тоа перфектно го прави. Исто како и Грција пред тоа. Така, ем си го зголемуваат сопствениот, ем ни го стеснуваат нашиот маневарски простор. Токму така Софија го третира и нашиот јазик. Целта е македонскиот јазик да биде целосно девалвиран со објаснување, поточно опашка, дека е – „*според Уставот на земјата*“. Таквата формулација директно потврдува дека македонсиот јазик е нечиј дијалект. Во светот нема пример за друг јазик којшто произлегува од некаков документ, макар и устав. Нашиот би бил единствен, што ќе треба да потврди дека е измислен. Софија е свесна дека и таквата формулација

тешко ќе помине и затоа оди со бесмислено барање на целосно негирање на македонскиот јазик без тој да се споменува *(„официјален државен јазик“)* за, на крај, да биде „великодушна“ и да „дозволи“ дека тој е со опашка, како уставна и менлива категорија. САД и ЕУ ќе аплаудираат на нивната флексибилност, а ние ќе треба да бидеме пресреќни. А тоа би била историска катастрофа за Македонија. Наш хендикеп е тоа што нашите мудреци веќе два пати ја користеа оваа навредлива и понижувачка формулација: прво во декларацијата од 1999 а потоа и во договорот за пријателство... од 2017. Мораме да се избориме и да докажеме дека е тоа направено под притисок и со добронамерни цели и дека може да се користи само билатерално со Софија и никаде на друго место. Шансите да успееме се минимални бидејќи потпишавме документи со таква формулација а тоа во дипломатијата обврзува. Еднаш направена отстапка, важи за сите заинтересирани. Мораме да се бориме да ги поправиме историските грешки, а ако не успееме, последиците ќе бидат несогледливи.
Нè чекаат тешки времиња. Преговарачката рамка за Македонија, долго ќе се договара во Брисел. Бугарија постави неприфатливи услови за да го оневозможи тоа. Таа не си остави можност за никакви компромиси и ако се повлече, ќе доживее тежок политички пораз. Бугарите се свесни дека преговорите за членство се моментот кога треба и мора да се доразбие македонизмот. Затоа, ќе одат до крај. За нив, ова е да се биде или не. Со влезот во ЕУ, македонизмот дефинитивно ќе се етаблира на меѓународната сцена. ЕУ е оперативна организација, за нас многу поважна од ООН. И во Брисел ќе бидеме маргинални ама често ќе бидеме во фокусот на настаните и ќе имаме корист, што ќе не афирмира како народ.
Ако тоа се случи, Бугарија ќе ја загуби двовековната борба и нивниот историски синдром во врска со Македонците ќе испадне лажен. Токму затоа, на Македонија ѝ е објавена војна. Ако не се постапи и одговори соодветно, тоа неизбежно ќе доведе до наш страотен пораз. Народот не смее да биде замаен со изјавите на политичките лидери од власта, кои се обидуваат да ги

минимизираат бугарските глупирања со тврдењето дека национален идентитет и јазици меѓународно не се признаваат. Тоа е точно, ама нашиот случај не е таков.
Ние не бараме признавање на нашиот национален идентитет или на македонскиот јазик од било кого. Проблемот е што Бугарија и Грција нив ги негираат и јавно тврдат дека не постојат ниту Македонците како народ, ниту македонскиот јазик. Тоа е спротивно на сите меѓународни стандарди. Кога се признава државата, по автоматизам се признаваат (или прифаќаат) и народот што живее во неа и јазикот што таму се зборува.
Факт е дека многу работи се измешани во историите на балканските народи. Основната причина е што сите биле пет века дел од Отоманската империја (што не значи дека за се се виновни Турците!). Прочуена е изреката на Винстон Черчил дека – „*Балканот произведува повеќе историја отколку што може да поднесе“*. Таков бил Балканот - на крстопат, кадешто се мешале религии, јазици, азбуки, народи... се среќавале или се судирале интересите на разни (веле)сили, се воделе војни... Случајот меѓу Македонците и Бугарите, пак, бил најспецифичен и посебен, повторно од повеќе причини.
Главната е што Македонците беа секогаш базата на големобугарските амбиции коишто формално ги реализирале со потпишувањето на Сан Стефанскиот договор, а практично за време на бугарската фашистичка окупација на Македонија, од 1941 до 1944. Голем хендикеп е фактот што Македонците последни создадоа своја држава и поради тоа голем дел од нивните првенци долго живееја и твореа токму во Бугарија.
Привлечени од сродноста на јазикот, Софија им даваше погодности, ама секогаш со задни намери: тие да се побугарчат. Неспорно е дека дел од историите на сите балкански земји е заеднички. Меѓутоа, само дел. Во никој случај не може да се зборува за некаква заедничка историја меѓу кои било две земји, вклучувајќи ги и Македонија и Бугарија. Или се два народа, со различна историја, или се еден народ, со иста.
Токму затоа Софија инсистира на тврдењето за заедничка историја, за да го докаже недокажливото. Нашиот проблем е што

македонските аматери потпишаа договор со којшто прифатија дека историјата со Бугарија ни е заедничка. Со тој потег се избришани клучните интереси на македонскиот народ. Впрочем, ако со некого веќе имаме некаква заедничка историја, и тоа повторно само делумна, тоа е само со Турција: за време од речиси 500 години под Отоманската империја.
Смешно е, пак, кога Бугарите велат дека Македонија е најромантичниот дел од нивната историја. Зарем заборавааат дека токму заради Македонија доживееја тежок национален и историски срам кога беа дел од најстрашната светска чума – фашизмот? Ако е тоа за нив некаква романтика, Господ нека им го чува умот.

# МОЖЕЛ ЛИ ГОЦЕ ДА СЕ ДЕКЛАРИРА КАКО МАКЕДОНЕЦ?

*(Јуни 2019)*

Ако Македонците и денес, кога Бугарија е членка на ЕУ, се уште не можат таму да се изјаснуваат како Македонци, како можел тоа да го прави Гоце Делчев, пред 150 години?
Ако сега се изјаснат како Македонци, луѓето таму во најмала рака бргу ги губат работните места и се под присмотра на полицијата. Сите такви се третираат барем како асоцијални личности. Така се врши присилна асимилација којашто е веќе премногу напредната. Како било во времето на Делчев, проценете сами. Како народ, ние никогаш не сме постоеле за Софија. Веќе преку 100 години, илјадници Македонци постојано се прогонувани, апсени, малтретирани, та и убивани во Бугарија. Националното чувство било доволна вина за страшен погром. Ова се факти што сите ги знаат, и нема потреба да се докажуваат. Ако некој, сепак, не верува (бугарската МНР, Захариева, на пример) нека го прелиста весникот „Народна волја“, којшто излегува во Благоевград, и ќе прочита за несфатливи трагични човекови судбини, жртви на вековната злосторничка бугарска политика кон Македонците. Сите се со име и презиме.
Софија цело време повторува дека Гоце Делчев се декларирал како Бугарин, а не кажува дали можел да се изјаснува како Македонец без да биде прогонуван? А, не можел. Не би би чудно ако, на некој начин, бугарската држава се крие и зад неговото убиство бидејќи тој никогаш и никаде не се залагал за Бугарија, туку се борел за својата Македонија. Доказите дека бил Македонец се безбројни, а меѓу нив е и неговата внука која тоа го тврди. Може ли таа да не знае што бил тој?
Крајно жалосно е, пак, што претседателот С. Пендаровски го нагласува фактот како се декларирал Гоце, без да потенцира дека секогаш бил и останал – Македонец, а при декларирањето немал друг избор. Македонските политичари се однесуваат вазално, на неизмерна штета на македонизмот. Со ваква политика, алот ни е во

калот. Не смееме да кажеме ни на кој јазик зборуваат Македонците во Грција! Сигурно – турски!
По балканските војни, и Македонците во Србија живееле, работале и студирале во исти услови, како Гоце во Бугарија.
Секаде се воделе како Срби, со сменети имиња и презимиња, коишто и самите морале да ги користат. Пред Втората светска војна, татко ми студирал во Белград како Ќирило Николиќ а бил Киро Никовски. Ако сакал да студира немал друг избор, а бил и останал – Македонец. Според бугарската итроштина, ако татко ми беше интересен за Белград, тие сега би го прогласиле за Србин. Навистина така се декларирал. Во спротивно, не би можел да студира. С. Пендаровски би го потврдил тоа, без да размислува и објаснува. На тие што ги следат работите, а не мора да се историчари, јасно им е зошто Бугарија и до сега го водела Гоце како Бугарин, а сега сака тоа по секоја цена да го потврди, ама со наша согласност. Практично, Македонија е моментално под окупација, како што некој точно процени. Се ни се менува: името на државата, личните карти, пасошите, регистарските таблички... се до Уставот, а националните институции се обезличуваат... Веројатно, толку страшно не било ниту во Вардарската Бановина, ниту за време на бугарската фашистичка окупација. Во Скопје, сега имаме Албански и Турски театар ама не и Македонски! Грците ни го забранија. Ни се случуваат работи коишто беа нормални во времето на српската и бугарската окупација и во Втората светска војна. Така ќе биде се до ослободувањето на земјата.
Во тој контекст, комисиите за историски прашања, предвидени во договорите со Бугарија и Грција, треба целосно да ја избришат политичката, историската и културната меморија на македонскиот народ. Со тек на времето, тој постепено да стане некаква словенска аморфна маса со којашто лесно ќе се манипулира. Или, да остане повеќе како некаков музејски остаток. Некој маестрално оцени дека македонизмот умира и соседите имаат задача да ја поделат неговата оставина.
Гоце е симболот преку кој Софија докажуваше дека ние сме „Бугари“ а сега доби историска шанса тоа и меѓународно да го

ратификува, со наша согласност. Бугарите немаат никаква можност да прифатат дека Гоце е Македонец, иако немаат никаков издржан и несоборлив аргумент да го негираат неговото македонско потекло. Во спротивно, историскиот синдром за Македонците им паѓа во вода. Софија неочекувано заглави. Нема избор. Се открија нивните срамни, нецивилизациски и фашизоидни политики кон Македонците. Ако прифати, како што тоа го стори нивниот великан Георги Димитров, дека Гоце бил и останал Македонец, сите „карти“ за нашата „бугарштина“, им паѓаат во вода. Добро е што на крај, сите лаги излегуваат на виделина.

Нервозата којашто ја манифестира Софија ја открива долгата и тешка болест на нивното општество во однос на Македонија. Бугарија направи трагични историски грешки во двете светски војни, ставајќи се на страна на фашистите, со единствена цел Македонија да ја добие како воен плен. Не успееја, ама лекциите очигледно не ги научија.

Неоспорен факт е дека бројни Македонци посветено и верно и служеле на Бугарија, заборавајќи и/или игнорирајќи ја својата национална припадност, ама тоа е друга приказна. Мнозина биле во врвовите на бугарската политика (А. Љапчев, С. Радев...), што зборува само за нивните квалитети.

Како тие национално се чувствувале било нивно право. Некој има напишано дека Македонците биле многу успешни во Бугарија бидејќи биле интелектуално надмоќни, што секако е индивидуална оценка.

Сепак, да не бидеме наивни. Оваа невидена жестина и агресивност на Софија не е резултат (само!) на нивните историски аспирации. Ова што се случува со Македонија по распадот на Југославија, сите овие 30-тина години, вклучувајќи ја и оваа епизода, е дел од американско сценарио за македонско разнебитување. Во прашање се нивните интереси.

Оспорувањето на уставното и историско име во никој случај не беше само грчка политика. Тоа беше повод за бришење на македонскиот народ, според кого и самата држава беше крстена. Таа не го доби своето име од регионот туку од народот, кој ја

основа во 1944 година. Вашингтон е менаџер на целиот проект, а сите други се статисти. Рафалите од Софија не се можни без американска согласност. Послушна низ историјата, како и секогаш досега, Софија се залета и заглави. Простор за враќање назад не си оставија и тоа е нашиот главен предизвик. Очекуваа полесно да не скршат, ама се излажаа.
Бугарската непопустливост ќе биде жестока и ние мора да се подготвиме за тоа. Ако, пак, прифатиме дека Гоце не бил Македонец, тогаш дефинитивно ќе бидеме измислица на Тито. Решението за Гоце ќе биде клучен индикатор до каде сме стигнале или колку сме разнебитени. Нема сомнеж дека нови кнедли ќе се голтаат. Со договорите со Бугарија и Грција, коишто се капитулантски, само ја отворивме „Пандорината“ кутија и ништо повеќе. Во годините што доаѓаат, нашите рани постојано и обилно ќе крвават се додека не пресушат, тогаш кога ќе не снема бидејќи нашите соседи, поттикнати од нашата неспособност веќе го бараат и невозможното (Гоце). Досега, бранејќи ги сопствените универзални права, не бевме инфериорни во однос на соседите. Сега сме. И, логично, ќе бидеме изложени на ниски удари од сите страни. Најстрашните и најсуровите – следуваат. Кој знае по кој пат, пак ние сме на потег.

# ДАЛИ ДОГОВОРОТ ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ЌЕ БИДЕ ДЕКА ТОЈ БИЛ БУГАРИН ШТО СЕ БОРЕЛ ЗА МАКЕДОНИЈА?

*(Август, 2019)*

Разликата меѓу професионалците и аматерите е едноставна: вториве не ги разбираат работите и обично прават грешки со трајни последици. Договорите со Бугарија и Грција се таков пример. Носителите на овие „проекти“ не уверуваа дека ги решиле проблемите со двата соседи коишто, нели, беа пречка за нашите интеграции. За таа цел беа дадени незамисливи отстапки за што цената ќе ја плаќаме долго време. Тоа беше класичен аматеризам. Всушност, веднаш да не примаа во Унијата, такви жртви во никој случај не смееја да се (на)прават. Една година помина и преговори нема, а ниту ќе ги има во блиска иднина. И кога ќе почнат – тоа ништо нема да значи. Најверојатно, преговорите ќе траат и цели 15 години, ако не и подолго. Тоа е предолг период и за држава, камоли за поединец. За толку години се може да се смени, на добро и на лошо. Речиси е невозможно да се прогнозира што ќе биде актуелно и атрактивно по толку време. Унијата сигурно ќе преживее, ама ќе биде сосема поинаква од денес.

Дали и тогаш ќе биде интересна за нас, не може со сигурност да се тврди. Засега, Македонија треба да ги вложува сите сили за да стане членка. Тоа е наш поширок интерес, ама мора да се следат реалните состојби коишто се менуваат. Цената што досега ја плативме е превисока и понижувачка и воопшто не е соодветна на тоа што (ќе) го добиваме.

Времето веќе покажа дека вековните проблеми со овие две земји не се решени со двата капитулантски договори; дека Македонија не направи историски исчекори; дека нам не ни се отвораат европските перспективи, додека атлантските беа нагласен интерес на САД и затоа напредуваат; дека двата соседи воопшто не станаа наши пријатели и поддржувачи...

Веќе може да се констатира дека немаше ни грам вистина во пропагандните изјави на креаторите на овие наши погубни надворешно политички потези.

И, додека ние мируваме и не брануваме за да не ги вознемириме нашите нови „пријатели“, тие преку ултиматуми, уцени или пораки не навредуваат и омаловажуваат.
Се однесуваат исто како и последните 150 години, ама многу поагресивно. За нив ништо суштинско не е сменето освен нашата согласност дека ние сме виновни за нивните историски синдроми и дека не постоиме како народ, јазик, историја...
Со договорите добија можност да не докусурат и би било несфатливо да не ја искористат.
Да почнеме со Бугарија. Во јануари 2017, пред да му заврши мандатот, претседателот Росен Плевнелиев јасно прецизира – „*Македонија треба да влезе во ЕУ, ама не и македонизмот кој е една идеологија која не е само антибугарска туку и антидемократска“!* Тоа значи дека земјата може во ЕУ ама без Македонци. Неговиот наследник, Румен Радев, во јули 2019, побара – *„Софија да постави црвени линии за Скопје“*. Да даде поддршка за ЕУ – „*но не безусловна и не безрезервна“*. МНР Захариева во јуни 2019 ни порача дека – *„датум за преговори не значи и членство за Македонија во ЕУ“*. Подиректна порака, здравје. Во Скопје, на 1 август 2019, премиерот Бојко Борисов постави ултиматум и уцена – до октомври МОРА да се најде решение и да се согласиме дека – „*Гоце Делчев бил Бугарин кој се борел за Македонија“*.
Рече – „*никако не сака да ја блокира Македонија во октомври на патот кон ЕУ“* ама „*има свој лимит и нема да допушти да го обвинат дека ја предал бугарската историја“*. Зошто нашите ја предаваат сопствената, не е негов проблем.__*декларирал за Бугарин и во исто време се борел за самостојна македонска држава“*) ја употреби и претседателот С. Пендаровски уште на крајот од јуни што сигнализира дека е тоа веќе договорено решение меѓу двете страни. Тоа би била наша целосна капитулација, со несогледливи последици, а нашиот дел од комисијата ќе нема избор освен да ја прифати. Ако не потклекнат, ќе заслужат најголемо признание.
Тоа беше историско истрчување и непростлива грешка на С. Пендаровски. Прифати дека Македонци не постојат пред 1945

година, а морал да нагласи дека Г. Делчев немал никаква објективна можност да се декларира како Македонец, што е неспорно. За разлика од нас, Софија знае што сака и како да го постигне тоа.
Зошто Бугарија толку инсистира дека Г. Делчев е Бугарин? Факт е дека тој ништо нема направено за Бугарија а еве и Софија признава дека се борел за Македонија. Зошто тогаш го слават? Така е бидејќи тој е симболот на бугарското присвојување на Македонците. Целта е да се докаже дека Г. Делчев, како Бугарин, можел да се бори само за бугарска Македонија. Тоа ја демаскира ама и детерминира нивната бескомпромисност за неговата националност. Мора да ни биде јасно дека Бугарите никогаш, и по никоја цена, нема да прифатат дека Гоце Делчев не бил Бугарин. Во спротивно, тој би можел да биде само Македонец, а такви за нив ниту имало, ниту има! А ова е само почеток. Слични ултиматуми и уцени од Софија ќе следат и за Даме Груев, браќата Миладиновци... и за цела плејада други македонски дејци кои некогаш живееле и дејствувале во Бугарија. Сосема логично, во врска со сите овие прашања, работата на заедничката комисија за историски и образовни прашања Софија ја следи и коментира на крајно националистички начин. По обичај, кај нас главно молк.
Изјавите на бугарските европратеници (А. Ковачев...), нема потреба да се коментираат. Меѓутоа, кога не плука министерот за одбрана, К. Каракачанов, МНР Е. Захариева... не смее да се премолчува. Или, нашата дипломатија мора да реагира кога новинарот Љ. Огњанов, на телевизија, во интервју со нивниот заменик министер за надворешни работи, кажува дека - „*претпочита*“ Македонија да ја нарекува „*Југозападна Бугарија*“, а заменик министерот молчи што значи дека се согласува. Во такви случаи не само што официјално се протестира туку се повлекува и амбасадорот од Софија.
Во моментов, пак, ние таму немаме ниту амбасадор, што е посебна приказна. Тоа покажува на какви ниски гранки сме паднале како држава.
Односите со Бугарија никогаш не биле полоши. Тие и понатаму ќе се влошуваат се додека ние изигруваме дека сме поразени од

нивната агресија и дека се откажуваме од правото на одбрана. Одамна се знаеше дека Софија ќе ни биде главна пречка на патот кон Брисел. Нашите односи со Бугарија се покомплексни отколку со Грција. Грешки повеќе не смееме да правиме бидејќи тие се веќе од историски карактер. По секоја цена мора да се минимизираат погубните последици од капитулантскиот договор, се до негово поништување. Првиот испит е Гоце Делчев. Добро е што Софија бргу ги откри картите, за да не се лажеме дека проблемите се решливи.
Слично ќе се развива и ситуацијата во Грција иако моментално таа не е во фокус на интересирањето. Таму се смени власта и новите политики се неизбежни. Клучно е да се знае дека премиерот Киријакос Мицотакис и неговите се пресреќни што договорот од Нивици е потпишан и тој товар им е симнат. Свесни се исто така дека тоа е најмногу што можела Грција да добие и дека ништо повеќе не можеле ни да сонуваат. Имплицитно, тоа го потврди новиот министер за одбрана, Н. Панајотопулос, кој рече дека - „*договорот не е нешто што може да се измени или поништи*“. Нормално е, меѓутоа, што партијата со договорот капитализира кај гласачите, користејќи ги вкоренетите и масовни историски синдроми во земјата во врска со Македонија и Македонците. Новата власт е во речиси идеална позиција – го критикува договорот, а всушност му се радува и во текот на нашите преговори за членство во ЕУ ќе има безброј шанси и да поентира, демек, за да го подобри. Ќе бидат најголеми патриоти и ќе ни поставаат можеби и повеќе од 100 неприфатливи и навредливи нови барања, како вистински пријатели, де. Треба да се знае дека А. Ципрас беше жртвуван заради американскиот интерес Македонјија што побргу да влезе во НАТО. Пред да стане премиер, тој немаше никаков проблем дека ние сме Македонци а пак земјата Македонија, ама потоа мораше да ја следи и спроведува грчката вековна негаторска политика. Тој беше свесен дека со потписот во Нивици ќе ги загуби следните избори, а во цената веројатно беше вкалкулирана и значајна финансиска помош за да се извади Грција од страшниот банкрот. Со други зборови, заради спас на Грција, А. Ципрас немаше избор освен да се жртвува. Тоа е вистински

политичар. Во Парламентот, при гласањето за доверба на новата влада, К. Мицотакис потврдил – „*приоритет е да се ублажат негативните последици од спроведувањето на договорот од Преспа“,* што значи дека е тоа трајна политика. Нагласил дека - „*главна точка ќе биде развојната програма за Северна Грција, заштита на македонските производи и голема меѓународна кампања за нашата Македонија“.* Повторил дека – „*од однесувањето и добрата соработка на нашите соседи ќе се определува и нивниот напредок кон ЕУ“.* Повеќе е од јасно дека на патот кон Брисел ќе не кочат на секој чекор.
Според „Катимерини“, за нас и Албанија - „*Атина е клучот за проширувањето на ЕУ“,за што ќе се очекуваат - „одредени__ отстапки за возврат“.* За нас, тие ќе бидат главно навредливи и неприфатливи.
Главно од грчки извори дознаваме и за работата на комисијата за историски и образовни теми. Претседателот на грчкиот дел од комисијата изјавил – „*По дводневна битка, во Скопје беше прифатено дека Словените немаат никаква врска со Античките Македонци и дека древната македонска историја и култура биле дел од античката грчка цивилизација...“.* Два пати да прочиташ и да не веруваш. Кој и дал мандат на комисијата да донесува вакви заклучоци и врз каква документација? Да се постигне едногласност за така значајни прашања, не е возможно и на меѓународен симпозиум на врвни историчари. Нашите си молчат. Ништо ново ниту необично.
Можеме да бидеме сигурни дека Атина и Софија едвај чекаат да ги започнеме преговорите за ЕУ за да можат да ни поставуваат дополнителни услови преку ултиматуми и уцени.
Ние постојано ќе бидеме во небрано а тие на дневна основа ќе книжат поени. Тајно или премолчено, ќе се усогласуваат меѓу себе бидејќи интересите целосно им се совпаѓаат, а тоа е да не збришат како македонски народ.

## КОИ СЕ ЗАСЛУГИТЕ НА ГОЦЕ ГЕЛЧЕВ ЗА БУГАРИЈА?

*(Декември, 2020)*

Зошто никој од нашите историчари не објавил ништо за заслугите на Гоце Делчев за Бугарија? Откако тоа ќе се осветли, се ќе стане поедноставно. Факт е дека тој се борел против Османлиите, ама со кристално јасен став дека е тоа во име на Македонија и Македонците, а не во корист на Бугарија. Дури и со аматерски направено истражување на интернет, лесно може да се утврди дека во сите бугарски изворни документи за него се зборува дека тој цело време се борел за Македонија. Никаде нема никаков податок дека направил нешто за Бугарија. Нема подобар доказ од ова дека Делчев е важен за нив само за да го докажат недокажливото дека тој, како Бугарин, работел за нивните интереси во однос на Македонија и Македонците. Тоа би значело дека цело време глумел во врска со македонштината. Тоа е невидена измама и дрскост, на којашто по никоја цена не смееме да наседнеме. Ако се согласиме заедно да го славиме тоа ќе значи дека сме согласни со нивната оценка дека тој се борел за бугарска Македонија. Делчев во никој случај не може да биде херој на двете држави бидејќи нивните интереси секогаш биле дијаметрално спротивни: Македонците гинеле за своја слобода и држава а Бугарите правеле се, за да ги присвојат.

Ако Делчев се борел за едните, целосно бил непријател на другите. Ако копнеел за бугарска Македонија, какошто нечесно и без докази тврди Софија, за што нема никакви документи, тогаш за него нема место во нашата историја. Врти, сучи, нема никаква основа заедно да го славиме овој стожер на македонската историја. Додека Гоце го посветил својот живот за Македонија каква што ја имаме денес – слободна и независна, Бугарија цело време настојувала да ја присвои Македонија и да докаже дека Македонците се Бугари. За таа цел била и на погрешната страна во двете светски војни. Биле партнери со фашистите на Хитлер. А Гоце оставил завет вечното почивалиште да му биде во главниот град на слободна Македонија. Крајно жалосно е што тие бугарски

ментални девијации денес го доживуваат својот зенит. Сите недокважани изјави на наши политичари дека Г. Делчев е заеднички херој се обична будалштина којашто, пак, ги минира сите напори за изнаоѓање на прифатливо решение со Софија. Ако некој не може сето ова да го разбере, му нема спас.
Софија нема други конкретни адути со кои ќе „докаже“ дека Македонија и Македонците се „неосвестени Бугари“.
Делчев им е главен „аргумент“ во таа бесрамност, ама ќе дојдат на ред и другите наши важни историски личности кои живееја и работеа во Бугарија. Кога е така, а нема друго прифатливо објаснување, мора да се знае дека нема ни теоретски изгледи Софија да се согласи со ништо, што би ја довело во прашање оваа нивна бесмислена политика, стара 150 години. Гоце е нивниот измислен и лажен симбол преку кого ги афирмираат сите нивни болни аспирации кон Македонија и Македонците. Без него, осакатени се сите нивни историски манипулации бидејќи други сериозни „аргументи“ – немаат.
Друго објаснување – нема. Од друга страна, тој е столбот на нашите епопеи за слобода и независност. Некомпатибилноста меѓу бугарската и македонската позиција е целосна а со тоа станува невозможен и било каков компромис.
Бугарската опсесија со Македонија и Македонците е премногу стара за некого да изненадува. Сегашната бугарска експлозија на антимакедонски политики е резултат на историските синдроми што ги натераа во клучните историски мигови да бидат на погрешна страна и да се посрамотат. Тоа не можат да ни го простат. Оваа, во основата жална бугарска сага, сега станува нивен императив бидејќи членството на Македонија во ЕУ конечно ќе ги потопи сите нивни срамни аспирации на ова поле. Нивниот пораз ќе биде целосен. Овие нивни политики немаат никаква врска со внатрешните состојби, изборите и слично. Историјата е во прашање. Токму затоа, Софија е спремна да изигрува и недоветност само за да го спаси тоа што може да се спаси. Зацапаа во калот и назад нема. Секој нов чекор е ново пропаѓање.
Замислете, за виновен го измислија дури и Јосип Броз Тито! Ако не сме се откажеле од него, немало членство во ЕУ! А Словенија и

Хрватска (Тито беше Хрват!)? Ако Тито беше диктатор, нивниот Т. Живков беше сатана. Со него, тие живееја ѓаволски живот а пак ние европски. Таква беше разликата. Факт е дека современата македонска држава беше создадена во негово време, во периодот на, и по Втората светска војна, како резултат на македонскиот антифашизам. Ако Тито навистина ги измислил Македонците како посебен народ, тоа Софија со право не може а, богами, и не треба да му го прости. Нешто што било чистокрвно „бугарско", иако не баш многу „освестено", ти да прогласуваш, и тоа насилно, за некакви Македонци, навистина е крајна арогантција. Софија е прва што откри дека тој бил и волшебник.

# МАКЕДОНСКИ КАПИТУЛАНТСКИ ПОЛИТИКИ

*(Ноември, 2020)*

Во секоја прилика и на секаде, се е натпреварување. Дома, на работа, во друштво... Секаде се обидуваш да бидеш подобар, најдобар... Тоа речиси никој кај нас не го разбираи не го применува бидејќи општествените норми главно се базираат на лажна еднаквост и на партиска припадност. А натпреварувањето се смета како нешто непристојно. Наместо да се бара и открива способноста на секој поединец, нас сите не бива за се, што значи за ништо. Американците, пак, одамна сфатиле дека напредок не е можен без постојано натпреварување. И затоа се први во светот, речиси во се. Во училиштата, во секое одделение се знае кој е добар за што, така е и во сите образовни институции... во сите сегменти од општеството, секаде се бараат и откриваат предиспозициите на секој и врз таа основа им се овозможува на луѓето да ги градат своите кариери. Максимални се напорите професионално да се насочи секој поединец, што е можно само преку соодветни натпреварувања. Така се прави оптимален распоред на човечките ресурси, што е клучно за подобри резултати. Во една прилика, во американски клуб во Џакарта, мајката играше тенис со син од шест, седум години. Малку пимплаа и мајката рече - сега ќе броиме. Детето се побуни ама таа беше одлучна дека мора да се знае кој е подобар. Прво го осудив односот на мајката, која започна со регуларно сервирање и броење, ама бргу ја разбрав пораката и филозофијата. Само со броењето и поразите, детето ќе сестреми еден ден да ја победи прво мајката а потоа и другите. Во спротивно, се ќе си остане во маѓепсан круг: цел живот бесцелно да се пимпла. Како кај нас.
Воведот е поврзан со нашата најавена погубна национална и државна политика, по појавата на обновениот бугарски фашизам. Основното што мора да го знаат водачите на оваа држава е дека во политиката и особено во дипломатијата:
а) нема братски народи бидејќи такво нешто е исклучено во меѓународната пракса и

б) меѓу државите има само интереси што се сведуваат на постојано меѓусебно натпреварување. Нема никакво пријателство. Тоа е само некаква привидна дури и лажна форма во односите.
Така е од почеток, до крај. Со сите партнери а особено со душманите. Ако не се вклучиш во трката, поразот не ти гине.
На еден или друг начин. Мораш да се движиш, не за да напредуваш, туку за да останеш таму каде што си. Во спротивно, другите ќе те престигнат, како што ни прават сега Бугарите, и ти ќе заостануваш. Затоа, на секој бугарски документ мораше аргументирано да се одговара со сопствен. Особено на „објаснувачкиот меморандум“ што го испратија низ Европа и светот. Тоа би била и наша привилегија бидејќи пред фактите, сите нивни фантазмагории излегуваат смешни. Наша основна должност е на европските безрбетници да им кажеме што е што, и тоа да го правиме секојдневно, на широка основа и на сите нивоа. И доколку тие го знаат сето тоа а, најверојатно, деталите не им се доволно познати, наша света должност е да ја шириме вистината, особено сега кога нашата борба е за преживување. Европската бирократија има вродени двојни стандарди и е спремна да замижи на сите вистини, ако тие не се вклопуваат во нивните интереси. Ако никој жестоко не ги брани или не бара да се почитуваат вистините, Брисел си молчи или се прави на удрен. Впрочем, Бугарија е нивна членка, што значи ги ужива нивните привилегии, а ние не сме. Затоа, наша обврска е да ја будиме совеста на Европа и да бараме јавно да се изјаснува за воскреснатиот бугарски национал - шовинизам.
По сите грозни бугарски провокации за нашиот национален идентитет, (не)постоењето на македонскиот јазик, негирањето на бугарската фашистичка окупација, бришењето на нашата историја... просто е неразбирливо зошто Македонија молчи? Бугарите на нас пукаат со сите орудија, ја мобилизираат Европа дека сме измислен народ..., а ние како да сме отсутни. Како да не разбираме што се случува. А на сите веќе мора да им е јасно дека бугарска цел е дефинитивно уништување на корените на македонизмот. Тие тоа и јавно го кажуваат (Плевнелиев). Се додека бугарските пци лаеја само дома, ќе речеш – ај, да не

брануваме и да не создаваме додатни анимозитети, тоа е за нивни внатрешни политички потреби. Арно ама, кога топката ја испратија во Брисел и кај сите членки на Унијата, барајќи поддршка и наметнувајќи блокада, уцена и ултиматум против Македонија, нема објаснување камоли оправдување за нашиот молк. Европа единствено можеше тоа да го толкува дека ние немаме аргументи против бугарските фантазмагории. Уште полошо, дека се согласуваме со нивните „вистини". Ништо друго. Тие ја информираат Европа дека Македонците се резултат на „јазичен и етнички инженеринг", а ние не реагираме. Значи, согласни сме! Неверојатно.
Во прашање е повампирување на бугарските аспирации од Втората светска војна, сублимирани во Сан Стефано, во 1878. Софија отворено ни објави војна, иако засега студена, а тоа се најтрагичните натпреварувања во историјата. Нашето игнорирање, пак, нема никакво оправдување бидејќи на нецивилизираните и ментално забегани бугарски политиканти им препуштивме низ Европа да прават што сакаат. И, наместо да го прифатиме предизвикот и да се натпреваруваме и бориме за да докажеме, со соодветен и жесток одговор, кој е во право ние понизно ги примаме нивните директни удари, закани, блокади, уцени и ултиматуми. Им праќаме пораки дека ќе најдеме компромис и ќе се договориме, дека се тие наши пријатели и промотори во ЕУ... А себе се лажеме дека станува збор за нивно внатрешно прашање (С. Пендаровски).
Има и многу други глупости кои го покажуваат нашиот незамислив политички и дипломатски аматеризам, и тоа во моменти кога се нападнати и загрозени фундаментите на македонскиот народ. Подобар начин да се стигне до пеколот, сигурно – нема.
Дека нашето однесување беше крајно погрешно и контрапродуктивно на нашите клучни интереси, веќе имаме и доказ: според некоја анкета дури над 80 проценти од Бугарите ја поддржувале агресивната политика против Македонија. Тоа мора да не загрижува. Едно се глупостите на политичарите, ама сосема друго е односот на бугарскиот народ, којшто е резултат на

стравотна пропаганда против Македонија. Впрочем, во Брисел веќе стигна првото бугарско вето и сите наши замаглувања паднаа во вода.
Што мислите зошто светот никогаш немал разбирање за проблемите на нашите малцинства во Бугарија и Грција? Само затоа што тие никогаш не правеа проблеми. Секогаш беа мирни и лојални граѓани, не брануваа, ги трпеа неправдите и никој немаше разбирање за нивната грозоморна позиција. Така, станаа жртви на геноцид и речиси ги снема. Ако си молчиш, никој не те есапи. По договорот од Нивици и војната којашто сега ни ја објави Бугарија, ние сме во слична состојба како и нашето малцинство во овие земји. Додека молчиме, Софија агресивно бара и веројатно ќе добие и голем дел од тоа што го сака, или за нас нема ЕУ. Ако Македонија продолжи вака, да се држи по страна, речиси како незаинтересирана, заслужено ќе биде жртвено јагне. По договорите со Бугарија и Грција, и законот за албанскиот јазик, ние правиме нова класична историска грешка што скапо ќе не чини. Тука се поставува и логичното прашање – дали нашиот молк е случаен? Или, се враќа долгот кон странскиот фактор, којшто ја донесе оваа гарнитура на власт токму за да го уништи македонизмот?
Пред договорот со Грција, премиерот З. Заев изјавуваше дека името никогаш нема да го менуваме, дека Уставот ни е одличен и менување не доаѓа предвид, дека двојазичноста е надвор од умот, за потоа сето тоа да стане стварност. Тоа покажува дека ништо не е случајно и дека најлошото може да се очекува.
Мора да загрижува фактот дека Софија максимално концентрирано ги користи сите средства против Македонија, дека на тој фронт се поставени сите институции, додека кај нас се се држи во тајност и сите информации доаѓаат од Софија. Тоа не е ништо ново: така беше и со Грција по што следуваше капитулација. И во овој случај, нетранспарентноста може само да значи дека вистината не е пријатна и дека ни се спрема нов национален пораз.
Бесмислени се надежите што се полагаат за некаква помош од Брисел. Мораме да бидеме свесни дека таму редовно доаѓа до нагласен израз солидарноста на членките, најчесто на сметка на

вистината и правдата. Ако ние жестоко не се бориме, нив нема да им биде ни на крај памет да водат сметка за нашите интереси. Веќе имаме такво искуство од случајот со Грција. Водени од прагмата, ако никој не тропа на маса, тие си терaат по свое колку и да е тоа непринципиелно или нелегално. Така функционира светот, кадешто уште долго ќе владее аргументот на силата, а не обратно. Затоа, Македонците немаат никакви права во Бугарија и Грција Македонската јавност нема никаква информација дали на дипломатски план е превземено нешто конкретно за одбрана на нашите универзални права во однос на Бугарија. Тоа не морало да се прави јавно ама со голема сигурност може да се тврди дека ништо сериозно не е направено бидејќи нема никакви индикатори. Единствено, како претседавач со Унијата, Берлин силно се ангажира преговорите да започнат во декември. Причината е што тоа би бил и нивен успех или неуспех. Сепак, тие не ги осудуваат бугарските нецивилизациски уцени и само бараат некаков компромис, се разбира на наша штета. Добро е што во нивните медиуми се појавија одредени критики кон Софија, што потврдува дека е под нивен притисок. Факт е, меѓутоа, дека ниту една членка на ЕУ јавно не ја осуди бугарската недоличност. Декемвриската конференција, пак, за којашто нашите политичари се фатиле како слеп за стап, сама по себе не значи ништо бидејќи Софија секако ќе продолжи со нејзините уцени и во преговорите. Со преговарачката рамка, таа само се обидува да ја зајакне својата позиција. Иако може да звучи противречно, за Македонија е подобро Бугарија да го блокира почетокот во декември. Тоа би бил сериозен удар и за Брисел, и за Берлин, и за голем дел од членките на ЕУ што неизбежно би довело до некаква изолација на Бугарија. Тоа би бил и нејзин европски пораз.

Потоа, Софија нема да има одврзани раце од нас да го бара невозможното. Објективно, нејзината позиција ќе слабее, а притисоците врз неа ќе се зголемуваат. Штета што за оваа бугарска фарса не се знае наголемо па некој познат автор да напише комедија, за да им се смее целиот свет. Нешто слично на „Романов и Џулиета“, на генијалниот Питер Устинов. Бугарскиве будалштини душа дале за тоа.

# НАШИТЕ „ПОЛИТИЧАРИ“ И БУГАРСКАТА АГРЕСИЈА

*(Јуни, 2021)*

Се вратил таткото од пат и синот, кој го заменувал во долгиот судски спор, видливо горд, се пофалил дека го решил случајот на којшто тој работел цели 30 години. Шокиран, стариот адвокат му рекол дека од тој процес, којшто одамна можел да биде затворен, било плаќано неговото школување.
Оваа шега, во којашто секако има и вистина, потсетува на однесувањето на „нашите политичари“. Тие се нагласено горди што капитулиравме во асиметричните договори со Бугарија и Грција и отворено го манипулираат народот дека со нив ги цементирале нашиот национален идентитет и јазик.
Посмешно нешто, сигурно не сте чуле. А двата договори, такви какви што се, на наша целосна штета и целосно спротивни на стратегиските интерес на македонскиот народ, можеле да ги потпишат сите претходни политичари и на почетокот на 1990-тите години и било кога потоа. Свесни што би значело тоа за македонизмот, тие сосема со право биле внимателни и одговорни. Договорот со Бугарија, Никола Груевски го преговараше речиси 10 години и не го потпиша бидејќи не беше спремен на капитулација. Не ги прифаќаше заедничката историја и другите налудничави барања. Заради тоа, Б. Борисов јавно го плукаше и изјавуваше дека не сака да го сретне. Тоа, меѓутоа, беше американски проект и затоа Н. Груевски беше сменет. Тој грешеше што бугарските барања не ги коментираше јавно и не објаснуваше што се случува и зошто. Впрочем, нема ништо полесно отколку да капитулираш и да ги предадеш фундаменталните интереси на својата држава и народ. Кукавиците се бројни во историјата.
Замислете само колку е цементиран нашиот национален идентитет кога се знае дека се што е македонско сега ексклузивно и припаѓа на Грција а Бугарија сака да потпишеме дека сме (биле) Бугари. Како сме го цементирале идентитетот кога сега не смееме да ги користиме ниту името Македонија а уште помалку придавките македонски/а/о, вклучувајќи и на националните институции како

МРТ, МАНУ, МОБ, МИА..., и кога тие се однесуваат на нашето вино... на нашиот туризам.... на нашите репрезентации... на се. Македонски театар може да има само во Грција. Засега, ама само за по дома, народот и јазикот некако се провлекуваат како македонски ама тоа е само привремено. Според планот, целосниот погром ќе следи во преговорите за членство во ЕУ.
Најтрагичен е веројатно фактот што тие што ги разнебитија македонската држава и народ или не знаат, или не разбираат, или изигруваат недоветност... дека се што остана од македонизмот по Нивици и договорот со Бугарија, ќе биде докусурено во процесот на преговори. Планот е одамна подготвен во Вашингтон и е прецизен. Иако малку прерано, процесот веќе започна деновиве. Атина официјално побара прекрстување на Фудбалската федерација на Македонија и го оспори правото на користење на меѓународен код – мкд, од страна на нашата фудбалска репрезентација на европското првенство. И, што е клучно – тие се во право. Ова е само почеток. Сега беа одбиени ама тоа ќе се финализира во преговорите. Договорот од Нивици не е никаква Библија.
Ако Грција веќе ни „дала“ некакви „права“ во него, а кои се спротивни на меѓународната пракса тие, едноставно – нема да важат. Така е бидејќи ако веќе сме прифатиле дека нема држава со име Македонија, нема никакви услови да постојат или опстанат било какви деривати (изведеници) од неа. Барем тоа што се појавува на меѓународната сцена. Меѓу нас, по дома и се потивко, ние ќе можеме да се нарекуваме Македонци и да ги користиме придавките, се додека времето и нив не ги избрише. Токму како што се случи и со Македонците од Грција и Бугарија: целосниот геноцид ќе биде постепен.
Не само логиката туку и праксата се неспорни: не може да има Фудбалска федерација на Македонија, ниту код мкд, и многу што друго сврзано со претходното име, ако веќе нема таква држава. А – нема. Држава што не постои не може да создава никакви институции, организации, кодови, трговски брендови... Така функционира светот. Новото име (ќе) мора да се рефлектира на се, без исклучок. Токму затоа и не прекрстија – не за да ни го сменат

името туку за изведениците коишто произлегуваат од него. Тоа пред се се однесува на народот. Целта на целиот потфат беше да се избришат Македонците, кои отсега ќе бидат Северномакедонци. Не треба да чуди дека токму на таа основа Грција ги постави барањата во фудбалската сфера. Картите се веќе отворени и треба само некој тоа да го сфати. Се што е спротивно на меѓународната пракса и принципи во договорот од Нивици, никого не обврзува. Тоа е посилно од билатералните договори. Грците тоа одлично го знаеја кога го потпишуваа договорот и затоа ни фрлаа разни трошки за утеха (дека се што не е финансирано од државата, демек, можело да биде македонско), а нашите таленти, благодарение на нивната неукост, немаа поим што ќе ни се случува.
Да повториме: ова е само почеток на нашите нови страдања. Никој нека не се сомнева дека и химната ќе ни оди курбан. Барем текстот. Тој е несоодветен бидејќи државата која ја опева веќе не постои. Долги години, на химната и се остреа Албанците и тоа не го криеја. Меѓутоа, кога сфатија, а веројатно и им кажаа, дека во преговорите за ЕУ неизбежно ќе ни ја сменат, се повлекоа, мудро си молчат и чекаат. Ех, да им беа нашиве политичари макар до колена на албанските во земјава, кај ќе ни беше крајот. Тие секој ден ни држат лекции како треба човек да се бори за националната кауза и да се чува и гради сопствениот идентитет. Нашите го прават токму спротивното. На нивните телевизии, преку цел ден има народни песни и ора а на нишите – во 03.00 по полноќ.
Никој не треба да има илузии дека во нашава земја ќе остане нешто што е македонско. Чекор по чекор, новото име со додавката ќе мораме да го вградиме секаде кадешто ќе треба да пишува Македонија, или придавките македонски/а/о. Со договорот од Нивици, тоа е завршена работа. Егзекуцијата е постепена и долгорочна со цел за полесно да не дотолчат.
Тоа ќе биде ужас без крај. Во преговорите, Грција и Бугарија често ќе се појавуваат со нивни барања, како сега за фудбалската репрезентација. Меѓутоа, тоа не мора секогаш да бидат Атина или Софија. Зошто, на пример, менување на нашата химна да не бара Кипар и тоа на принципиелна основа дека таква држава - нема?

Истото важи и за се друго. Со додавката, Македонија е сосема нов меѓународен субјект.
Барањето на Софија, Брисел да го гарантира спроведувањето на договорот, е друга бркотија во која самите се втурнавме. И, што е чудно, од таму го прифаќаат тоа, иако со некакви прилагодувања, што е надвор од умот. Унијата нема и не може да има такви надлежности. Договорот е билатерален, не е потпишан по барање на Брисел и не смее да добива пошироко значење. Ментор беа САД. Уште почудно е што и „нашите“ се согласуваат со гаранциите веројатно не сфаќајќи за што станува збор. Сигурно никој од нив не се запрашал – а за што од договорот Софија бара гаранции? Колку е мудро да се согласиме со гаранциите на Брисел, ценете сами.
Ќе заклучиме дека нашата погубна надворешна политика не доведе во срамна и понижувачка позиција во однос и на Грција и на Бугарија. Додека Софија грми дека ние не постоиме како народ, дека немаме свој јазик и историја... туку сме нечија измислица, истовремено нас не обвинува дека шириме омраза против нив! А нашите, молчат. Бугарите, тоа го шират и низ целиот свет додека ние трпиме (Трпе) и траеме! Просто неверојатно! Каква недоветност! Бугарите се тежок клинички случај ама ние како да сме во кома.

# МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ И ДИПЛОМАТСКИ АМАТЕРИЗАМ НЕМА ГРАНИЦИ

*(Мај, 2021)*

Неизбежно е да се греши. Меѓутоа, да се повторуваат грешки кога се во прашање стратегиски интереси на земјата и тоа од страна на врвните политичари, тоа веќе не е незнаење туку е рамно на национална катастрофа и трагедија. Токму тоа и се случува на Македонија. Во основата, политичкиот и дипломатски аматеризам, коишто во последно време ги демонстрираме во односите со Бугарија, е врв и на неодговорно однесување. Да одиме по ред. Прво, несреќната заедничка комисија договори Светите браќа Кирил и Методи заеднички да ги слават двете земји како сесловенски просветители. Впрочем, таква пракса имаше воспоставено и пред тоа. Тие се заслужни за писменоста на сите словенски земји и затоа на одбележувањето на нивните годишнини, треба да се канат сите словенски земји, почнувајќи од најголемата, Русија. Проблемот се појави минатата година кога Софија, на најофицијален начин, започна со процедура во Собранието Светите Кирил и Методи да ги прогласи за Бугари а азбуката што ја создадоа за – бугарско писмо.

Ако се тие Бугари за Софија, нема никаква основа заедно да ги славиме. Освен, ако и ние не се чувствуваме „неосвестени бугарчиња“. Нашите молчат и се прават недоветни. Софија не понижува демонстрирајќи „братска“ грижа за нас, а пак Р. Радев ни го лета Стево Пендаровски во Рим на чествувањето, што веќе го оценивме како национален срам. Тоа се нивни мајсторски потези со кои се обидуваат да го минимизираат класичниот национал - шовинизам, спроведуван кон Македонија. Зошто С. Пендаровски ги слави „бугарските“ просветители, заедно со Р. Радев и лета со него? Што покажува Македонија со таа глупост?

Второ, факт е дека Софија максимално води сметка да ја контролира огромната штета што сама си ја прави со неразумните политиките кон Македонија. Тоа го покажува и изјавата на Р. Радев во Брисел, на ЕУ самитот. Според „Слободен печат“, од

26/5/2021, тој рекол дека приоритет за Бугарија е споделување на вакцините со Македонија!? Тоа е држава којашто знае што сака и како да го направи тоа, а нивните лидери не се неписмени аматери како нашиве.
Додека во Унијата се вчудовидени од нивната дрскост кон нас, тие се фалат со вакцините за „нивните браќа“, што ги ветија пред речиси цела година, кога ни беа најпотребни, ама не ги дадоа и веројатно никогаш нема да ни ги дадат. И не треба.
Трето, Бугарија постојано се прилагодува во спорот со нас, за разлика од нашите кои најчесто верглаат фрази со коишто ја влошуваат позицијата на државава во спорот. Свесно или не, тие ги подржуваат бугарските ставови.
Привремениот МНР на Бугарија, Светлан Стоев, („Слободен печат“, од 26/5/2021), прецизира дека – „*овој мониторинг од страна на ЕУ е гаранција дека билатералните договори што се потпишани И КОИ СЕ ПРЕД ПОТПИШУВАЊЕ, ќе бидат имплементирани“*. Овде е најинтересно што С. Стоев ни најавува дека има документ(и) кој(и) допрва треба да го(ги) потпишеме. Ние, пак, не треба да имаме никакви сомневања дека се што дополнително ќе потпишеме, ќе биде максимално поволно за нас. Немојте да се чудите и сомневате во тоа, ве молам. Со вакво раководство...
Проблем е, меѓутоа, што Унијата нема никаква надлежност да гарантира билатерални договори, ниту може да прифати такво нешто, иако Бугарија инсистира на таква глупост.
Тоа е првата страна на медалот. Другата е уште поважна за нас а очигледно е дека не ја разбира ни С. Пендаровски, или така се прави, што е уште полошо. Во изјава од Рим, тој потврди дека за Македонија нема проблем ако спроведувањето на договорот за пријателство го гарантира Брисел. Зарем е можно на претседателот да не му е јасно за кои делови од договорот Софија бара гаранции за спроведување? Тоа секако не се однесува на нивното поддржување на нашата интеграција во ЕУ, ниту на изградбата на сообраќајниците меѓу двете земји... туку на три нешта:
а) заедничката историја, којашто може да биде само бугарска, што значи дека нема Македонци како народ,

б) на јазикот македонски кој може да биде само според уставот, што значи дека не е автохтон и
в) дека не постојат Македонци во Бугарија. Значи, за истите барања коишто и сега се главни за Софија и заради коишто спроведува блокада и уцена.
Наше прифаќање на гаранции од ЕУ за тие три главни бугарски барања, значи дека однапред се откажуваме од самите себе бидејќи прифаќаме тие да се спроведат со помош на Брисел.
Потпретседателката И. Јотова нагласува дека – „*мора да се најде решение за обете земји за да се исполни договорот за добрососедство од 2017“.* И тука нема дилеми кои делови треба да се исполнат а кои нашите аматери ги потпишаа, како да беа паднати од вселената.
Четврто, С. Пендаровски, во Рим, се обиде да го брани Р. Радев дека, демек, тој не не навредувал, дека бил внимателен, ама, сепак, ги поддржувал сите бугарски (национал - шовинистички) барања од Македонија. Не е јасно само дали претседателот сакал да ни каже дека Р. Радев ни е најдобриот пријател во Бугарија? Можеби и во светот? Впрочем, зошто се лета со него, како негов приврзок, кога тој ги поддржувал сите нецивилизациски уцени од Софија? Клучно е што на С. Пендаровски очигледно не му пречи што за неговиот „пријател“ Р. Радев ние не постоиме како Македонци и не зборуваме македонски јазик, туку бугарски дијалект, ама тој не не навредувал на таа основа!? А, како може повеќе да не навреди? Овие ставови, во најмала рака, се крајно неразбирливи и неприфатливи. Во однос на Македонија, Р. Радев е истомисленик на Б. Борисов, Е. Захариева, К. Каракачанов...
Меѓу нив нема никаква разлика. Неговите изјави веќе ги цитиравме, а нашето однесување е срамно. Нема друг збор.
Петто, најсрамно од се, сепак, се изјавите на нашите врвни политичари дека Софија признава и дека сме Македонци и дека зборуваме македонски јазик ама дека биле спорни корените. Не е само јасно дали со тоа прават недоветни од себе или сите нас сакаат да не прогласат за такви. Некој мора да им објасни дека корените сме ние а се друго е тантара, мантара.

# МАКЕДОНИЈА, ЗЕМЈА БЕЗ ДОСТОИНСТВО

*(Декември, 2020)*

Треба да си слеп па да не забележуваш дека Бугарија бесрамно изведува циркуско шоу со Македонија, а ние доброволно (дали?) ја прифаќаме улогата на кловн. Тоа што ни се случува е срамно и понижувачко. Работата е дојдена до таму што секој нормален треба да се срами што е Македонец. До каде не дотераа! За дерецето до коешто сме дотерани не се виновни странците, кои си ги бркаат своите интереси и на кои Македонија им е експериментално глувче, туку аматериве кои ја водат државава, со коешто дури и се фалат. Заслугата, меѓутоа, е општа бидејќи беа реизбирани повеќе пати. Ако народот ги поддржува, ништо подобро и не сме заслужиле.
И откако се што ни направи Софија во последниве година и нешто, откако јавно кажува дека за нив не постоиме како Македонци и дека зборуваме бугарски дијалект, некои одлучија да примиме подарок од нив во вакцини! Тоа е исто како да одиш кај џелатот на кафе и јавно му се заблагодаруваш. Каков и да е дарот, тој мораше да се одбие. Да беше во прашање живот или смрт за сите граѓани на државава, ќе требеше десет пати да се промисли и пак да се каже – НЕ!
Тоа би била нормална реакција по недоличното и за нас погубно однесување на Софија во последно време. И, наместо со барем малку достоинство и самочувство да постапиме во целата оваа збрка, министерот за здравство отиде да им одаде признание на „хуманите“дарители, кои си поигруваат со нас и со нашите чувства и емоции. Прифативме улогата на циркуски кловн, и со тоа се гордееме. Разбира ли некој во оваа држава дека шовинистите во Бугарија, кои ги воскреснаа нивните фашистички аспирации кон Македонија, со овој низок и безобразен потег, а на наша срамота, профитираат и дома и во странство? Дека подарокот е срамна пропаганда, со која до крај не резилат како неандерталци? Не само политички туку и секакви. Сакаат да покажат дека тие се наши „пријатели“, дури и „браќа“, и дека нивните политички

бесмислици и историски ујдурми, со коишто сакаат да не уништат како народ и држава, се нешто природно и нормално, без никаква негативна конотација. Тоа се подмолни калкулации на коишто наседнуваат само неписмени политичари и идиоти.
Станува збор за стравотна пропаганда, на којашто би можел да им завиди и нивниот партнер од Втората светска војна, озлогласениот Ј. Гебелс. И, за да наседнеш на таков примитивен марифет, навистина треба да имаш голема дарба. За да се разберат овие бугарски бедотии не треба да си ниту политичар, ниту интелектуалец, ниту... туку треба да имаш само малку ак'л за да ти биде се кристално јасно.
Секој мора да биде свесен дека, кај партнерите во ЕУ и пошироко, Софија се обидува да ја намали штетата од нејзите грозоморни политики кон Македонија, а ние и помагаме. Таа веќе доби црвени картони ама само од Чешка и Словачка, што е срамно за Унијата. Каде се другите да реагираат против нивните национал - шовинистички барања? По којзнае кој пат, Брисел покажува дека двојните стандарди се нивен начин на однесување, што е навистина жалосно за една организација од таков ранг.
Овој потег на бугарските планери е исклучително мудар бидејќи и дава додатна димензија на нивната политика спрема нашата држава. Ако некој воопшто се разбира во меѓународни односи, политики и пропаганда, веднаш ќе му беше јасно дека Софија ни дава дел од вакцините како на неосвестени „Бугари“. Со еден потег, двоен ќар. Според нивните манипулации, на кои сме предолго жртва, бидејќи не сметаат за народ со бугарски корени, логично ни следува дел од вакцините што тие ги добиваат од ЕУ. Со гестот, само потврдуваат дека се грижат за своите „браќа“ и така ги докажуваат своите бесмислени тези. Тоа е политика на топло, ладно. За да нема двоумење, тоа во лице ни го плесна и нивниот министер за одбрана, К. Каракачанов. Сосема погрешно, некои сметаат дека тој е творец на овие безобѕирни бугарски политики и дека тие се поврзани со следните избори, што нема никаква врска со вистината.
Тоа што тој го зборува, апсолутно го мисли целата влада, и не само тие. Заборава ли некој дека бугарското Собрание донесе

декларација со којашто се дефинира таквата бугарска политика кон Македонија? Во неа се тврди дека ние сме „Бугари“ и зборуваме бугарски дијалект. Декларацијата беше ЕДНОГЛАСНО изгласана. Сите политички партии и пратеници ја подржаа. На најофицијален начин, Бугарија формулира трајна национална политика кон Македонија којашто никој не може да ја прилагодува, без претходно да биде сменета во Собранието. Секое поинакво постапување би бил чин против интересите на државата. Тоа треба да го знаат сите кои наивно очекуваат бугарските политичари да направат некакви суштински отстапки кон Македонија. Такво нешто не е можно без собраниска процедура.
Бугарите безмилосно ни напакостија со најавениот дар и тоа без да спомнат ни колку вакцини ќе ни дадат, ниту кога. Такво нешто, во принцип, не се прифаќа бидејќи претпоставува некаква злоупотреба. Особено во ситуација кога тие водат отворена војна против нас. Мора да се праша колку и кога? Барем да се види дали дарот заслужува внимание. Сето ова зборува дека тие, освен пропагандниот ефект, којшто им е извонреден, не презедоа никаква конкретна обврска. Вакцини можат да ни дадат ама и не мораат. Иако е тешко да се верува дека така ќе постапат, има и таква можност.
Поверојатно е дека ќе ни фрлат некакви остатоци како на кучиња, со максимален напореден публицитет. Впрочем, да ни нудеа и половина од вакцините што ќе ги добијат од ЕУ, тоа мораше да се одбие. Со перфектно изведеното циркуско шоу, тие веќе ја постигнаа целта. Сите дознаа за нивната „хуманост“, иако во сето тоа нема ниту грам од такво нешто, туку е во прашање обична политичка итроштина од којашто треба да се срамат. Си играат политички популизам со нашите чурук политичари ама жртви се сите недолжни граѓани на оваа земја.
И, наместо на културен начин да се одбие понудата којашто е отворена провокација, министерот за здравство седи на седница на бугарската Влада, таму сигурно не одбирал зборови за да се заблагодари, го прима премиерот... Сигурно нема медиум во Бугарија, од најмалиот до најголемиот, којшто не посветил максимален публицитет на оваа наша глупост.

Тоа беше и целта на нивниот поранешен пожарникар, сега премиер, Бојко Борисов, и обидот максимално му успеа. Многу е веројатно дека тој и неговите сериозно се сомневале дека некој во Скопје ќе ја проголта нивната подла мамка, иако и до сега имаа безброј примери за вистинските „капацитети" на македонските политичари. Во секој случај, експериментот им успеа.
Нагласено внимание заслужува и изразот „браќа" којшто „нашите бугарски пријатели" постојано го користат, што воопшто не е случајно. Во политиката, изразот има долга и крајно негативна историја. Се употребува во ситуации кога некој доминира над другите и на тој начин се прикрива реалната ситуација. Меѓу браќата секогаш еден е постар и, како таков, има разни привилегии и мора да се слуша. Во политиката нема, ниту може да има браќа. Тој израз исклучиво се користи како политичка измама и арогантно присвојување.
Нема ниту трајни пријатели бидејќи и тие и непријателите се менуваат. Има само интереси и ништо друго. Воопшто не зачудува што Софија на големо мавта со тој израз ама кога ќе ги слушаш „нашиве", мораш да се прашаш – разбираат ли овие нешто? Крајно време е отврено и гласно да им кажеме дека не сме и никогаш нема да бидеме „браќа".
Објавија дека преку 80 проценти од Бугарите го поддржуваат нивниот шовинизам кон Македонците. Тоа не е случајно. Тамошните пропагандисти, кои се очигледно способни за ниски удари, во сите медиуми го објавија или цитираа нивниот отворен меморандум што државата го распосла низ светот. Крајно неточно, бесрамно, дрско, безобразно, бескрупулозно... во него се тврди дека по Втората светска војна, во Македонија биле убиени 20 илјади Бугари а 100 илјади биле малтретирани. Откако народот ќе прочита такви нешта, а не знае дека се срамни измислици, како може поинаку да реагира? Тоа предизвикува длабок револт и потреба за реваншизам. А сега, по нашата кловновска улога во нивниот циркуски шоу со вакцините, Бугарите се целосно уверени дека нивната политика е правилна. Се е толку просто за паметните, а за другите, ова е атомска физика.

Иако беа малубројни, факт е дека во Бугарија имаше и такви коишто го осудија блокирањето на Македонија во ЕУ. Со вакцините, сите тие добија шлаканица. Испадна дека недоволно ги разбираат националните политики коишто се, во најмала рака „братски“ и многу покомплексни од нивните согледби и критики. Засега, Бугарија не е ниту може да биде наш пријател а браќа не можеме и не треба никогаш да бидеме. Таа е свиреп агресор врз Македонија и Македонците бидејќи без никаква оправдана основа, ги попречува нашите перспективи за членство во ЕУ. Крајно време е ние соодветно да се однесуваме и да одговараме, а не само да го виткаме ’рбетот и да попуштаме. Бугарите со право веруваат дека сме убиле 20 илјади нивни бидејќи никој од наша страна тоа не го демантираше.
Ех, Македонијо, Македонијо. На какви ниски и понижувачки гранки падна! Кога ќе се загуби достоинството, се друго станува ирелевантно. Никој веќе не те есапи за сериозен субјект. За сите стана нешто безвредно. На тоа дереџе е доведена државава, по сите неразумни отстапки што ги направивме од независноста до денес. Затоа ни се случуваат вакви нешта. Се додека не тропнеме на маса и одлучно кажеме – ДОСТА БЕШЕ, така ќе продолжат. Логично е што по Грција, се јави и Бугарија. Во текот на преговорите за ЕУ, тие ќе се менуваат и надополнуваат. Ќе има и други. Дома, пак, Албанците веќе го бараат и добиваат тоа што НЕ ИМ следува. За жал, во земјава не е на повидок власт којашто ќе се спротивстави на менталните девијации на соседите. Однесувањето на нашиот народ е посебна приказна којашто мора да загрижува.
Нема војна што можеш да ја добиеш ако не се бориш. Секое виткање ’рбет води во неизбежен пораз и ги отвора апетитите на другите. Ако некој сето ова не го разбира, му нема помош.
П. С. По објавувањето на овој текст, во медиумите се појави информација дека Израел им понудил милион вакцини на Палестинците, ама тие ги одбиле! Така е, кога се има достоинство.

# МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКАТА УНИЈА

*(Февруари, 2020)*

Македонија е во НАТО. Нека ни е со среќа. Тоа беше американски интерес и затоа не присилија да се прекрстиме и обезличиме бидејќи како Македонци бевме неприфатливи.
По долго колебање, и ЕУ реши да отвори преговори со нас, ама без датум. Тоа е секако добар исчекор за земјава и треба да се поздрави иако цената што ја плативме беше неприфатлива, а начинот на којшто не третираа(т) беше срамен. Меѓутоа, неизвесноста за нашето членство останува и понатака. И Турција долго преговара ама никогаш нема да се зачлени. Нашата длабока опседнатост со датумот, што беше основа за невидено политичко поигрување со народот, се уште трае. Сега со ново залажување: ни фрлија јадица ама без мамка.
Барем формално, поблиску сме до Унијата од било кога ама, најверојатно, тоа ништо не значи. Ако не сакаме да живееме во маѓепсан круг којшто им одговара само на политичарите измамници, какви се речиси сите, треба објективно да ги анализираме нашите перспективи за членство. Мораме да бидеме свесни дека Македонија не е нормална приказна, што се потврдува сите овие 30 години на независност. Државата е цело време третирана како нешто недефинирано, оспорувано, неприфатливо... Ништо од сето тоа што ни се случуваше не беше случајно, а најмалку станува збор за грчки историски синдроми. Сосема спротивно, против нашата држава беа западните највлијателни фактори, кои доминираат со светот. На почетокот на книгава се потсетивме на се низ што поминавме во овој период, а се беше нелегално, крајно непринципиелно и бескрупулозно, со отворено користење на сила и затоа може само да замислиме што уште ќе не очекува во деновите што идат.
Уште на времето, францускиот претседател, Ф. Митеран, на нашиот, К. Глигоров, му кажа дека проблемите на Македонија се политички и дека за нив не важат меѓународните правни норми, принципи и процедури. Тоа значи дека решенијата (ќе) се бараат

со примена на сила а не со дипломатија. Никој од нив не ја есапеше хашката пресуда, токму врз таа основа.
Ако така се однесуваат кон нас веќе 30-ина година, навистина би било наивно да се верува дека тоа ќе се смени. Особено сега, кога самите прифативме прекрстување и бришење на Македонците како народ. Низ иста или слична призма мораме да ја гледаме и нашата иднина, којашто е се потемна и понеизвесна. Објективен интерес на Македонија е да влезе во Унијата и за таа цел треба да се направат сите потребни реформи коишто се пред се во полза на граѓаните. Клучно е, меѓутоа, какви се реалните шанси и можности за наш влез во Унијата, во прифатлив период? Членството во НАТО беше приоритет на САД, и затоа беше исфорсирано. Приказните дека НАТО ќе ја зајакне нашата безбедност, ќе придонесе за побрз развој, за странски инвестиции и слично се само пропагандни петарди. Токму по влезот во алијансата, Албанија е долги години во хаос, што потврдува дека тоа воопшто не е точно. Впрочем, на Македонија не и се заканува никаква опасност од надвор туку само од внатре. Во 2001, САД и НАТО организираа агресија од Косово и, со помош на Албанците, реализираа целосна промена на уставниот карактер на државата. И сега, кога сме внатре во НАТО, истото сценарио може да се повтори. Како членка, пак, земјата ќе биде директно вовлечена на активности кон трети земји, коишто во добар дел се нелегални и агресивни. На таа основа, како и бројни други европски земји, може да бидеме цел на одмазнички терористички напади. Влезот во НАТО беше неопходен и поради наметнатиот принцип тоа да е неформален услов за влез во Унијата.
Праксата беше воспоставена заради американските потреби во однос на земјите од Источна Европа, поранешни членки на Варшавскиот пакт, коишто алијансата требаше да ги „прочисти“, а важи и за нас.
Спомнавме дека САД и Унијата водеа срамна политика кон Македонија којашто, во голема мерка, беше и понижувачка за нас. Како резултат на нашата некадарност ама и на домашните состојби и делби, ние никогаш не одговаравме соодветно на странските

провокации. Тоа, пак, нив им овозможуваше да тераат на ист начин и да не доведат до ова дереџе.
Истиот однос продолжи и откако капитулиравме околу името и повторно не добивме датум за преговори. Тие продолжија со нивните политики на двојни стандарди и залажувања со празни ветувања а нашите се прават наивни. На пример, мнозинството членки на Унијата го поддржуваат започнувањето на преговори со Македонија. Меѓутоа, Германија, Франција и половина од другите инсистираат тоа да биде заедно со Албанија. Другата половина смета дека Тирана не е спремна и затоа е против. Тоа е нова софистицирана блокада на Македонија и чиста манипулација бидејќи ние сме колатерална штета. Не вртат во маѓепсан круг. Таквиот однос кон Македонија не е воопшто наивен. Очигледно е дека Вашингтон и Брисел имаат скриени карти. По уцената и ултиматумот да се прекрстиме, откако ја постигнаа целта, се најдоа во небрано. Излегуваат недоветни бидејќи се виде дека името било само повод, и не знаат што да прават. Де ќе ја менуваат процедурата на преговори, де ќе немало проширување пред Унијата да се реформира, де... А, во меѓувреме, ја уништија македонската држава и го разнебитија македонскиот народ. Зарем ова не ви наликува на 18 и 19 век?
Можно ли е, по се што ни се случи и случува да има место за некаков оптимизам? Можно ли е Македонија да влезе во ЕУ во некоја согледлива иднина? Објективните анализи не оставаат простор за надеж. Речиси сите индикатори го покажуваат спротивното. Иако мнозинството од Унијата, вклучувајќи ја и А. Меркел, јавно се ангажираа за нашиот датум, тоа воопшто не значи и членство. Од повеќе причини. Ако е точно дека сега се затвора „Македонското прашање“, а се покажува дека се оди токму во таа насока, тогаш како е можно истите тие фактори да дозволат наше членство во ЕУ? Тие не даваат ни пет пари за тоа што бришењето на Македонците во никој случај нема да води кон мир и безбедност.
Ако е точно дека САД и нашите „пријатели“ од соседството не сакаат Македонија да влезе во Унијата, а така изгледа според бројни параметри, тогаш може да се очекува преговорите за

членство да траат и 20 години, слично на Турција. Само така може целосно да се затвори „Македонското прашање“, што се чини дека е клучен интерес на САД. Во секој случај, и да влеземе во ЕУ, и да останеме надвор, Македонците повторно ќе бидат фактор на Балканот, ама само ако сме доволно спремни да се бориме и способни да победиме. Треба да се угледаме не партизаните кои, во 1940-тите години, речиси боси ја создадоа современа македонска држава. Како и секогаш, и во иднина многу работи ќе зависат од нас. Ако се  однесуваме недоветно како до сега, заслужуваме да бидемеизбришани како народ.
Перспективите за членство во ЕУ се долгорочни не само за нас туку и за другите балкански кандидати. Прва и основна причина е неподготвеноста на Унијата за проширување поради претстојните внатрешни реформи. Второ, сериозни последици има и од лошото искуство од прераното зачленување на Бугарија и Романија, кои не беа подготвени за членство. Дека токму тоа се политиките на Брисел, иако постојано лажат дека проширувањето е актуелно, имаме и конкретни потврди. Црна Гора, на пример, преговара од средината на 2012 година, ги има отворено сите 35 поглавја, ама има затворено само три и тоа привремено. Никому не му е јасно кога Подгорица би можела да влезе во ЕУ. Можеби тоа ќе се стимулира за да се покаже дека проширувањето не е мртво, а населението од 600 илјади не е никаков предизвик за Унијата. И Србија преговара од јануари 2014. Има отворено 18 поглавја, привремено затворено две и бавно напредува.
Во 2019 беа отворени само две нови поглавја а во 2020 ниту едно. Крајот е сосема неизвесен. Ако една Црна Гора, која нема никакви пречки од соседите, преговара речиси девет години и не се знае до кога тоа ќе трае, што да се каже за нас?
П. С. Поранешниот премиер на Шведска, Карл Билт, кој е одличен познавач на приликите на Балканот, во колумна во „Нова Македонија“ (21/8/2021), напиша – *„По приемот на Хрватска, во 2013, проширувањето на Баканот во ЕУ практично запре“*. Тој заклучува – *„Но сега, кога исчезнуваат шансите за балканска интеграција, сегашната фарса не може да продолжи“*. Смета дека ЕУ треба да им предложи договор на овие држави, којшто ќе

вклучува понуда за членство во нејзината царинска унија и единствен пазар.

## КОМЕСАРОТ НА ЕУ, ОЛИВЕР ВАРХЕИ, Е АПСОЛУТНО ВО ПРАВО

*(Мај, 2021)*

Кој е денеска главниот проблем на Македонија? Бугарската блокада на нејзината интеграција во ЕУ. Врз основа на што се базира ваквата бугарска политика?
Коренот на таа политика е Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу двете земји, потпишан на 1 август 2017 година. Дали тоа значи дека ако не беше договорот, Софија немаше да има основа да ја блокира и да ја уценува Македонија на патот кон ЕУ?
Точно така. Нивните историски безумности во однос на Македонија се вековни ама немаше да имаат конкретна „муниција“, поточно практични „аргументи“, за да пукаат врз нас и да не попречуваат, ако не беше договорот за пријателство.
Ако е така, зошто Македонија не го откажува договорот? Зошто не презема ништо за да ја натера Софија да ја смени нејзината позиција? Зошто не се одговори на нивниот т.н. „објаснувачи меморандум“, кој беше преполн со небулози и измислици? Ако веќе се премолчуваа секојдневните дрдорења на бугарските врвни политичари, полни со закани, зошто се игнорираше пишан документ, дистрибуиран низ цела Европа и пошироко? Нели е тоа неразумно? Така, оставаш впечаток дека се сложуваш со грозоморните манипулации и дека немаш факти и аргументи за да ги побиеш. Впрочем, ако веќе Договорот за пријателство... не отвора најшироки можности за соработка, зошто се дозволува тој да биде основа за непријателско делување и агресија кон Македонија?...
1. Засега, на овие и многу други логични прашања, македонската страна нема одговори иако тие се наметнуваат сами по себе. Накусо, тоа е генезата или дијагнозата на нашата сегашна безизлезна ситуација. По обичај, терапија – нема. Има само повремено празно „вревење“, како деновиве во Брисел, кога

премиерот се „колнел“ дека идентитетот ијазикот ни биле свети и дека за нив не може да се преговара.
Според „Нова Македонија“, од 11/05/2021, рекол – „*македонскиот јазик и идентитет, наметнати како прашање од Бугарија, воопшто не смеат да бидат тема на разговорите и ангажманот на Брисел и дека Македонија единствено така ќе продолжи да разговара за нејзината европска иднина*“. И додал – „*Македонскиот идентитет, освен што е прашање на гордост, тоа е и прашање на факти, наука, традиција и национално обележје на нашиот народ. Тој не е и нема да биде предмет на преговори...*“. Ова убаво звучи ама треба да и се каже на Софија, а не во Брисел. Со Бугарија, пак, со наша согласност, и идентитетот и јазикот предолго време се на масата за преговори и ние со прст не сме мрднале тоа да се смени. Ова е само дел од нашата трагедија.
Само пет дена пред тоа, на 06/05/2021, „Слободен печат“ пишува дека премиерот навестил дека е подготвен за преговори со Бугарија, во име на европската иднина, при што рекол – *„Бугарија признава и кажува дека тие немаат проблеми со македонскиот јазик и македонскиот народ, но ајде велат, да ги утврдиме корењата. Ќе ги најдеме и корењата, ако бидеме паметни, на европски начин...*“.
Ајде, сега, ве молам, фатете го вие крајот. Во Брисел премиерот вели дека - „*македонскиот јазик и идентитет, биле наметнати како прашање од Бугарија“ а пред тоа, во Скопје, тврди дека Бугарија нема проблеми со македонскиот јазик и народ! Што е точно од ова? Кој има проблем со нашиот јазик и идентитет? Софија? Брисел? Ние, самите? Бидете сигурни*__ дека во Унијата внимателно се следат сите наши изјави и потези и, на крајот – по сето ова, што можат тие да мислат за нас и за нашите политики кон Бугарија? Ништо друго освен дека не знаеме што сакаме. Дека вергламе гупости и дека кај нас има невидена какофонија.
Впрочем, како замислува премиерот дека треба или можеме токму со Бугарите да ги „утврдиме нашите корени“? Макар и на европски начин?

Пред се, зошто со нив? Таа идеја е надвор од умот. Тоа и не е возможно бидејќи Бугарија веќе ни ги утврди корењата и не е спремна на никаков компромис за тоа. Наше е само да прифатиме, или не. Тоа е проблемот, што воопшто не е случаен. Еве и зошто. Според порталот мкд.мк, од 22/03/2021, тогашната бугарска МНР, Е. Захариева, за германскиот „The European", изјавила дека - „*Заев прифатил дека македонскиот идентитет постои од АСНОМ во 1944 година*" и дека - „*Гоце Делчев и сите илинденци биле македонски Бугари... и дека никако не се Македонци*". Нагласила – „*Бугарија нема да дозволи влез на Македонија во ЕУ, се додека не се испорача се што е ветено кога се потпишуваше договорот за пријателство...*". Веројатно, тука се крие причината за дијаметрално спротивните изјави на нашите политичари. Се прави обид да се релативизираат преземените обврски коишто се погубни за македонскиот народ.

2. Горните примери покажуваат дека практично не постои нешто што би се нарекло македонска надворешна политика. Напротив, се спроведуваат лични политики коишто се крајно неразбирливи, контрапродуктивни и историски штетни. Ги реализираат луѓе кои се спремни на капитулација а во процесот има вклучени и Албанци, меѓу кои и МНР, Б. Османи, кои сега веќе отворено работаат за туѓи интереси. Тие се поддржани ама и раководени од странски чинител којшто веќе 30 години има јасно зацртана цел - разнебитување на македонскиот народ.

3. Проблемот со Бугарија мораме да го решиме сами. Отворената војна што ја води против Македонија, мораме ние да ја добиеме или, барем, да ја запреме. Тоа ќе биде тешко и заради дадени ветувања, за што Софија секако има доволно и докази и сведоци. ЕУ не е таа што треба да ги решава работите. Оттаму нема да се мешаат, иако нашиве аматери се надеваат токму на такво нешто. Тоа е незамисливо. Пораката од сите нејзини центри е иста – решете го проблемот со Софија и преговорите веднаш ќе започнат. Сите налудничави лелекања во Брисел и другите центри само ја демонстрираат нашата некомпетентност. Самите сме се довеле во безизлезна позиција и сега сакаме некој друг да не вади од калта. И од Брисел и од членките, ние треба да бараме само

поддршка преку соодветна осуда на бугарските фантазмагории, коишто претходно мора соодветно да се документираат со факти и докази, кои ги имаме во изобилие. Само така ќе ја зајакнеме нашата позиција. Лечењето се спроведува врз болниот, а тоа е Бугарија, а не на други места. А неа, ние ја чуваме како очите во главата. За да не ги вознемириме, соодветно не ја одбележавме годишнината од смртта на Гоце Делчев; веќе две години не ги доделуваме годишните награди за наука коишто го носат неговото име... Им се извинивме што јавно се спомна дека Илинденското востание е македонско... Со нашето бесмислено однесување, постојано ја зајакнуваме позицијата на Софија и максимално ги поддржуваме нивните непријателства против нас. И кој ни е крив? Брисел и Вархеи? Обична глупост.
4. Повеќе од 10-тина години, Бугарија вршеше притисоци и уценуваше да се потпише договорот за пријателство со вметнати термини - *„заедничка историја“* и *„јазик според Уставот“,* бидејќи беше свесна дека со нив најлесно ќе не сотре. Токму за таа цел, со помош на САД, тие во договорот ги внесоа овие за нас погубни одредби бидејќи „заедничката историја“ може да биде само бугарска, а ако јазикот е *„според Уставот“*, тој не е автохтон туку може да биде само дијалект на бугарскиот. Така најлесно завршува вековната приказна за македонизмот. Откако нашите „политичари“ потпишаа такви будалштини во договорот, Софија сега може и веќе прави - што сака. Кој знае дали и сега нашите аматери разбираат какви бесмислености дозволија да влезат во договорот? Впрочем, истото ни се случуваше и со Охридскиот рамковен договор, и со тој од Нивици, и со законот за албанскиот јазик... со коишто постепено се докусуруваше државата. Објективно, во ваква ситуација, МАКЕДОНИЈА НЕМА ДРУГ ИЗЛЕЗ ОТКОЛКУ ВЕДНАШ ДА ГО ОТКАЖЕ ДОГОВОРОТ. Од тактички причини, на Софија треба претходно да и се предложи без одлагање да ги запре блокадата и уцената и да се обврзе дека нема да не попречува во преговорите за членство во ЕУ, доколку сака да опстане договорот. Треба да им се даде последна шанса иако нивното одбивање е сосема извесно. Неспорно е дека сите заинтересирани фактори (ЕУ, САД...) жестоко ќе се залагаат тоа да

не се случи ама во таа ситуација ние ќе го водиме орото и ќе диктираме што и како треба да се прави. Се разбира, ако сакаме да успееме. Иницијативата ќе биде во наши раце и ние ќе поставуваме услови. Нашата позиција ќе биде максимално силна и само тогаш ќе може да се бара прифатливо решение со Бугарија.
Нашите голготи во врска со зачленувањето во ЕУ ќе продолжат, бидејќи тоа е процес од најмалку 15 години, ама сами ќе је водиме играта и нема да бидеме ничии приврзок. Тогаш и изгледите ќе ни бидат поголеми бидејќи главен аргумент на Софија сега е договорот, а Брисел има разбирање кога Бугарија тврди дека истиот не се почитува од наша страна. Спроведување на договорите е недискутабилен услов за Унијата. Одредбите за „заедничката историја" и „уставниот јазик", даваат реална можност да бидеме малтретирани дури и искасапени.
5. С. Пендаровски даде добра дефиниција дека Бугарија треба да одбере дали нејзините проблеми со Македонија се од историски или политички карактер? Ако се од историски, како што се, тие не можат да бидат пречка за нашите преговори со ЕУ. Во Унијата не се расправа за историски прашања. На бугарските безумности, дека македонскиот народ постои од 1944 година, ние имаме уште посилен одговор кој ги матира овие нивни ментални девијации. Софија треба да се праша – зар е можно речиси 200 години на светската сцена да имало „Македонско прашање", без да имало Македонци? Зарем светските политичари толку долго расправале за измислена тема? Треба да се цитира најголемиот британски политичар на 19 век, Вилијам Гледстон (четири пати премиер), кој рекол – *„зошто не Македонија на Македонците, Србија на Србите и Бугарија на Бугарите".* Македонија и Македонците не случајно ги спомнал први. Ако за него веќе имало Македонци некаде во средината на 19 век, кај ли се изгубиле цели 100 години, за Софија повторно да ги открие нив дури во 1944, на АСНОМ? Бугарија нема одговори на овие неспорни факти. Сите тие ги прават бесмислени нивните од ракав извадени теории и историски синдроми. Само што некој треба да им го плесне тоа во лице, наместо да ветува тоа што не треба и што не смее.

6. Во земјава се крена голема врева по повод изјавата на комесарот за проширување на ЕУ, О. Вархеи, дека е многу веројатно дека Албанија нема да ја чека Македонија и дека пред нас ќе ги започне преговорите. Изгледа дека и во Брисел сме правеле проблеми за тоа. Прво, срамно е да бараме Тирана да не чека. Второ, за тоа одлучува Брисел. Трето, О. Вархеи е апсолутно во право за тоа што го вели. Ако ние и понатака се однесуваме индолентно и неодговорно, блокадата може да трае со години. Во такви услови, Брисел може да тактизира уште година, две и потоа ќе мора да ги отвори вратите за Албанија, иако не треба да се заборава дека повеќе членки на ЕУ се против брзиот прием на Тирана. Четврто, нормално е што другите функционери во Брисел инсистираат дека двете земји треба заедно да продолжат. Таква е нивната сегашна политика. Нив не ги интересира што ќе биде потоа. Петто, О. Вархеи е задолжен за проширувањето и е должен да мисли на подолг рок. Затоа, тој ги најави модалитетите кои за релативно кусо време можат да бидат реалност за сите. Нема потреба од приговор бидејќи тој не вели кога ќе се случи тоа, не се заканува со некаков термин, туку само не опоменува и за тоа треба да сме му благодарни.

# ИМА ЛИ СПАС ЗА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД?

*(*

*Јануари, 2019)*

Договорите со Бугарија и Грција го избришаа македонскиот народ како реалност на Балканот а со законот за албанскиот јазик и македонската држава отиде во историјата.
Веднаш по распадот на Југославија, САД го најавија како неизбежно сето тоа, ама никој не ги разбра. Се однесувавме како слепци: душманите ги сметавме за „партнери“ и, нормално, не стигна заслужена казна. При распаѓањето на Југославија, единствено Македонија стана независна без војна; несебично настојуваше крвопролевањето да престане и во другите делови; покажа невидена толеранција и трпение кон агресивните соседи... Но, за возврат не доби ништо. Вашингтон не дозволи Македонија да биде прифатена како независна држава. Причините беа многу подлабоки од името коешто се злоупотреби како формална пречка и најлесен начин преку него да се сотре македонизмот. Дека тоа е апсолутно точно го потврдуваат и трите најнови клучни настани, набројани на почетокот на овој текст (двата договори и законот за албанскиот јазик), со што се бришат Македонците како народ.
Тоа е завршницата на трагедијата со којашто живееме веќе четврт век а што е зацртана во американското сценарио од почетокот на независноста. Тоа, пак, не значи и крај на сите наши маки. При преговорите за прием во ЕУ не чекаат жестоки негирања на она што остана од македонизмот (јазикот...).
Тогаш ќе не дотолчат. К. Мицотакис ја откри тајната. И, да не се залажуваме, воопшто не е случајно што разнебитувањето на македонскиот народ и федерализација на неговата држава, се случуваат напоредно. Така, со еден потег, се затвора „Македонското прашање“, а се решава „Албанското национално прашање“. Вашингтон е уверен дека го смирува Балканот, што е сосема погрешно. Со нереалните политики, само ги отвора старите рани коишто долго нема да се залечат.
Кај нас нема посериозни анализи на американската политика кон Македонија. Се зборува за грчката улога, за блокади, вета... што

нема врска со суштината. Сите проекти во врска со Македонија се смислени и управувани од САД, а тие никаде не се спомнуваат. Остануваат скриени како сива еминенција. Тоа, пак, што кај нас нема никакви обиди да се навлезе во суштината на спорот, не треба да чуди. Не не бива. Не се мешаме ниту во сопствените работи. Слично беше и за време на претходната власт која, барем, не беше спремна на капитулација и предавство. Во јуни 1992, во Белград, државниот секретар на САД, Џејмс Бејкер, го прашал претседателот на СР Југославија, Добрица Ќосиќ – што мислите, колку ќе издржи Македонија?
Тоа кажува се и тоа е клучен доказ дека името не беше причина зошто САД долго не ја признаваа нашата независност. Тие очекуваа дека Македонија ќе се распадне и сигурно работеа на тоа бидејќи подоцна се виде дека таква држава не им се вклопуваше во нивните визии и планови за Балканот. Џ. Бејкер на лице место проверувал дали Македонија ќе преживее, зошто соседите секогаш знаат повеќе и подобро. Тоа е причината зошто САД предолго не ја признаваа независна Македонија. Од тој аспект мора да се гледаат и долгите грчки блокади на нашата јужна граница, во услови кога беше затворена и северната (санкциите на ООН врз СР Југославија). Никој не реагираше а целта станува јасна - Македонија економски да се исцеди и така најлесно да се уништи. Меѓусебно признавање, дипломатски односи и размена на амбасадори меѓу државите е рутинска работа. Се разбира доколку нема скриени намери. Нашето име во никој случај не можеше да биде пречка поради којашто САД ја признаа Македонија две години по Словенија, Хрватска и БиХ, три години после нив воспоставија дипломатски односи и дури по четири години испратија амбасадор во Скопје. За разлика, Велика Британија, Германија, Франција... имаа амбасадори во Скопје околу 16 месеци по Загреб и Љубљана. И тие тактизираа и доцнеа, ама не цели четири години. Зошто Вашингтон би бил повеќе „загрижен“ за нашето име од европските земји та да не испраќа амбасадор? Тоа само значи дека САД имале други интереси и калкулации. Бомбардирањето на Белград (1999) и независноста на Косово (февруари 2008) открија дел од нив. Приказната ја дораскажаа

преку наметнувањето на срамната декларација со Бугарија (1999), агресијата од Косово и ОРД (2001), блокадата и уцената во Букурешт (2008), договорите со Бугарија (2017) и Грција (2018), законот за албанскиот јазик (2018)... САД се тие што ги разнебитуваат Македонците и ја уништуваат нивната држава. Мора да бидеме начисто дека балканските политики на САД ниту се, ниту можат да бидат во функција или корист на некакви грчки интереси. Вашингтон секогаш ги следи само сопствените, а туѓите се есапат само кога се поклопуваат со нивните. Токму тоа се случи во оваа македонска трагедија а Грција многу ќари. Максимално ја искористи коинциденцијата дека Македонија и Македонците треба да се уништат, меѓу другото, и поради фактот што се пречка за целосно решавање на албанското национално прашање и практично создавање на Голема Албанија, на што САД упорно работаат повеќе од четврт век. Победата, меѓутоа, е Пирова. Долгорочно, Атина прескапо ќе го плати американското играње на албанска карта. Бришењето на Македонците како народ и албанизирањето на нивната држава ќе има несогледливи последици за интересите на Атина. Неверојатно е како тие не го согледуваат тоа? Обединети, Албанците многу бргу ќе се „сетат“ на Чамирија и Чамите. Не треба да се заборава и фактот дека во Грција има веќе близу до 1,5 милион доселеници од Албанија и мечката може наскоро да заигра и кај нив. Бришењето на македонската држава и на Македонците никому во регионот нема да му донесе корист. Најмалку на Грција. Бргу ќе се увиди дека, без исклучок, Македонија и Македонците беа идеално решение за сите, ама ќе биде предоцна. Проблемите допрва ќе следуваат. Деновиве („Вечер“ од 12 јануари 2019), премиерот А. Ципрас изјавил – *„Неуспехот на преспанскиот договор води во Голема Албанија“!* Оценката е сосема погрешна. Напротив, токму договорот од Преспа, заедно со бугарскиот за пријателство, и со законот за албанскиот јазик, се клучни исчекори за големоалбанскиот проект. Откако ќе ги избришат Македонците и макар неформално ќе се федерализира Македонија, нема да има пречки за целосна реализација на големоалбанскиот сон. Со тоа, Албанците ќе го постигнат максимумот и нема веќе да имаат

потреба од американска помош. Ќе им се „одметнат“, нема да бидат на далечинско од Вашингтон и ќе ги мултиплицираат нивните регионални амбиции со што длабоко ќе навлегуваат и во Грција. Тамошната мафија ја држат Албанци. Тие вртат големи пари што лесно можат да ги свртат во политика и во тероризам. Албанците стануваат главен фактор на Балканот, свесни дека се вклопуваат во интересите на САД. Границата меѓу Тирана и Приштина е веќе формалност а Еди Рама и ќе ја укинува; криминалот одамна е во нивни раце (наркотици, оружје, проституција, мигранти...)... Ќе бидат моќни од секој аспект и американците веќе нема да им бидат неопходни. Се повеќе ќе тераат по свое. Главна жртва ќе биде Грција, ама и мирот во регионот. Албанците се фасцинантно единствени во врска со националното прашање. Арно ама, во борбата за власт на државно ниво, меѓу нив има огромна нетрпеливост и во Албанија, и на Косово, и во Македонија... Секаде се гледаат преку нишан, спремни за конфронтација. Тоа неизбежно ќе води во сериозни судири меѓу нив и дестабилизации на регионот.
По ратификацијата на договорот, А. Ципрас вели дека нашата држава, којашто насилно ја прекрстија со помош на други, и го урнисаа македонскиот народ – ќе им била пријателска?! Тоа е бесмислено, иако може да е во прашање обичен политички блеф. По Нивици, Грција е симболот на македонското урнисување и секој нормален Македонец во иднина ќе размислува како и со чија помош да се избришат овие неправди и срамни понижувања и да се врати се како што беше, вклучувајќи и името. Ништо друго. А, пак, К. Мицотакис веќе зборува за нови блокади коишто се веќе испланирани во САД... Тоа е генезата на нашиот тежок историски пораз. Капитулиравме на недостоен, аматерски начин со катастрофални последици. Штетите се несогледливи, огромни, ама тоа не мора да значи дека нашиот македонизам е дефинитивно мртов. Ние сме како пиреј, а вината за тоа што ни се случи во голема мерка е наша. Ако не преземеме ништо да се вратиме повторно во живот, како птицата феникс од пепелта, подобра судбина и не сме заслужиле. Оваа власт е донесена за да се спроведе прецизно разработено сценарио, ама народот е тој што

треба да ги спречи нејзините погубни и предавнички политики. Сега треба што поскоро да се оди на нови парламентарни избори и народот да го кажи своето. Ако тој повторно и даде поддршка на власта и ја валозира нејзината самоуништувачка политика, тогаш нема што да бараме. Го добивме заслуженото. Меѓутоа, ако народот одлучно каже - НЕ! на овие бесрамни и безобѕирни американски политики спроведени од наши квислинзи, тогаш новата власт треба веднаш да започне со соодветни процедури за враќање на уставноста и законитоста во земјата; да ги земе на одговорност сите узурпатори на нашите фундаментални интереси и права; да започне процес на ревизија или откажување на наметнатите недостојни договори како и на законот за албанскиот јазик... Во меѓувреме, неколкуте бугарски телевизии продолжуваат со грубо присвојување на нашата народна музика.
Компонираат нови песни што ги пеат на чист македонски јазик а преземаат и други наши народни песни и ора и ги прикажуваат – како бугарски. Секоја втора или трета песна е таква. Ние молчиме а тие создаваат докази дека македонскиот јазик е дијалект на нивниот, а ние - не разбудени „Б’лгари“. Имаме и договор за пријателство... кој З. Заев го велича. По кој знае кој пат, топката е во нашиот двор. Многу пати досега, или не ја видовме, или ја утнавме. Избор веќе немаме: или ќе се избориме да постоиме и да бидеме тоа што сме, или официјално прифаќаме веќе да не нема како македонски народ. Дали ќе се најдат вистинските јунаци да не одбранат, ќе видиме.
Без да покажеме дека сме достојни како народ да се соочиме со предизвиците коишто ни се наметнати од главните светски фактори, немаме шанси да се исправат направените историски грешки. Без такво соочување само  повеќе и повеќе ќе тонеме. Ние сме на потег. Од нас зависи дали ќе опстанеме.

# МОЖНО ЛИ Е ВРАЌАЊЕ НА МАКЕДОНИЗМОТ?

*(Април, 2019)*

Нашата држава е прекрстена и тоа е факт. Македонија не беше воено поразена од Грција, ама потпиша договор за капитулација со којшто прифати да се брише се што е наше и македонско. Барем официјално, тоа значи дека нема ниту - Македонци. Неофицијално, пак, никој не може да ни забрани да се чувствуваме така за по дома. Проектот е американски.

По распадот на Југославија, САД се „царот“ во регионот и ние сме жртва. Колку што им пречевме како народ на Атина, Софија и на Тирана, уште повеќе не се вклопувавме во плановите на Вашингтон за Балканот, што е клучно за нашата судбина. Кој не го сфатил сето ова, не ги разбира процесите коишто се погубни за Македонците.

Ние веќе не смееме да ги користиме името „Македонија“ и придавките македонска/и/о, а Грција може да ги употребува кај сака, кога сака и колку што сака. Тоа кажува се. Го добија монополот на овие термини, засега со мали исклучоци. Со тоа име тие имаат универзитет, аеродром, многу агенции... што не е оспорено со договорот и така ќе си остане. Кај нас нема да има ништо со предзнакот ’македонски‘. Се се прекрсти или ќе се прекрсти - МАНУ, МРТ. МОБ, МИА...

Макар во странство, нема да има македонско вино, музика, песни... Се ќе добие ново име. Обезличувањето коешто ни се случува најлесно се согледуваше од фактот дека во земјата Македонија ќе има турски и албански театар, ама не смее да има и македонски. Свесна за тоа, власта не го прекрсти МНТ ама бидете уверени дека е тоа само привремено, за да не се предизвика поголемо незадоволство. Ќе видиме колку долго ќе тактизираат и со химната. *„Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата...“* за нас е веќе забранета реченица. Заврши тоа време. Такво сонце ќе може да се „раѓа“ само во Грција, не кај нас. Затоа не се свиреше химната при посетата на А.Ципрас. Ако тоа се случеше, К. Мицотакис ќе му ги цитираше на политичкиот ривал

зборовите пред коишто стоел мирно, што за него ќе беше погубно. Обична лага беше оправдувањето дека задоцнувањето на А. Ципрас била причината. Впрочем, Албанците веќе го отворија прашањето за химната и менувањето претстои. Тие се упорни: бараа консензуален претседател, каков нема во унитарна држава и, еве – го добија. Држава не се разбива преку ноќ, ниту друга, голема, така брзо се гради. Треба време. Чекор по чекор. За морони тука нема место. Работите полека ќе си доаѓаат на место, бидејќи целата оваа свинштина со името, меѓу другото, е отворена и за задоволување на интересите на Албанците кои се главни американски партнери во регионот.
Со независно Косово, Голема Албанија е речиси остварена.
Со еден потег, САД завршуваат две крупни нешта: ем ги задоволуваат националистичките апетити на Албанците, ем го затвораат „Македонското прашање". Затоа доаѓаат толку честитки од запад за нашата капитулација. За големо чудо, пак, додека брише се што е македонско, власта тврди дека го зајакнува националниот идентитет. Одамна е познато дека глупоста нема граници. Да го сотреш македонскиот карактер на државата и да тврдиш дека со тоа си го зајакнал македонизмот не изгледа баш логично, ама кој верува, верува.
Денес, главното прашање е – што понатаму? Кои се патиштата по коишто треба да одиме? Што може да се спаси од огромните загуби што ги претрпевме? Неоспорно е дека секој чекор во одбрана на нашите фундаментални интереси ќе биде речиси невозможен бидејќи нашата капитулација одлично им дојде на САД, НАТО, ЕУ... кои долги години нелегално и со користење на сила ја уриваат Македонија токму за да не доведат до ова дереџе. Сега, откако ја постигнаа целта, тие ќе бидат жестоко против било какви менувања. Со капитулацијата ги решивме нивните проблеми ама не и нашите дома, а уште помалку со соседите коишто се доведени до фаза на вжештување коешто долго ќе не пржи. Нов е сега само фактот дека со договорите ние прифативме целосна вина за нивните вековни агресивни и иредентистички политики кон нашиот народ а, пак, од 1944 година, и кон нашата држава. Се сложивме дека наша грешка е што тие негираат дека постоиме

како народ, дека зборуваме на свој јазик... дека единствен проблем е нашиот неподнослив и неприфатлив национализам за кој толку често пишува Денко Малески. Комшиите да тврдат дека не си тоа што си, а ти да се противиш, навистина е груб екстремизам. Затоа им дадовме нов силен импулс да продолжат со нивните политики бидејќи веќе започна дефинитивното бришење на Македонците. А измислиците на нашата власт дека Грците сега ни се пријатели и стратегиски партнери се најобична глупост. Во најголем дел, тие ги остварија своите максималистички замисли, ама кај огромното мнозинство Македонци незадоволството е длабоко и трајно.
Тоа ќе тлее и ќе се шири и ќе чека прилика да се исправат направените неправди и срамното предавство, колку и да трае тоа. Во историјата сме имале многу слични ситуации од коишто сме излегувале победници. Така ќе биде и сега.
Обидите за надминувањето на договорот од Нивици ќе бидат долгорочни и нема да бидат лесни. Тоа во никој случај не можеме да го направиме сами. Кога ќе се создадат услови, треба да се направи соодветна стратегија со ангажирање на  врвни правни експерти од светот, кои добро го познаваат системот на ООН. Тие би биле дел од некаков штаб во кој би биле и наши луѓе. За тоа се потребни власт и водач кои би биле спремни да се борат за враќање на македонизмот. Начелно, во стратегијата треба да има четири дела.
1. На домашен план, ќе треба да се преземе се што е можно Уставниот суд, сепак, да се изјасни за прекршувањата на Уставот, сврзани со договорот од Нивици. Ако Уставниот суд пресуди дека тој е неуставен, што апсолутно не е спорно, тој автоматски станува неважечки и работата е завршена.
Противниците ќе бидат бројни и дома и надвор, ама држава и народ само така се бранат. Македонија може да го истрпи тој притисок, ама под услов сите македонски партии да бидат единствени. Друго прашање е колку е тоа возможно.
2. Ако не се успее со Уставниот суд, во првата фаза клучно ќе биде да не се применува одредбата ерга омнес на договорот. Тоа зависи само од нас. Така би се вратил националниот карактер на бројните институции коишто беа прекрстени и целосно би се користело

историското име во рамките на државата. Тоа може да се направи унилатерално, без формално да се ревидира договорот, слично како што направи Грција со непочитување на Привремената спогодба според којашто не смееше да не блокира на патот кон НАТО и ЕУ. Како и сега, и таа спогодба беше потпишана од министрите за надворешни работи, а текстот исто така подготвен во Вашингтон... Ако можеа тие да го игнорираат најважниот дел од катастрофалната за нас спогодба, зошто и ние сега да не можеме еднакво да се однесуваме? Па нека не дадат на судот во Хаг каде ние ќе имаме едно чудо првокласни аргументи дека сме во право. Силен аргумент би ни биле резолуциите на СБ на ООН каде името на државата е единствен нотиран проблем. Додатен би ни била и Виенската конвенција за меѓународни договори.

3. Третиот дел би бил враќање на името Република Македонија во Уставот, со објаснување дека (привремено?) во странство истото ќе се користи со додавка – „Северна". Тоа најлесно може да се постигне ако Уставниот суд го прогласи неговото менување за неуставно, какво што и беше. Меѓутоа, од нашиот Уставен суд, такво нешто сега тешко може да се очекува. Одбраната на уставниот поредок е нешто за што тие воопшто не се грижат. Менувањето на Уставот ќе биде тежок проблем поради потребното 2/3 мнозинство во Собранието и поради позициите на албанските партии. Меѓутоа, наше е да се избориме за нешто што беше предавнички загубено.

Во основа, тоа значи поништување на сите нови амандмани на Уставот. А само со евентуална одлука на Уставниот суд, автоматски се ќе се врати на почеток.

4. Чевртиот сегмент е надворешната употреба на новото име. Објективно, во кус рок ќе биде речиси невозможно од меѓународна употреба да се исфрли додатокот – „Северна". Мора да има спремност за подолг процес а ние, во никој случај, не треба однапред да се откажуваме.

Горното наше премислување и ангажирање ќе предизвика бура во НАТО, во ЕУ и особено во САД. Ќе се соочиме со жестоки политички притисоци, уцени... Ќе ги употребат сите можни мерки за да не спречат, вклучувајќи разни форми на закани за земјата,

дури и со уривање на таквата власт со нивните агентури и домашни платеници. Ќе имаат и аргументи бидејќи во ООН ние прифативме дека нашето име е проблем. Меѓутоа, неспорно е дека новата извршна власт ќе треба веднаш да започне со одлучни дејства во оваа насока.
До тогаш, веројатно, ќе биде финализирано нашето членство во НАТО и овие наши прилагодувања ќе се рефлектираат на преговорите за влез во ЕУ. Тоа нема да биде голем хендикеп бидејќи тие преговори, кога и да започнат, и без тоа ќе траат макар 15 години. Наш неоспорлив аргумент е дека целата постапка на прекрстување беше неуставна и како таква неважечка. Договорите обврзуваат ама не се Свето писмо и можат да се откажат или ревидираат. Грција не ја почитуваше дури ниту хашката пресуда и никому ништо. Шарл Де Гол рекол дека меѓународните договори се како и младите моми и розите - траат додека траат! Во претстојниот период сигурно ќе се зголеми свеста кај луѓето дека во прашање е опстанокот на македонскиот народ и дека мораме да се соочиме со сите предизвици коишто во никој случај нема да бидат пријатни. Ако сакаме да останеме Македонци, друга можност немаме. Во случај мнозинството од народот да се помири со бришењето на македонизмот, поразот ќе биде само привремен. Историски посрамотени, недостојни на нашите претци кои ги жртвувале своите животи за нас, ќе чекаме да се појави вистински водач. Ако не преземеме се за спасување на нашиот македонизам, ако останеме рамнодушни и исплашени, на крајот сите ќе бидеме предавници.

## ШТО СЕ СЛУЧИ НА БАЛКАНОТ, ПО РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА?

Крајот на СССР и на Југославија беше зародиш на нова балканска ера. На почетокот на 1990-тите, за прв пат во историјата, САД ставија нога на Балканот, со намера трајно да останат. Војните во пост југословенскиот период им дадоа одлична прилика тука да се закотват, свесни дека регионот станува важен за нив. Од тука, најлесно можат да влијаат на се поголемите меѓународни амбиции на Турција, ама и на иднината на ЕУ, со цел максимално да ја структурираат според нивните потреби. САД никогаш не ја прифатија ЕУ како партнер туку секогаш ја третираа повеќе како некаков конкурент, што е сосема неразбирливо и за што нема никаква објективна причина. Ако САД имаат некаков логичен сојузник, тоа може да биде само ЕУ. Да го оставиме настрана Д. Трамп, кој отворено посакуваше нејзино распаѓање – таквата политика е одамна зацртана. По Ирак, САД ја делеа Унијата на Стара и Нова Европа. Стара беше западнот де, којшто не ја поддржа инвазијата на Ирак, а Нова беа поранешните социјалистички држави, коишто застанаа зад нив, навикнати на послушност (порано кон Москва). Во последно време, особено внимание заслужува се поагресивната американска политика кон Русија. Таа е во добар дел замислена како силна алатка во однос на ЕУ. Конфронтацијата на Вашингтон со Москва, максимално ја зголемува зависноста на ЕУ од САД.

Европа е колатерална штета на студената војна меѓу двата џина, којашто веќе започна со кризата во Украина, и Унијата треба да ја плаќа сметката. Во дадените услови, ЕУ нема избор отколку да ја следи политиката на САД. Претседателот на Франција, Е. Макрон, се обиде да гради (по)независна политика, заговарајќи и зајакнување на одбранбените европски капацитети заради намалување на зависноста од Вашингтон, што е апсолутно потребно ама, со заострувањето на односите меѓу Русија и САД, сето тоа сега паѓа во вода. Впрочем, токму и затоа Вашингтон оди со „ѓон" на Москва.

Оценките коишто се појавуваат одвреме, навреме дека САД се повлекуваат од Балканот, немаат никаква реална основа. Премногу инвестираа во регионот за тукутака да си заминат. Кога се имаат предвид докажаните американски политики во однос на Македонија, коишто не водат сметка за нашите универзални права, обидувајќи се да го избришат македонизмот (народот), тоа е лош абер за нас. По распадот на Југославија, главен душман за Западот беше С. Милошевиќ а единствени кои се бореа против него беа Албанците. Така започна американско - албанско стратегиско партнерство, што има долгорочен карактер. За да ја добијат лојалноста на Албанците, САД го реализираат големо - албанскот проект којшто е, по независноста на Косово, со повеќе од 70 проценти веќе завршен. (И фашистите на Б. Мусолини, во Втората светска војна, во договор со А. Хитлер, ја создадоа Голема Албанија). Неговото финализирање, форсирано од САД, го засега целиот регион ама најмногу - Македонија. Тоа е дел од одговорот зошто пречиме: прекрстувањето е голем исчекор во реализација на големо албанските аспирации. Ако се избришат Македонците, речиси целосно е отворен патот за Голема Албанија. Таквите планови на Вашингтон ги потврдуваат војните во 1999 и 2001, ОРД, делумното признавање на името, Пржино... Тоа е истото сценарио коешто упорно се спроведува. Американските политики се целосно погрешни и Балканот, ама и Европа, скапо ќе ги платат последиците. САД никогаш немале доверба во Словените и сојузништво со нив е последното нешто што би го направиле. Русија останува нивниот вечен непријател. Ниту Грците не им се прифатливи. Таму секогаш имало антиамериканизам.
Така, Албанците добија шанса. САД, можеби, не забележале дека, за време и по Втората светска војна, најголем пријател на Албанците беше Југославија. Неа ја отпишаа и го запишаа СССР. И тој им „досади“ та дојде дружбата со Кина. И неа ја отфрлија. По правило, сите претходни стратегиски партнери ги третираа како најголеми душмани. Сега на ред се САД. Времето ќе покаже колку ќе трае оваа најнова албанска „љубов“.

Последните неколку години, состојбите во регионот додатно се комплицираат. Факт е дека стратегиски, Балканот станува се поважен:

а) во однос на Русија, којашто секогаш била тука присутна и влијателна и, според САД, дефинитивно треба да се истера;

б) во светлина на тукушто започнатата библиска преселба на народите, кои тука поминуваат на пат кон Европа.

Овој егзодус практично ја покажа сета поврзаност меѓу немирниот Блиски Исток и Балканот и неговата клучна улога во трансферот на најавените милиони емигранти; и в) во рамките на се поголемата присутност на Турција која го афирмира неоотоманизмот. Така, значајно се зголеми и стратегиската важност на Македонија. Меѓутоа, овој спектар на најнови регионални настани, барем засега, не ни оди во прилог. Мигрантите можат да останат и кај нас, како што е сега случајот со Босна а враќањето на Турција може пошироко да се рефлектира врз религиозна основа. Во овој контекст мора да се гледаат и случувањата во Република Српска, којашто е најекспонирана кон Русија. Заради таквиот однос, следна за отстрел лесно може да биде дури и Србија. Александар Вучиќ доби нов мандат ама неговото балансирање меѓу Москва, Пекинг, Брисел и Вашингтон, може скапо да го чини. Сценарио, слично на насилната смена на власта во Македонија, може да се случи и во Белград.

Деновиве (февруари, 2021), таму беше откриена афера со прислушување на претседателот А. Вучиќ, што многу потсетува на случајот во Македонија.

Неспорно е дека Македонија е најслабата алка во регионот и историско јаболко на раздорот. Се знае дека сите соседи имаат некакви аспирации кон нашата земја. Воопшто не е случајно што „Македонското прашање" е актуелно повеќе од 150 години и што секогаш претставувало меѓународен проблем, што било тема на многу светски форуми.

Очигледно, така е и денес. Неговото дефинитивно затворање, со бришење на македонскиот народ според американските замисли, какошто изгледа, треба да го спаси регионот од рак рана за да се успокојат нашите соседи. Тоа е опасна идеја бидејќи се сведува на

класичен геноцид на еден вековен народ, што не може безболно да се постигне. Името е идентитет или идентитетот е име. Без име нема идентитет. Ако ја прекрстиш Франција, нема веќе Французи. Ќе се појави некој друг народ, под друго име. Политичките земјотреси на Балканот не се завршени. Распадот на Југославија се уште не е финализиран. Моментално, Македонија е во центарот на собитијата а ќе следуваат Косово и Босна и Херцеговина. Војни нема да имаама турболенциите ќе бидат жестоки.

## ДАЛИ РАСПАДОТ НА СФРЈ ГИ СТИМУЛИРАШЕ НАШИТЕ СОСЕДИ?

Кога приликите се поволни, и просечните стануваат хероји. Во неповолни услови и генијалците пропаѓаат. По распадот на Југославија, условите овозможија да се реализираат незамисливите соништа на Албанија, Бугарија и на Грција, сите на сметка на Македонија. Уште од почетокот, Бугарија го поддржуваше распадот на федерацијата сметајќи дека е крајно време Македонија да дојде во нејзините прегратки.

Грција беше против, свесна дека тоа води до промоција на македонската држава, народ, историја... што би ги довело во прашање нејзините аспирации за монопол врз македонскиот бренд. „Транзицијата" долго траеше бидејќи Македонија не беше спремна за капитулација. Кога тоа се случи: Грција доби повеќе од што очекуваше; Бугарија е на пат да го постигне истото; а Албанците исто така многу ќарија што е, сепак, не споредливо со отцепувањето на Косово од Србија. Заслугатаза ваквиот развој на настаните не е кај нашите соседи туку е на САД кои преку нив, ама и директно, ги реализираа(т) сопствените балкански интереси. На филиграски начин, Вашингтон прво ги стимулираше а потоа и ги искористи историските синдроми на нашите соседи против Македонија. По распадот на Југославија, максимално се совпадна компатибилноста на интересите на САД и на нашите соседи кон Македонија. Американската политика на долго непризнавање на независната македонска држава, нејзиното осакатување со суспенезија на името од меѓународна употреба и наметнување на измислена референца, со класична злоупотреба на системот на ООН, беше директен, отворен и јасен сигнал на нашите соседи дека „Македонското прашање" е повторно на маса. Тоа беше своевиден повик до нив да ги максимализираат нивните историски аспирации кон македонскиот народ и неговата територија. Токму тоа следуваше, а беше диктирано од прецизен американски менаџмент. Започна жестока војна против Македонија којашто, по толку блокади, уцени и ултиматуми, сега само финализира. Кога од секој аспект се анализираат нашите голготи сите овие 30-тина

години, во изобилство се доказите дека токму САД се носители на погромот врз Македонците. А Атина, Софија и Тирана беа само одлични алатки во нивни раце.
Кога подетално се навлегува во американската стратегија кон Македонија, по распадот на Југославија, лесно се согледува нивниот перфекционизам во долгорочно планирање за разнебитување на македонскиот народ. Свесни дека такви цели не се постигнуваат во кус период, тие постапуваат и напредуваат етапно, чекор по чекор. Во оваа прилика нема да се задржуваме на бројните неспорни факти што се споменуваат на други места во книгава, та ниту на јаловата медијација за името, чијашто главна цел беше да се подготви земјата за прекрстување, туку веднаш ќе се задржиме на односите со Бугарија. Софија одамна започна долга процедура за финализирање на нивните намери и планови во врска со бришењето на македонизмот. Прв удар за нас беше декларацијата за пријателство и сорабока (1999), со којашто македонското малцинство во Пирин беше прогласено за непостоечко. Откако прифативме дека таму нема Македонци, иако е неспорно дека тие се вековни таму, свесно или не го отворивме и прашањето за нас самите – ако не нема таму, како може да не има овде? Всушност, кога Софија вели дека нема Македонци кај нив, мисли дека ги нема никаде, дека сите тие се Македонски Бугари. Едноставно кажано, тоа значи дека со наша согласност започна грубото бришење на Македонците.
Втор удар беше војната во 2001-та кога, со ОРД, албанскиот фактор од регионот се вклучи во нашето разнебитување како македонски народ и држава. Третиот удар беше самитот на НАТО во Букурешт (2008). Таму беше направен целосен пресврт во односот на САД кон Македонија којашто, за да се „опамети“, беше блокирана и уценета. Тоа овозможи Бугарија повторно да стапи на сцената: во 2017 година, декларацијата беше претворена во договор од највисока категорија. Тоа беше четвртиот удар. Договорот со Грција следеше како петти а негова главна задача беше генерално бришење на македонскиот национален идентитет. Тоа е направено на најсуптилен начин, со прекрстување на

државата којашто своето име го имаше добиено од народот а не од регионот.
Бидејќи договорот со Грција не успеа, а можеби и немаше за цел до крај да ги избрише Македонците, сега е повторно Бугарија на потег. Со шестиот удар, преку механизмите на ЕУ, таа треба да го докусури јазикот и дефинитивно да ги елиминира Македонците како одделен народ, претставувајќи ги како „Бугари“. Ова е последната етапа на клучниот дел од американското сценарио. Се друго што ќе следува ќе биде обична техника. Во меѓувреме, за ништо да не остане недоречено и за да им се врзат рацете на Македонците, државата беше по куса постапка примена во НАТО. Со тоа се затворија можностите за евентуално вклучување на трети страни во нелегалните и насилнички мешетарења на американците во „македонцките работи“.
Во меѓувреме, за да се заокружи целиот процес, се интензивираше постапката за албанизација на земјата, со промоција на Албанците во државотворен народ. Тоа беше започнато со ОРД ама огромен исчекор е и прогласувањето на албанскиот јазик за еднаков со македонскиот. Овој потег нема никаква врска со договореното во Охрид. Со тоа, практично, државата (не)формално се федерализира. Поинаку не може да се протолкува фактот што албанските политичари зборуваат на албански и во име на државата, што е дозволено само во федерација. Тоа е колективно а не човеково право, што само потврдува дека е укинат унитарниот карактер на државата. Времето ќе покаже какви ќе бидат следните американски потези на коишто ние, по правило, не реагираме. Прво треба да почекаме каков пораз „нашите“ политичари ќе прифатат со Софија, од што ќе зависи редоследот на потезите и брзината со којашто ќе бидеме докусурени.

## КОЛКУ СМЕ САМИТЕ ВИНОВНИ ЗА СЕ ШТО НИ СЕ СЛУЧИ ПО 1991?

Во јавноста се чести тезите дека сме фобични и за се ни се виновни другите. Тврдењата дека четврт вековниве голготи се резултат само на наша неукост, некадарност, или на некаква диктатура на Н. Груевски, се навистина надвор од умот бидејќи ги игнорираат постојаните странски директни мешања во земјава, вклучувајќи ги и тие на тајните служби. Носителите на таквите тези мора да се нечии платеници.

Многу е симптоматично што истите тие воопшто немаат лош збор за странците. Дел од медиумите, од политичарите, аналитичарите... странскиот фактор го гледаат и третираат како нешто чисто и добронамерно кон Македонија. Дојдени само за да ни помогнат, да не извадат од бербатот во којшто сами сме заглавиле. Вистината е сосема поинаква:

прво, странците се тука за да ја завршат нивната работа а не нашата;

второ, тие (Вашингтон, та и Брисел) имаат јасно определени интереси во и за Македонија, коишто воопшто не кореспондираат со нашите историски аспирации и,

трето, токму странците не доведоа до ова дереџе, што се докажува и со оваа книга. Кардинална грешка на нашата политика и дипломатија е што воопшто не ги потсетува странците (САД) на нивната улога и директен придонес во нашиве страдања и голготи. Ние никогаш не ги отворивме картите со Вашингтон во врска со нивните вистински политики кон Македонија. Никогаш не бевме критични и кон Брисел, што само ја покажува нашата сервилност и несигурност во нас самите. Ние цело време се однесуваме како да сме отсутни. А тие, пак, кога веќе нема наши реакции и критики, нормално е што сметаат дека успешно ги реализираат нивните потреби и интереси и дека така треба да продолжат. Веќе 30 години странците ни ја кројат судбината, ама нашиве глобалисти, божем не ги гледаат нивните нелегални, нечесни, насилни и подземни политики со коишто не уништуват. Сите домашни поддржувачи на странците, отворено играат улога на

петтоколонаши и без секакво сомнение се (ситно!) купени за нивното предавство.
Меѓутоа, воопшто не треба да биде спорно дека сите носиме голем дел од вината за се што ни се случува. Тоа не го намалува фактот дека сме жртва на надворешни сили коишто безобѕирно ги остваруваат нивните потреби. Ние попуштаме под нивните притисоци, иако веројатно има и закани, и тука започнува нашата вина. Поинаку не е можно да се анализира ситуацијата во којашто сме доведени. Таа не би била можна без наше соучесништво. Грешките што сме ги направиле не смеат да се потценуваат, ама мора да се знае и задднината.
Во целина, нашиот директен придонес за маките со коишто живееме повеќе од четврт век можеби е минимален ама одлучувачки: сме дозволиле така да не третираат и да ни наметнуваат се што им треба и одговара. Тие докажаа дека немаат скрупули во реализацијата на сопствените задачи.
Има премногу докази дека Македонија е класична жртва на странски интереси, сублимирани во опасен заговор. Ќе спомнеме само неколку: – по распадот на СССР, Југославија и Чехословачка се појавија 20 нови држави коишто бараа меѓународно признавање. Освен Македонија, сите други 19 држави беа веднаш, рутински и без никаков проблем, меѓународно признати и примени во ООН; – Македонија, пак, за прием во ООН, беше соочена со уцена и ултиматум. За разлика од сите други, членството за нас беше можно само како – безимена држава!
Бесрамно и нелегално ни беше суспендирано името од меѓународна употреба и наметната референца, некаков код, под кој ќе не препознаваат. Во процедурата, кардинално беше прекршена Повелбата (Уставот) на светската организација. Македонија немаше избор и мораше да го проголта диктатот од „западните демократии“, на чело со САД, без официјално да ја прифати референцата, за да влезе во ООН; – не го спомнуваме долгото американско непризнавање на Македонија; ниту Хаг, кога нашиве „странски пријатели“, предводени од САД, ја игнорираа кристално јас ната и едногласна пресуда; ниту војната во 2001-та... грчката нелегална блокада на границата, којашто сите „демократи“ ја

толерираа цели две години? Што беше сето тоа? Солидарност или странски заговор?
Да уточниме: очигледен факт е дека во ниту еден момент, од 30-те години на независност, Македонија не функционира(ше) во нормални услови. Зборот – заговор – е премногу благ за да се објасни политичкиот империјализам на којшто сме сите овие години изложени од страна на САД и нивните партнери. Сакаат да не изгорат, ама не успеваат. Станува збор за политики на двојни стандарди, кои се синоним за меѓународен тероризам.

## ЗОШТО САД ГО ПРИЗНАА НАШЕТО УСТАВНО ИМЕ ВО 2004?

Политиката и дипломатијата никогаш не одат праволиниски. Тие се секогаш зачинети со разни мирудии коишто, на прв поглед, можат да збунат и да ве насочат во погрешна насока. Така е и во нашиов случај. На пример, македонскатајавност никогаш не дозна зошто САД, на 4 ноември 2004, го призна нашето уставно име иако само делумно и привремено? Ќе ја цитираме изјавата на портпаролот на Стејт департментот, Рицард Бачер (Richard Boucher), објавена на 5 ноември 2004 година, што ја има на Интернет, и гласи: „*Вашингтон реши да го признае уставното име на земјата како поддршка на напорите на Скопје да го имплементира законот за децентрализација. Ова признавање ја нагласува решеноста за трајна, мултиетничка, демократска македонска држава во постојните граници...“*. Ова кажува се. Тоа го сторија во предвечерието на референдумот против децентрализацијата. Тие ја постигнаа целта а референдумот не успеа. Да не заборавамe дека САД ни го признаа името само за меѓусебна комуникација, а не на меѓународен план и, што е најважно – привремено. Без многу врева, Велика Британија истото го практикуваше уште од 1999 година.

Набргу по самитот на НАТО во Букурешт (2008),САД јавно ни ставија на знаење дека државата мора да се прекрсти во договор со Грција, а тие ќе бидат првите коишто ќе го прифатат новото име. Оваа американска дипломатска прелага и политичка подлост, покажува колку им било важно **трајното** албанизирање на делови од државата, постигнати со новата административна поделба, што мора да се поврзе со нивните планови за Голема Албанија, коишто неуморно ги реализираат. Направија неочекувана и незамислива отстапка кон нас, иако привремена, која нас целосно не збуни, а власта ја злоупотреби за да не успее референдумот. Така постапуваат моќните. Административната поделба е наша голема и непростлива историска грешка.

Џабе се порадувавме. Изјавата на портпаролот на Стејт депатментот, зошто и како го признаа името, кај нас не доби

соодветен публицитет и ние помисливме дека САД ги менува своите планови за Македонија. Очекувавме некаква поразумна политика во однос на нашето име и национален идентитет, а наместо тоа негаторскиот однос на САД кон Македонија стана уште поагресивен. По Букурешт (2008), започна отворен, невиден и жесток американски притисок да се прекрстиме.

# НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Во овој момент, единствено е сигурно дека границите на Македонија нема да се менуваат поради опасноста од нова војна. Се друго за нас останува сосема неизвесно бидејќи веќе 30 години врз Македонците се спроведува своевиден геноцид што сега е во завршна фаза. Фактите навестуваат дека се бара формула преку којашто бугарската улога во Македонија ќе биде доминантна, барем во делот каде што живеат Македонците, од кои ќе се очекува, со текот на времето, да се ослободат од „историските заблуди“ и да се помират со своите „вистински корени“. Бугарските барања за отворање на високообразовни институции во Македонија, на други облици на нивно влијание и на што ти не трето, се директен доказ за ваквите планови, несомнено стимулирани и поддржани од САД. Албанците, пак, најшироко ќе се поврзат со Албанија и Косово преку целосна релативизација на границите. Тие веќе добија и зграда на нивната паралелна или следна влада во Скопје, којашто на еден или друг начин веројатно ќе се официјализира во блиска иднина при (не) формалното федерализирање на земјата. Ем нема да има Македонци, ем сите Албанци ќе живеат во една држава. Ем затворено „Македонското прашање“, ем решено „Албанското национално прашање“. Со еден удар, голем ќар. Такви изгледаат плановите кои македонскиот политички врв се чини дека е спремен да ги исполни. Ако народот продолжи да молчи, политичарите заслужуваат честитки за капитулациите со коишто не почестија. Клучот за иднината и понатака е во народот којшто, со својата зрелост, ако ја има, треба на избори да ги покаже правците за спас на македонизмот. Време и можности се уште има. Во спротивно, тие што сметаа(т) дека постои македонски простум, треба јавно да се извинат.
Не треба да има дилеми дека Македонија е пред целосен пораз. Ножот е веќе дојден до коска и прашање е само како и кога власта ќе ги проголта последните кнедли со што ќе признаеме дека како народ сме нечија творба и како таков немаме своја меморија, своја историја, свои корени... и затоа треба да завршиме на ѓубриштето на историјата. Дозволувајќи да биде затворено вековното

„Македонско прашање“, на најсрамен начин ќе се откажеме од самите себе. Тоа мора итно да се спречи.
Македонскиот случај е вистинска класика како се уништуваат една држава и народ, дури и во 21 век. Еден ден, веројатно, тоа ќе се изучува како уникатен светски пример на бројни универзитети.